ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МАКЕДОНИКА ЛИТЕРА

**Павел Шатев**

# ПОЛИЦИСКО ДОСИЕ

**4**

**ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МАКЕДОНИКА ЛИТЕРА**

Министерство за култура

***Оваа публикација е објавена со финансиска поддршка на Министерството за култура на Република Македонија***

© Павел Шатев (Милка Шатева), 2013
© Државен архив на Република Македонија и Македоника литера, за ова издание.
Сите права за ова издание се заштитени со закон. Не е дозволено копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени и електронски медиуми или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на издавачите.

**Павел Шатев**

# ПОЛИЦИСКО ДОСИЕ

## ЗАПИСНИЦИ ОД СОСЛУШУВАЊЕТО НА ПАВЕЛ ШАТЕВ ВО УДБ ЗА МАКЕДОНИЈА

**Том 4**

*Превод од српски јазик*
**Предраг Димитровски**

*Предговор и редакција*
**д-р Зоран Тодоровски**

МАКЕДОНИКА литера
**Скопје, 2013**
**МАКЕДОНИЈА**

# П Р Е Д Г О В О Р

Полициското досие на Павел Шатев, водено од Управата за државна безбедност на Македонија, позната како УДБ-а, интегрално и автентично со неговиот јазик и стил на изразување, за првпат ѝ го нудиме на македонската јавност. Неговото полициско досие, полно со нови податоци и моменти од богатата револуционерна, политичка и разузнавачка дејност, ја надополнуваат и ја расветлуваат севкупната улога на Павел Шатев во македонското националноослободително движење

Павел Шатев спаѓа меѓу ретките македонски револуционери, политичари и државници од постарата генерација, кој ги преживеа сите премрежиња на македонската ослободителна борба. Неговиот животен сон се оствари со ослободувањето на Македонија и создавањето на македонска држава, давајќи ѝ свој печат во нејзината изградба. Но, токму во слободната татковина, трагично ќе го заврши својот живот, со апсење, затворање, сослушување и интернирање во домашен притвор.

Павел Шатев е непосреден учесник и активен сведок речиси на сите етапи на македонското револуционерно минато: во солунските атентати во 1903 година; во редовите на македонската емиграција во Бугарија и член на раководството на Македонската емигрантска федеративна организација и на ВМРО (Обединета); во државниот и политичкиот живот на новата македонска власт по ослободувањето на Македонија, со членувањето во АСНОМ и како член на првата влада на Федерална Македонија[1].

Тука завршува последната етапа од богатата револуционерна дејност на Павел Шатев. Во април 1945 година бил избран за член

---

[1] Повеќе за биографијата на Павел Шатев види во неговиот труд „Въ Македония подъ ропство", София, 1934; Панче Михајлов, Павел Шатев. Живот и дело, Скопје, 1991; Панче Михајлов, Револуционер, родољуб, разузнавач. Прилог кон биографијата на Павел Шатев, Кратово, 1996; Павел Шатев, Историја на Македонија (Материјали), Том 1. Избор и превод Предраг Димитровски, предговор и редакција д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2012.

на првата влада на Федерална Македонија и за министер на правосудството, а во мај 1946 година за потпретседател на Президиумот на АСНОМ и за сојузен пратеник во Уставотворното собрание на Југославија. Веќе како македонски државник, започнува неговата нова голгота. Во 1948 година Павел Шатев бил сменет од сите политички функции и поставен за советник, а при крајот на истата година пензиониран. На 16 јуни 1949 година, како сојузен пратеник, бил уапсен во Загреб, кога по седницата на Народното собрание во Белград отишол кај своето семејство, кое тогаш живеело во овој град. Веднаш потоа, Претседателството на Президиумот на Народното собрание на НР Македонија на 27 јуни 1949 година донесло решение за одземање на пратеничкиот имунитет и предлог за „покренување на кривична постапка“[2]. Потоа, 11 месеци бил држен во истражен затвор во Скопје, обвинет од раководството на македонската политичка и партиска власт како „потенцијален непријател“ заради соработката со Советскиот Сојуз и за контактите што ги имал со бугарската амбасада во Белград.

Еве што вели ќерката на Павел Шатев, Милка Шатева[3], за неговото апсење во Загреб:

„Татко ми е уапсен на 16 јуни 1949 година, на денот на смртта на Владимир Назор. Беше сојузен народен пратеник и по последната седница на Народното собрание во Белград не се врати во Скопје, ами дојде во Загреб, каде што живеевме заедно со мајка ми и сестра ми. Не се чувствуваше добро. Цело време лежеше. Сакавме да повикаме лекар, но тој одбиваше. Не можеше да помисли да излезе надвор, едно поради тоа што живеевме на петтиот кат, а и беше толку снемоштен што немаше сили да стане од леглото.

Бевме многу вознемирени. Не можевме нигде да дознаеме што станува со него. Каде не отидовме, но сè беше попусто. Цели 11 месеци не знаевме дали е жив или мртов. Насекаде каде што се обраќавме, и во Загреб и во Скопје, ги креваа рамениците без да ни се даде некаква информација. ‘Не знаеме ништо!’ – така ни одговараа насекаде. Не помогна ни тоа дека се работи за народен пратеник, кој има имунитет, дека станува збор за крајно снемоштен човек, дека бараме само да знаеме дали е жив. Ништо повеќе.

Дури по 11 месеци во Загреб добивме една поштенска картичка со печат од Задар, во која пишуваше дека е жив и здрав и дека повторно ќе се јави. Само толку!

---

[2] Виолета Ачковска, Никола Жежов, Репресијата и реперсираните во најновата македонска историја, Скопје, 2005, 274.

[3] Милка Шатева е постарата ќерка на П. Шатев, почина во јануари 2013 г., во Загреб.

Со нетрпение чекавме ново писмо. Деновите ни изгледаа како вечност, а мајка ми не можеше да се успокои, просто ќе пресвисне-ше поради тешката неизвесност. Конечно, откако поминаа неколку седмици, стигна писмо од Скопје. Татко ми пишуваше дека се наоѓа затворен во Скопје и дека наскоро ќе оди во Битола. Бидејќи тој не може да дојде во Загреб, молеше ние да отпатуваме во Битола за да се видиме".

Во изјавата Милка Шатева подвлекла дека татко ѝ не бил мачен и тепан во затворот, но животот му бил многу тежок, дека не сакал многу да зборува за тоа, дека го сослушувале само ноќе и притоа иследниците „трошеле куп хартија, бележејќи го она што го раскажувал тој", дека татко ѝ неколку пати им повторувал дека условите во затворот биле „многу лоши", независно од тоа што не бил „тепан" и на иследниците им рекол: „Јас сум бил во многу затвори, но гледам дека вие сте научиле доста од Русите, од фашистите, од Италијанците и тоа доследно го применувате во вашиот затвор!"[4].

За наредбите што УДБ-а ги упатила за третманот на уапсениот Шатев, еден „службеник на безбедност", по своето пензионирање изјавил:

„Павле Шатев го сметавме за руски шпиун. И покрај тоа, бевме зачудени од директивите што ги добивме од Скопје. Имено, и УДБА за Македонија и владата на Народна Република Македонија нѐ задолжија, со строга наредба, да внимаваме најсовесно врз него и да се грижиме да не му падне ниту влакно од косата. Ни наредија, и покрај тоа, да му излегуваме во пресрет на сѐ што ќе побара. И така се однесувавме кон него"[5].

За престојот на Павел Шатев во истражниот затвор во Скопје имаме автентично сведоштво од Благоја Аризанков, кој бил уапсен по линија на Информбирото:

„Во собата каде што бев сместен еден ден внесоа кревет и по малку го доведоа Павел Шатев, уапсен во Загреб каде што бил во посета на своето семејство. Долго време не го викаа на сослушување. Но потоа често го носеа горе, а се враќаше назад по пократко или подолго време. Секогаш се враќаше без очила, иако без нив гледаше многу слабо. Се плашеа да не се обиде да изврши со стаклата самоубиство, пресечувајќи си ги вените. Нему тоа не му паѓаше на ум. Ми рече дека го обвиниле за 'продолжителна служ-

[4] Панче Михајлов, Павел Шатев. Живот и дело, Скопје, 1991, 155-157.

[5] Државен архив на Република Македонија (натаму: ДАРМ), Фонд: Виктор Аќимовиќ (несреден). Запишал: Д. Хр. Константинов, 14 февруари 1986, Битола.

ба' во корист на IV оддел, односно на контраразузнавачката служба на Црвената армија. Тој ги уверувал дека тоа го правел до 1941 година, кога е интерниран, а потоа во 1942 година осуден на 15 години…

Ете така ми се исповеда Павел Шатев. Но тој беше многу разочаран од она што го беше доживеал во Македонија. 'Овде треба и на магарето вујко да му викаш!' ми рече еднаш, раскажувајќи притоа за некои настани што му се случиле… Беше неверојатно скромен, за себе не сакаше многу да зборува. А кога раскажуваше беше толку красноречив. Да имаше до него стенограф да ги бележи неговите раскажувања, ќе немаше потреба да стави ама баш никаква исправка, ниту запирка на дешифрираниот текст. Толку убаво и поврзано се изразуваше"[6].

Насетувајќи ја својата судбина, Шатев во истражниот затвор во Скопје, во „ќелијата број 19 на таванот", преку „телеграфистот", Благоја Аризанков, „со чукање на ѕид (од а до ш)" му предал порака на Виктор Аќимовиќ, кој бил во ќелијата број 20:

„Ако останеме живи, во мојата книга што ќе ја напишам, предговорот ти ќе ми го напишеш, а јас тоа ќе го сторам за книгата што ти ќе ја напишеш. Ако пак јас не бидам жив, напиши за мене; ако ти бидеш мртов, а јас останам жив, за тебе јас ќе пишам..."[7].

По престојот во истражниот затвор во Скопје, Павел Шатев бил интерниран во Битола и сместен во зградата на поранешниот италијански конзулат[8], во руиниран објект, без струја и прозорци и нередовна храна.

За престојот на Павел Шатев во Битола еве што вели повторно неговата ќерка Милка Шатева:

„Татко ми во Битола живееше во една приватна куќа, но таа и припаѓаше на УДБ-а. Се наоѓаше близу до зградата на Државната безбедност. Задолжен за татко ми бил некој Владо, човек на УДБ-а, кој повремено доаѓал во куќата, се грижел за него, му носел храна. Но татко ми морал секој ден да оди во канцеларијата на УДБ-а и да се потпишува. Едно време, раскажува татко ми, тој Владо отишол некаде по работа и неколку дена го немало. За сето тоа време храна не добивал".

За станот во кој живеел Павел Шатев, Милка Шатева вели:

---

[6] Панче Михајлов, Павел Шатев..., цит., 153-155.

[7] ДАРМ, Фонд: Виктор Аќимовиќ (несреден). Белешката-„завет" е на српски јазик. Исполнувајќи го заветот на П. Шатев, В. Аќимовиќ собирал податоци за објавување книга за Шатев.

[8] Исто.

„Тоа беше една запуштена зграда полна со влага без вода и без осветление, без ни најмала удобност за нормално живеење. На масата најдовме свеќа. Кутриот наш татко, кој и без тоа имаше многу слаб вид, морал да пишува на светлина од свеќа. Но тој ништо за тоа не ни кажуваше, беше толку достоинствен. Не ни кажа дури ни дека побарал да го пуштат во Загреб.“[9]

За интернирањето на Павел Шатев во Битола драгоцени податоци собрал историчарот Душан Константинов од Битола[10]. Еве што вели во својата изјава битолчанецот Тане Рахманов:

„Шатев не беше многу зборлест, но ние му поставувавме определени прашања, на кои ни одговараше. Некогаш беше многу замислен, без сомневање затоа што беше одделен од своите домашни, од жената прилепчанка, и од двете ќерки. Кога научи дека сум од Смилево, пред нас кои редовно го слушавме, повеќе пати ја кажа својата сопствена оценка за Дамета Груев: ‘Груев ѝ припаѓа на светската историја!’ Сакавме да научиме нешто повеќе за причините на неговото интернирање во Битола. Не ни кажа ништо за тоа.

Некои работи за Шатев, додека беше тука во Битола, научивме од други луѓе. Ни кажаа дека живее во зградата на Управата за државна безбедност, каде што му обезбедиле една просторија за спиење. Дење беше слободен и можеше да се движи слободно низ градот. Навечер се прибираше на спиење во УДБ-а. Според општото уверување Шатев не беше здрав кога дојде во Битола. Вистина, не се жалеше ни за сопственото здравје, ниту за храната што му ја давале, ниту за спиењето.

Најчесто ни раскажуваше за некогашните времиња, за сопственото заточение во Северна Африка, во Фезан. За поновите настани од својот живот не ни раскажуваше. И кога ќе го прашавме нешто – молчеше…

Во зимата 1950/1951 година Шатев престана да излегува и да бара собеседници меѓу нас познатите. Научивме дека се разболел и дека го сместиле на лекување во битолската болница, во депандансот за затвореници. Во јануари почина. Се расчу дека умрел од глад, во што јас не верувам. Веројатно од некаква болест.“[11]

Васко Томов Димитровски, свештеник од Битола, во своето сеќавање за средбите со Павел Шатев во еден дуќан на „кондураџија-папучар“ во Битола запишал[12]:

---

[9] Панче Михајлов, Павел Шатев…, цит., 157.

[10] ДАРМ, Фонд: Виктор Аќимовиќ (несреден).

[11] Панче Михајлов, Павел Шатев..., цит., 158-159.

[12] ДАРМ, Фонд: Виктор Аќимовиќ (несреден). Запишал: Душан Хр. Константинов, 17.II 1986, Битола, во канцеларија на храмот „Света недела“ – Битола.

„…Одевме таму, а Шатев, кроток и благороден човек, нè прифати како свои деца и ни раскажуваше, неуморно, за значајните настани од историјата на нашиот македонски народ, потоа за атентатите и за неговите страдања на заточение. Подвлекуваше дека намерата на неколкумина од гемиџиите не била да загинат, да се убијат, туку да ја продолжат борбата и по атентатите додека не паднат од аскерско зрно. Освен тоа често повторуваше: 'Јас и моите другари не се боревме за оваа Македонија, туку се боревме за Македонија и за нејзината слобода*… Јас лично никогаш нема да му се покорам на скопското Циганче**.

Кога почина, Перо Димитровски и јас кроивме крст од ламарина, го заковавме врз дрвена основа. Перо го напиша името и презимето на Шатев врз крстот, што беше ставен врз пресниот гроб на последниот солунски атентатор.“[13]

Уште еден битолчанец, Томе Кочов Христов, за престојот на Павел Шатев во Битола запишал:

„Павле Шатев кога дојде во Битола, каде го интернираа нашите власти, од Скопје, често доаѓаше во папуѓискиот дуќан на татко ми Кочо Христов и Стрико ми Пецо Христов… Доаѓаше бидејќи се познавал со нив од времето на турското робување на нашиот народ. Имено, Шатев и татко ми Кочо лежеа заедно во Једи Куле, Солун, додека Шатев и стрико ми Пецо биле заедно на заточение во Фејсал, од каде се вратиле по амнестијата во Хуриетот (1908).

Раскажуваа спомени за заедничкото заточеништво. Јас лично го чув како раскажува за престојот во Москва, во 1945, и за разочарувањето заради Солун, што и натаму останал во состав на грчката држава… Во текот на седмицата имаше два слободни денови за да шета низ Битола – саботата и неделата. Во другите денови главно престојуваше во собата што му беше доделена, во УДБ-а, во големата зграда на некогашниот италијански конзулат. Таму ноќеваше најверојатно сам. Не беше сместен во затворот, спроти таа зграда...[14].

Во нечовечки и неподносливи услови за живеење во руинирана зграда, Павел Шатев се разболел и умрел во затворската болница во Битола на 29 јануари 1951 година. Бил погребан на гробиштата кај црквата Св. Недела во Битола, во организација на Службата за државна безбедност, во присуство на неговата сопруга, која дошла од Загреб, и неколкумина негови пријатели.

---

* Мислата се однесува за целокупна Македонија (фуснота на Д. Константинов).

** Лазар Колишевски (фуснота на Д. Константинов).

[13] Исто.

[14] Исто. Запишал: Д. Хр. Константинов, 28 октомври 1985, Битола.

***

Полициското досие на македонската УДБ-а, односно записниците од сослушувањето на Павел Шатев во периодот 1948-1950, претставуваат животна исповед за неговата револуционерна, политичка и разузнавачка дејност.

И покрај тоа што главната цел на иследниците била да ја разоткријат разузнавачката улога на Павел Шатев во услуга на Советскиот Сојуз, во записниците од полициското досие на преден план доминира неговата севкупна револуционерната дејност, особено: активноста во редовите на прогресивната македонска емиграција во Бугарија; улогата во потпишувањето на Мајскиот манифест во Виена во 1924 година, активноста во ВМРО (Обединета); односите и споровите со Бугарската комунистичка партија во однос на македонското прашање и неговата борба за решавање и афирмација на македонското прашање.

Животната и револуционерната исповед на Павел Шатев во записниците на УДБ-а започнуваат по Првата светска војна кога тој се вклучува во активностите на македонската емиграција во Софија за време на одржувањето на Париската мировна конференција кога се решавало македонското прашање. Првите контакти со претставниците на Советскиот Сојуз и Коминтерната, во средината на 1922 година, ќе го предодредат револуционерниот од на Шатев. Соработката со советските разузнавачки служби ќе се одвива за време на неговата активност во редовите на македонското револуционерно движење во Софија, Цариград, Виена, Москва, Берлин, повторно во Цариград за време на одржувањето на Цариградската конференција, и повторно во Софија до почетокот на Втората светска војна. Својата исповед Шатев ја завршува со неговиот престој во бугарските затвори и логори, ослободувањето на Бугарија и доаѓањето во ослободена Македонија, до појавата на Информбирото во 1948 година кога и бил уапсен.

Во искажувањата на Шатев за првпат во македонската историографија се презентираат и се расветлуваат нови настани и моменти во македонското револуционерно движење. Во нив, тој подробно се задржува на судирите и конфронтациите со Димитар Влахов и Владимир Поп Томов, борејќи се против превласта на членовите на Комунистичката партија во ВМРО (Обединета) и сметајќи дека со тоа сериозно ќе се наруши македонското национално движење, но и со Георги Димитров како претставник на Коминтерната. Неговата дејноста во ВМРО (Обединета) е мотиве-

рана од неговата внатрешна потреба за обединување и единство на Македонците во борбата за ослободување. Категорично определен како национален деец, тој при сослушувањето ќе изјави: „Како македонски револуционер, јас сакам да делувам само по македонска линија“. Заради неговото несогласување околу основната платформа на ВМРО (Обединета) како чисто национално движење, Шатев беше принуден да го напушти Берлин и да побара засолниште во Цариград. Својата концепција за решавање на македонското прашање тој ќе ја промовира на Цариградската конференција, како што изјавил во записниците: „Ние сме на иста револуционерна линија, т.е. стоиме на линијата за општ балкански и македонски револуционерен фронт за соработка со компартиите – паралелно без да се сливаме против четнички и терористички акции а за масовна револуционерна борба и од потребата од содејство – дипломатско и друго – од Советскиот Сојуз за балканска федерација – да сме против секакви убиства“.

Исто така, во записниците од сослушувањето Шатев најмногу се задржува на соработката со советската разузнавачка служба во Софија, од 1935 година до почетокот на Втората светска војна, обземен со надежта дека СССР ќе биде сојузник во борбата на македонскиот народ за ослободување и обединување. Преку неговите искажувања, автентично се запознаваме како под псевдонимот „Штил“ („Тивок“, „Молчалив“ на германски), собирал податоци за потребите на Црвената Армија и со шифрирани пораки, со помош на радиостаницата што му била дадена, ги испраќал во Москва. Радиостаницата, со која се служел Шатев, ќе ја запечати и судбината на членовите на Македонскиот литературен кружок во Софија, Коле Неделковски, Никола Вапцаров и Кирил Николов. Информациите, односно разузнавачките податоци, како што вели Шатев во записниците, ги прибирал преку „личните врски“ од неговите познати и од сите средини во бугарскиот општествен живот: од комунистите, федералистите, членовите на михајловистичката и протогеровистичката ВМРО и од ВМРО (Обединета) и од министрите на бугарската влада.

За време на престојот на Шатев во бугарските затвори и логори од 1941 до 1944 година, дознаваме и за еден мошне значаен податок за историјата на создавањето на македонскиот јазик. Во еден од записниците при сослушувањето Шатев изнесува дека во логорот во Хасково во 1942 година Даре Џамбас почнал да пишува „македонска граматика“.

По ослободувањето од ќустендилскиот затвор во септември 1944 година Шатев немал никакви дилеми да се врати во Македони-

ја и да ѝ ги понуди своите наталожени революционерни и политички искуства на новата македонска власт. Во записникот од сослушувањето на 7 јули 1949 година тој ќе изјави: „Јас како непартиец, уште тогаш разбрав оти треба и сум должен да останам во Македонија од каде сум роден, за кое сум говорел, работел и рискувал толкова пати мојот живот, и не само со думи, а и со дела треба да го покажам моето гледиште по правилното и единствено разрешување на македонското прашање. Навистина, јас како емигрант од Македонија од 20 до 25 години, немав големи врски со младите Македонци кои ја прифатија линијата на ВМРО (Об.), на која сум еден од основателите во едно најтешко и лошо време, за општо македонско-балкански революционерен фронт со сите национално-революционерни и социјал-революционерни партии, организации и групи, за роњата на КПЈ во разрешувањето на македонското прашање, сепак требаше да се приберам во Македонија, без обзир на тоа, оти за мене лично при моите врски и познанства во Бугарија и да беше позгодно, зошто друг правилен пат немаше и неможеше да има освен тој што беше покажан на дело со историското решение на АВНОЈ во Јајце од др. Тито и Југословенската комунистичка партија“.

Во истражниот процес Павел Шатев не го крие своето задоволство од решавањето на македонското прашање, од КПЈ и АВНОЈ, изразувајќи култ кон ослободителното движење на Македонија, а како „дејател по македонска линија“, тој има религиозен однос кон разрешувањето на македонското прашање. А за размислувањата на Јосип Броз-Тито за решавање на македонското прашање, тој ќе изјави: „И секога си спомнувам думите на другарот Тито: ‘Ако бугарските партии можеа и сакаа да ја ослободат Македонија, зошто не го направија, овде кога беа во Македонија’“.

По доаѓањето во ослободена Македонија, мошне интересни се искажувањата на Шатев од разговорите со бугарските комунистички раководители во врска со разрешувањето на македонското прашање, признавањето на македонската нација и нивните ставови околу присоединувањето на Пиринска Македонија кон Федерална Македонија. Токму за ваквите свои спорови со бугарските комунисти по македонското прашање, тој при сослушувањата ќе изјави: „Јас и да не сум партиец (за кој имам соображенија лични и друштвени) но по македонското прашање имам претенцијата да давам ум, совети на бугарските комунисти, зашто македонското прашање го знам по добро од секој нај ортодоксален марксист бугарски комунист, а они не можат да не се вслужат во това што јас сум кажал и кажувам“.

И покрај тоа што Резолуцијата на Информбирото ќе го стави Шатев на списокот на сомнителните, тој за Информбирото при сослушувањето ќе изјави: „Резолуцијата на ИБ ме завари во Скопје како пензионер. После истата, која на мене не остави некој кој знае каков утисак, јас не сум имал некој забележителни разговори по тој повод. Мене, после Резолуцијата на ИБ, а на основу разговорите кои ги водех со истакнати личности во Бугарија, ми стана јасно, дека за едно искрено решавање на југословенско-бугарските односи, не се биле пречка теоретските разидувања, ниту пак желбата на народите, а руските државни интереси“.

Павел Шатев, како македонски револуционерен деец, и покрај долгогодишната соработка со комунистичките претставници на Советскиот Сојуз и на БКП, е заговорник на националната, наспроти класната пролетерска револуција. Шатев е разузнавач и борец за национално ослободување на Македонија и на прв поглед во неговите сослушувања пред иследниците на македонската УДБ-а се уочува неговото животно кредо: меѓународна афирмација и меѓународна поддршка за разрешувањето на македонското национално прашање.

Изјавите од сослушувањата на Павел Шатев пред иследниците на македонската УДБ-а даваат впечаток на мирно и спокојно раскажување во кои тој отворено се осврнува на сите моменти од неговата револуционерна дејност, исто како што се опишани во неговите спомени, напишани во ќустендилскиот затвор. Во неговите изнудени изјави, давани под посебен притисок со најразлични прашања, не се чувствува никаков страв, вина или каење за стореното, при што Шатев воопшто не води сметка дали тие ќе му се допаднат на иследникот или на државната политика. Притоа, тој не бара милост или прошка од иследниците на УДБ-а за стореното, туку единствено признавал дека работел за решавање на македонските национални и државни интереси.

* * *

Ракописната оставина на Павел Шатев и дел од записниците од сослушувањата од македонската УДБ-а во 1979 година од Министерството за внатрешни работи беа депонирани во Државниот архив на Република Македонија и ставени на користење[15]. Дел од

[15] ДАРМ, Фонд: РСВР, Пописник бр. 1.

Фрагменти од записниците од сослушувањето на П. Шатев досега во македонската историографија, според наше сознание, користеле: Зоран Тодоровски (Дејствувањето на автономистичката ВМРО /Магистерски труд/, Универзитет

записниците на УДБ-а се наоѓаат и во Архивот на Институтот за национална историја[16].

Полициското досие на Шатев опфаќа 8 записници од неговите сослушувања пред иследниците на УДБ-а, од 7 јули 1948 до 2 август 1950 година. Записниците ги предаваме интегрално, и покрај тоа што има извесни повторувања на Шатев за својата револуционерна и разузнавачка дејност. Во досието на Шатев вклучуваме една негова изјава за д-р Филип Атанасов и два записника на УДБ-а, односно изјава на Митко Зафировски за Павел Шатев, од 8 септември 1949 година, и изјава на Славе Иванов за Шатев од 1950 година, што ја дополнуваат целосната револуционерна и разузнавачка дејност на Павел Шатев.

Записниците на УДБ-а се напишани на македонски и српски јазик, чукани на машина на кирилица и латиница. Текстовите на македонски јазик се изворно пренесени, така како што ги давал Шатев пред иследниците, на несовршен македонски литературен јазик, измешан со бугарски и српски зборови, односно како што на крајот од еден записник, од 2 февруари 1950 година, пред потписот на Шатев стои: „Горниот записник је мој, прочитан ми је, во него се верно унесени мојте думи и за истинитоста на истиот се потпишувам“.

Во текстовите на записниците интервениравме само кај испуштените зборови и кратенките, со ставање во квадратни загради [], и со свои белешки (фусноти), таму каде што сметавме дека е потребно соодветно коригирање, прецизирање и објаснување.

Скопје, јуни 2013 год.

*Д-р Зоран Тодоровски*

---

„Кирил и Методиј“ – Филозофски факултет, Скопје, 1989); Внатрешната македонска револуционерна организација 1924-1934, Скопје, 1997; и Контактите на ВМРО /Обединета/ со протогеровистичката ВМРО. Седумдесет години ВМРО /Обединета/ 1925-1995. Прилози од Научниот собир одржан на 20 декември 1995, Скопје, 1998), Панче Михајлов (Павел Шатев – Живот и дело, Скопје, 1991; Револуционер, родољуб, разузнувач. Прилог кон биографијата на Павел Шатев, Скопје, 1996). Исто така, и Вера Весковиќ-Вангели, Миле Михајлов, Кузман Георгиевски и Зоран Тодоровски во Зборникот: Павел Шатев, време – живот – дело (1882-1951). Прилози од Научниот собир одржан на 15 и 16 март 1992 година во Кратово, Скопје, 1996.

[16] Архив на ИНИ, Одделение за документација, 43.

# ДОСИЕ – УДБА

## ЗАПИСНИЦИ ОД СОСЛУШУВАЊЕТО НА ПАВЕЛ ШАТЕВ

**УДБ на Македонија**
**III одделение**

## З А П И С Н И К
## од сослушувањето на Шатев Павел во УДБ за Македонија – Скопје[1]

**Иследник: И. Ристовски**
**Записничар: М. Бочварска**

**По утврдувањето на индентитетот на обвинетиот, предупреден е да ја говори вистината во иследувањето, како и да ги наведе фактите врз кои мисли да се повика во својата одбрана.**

**На општите прашања одговара:**
Се викам Павел Поцев Шатев, по занимање правник – публицист, роден на 15. VII 1882 година во Кратово, по народност Македонец, државјанин на ФНРЈ, оженет за Вера Мрмева, татко на две деца, Милка 27, Нада 21 год., син на Поце и Стојанка Николова, право сум дипломирал во Брисел – Белгија, говорам бугарски, турски, француски и руски, живеам во Скопје на ул. Бис бр. 34 а. Суден сум за време на Турците на смрт, а подоцна амнестиран во 1908 година, потоа сум осуден во 1942 година на 15 години принудна работа поради антифашистичка дејност.

**Што правевте по Првата светка војна?**

До 1921 година бев окружен началник во градот Крџали и бидејќи таа година бев отпуштен се населив во Софија каде што се занимавав со адвокатура. Кон средината на 1922 година се одржа конгресот[2] на легалната Федеративна организација на емигрантите

[1] Овој записник е преведен од српски јазик, машинопис на латиница.
[2] Првиот основачки конгрес на Македонската емигрантска федеративна организација (МЕФО) се одржал на 4-5 декември 1921 година во Софија.

Македонци, кои живееја во Бугарија. На конгресот бев избран за претседател, па така моето име продре во пошироката јавност. Во тоа време мене ми пристапија тројца Руси: Борис Николаевич, Александар и Борис Шпаг, кој подоцна се викаше и Андреев[3]. Тие тогаш работеа во Бугарија како белогардејци во Црвениот крст. Преку Борис Бракалов имаа врски со бугарската партија. Овие Руси, всушност, беа органи на ГПУ[4]. Преку Бракалов побараа да се поврзат со Федералната организација, па тој ги упати кај мене. Во јуни 1922 год. дојдоа во мојот стан и ми рекоа дека СССР настојува сите Македонци заеднички да дејствуваат во борбата и дека ако има предавници треба да се бори против нив, нагласувајќи оти сето тоа СССР ќе го финансира. Јас им реков дека претходно би сакал да се посоветувам со своите другари, па дополнително ќе ги известам за резултатите, т.е. каков е ставот на раководството на организацијата по прашањето за нивната помош. Тие се согласија со тоа, а јас за разговорите што ги имав со Русите ги известив Чудомир Кантарџиев, припадник на санданистите, и д-р Никола Иванов, припадник на федералистите. Тие се согласија со предлогот на Русите. По 5-6 дена во мојот стан се состанавме: јас (Шатев), д-р Иванов, Кантарџиев и Русите Б. Николаевич и Александар. На состанокот ние изложивме каква е ситуацијата во македонското движење и дека во него постои сериозен раздор. За да се запознаат со состојбата, ние изработивме еден опширен извештај и им го врачивме за да го испратат во Москва. Ние се согласивме да соработуваме со нив, но нагласивме дека во никој случај не се сложуваме парично да не помагаат. На овој состанок решивме Русите со помош на Илија Кушев[5] да се поврзат со ВМРО на Тодор Александров. Подоцна дознав дека тие нему му нуделе како помош оружје и пари. Поврзувањето со Русите настана не по иницијатива на организацијата, туку тие настојуваа да се поврзат со нас. Бидејќи не можеа да се спогодат со Тодор Александров[6], Борис Шпаг ме

---

[3] Всушност, Андреев бил псевдоним на Борис Шпаг, кога во декември 1923 г. ги водел преговорите со Тодор Александров во Пиринска Македонија и подоцна во Виена за време на подготовките за објавувањето на Мајскиот манифест во 1924 г. Види: Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање во документите на Коминтерната, Том I, дел 2: 1923-1925 г, Скопје, 1999, 1555.

[4] ГПУ: кратенка на Државната политичка управа на Советот на народните комесари на СССР.

[5] Илија Кушев (Велес, 1896 – с. Оризари, Велешко, 1922), велешки околиски војвода.

[6] Всушност, меѓувремено, Тодор Александров го назначил Илија Кушев за велешки околиски војвода, и тој заминал за Македонија, каде наскоро бил убен кај с. Оризари, Велешко на 28 ноември 1922 г.

испрати јас лично да разговарам со Т. Александров по горните прашања. Преку Михаил Монев[7] јас договорив состанок со Т. Александров. Нему му реков дека Русите сакаат со оружје и пари да го помогнат македонското движење и дека тој по секоја цена треба да се поврзе со нив. Исто така му реков дека не ми е познато конкретно како сето тоа ќе биде, па поради тоа би требало да одреди свои делегати, кои ќе заминат за Москва на преговори. Т. Александров се согласи со тоа и вети дека ќе испрати делегати. За тоа го известив Шпаг, а тој ја извести Виена – своите луѓе со кои беше поврзан. Тоа беше некаде во мај 1923 година. Александров ги испрати делегатите дури во јуни истата година во лицата Димитар Влахов и Михаил Монев. По десетина дена тргнавме со брод од Русе за Виена. Во Виена јас ги однесов во претставништвото на СССР кај некој Хинков, кој претходно од Шпаг беше известен за нашето доаѓање. При посетата, Хинков им рече да заминат за Берлин каде од Советите ќе добијат пасоши за да отпатуваат во СССР. По разговорот со Хинков, во хотелот дојде Протогеров, кој беше во Италија. На Протогеров му кажаа во што е работата и тој радосен рече: „Треба еднаш да се поврземе со некоја голема сила за да стане нешто". Тој беше член на ЦК на ВМРО, а во Берлин[8] дојде од Италија каде беше за да се поврзе со италијанската разузнавачка служба, со цел преку Албанците да дејствуваме во Македонија. Тој во Италија работел со полковникот Лоди[9]. Другиот ден Влахов и Монев тргнаа за Берлин, односно за Москва. Протогеров остана во Виена, а јас се вратив во Софија. Јас во Софија на Шпаг му давав секои 10-15 дена извештаи по македонските прашања. Покрај тоа, тој се интересираше и за некои стопански прашања и колку што можев му собирав такви податоци. Се сеќавам дека еднаш се интересираше за електричната мрежа во Софија, па јас му набавив една карта со тие мрежи. По македонска линија, Русите ги опфаќаа следните лица: Александар Бујнов, Пенков[10], Чудомир Кантарџиев, Стојан Хаџиев[11], Георги Скрижевски, сите припадници на санданистите, Т. Александров, Монев, Чаулев, Тодор Паница[12] и Влахов, припадници на ВМРО, а од федералистите д-р Филип

[7] Михаил Монев (Кратово, 1881 – Горна Џумаја, 1944), пунктов началник на ВМРО на Горна Џумаја, зет на Т. Александров.

[8] Погрешно, се мисли на Виена.

[9] Се однесува на Луиѓи Еторе Лоди, италијански воен претставник, задолжен за односите со ВМРО.

[10] Се однесува на Георги Пенков.

[11] Се однесува на Стојо Хаџиев.

[12] Тодор Паница тогаш се одделил од ВМРО и станал еден од раководителите на новоформираната организација: Македонска федеративна революционерна организација.

Атанасов, архитектот Јуруков, д-р Никола Иванов, Владимир Алексиев и др.

Влахов и Монев во Москва се задржаа околу еден месец каде разговарале со луѓе од ГПУ, т.е. разговарале со Александрович, помошник на Межински[13]. Истовремено во Москва засебно престојуваа и д-р Филип Атанасов и Славе Иванов. По враќањето од Москва, Влахов му поднесе извештај на ЦК на ВМРО и на ЦК на БРП(к), чиј член беше, за разговорите што ги воделе во Москва. Слушнав дека двата извештаја, според содржината, не биле исти. Во разговорите Русите се држеле на ставот КП на Бугарија да биде во тек со работата на организациите на македонските емигранти и на Македонците во Бугарија, да се соработува, но не и да се слеваат. Во тоа време, на интервенција на Тодор Александров, кој беше влијателен кај Цанков, тогашен претседател на владата, Влахов беше поставен за трговски конзул во Виена. Тој, всушност, тргна во Виена како претставник на ВМРО во Балканскиот револуционерен центар. Овој центар беше раководен од ГПУ преку д-р Черски, кој беше втор секретар на советската легација во Виена. Од овој центар беа раководени сите балкански револуционерни движења: македонското, добруџанското, албанското, тракиското и др. Претставник на федералистите во центарот беше д-р Филип Атанасов, а на санданистите Паница. Во тоа време во бугарскиот парламент постоеше Македонска парламентарна група[14], а исто така и во Србија постоеше таква група[15], па Черски[16] настојуваше преку Влахов да се поврзе со овие групи. Черски се поврза со групата во Бугарија и почнаа да соработуваат. Подоцна, во настаните што следеа, ВМРО на Тодор Александров изврши низа ѕверства и погроми против комунистите и земјоделците[17], но

[13] Се мисли на Вјачеслав Мјежински (1874-1934), заменик-претседател на Обединетата државна политичка управа при Советот на народните комесари на СССР.

[14] Во тоа време Македонска парламентарна група не постоела во бугарскиот парламент. Во текот на 1925 година група пратеници од македонско потекло се одделила како посебна Македонска група, а во јуни 1927 година, на иницијатива на раководството на ВМРО, се формирала Македонска парламентарна група, која своето дејствување го официјализирала на новооткриеното XXII Народно собрание на Бугарија.

[15] Во Собранието на Кралството на СХС во Белград никогаш не постоела таква Македонска парламентарна група.

[16] Черски е псевдоним на Ефрем Голденштајн, прв секретар на советската амбасада во Виена и политички претставник на Коминтерната во Виена. Види: Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање…, 1453-1455.

[17] Се однесува за време на Септемвриското востание, во 1923 година, во Бугарија.

потоа им беше простено и преку Русите дојде до спогодба, ВМРО да оди паралелно со Комунистичката партија. Во таква ситуација, т.е. во 1924 година, се подготвуваше Мајскиот манифест. Манифестот беше изработен во центарот во Виена од Черски и Влахов. Но, кога Манифестот беше објавен, Александров демантираше дека тој го потпишал и нагласи дека тој не се согласува со Манифестот. И покрај тоа, Александров не ги прекина врските со Русите и со бугарската партија, туку напротив, тие продолжуваа и се зацврстуваа.

Еден ден тргнав кај Коста Јанков, член на ЦК на БРП(к), кој живееше илегално, и тој ми рече дека кај него дошол Ванчо Михајлов, поканувајќи го да појде со него во Ќустендил кај Т. Александров и Протогеров за да разговараат[18]. Се разбира, разговорот би бил во духот на Манифестот и за зближување на ВМРО и БРП(к) како што препорачуваа Русите. Јас преку Шпаг го известив центарот во Виена за овој случај. Како човек на ГПУ одржував врски со ЦК на БРП(к). Секои 7-10 дена му давав податоци на Шпаг за центарот во Виена – каква е ситуацијата во Бугарија, како се развиваат настаните, какви се врските помеѓу ВМРО и владата, какви се врските со дворот, за односите помеѓу БРП(к) и другите национални групации и др.

Во ноември 1924 година емигрирав од Бугарија во Турција, по терористичките акции организирани од страна на ВМРО[19]. Во Турција побегнав со помош на БРП(к), односно со помош на Добри Терпешев[20], кој тогаш беше раководител на Окружниот комитет во Свиленград. Во Цариград уште првите денови се поврзав со секретарот на советската легација, Мирни. Тој, всушност, беше разузнавачки раководител како и Черски. За цело ова време ме помагаше парично во износ од 100-150 турски лири. Тој претходно беше известен од БКП за моето доаѓање во Цариград. Во Цариград тој ме користеше исто за македонските работи, како и за тоа што се случува во Бугарија, кои и колку лица емигрирале во

[18] Според Тодор Александров и Кирил Прличев, Коста Јанков, од името на ЦК на БКП, побарал средба со Т. Александров, кој во тоа време бил сам во Ќустендил, без А. Протогеров. Види: Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919-1924. Избор, предговор и редакција: проф. д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2005; Кирил Пърличев, 36 години във ВМРО. Съставител и редактор Кирил Пърличев, София, 1999.

[19] Се мисли на горноџумајските настани во септември 1924 година.

[20] Добри Терпешев (1884-1967), член на ЦК на БКП од 1938 г., министер во првата влада на Народна Република Бугарија и потпретседател на владата (1949-1950).

Турција. Черски постојано бараше од мене да заминам за Виена, зашто Чаулев и Паница беа убиени, а односите со Филип Атанасов им беа поматени, така што во центарот останале само Влахов, Ризо Ризов и уште еден.

Во јули 1925 година добив пасош и преку Италија стигнав во Виена. Настојувањата на Черски да дојдам во Виена беа во врска со создавањето на нова организација на Македонците. Кога стигнав во Виена, лицата за раководството на организацијата беа одредени од Влахов и од Черски. До моето заминување во Виена, лично не го познавав Черски. По 10 дена во Виена дојдоа Владимир Поп Томов од СССР, Георги Занков и Христо Јанков од Бугарија. Еден ден во просториите на советската легација одржавме состанок: Черски, Димитар Влахов, Владимир Поп Томов, Павел Шатев, Георги Занков, Христо Јанков-комунист, и Димитар Арнаудов, санданист. На тој состанок Черски изнесе преглед за резулатите од досегашната работа, за грешките и за успесите. Се реши да се формира организација, која и натаму ќе ја продолжи работата. Организацијата го доби името ВМРО (Обединета). Сите присутни беа прогласени за членови на ЦК на новата организација, а Владимир Поп Томов е избран за секретар. Покренат е нов весник „Македонско дело“. Освен тоа, изработен е Устав на организацијата, донесено е решение за негативно држење спрема Друштвото на народите (по сугестија на Черски), да се отфрли начинот на четничко војување и др. Записниците од состанокот останаа кај Черски. Тогаш е решено Занков да тргне во Албанија од каде би организирал канал за Македонија, со помош на Лазе Поповски[21], кој во тоа време беше чиновник во бугарската амбасада во Тирана, а истовремено и агент на српската разузнавачка служба и платен агент на ГПУ. Во разговорот со Черски го прашав со кого ние сме поврзани, т.е. по чии директиви работиме – по директивите на III Интернационала или на Министерството за надворешни работи на СССР. Тој ми рече дека сме поврзани со СССР и дека тој е втор секретар на легацијата во Виена. Парите за издржување ги добивав преку Влахов и тој беше најдоверливото лице на Черски.

Во првата половина на 1927 година Лазо Поповски договори состанок помеѓу Диниќ[22] и Черемизов, кој дојде на местото на Черски. Диниќ тогаш дојде кај Черемизов за тоа дали Советите преземаат некои мерки за да го убијат кралот Александар, зашто

[21] Се однесува на Лазар Поповски, по потекло од Дебарско.

[22] Се однесува на Танасие (Таса) Диниќ, подоцнежен шеф на разузнувачката служба на Кралството на СХС.

така гласеа податоците на српската разузнавачка служба. Черемизов ни објаснуваше дека на Диниќ теоретски и со документи му докажал оти тие не се занимаваат со терористички акции. Исто така, дека му дал некој оригинален документ од кого се гледало дека некој од повисоките раководители на српската полиција добивал пари од И.С.[23] Истата година Черемизов ги испрати во СССР на прославата на десетгодишнината од Октомвриската револуција следните луѓе: мене (Шатев), Занков и Влахов, а од Албанците Фан Ноли, Бедри Пеани и Константин Бошњаку, и Ибрахим Џакова од косовците. По завршувањето на прославата кај нас дојде Черски, па нè однесе во станот на Александрович Трилисер. На наредниот состанок дојде и Межински, кој со нас остана да разговара до 2 часот по полноќ. Разговорите беа главно околу разијдувањата, што постоеја во македонското движење. Јас тогаш напоменав дека не можеме да се развиеме во помасовна организација, со оглед дека партијците сакаат да го заземат раководството, а непартијците ги третираат како наивни. Главно, тие ја поддржаа мојата линија. Јас тогаш мислев дека тоа е линија само на Влахов, но подоцна дознав дека тоа е линија на БРП(к). На состаноците во Москва со Трилисер и Межински дознав дека имаме работа со ГПУ, а не со Коминтерната или со Министерството за надворешни работи. Во Москва се задржавме околу еден месец. По враќањето во Виена, Черемизов ни рече дека треба сите да отпатуваме во Берлин, зашто австриската влада не го дозволува нашиот престој од една страна, а од друга на тој начин тие би се осигурале од продирање во нашите редови на останатите разузнавачки служби. По нас, во Берлин дојде и Георги Димитров. Подоцна е одржан и конгрес на организацијата[24] и во тоа време ме посетија Черски и Георги Димитров. Черски тогаш ме извести дека за раководител на Балканскиот центар доаѓа Георги Димитров и оти од него ќе бидеме раководени и дека нему треба да му ги поднесуваме извештаите. Кога бевме сами, само јас и Черски, тој ми постави задача да ја контролирам работата на Георги Димитров и нему (на Черски) да му поднесувам извештаи. Во ова време, Димитров не беше во добра ситуација. Против него постоеше силна опозиција на бугарските комунисти во СССР и во самата Бугарија. Задачата што ми ја постави Черски за контрола на Георги Димитров мене ми остави лош впечаток, зашто ја сметав за недостојна за еден виден револуционер каков

---

[23] Британска разузнавачка служба: Inteligens servis.

[24] Се мисли на Првата општа редовна конференција на ВМРО (Обединета), одржана во јули 1929 година во Берлин.

што беше Георги Димитров. На Черски не му доставив ниту еден извештај во тој поглед, зашто тој тргна за Москва, а јас во тоа време го напуштив Берлин и отпатував за Цариград.

Моето заминување од Берлин беше во согласност со одлуката на Конференцијата на нашата организација, што слободно гласеше дека секој треба да се насели таму каде што ќе најде за сходно, зашто недостасуваат финансиски средства. Моето заминување беше забрзано и со тоа да не го дочекам Черски, кому требаше да му поднесам извештај за Георги Димитров. Во Берлин останаа само Димитар Влахов, Владимир Поп Томов и Јордан Анастасов. Тоа раководство остана во Берлин до доаѓањето на Хитлер на власт, кога беше преместено во Париз, а малку подоцна во Москва. Моето мислење за повлекувањето на раководството во Москва е дека БРП(к) го изостави секое водење на македонското револуционерно движење. Главно им беше да се поврзат со поединци од прогресивното македонско движење, кои ќе ги искористува за свои чисто партиски цели. Мене ми се чини дека тоа е резултат на ставот на Георги Димитров за македонското прашање, што се сведуваше на тоа дека македонското национално движење не е ништо друго, освен обиечен „комитлук“. Во последниот разговор што го имав со него во Берлин во очи му реков дека тие – БРП(к) – во текот на 20 години ги напаѓаа буржоаските партии и бугарскиот двор, дека го користат македонското движење за дворски и партиски цели, а дека и тие сега тоа истото го прават за да се претставаат пред Коминтерната со поголем авторитет. Му реков дека не водат сметка за македонскиот народ за тој да се ослободи со свои сопствени сили, преку своите национални организации. Кога ова му го говорев, нему му беше многу непријатно.

Кога по вторпат дојдов во Цариград (од Берлин) не се поврзав со Русите. Живеев од помошта на моите пријатели во Турција и на мојот брат. По неколку години живеење во Цариград, се вратив во Софија[25]. Непосредно пред војната, еден ден во станот дојде Васил Ивановски, Македонец, член на БРП(к), кој неколку години престојуваше во Советскиот Сојуз. Со него разговаравме по сите прашања, па и по македонското. Тој ми даде и еден леток напишан на машина за чукање во врска со македонското прашање. Во него се нагласуваше дека Македонците се посебна нација. Јас тогаш му реков дека само со такви летоци не може ништо да се постигне и дека би требало да се издаде некоја поголема книга за тоа прашање во која теоретски ќе се докаже дека Македонците се посебна

[25] П. Шатев се вратил во Софија во јуни 1931 г.

нација. Ми одговори дека тоа засега не може да се спроведе во дело, зашто повидните луѓе од партијата се во затвор или во емиграција. На тоа јас му реков дека е чудно еден ренегат како што е Васил Хаџи-Кимов да може да пишува на долго и на широко за да докаже дека Македонците се Бугари, а една цела партија да не е во состојба поопстојно да го обработи тоа прашање. Иванов одговори дека тие дејствуваат така како што ќе им наредат од Москва и дека главната задача им е да се поврзат и да организираат групи по цела Бугарија. Ми напомена дека се водат преговори помеѓу СССР и Германија и оти партијата го чека крајот на тие преговори, па поради тоа во моментот немаат никаков одреден став.

Сличен разговор имав и со Самарџиев, кој беше член на партијата. Во тоа време десничарите од македонското движење издадоа еден мемоар во кој се тврдеше дека Македонија е бугарска и дека како таква треба да се приклучи кон Бугарија. Овој мемоар беше доставен до странските претставништва, вклучувајќи ја и советската амбасада. Во врска со тоа јас разговарав со повеќе истакнати личности од македонската емиграција, па и со Тодор Павлов[26]. Со последниот се договоривме јас да составам еден мемоар во кој би ја докажал неточноста на тврдењето на десничарите. По извесно време, го напишав тој мемоар и заедно со Павлов на крајот ги ставивме следните заклучоци – на Македонците да им се даде правото на посебен јазик и училишта и да им се даде културна автономија. Не беше прецизирано прашањето за самостојноста на Македонија. Ова навистина беше минимално, но според зборовите на Павлов, не можеше повеќе да се бара. Тој овој мемоар го поднесе на одобрување пред партијата и откако таа го одобри, го потпишавме јас (Шатев), Тодор Павлов, Туше Делииванов[27], стар македонски деец, и други, па го доставивме до советската амбасада[28]. Одговор

[26] Тодор Павлов (Штип, 1890 – Софија, 1977), деец на Бугарската комунистичка партија, филозоф-марксист, академик, бугарски политички и државен деец, регент на Бугарија (1944-1946).

[27] П. Шатев овој меморандум погрешно го заменува со Меморандумот „Известување од македонската јавност до светското општествено мнение“, објавен на 1 ноември 1938 година, потпишан од Туше Делииванов, д-р Павел Шатев и Божин Проданов. Види: Зоран Тодоровски, Павел Шатев (1882-1951). Живот посветен на Македонија. Музејски гласник, на Музејот на град Кратово, бр. 6, Кратово, 2012, 12.

[28] Се однесува на Меморандумот до Президиумот на Врховниот совет на СССР, изработен во летото 1940 г., кој, во името на „Општиот македонски народен сојуз“, го потпишале Павел Шатев, д-р Тодор Павлов и Петар Шанданов. Во него се барало Президиумот на Врховниот совет на СССР да се заложи за „решавање на македонското прашање“, за „признавање на правото на Македонците да се третираат како самостојна народносна единица“ и за „самоопределува-

или мислење од Русите не добивме, туку Павлов ми рече дека во Министерството за надворешни работи на СССР има некој Александров, кој раководи со балканското одделение, дека тој му е познаник на Павлов, дека ги познавал балканските работи, значи и македонското прашање, па повеќе нема потреба да се пишува по тоа прашање.

Во 1940 година како потпретседател на друштвото на публицистите бев повикан на еден прием во советската мабасада и таму се запознав со воениот аташе Бенедиктов. По 1-2 месеца Бенедиктов дојде во мојот стан и ми рече дека му е познато моето минато и ме замоли да му бидам на услуга. Јас му се ставив на располагање. Малку подоцна доведе еден млад човек – Савченко, кој по ослободувањето беше во Софија и во Скопје мајор на НКВД[29], и ми нагласи дека врска ќе одржувам со Савченко. Веднаш ми поставија задача да им пронајдам и доставам една поголема карта на Бугарија, што ја пронајдов и им ја доставив. Кога им ја доставив картата, ми поставија и задача да им набавам и карта на Југославија. Во меѓувреме, ме запознаа со полковник Дегачев. Не мина долго време, почнаа да ме обучуваат како да ги шифрирам податоците, што подоцна ќе им ги доставувам ним, и ме поврзаа со Димитар Арнаудов, радиотелеграфист. Потоа собраните податоци шифрирани му ги доставував на Аранаудов. Податоците беа од политичко-економски и воен карактер. Така работев сè до моето апсење во 1942 година.

Кога стара Југославија беше окупирана од Германците, бугарската партија се најде во беспаќе. Не само што не знаеше што да прави, туку нејзините членови не умееја да дадат одговор на ниту еден настан. Сите ги исчекуваа резултатите од преговорите што

---

ње на Македонија“. Види: Петар Шанданов, Спомени. Предговор и редакција проф. д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2002, 15.

Според документите на Министерството за надворешни работи на Советскиот Сојуз, во „Декларацијата на Општиот македонски народен сојуз“ од август 1940 г. до Президиумот на Врховниот совет на СССР и до претседателот на СНК на СССР, се барало владата на СССР да помогне „во борбата за припојување на Македонија кон мајката татковина Бугарија и да не се допушти поделбата на Македонија од која и да било држава“. Декларацијата била потпишана од Делииванов, Божин Проданов, Павел П. Шатев, Тодор Павлов. П. Шанданов, Дим. Ефтимов и др.

Од ова произлегува дека имало два меморандума (декларации), една за домашна употреба, за македонските емигрантски организации и за Македонците во Бугарија, а другата за советските државни органи. Види: Владо Поповски, Македонското прашање во советската надворешна политика (1922-1940). Документи, Книга II, Скопје, 2008, 1299.

[29] НКВД: кратенка за Народниот секретаријат за внатрешни работи.

тогаш се водеа меѓу СССР и Германија. За ова прашање разговарав со Павлов, Гановски, Врбан Николиќ и др. Сите стоеја на становиштето дека нивниот став ќе зависи од исходот на тие преговори. Со Тодор Павлов, како со Македонец, разговарав поопширно по прашањето за решавање на македонското прашање, зашто тогаш Македонија беше окупирана. Неговиот став, главно, се состоеше во тоа дека засега не постои никакво разрешување на македонското прашање, бидејќи тоа е второстепено, а основно е СССР да ја добие војната. Во 1941 година добив задача да префрлам една радиостаница во Солун и да се поврзам со Белград, но во тоа не успеав. Истата година Дегачев дојде во мојот стан со еден хемичар, кажувајќи ми дека добиле налог од Москва по секоја цена да се најде динамит и ми предложија јас да го пронајдам потребниот материјал и простории во кои би го произведувале. Јас му објаснив дека сум многу зафатен околу прибирањето податоци, испраќањето телеграми во Москва и др., па го одбив по прашањето за производство на динамит. Но, истовремено му ветив дека можам да ги најдам потребните хемикалии. Бидејќи не му ветив дека можам да најдам и простории за производство, тој од мене не ги бараше потребните материјали. Подоцна дојдов до идеја како да набавам динамит. Преку еден сопственик на рудник за јаглен успеав редовно да добивам поголеми количества динамит. За тоа го известив Савченко, кој ми рече да го чувам кај себе и дека тој ќе испраќа луѓе на кои, на договорен знак, ќе им давам одредена количина динамит. Во прво време доаѓаше едно момче, а подоцна доаѓаше Арнаудов. На Арнаудов одвреме-навреме му предавав по 20-25 килограми динамит. Подоцна го прашав Арнаудова што прави со тој динамит, а тој ми рече дека го дава на свои познати за извршување диверзии. Мене тоа ме зачуди, како целата партија, што тие ја имаа во свои раце, не можела да им набави динамит, туку морав јас да ги снабдувам Советите, а можеби и партијата со динамит за да вршат диверзии. По налог на Савченко, Арнаудов го запали сеното во близина на Борисовата градина, со цел да се запали и касарната, но таа остана негибната.

По оваа диверзија, на Савченко му предложив да го минираме бирото за печат во Софија. Со оглед дека бирото беше сместено веднаш до американската амбасада, тој не се согласи. Се договоривме да ја минираме редакцијата на весникот „Зора“, која водеше безобѕирна кампања против СССР. Во разговор со Митко Зафи-

ров[30] дознав дека тој има свој пријател, кој ќе може да го постави динамитот во редакцијата. На Зафиров му го предадов потребниот динамит, а тој му го дал на поетот Коле Неделковски. Неделковски беше талентиран македонски поет и комунист. На определениот ден тој не можел да ја изврши диверзијата, па динамитот го скрил во својот стан. Но, утредента во зградата во која тој живеел влегла полицијата и тој гледајќи од четвртиот спрат дека доаѓа полицијата, го запалил динамитот, а тој самиот скокнал од прозорецот и така загинал.

Во тоа време добив телеграма од Москва со која бараа да се минира „Железната врата“ на Дунав. Ова барање од Москва мене исто така ме зачуди и одговорив со кратка телеграма дека тоа за мене е невозможно. На состанокот со Савченко му објаснив дека јас не располагам со бригада, дека ние сме само поединци и дека таа задача не може да се спроведе во дело. Му напоменав дека тука постои партија која може да ја спроведе оваа акција, со оглед дека таа располага со луѓе во Видин и Лом, кои ги познаваат условите на терен. Но, Савченко пред мене никогаш не сакаше ниту со еден збор да ми стави до знаење дека е незадоволен од бугарската партија. Кога му поставував прашања како горното и сл., тој секогаш молчеше. Јас отворено му поставив прашање и да ми даде одговор дали ние сме во право што подготвуваме и почнуваме со диверзии по налог од Москва или е исправна линијата на БРП(к), која говори дека такви слични работи засега да не се прават, зашто состојбата во Бугарија не е каква што е во Југославија. Зачуден Савченко ми рече – Како тоа? Јас му изнесов конкретен пример и му пренесов еден мој разговор со еден комунист. Савченко категорично ми рече дека тоа не е точно и дека можат да се преземаат акции. Не мина многу време и беше организирана диверзија во Варна, т.е. беше уништено поголемо количество цистерни со бензин. Подоцна во затвор дознав дека оваа диверзија исто така била организирана од Советите преку еден Македонец, кој имал врска со советскиот конзул во Варна.

Во 1941 година на Пловдивскиот аеродром беа оштетени 2-3 авиони. Авионите ги оштетиле некои војници на кои Арнаудов им дал динамит. До крајот на 1941 година со сигурност можам да кажам дека други диверзии во Бугарија немаше. Од изложеното

[30] Се однесува на Митко Зафировски (Гевгелија, 1907 – Скопје, 1973), македонски културно-национален и општествено-политички деец, член на ВМРО (Обединета), на БКП и на Македонскиот литературен кружок во Софија. По ослободувањето на Македонија бил прв директор на Институтот за национална историја и директор на НУБ „Св. Климент Охридски“.

јасно се гледа дека бугарската партија во тоа време не презела некоја поголема акција, а сите споменати акции беа дело на советската разузнавачка служба.

Во декември 1942 година бев уапсен од полицијата и спроведен во логорот „Крсто поле“[31]. Во логорот бев заедно со Тодор Павлов, Лашев, роднина на Поп Томов, д-р Борис Спиров[32], д-р Аџов, Панов, сега генерал, и др. Во логорот бевме околу 400 луѓе, главно комунисти. Исто така, во овој логор беа и Жак Натан, Сава Гановски, Врбен Ангелов, Најден Николов, сега ополномоштен министер во Москва и др. Елитата на бугарската партија беше во логорот. Обезбедувањето на логорот беше мошне слабо. Колку тоа беше слабо можеше да се види од фактот дека по 40-50 логораши одевме во шумата по дрва, а не чуваа само двајца стражари. Во логорот често дискутиравме по разни прашања. Се сеќавам на разговорот за тоа каква ќе биде судбината на Македонија по завршувањето на војната. Тодор Павлов, Врбен Ангелов, Сава Гановски, Најден Николов и др., кои се сметаа за првенци и идеолози, го застапуваа становиштето дека македонска нација, македонски јазик и сл. не постојат, но и покрај тоа во рамките на Балканската федерација на Македонија ќе ѝ се даде можност да биде посебна држава.

Во летото 1942 година во логорот почнаа да доаѓаат Македонци од западна Македонија. Тие цврсто стоеја на становиште дека по националност се Македонци и дека никако не можат да се чувствуваат како Бугари, што на бугарските комунисти никако не им влегуваше во глава. Со доаѓањето на Македонците, во логорот почнаа дискусии за борбите во Југославија. Дотогаш во логорот, главно, се прераскажуваше како се развиваат борбите на Источниот фронт, до каде стигнала Црвената армија и сл., додека за некаква борба во Бугарија немаше ниту збор. Споменатите видни комунисти од логорот ги сметаа овие Македонци како „залутани

[31] Всушност, П. Шатев бил уапсен на 10 октомври 1941 година од полициските власти во Софија под обвинение дека „работел во минатото за создавање на македонска комунистичка организација“ и дека бил „во конспративна врска со чиновници од советската амбасада, од којашто добивал инструкции за организирање и обединување на македонските Бугари комунисти од новоослободените земји“ и во ноември истата година бил испратен во логорот Крстополе. Во јули 1942 година бил осуден на 15 години и затворен во затворот во Хасково, а подоцна во Ќустендил.

[32] Д-р Борис Спиров (с. Бреждани, Кичевско, 1897 – Софија, 1974), по ослободувањето на Македонија бил секретар на Претседателството на Президиумот на АСНОМ, министер за социјални грижи и претседател на Уставотворното собрание на РМ (1946).

овци“ и оти не знаат што зборуваат, дека се под влијание на Србите и сл. Во сите разговори, особено Врбен Ангелов и Сава Гановски го застапуваа гледиштето дека прашањето за Македонија е прашање на Србите и на Бугарите и оти прашањето за македонска нација и македонски јазик е празна приказна.

Во март 1942 година стражарно ме спроведоа во Софија, во дирекцијата на полицијата, и веднаш бев ставен под истрага. Ме сослушуваше Гешев и директорот на полицијата. Под истрага бев ставен поради тоа што ме провалила Мара Меѓдуречка, односно Никола Вапцаров, кој од Мара ги зел динамитот и една радиостаница, што јас ги оставив кај неа на чување. Ова е таа радиостаница, што јас не успеав да ја испратам во Солун. Никола Вапцаров овие работи ги зел од Мара за потребите на „подземната организација“ со која раководел еден советски полковник Радионов. Оваа организација, според зборовите на сопругот на Меѓдуречка, била организирана по директива на членовите на ЦК на БРП(к), Антон Иванов и Трајчо Костов. Работата на организацијата била недоволно конспиративна, па поради тоа дошло до провала. Биле уапсени Никола Вапцаров и инженер Манчев и тие ги провалиле останатите членови на организацијата. Во оваа провала бил провален и Трајчо Костов. Бев осуден на 15 години принудна работа на процесот на Трајчо Костов.

Од еден детаљ ќе наведам како дознав дека Трајчо Костов во тоа време одржувал врска со советската амбасада. Јас во истрагата реков дека радиостаницата, што е најдена кај Мара Меѓдуречка, сум ја добил од некој Григориев од советската амбасада и оти не ми било познато дека тој куфер, всушност, бил радиостаница, па затоа и сум го примил на чување. Еден ден во разговор Трајчо Костов ми рече: „Шатев, лицето Григориев, дали е фиктивно?“ Од тоа разбрав дека на Костов му се многу добро познати лицата од советската амбасада. Трајчо Костов во истрагата се прикажуваше како сиромашен човек, како бивш член на БРП(к) од која се откажал кога била ставена вон законот. Обвинението го товареше дека живеел илегално во Софија, а тој говореше дека не се пријавил поради тоа што сметал дека ќе биде интерниран како порано, а тоа за него било тешко, зашто бил сиромашен и кратковид. Тој негираше дека е член на ЦК, иако го товареа дека заедно со Антон Иванов раководел со работата на партијата. Трајчо Костов во затворот се држеше многу резервирано. Во пресудата за него приближно пишуваше дека се осудува на вечна робија поради олеснителни околности, но тие околности не беа воопшто наведени.

До ослободувањето останав во затвор, па потоа кратко време живеев во Софија, од каде дојдов во Македонија.

Во 1945 година заминав за Софија да го посетам семејството. Во таа пригода навратив во советската амбасада во Софија за да го посетам мајорот Савченко. Савченко ме запозна со полковникот Зотов. Тие се интересираа каква е состојбата во Македонија и сл. и на крајот ми дадоа задача да соберам податоци дали Дамјан Велчев[33] одржува некакви врски со Драгиша Цветковиќ[34]. Неможејќи преку лица да ги соберам тие податоци, еден ден тргнав лично во Министерството кај Велчев. Со него се задржавме во разговор и јас му поставив директно прашање дали тој одржува некакви врски со Цветковиќ, зашто за тоа нешто се зборува. Тој беше вчудневиден и ми одговори дека од Цветковиќ преку пошта добил едно писмо во кое му честитал на високата позиција и оти тој (Цветковиќ) се надева дека ќе им биде на услуга. За ова го известив Савченко, а тој немаше никакви забелешки што сум постапил на ваков начин. За време на овој престој во Софија го посетив и Кимон Георгиев[35]. Со него останавме во подолг разговор. Ми говореше како тој го одобрува начинот на кој е решено македонското прашање во Југославија и воопшто уредувањето на Југославија. По прашањето за Пиринска Македонија го заземаше ставот дека засега во никој случај не може да се приклучи кон Вардарска ако не биде решено и прашањето на Егејска Македонија. Тој категорично изјави дека тоа е став на сите членови на бугарската влада, а и лично негов. Говореше дека тие сакаат да ѝ помогнат на Македонија, но дека од страна им се прават пречки. На моето прашање какви пречки им се прават, тој почна детално да ми расправа дека во тоа време владата на СССР добила од англо-американците нота, што содржела четири точки. Прво, дека тие не се согласуваат да се формира Балканска федерација без учество на Турција. Второ, дека одлучно се спротивставуваат на соединувањето на Пиринска Македонија кон Вардарска и трето, дека не се дозволува поширок контакт помеѓу македонската емиграција во Бугарија и Вардарска Македонија. Значи, заминувањето во Бугарија и обратно било

---

[33] Дамјан Велчев (1883-1954), офицер на бугарската армија, член на Воениот сојуз, учествувал во воените преврати во 1923 и во 1934 г., министер на војната (1944-1946).

[34] Драгиша Цветковиќ (1893-1969), југословенски политичар и државник, претседател на Владата на Кралството на Југославија (1939-1941), од 1943 г. живеел во емиграција.

[35] Кимон Георгиев (1882-1969), генерал-лајтнант, еден од основачите на Воениот сојуз, учествувал во воените преврати во 1923 и 1934 г., министер во повеќе влади, пратеник во Народното собрание. По Втората светска војна бил претседател и потпретседател на Министерскиот совет и министер на повеќе министерства.

спречувано од сојузничката контролна комисија во врска со оваа нота. Што било во останатата точка, не се сеќавам. Го прашав Кимон Георгиев дали слична нота добила и нивната влада. Ми одговори дека не добиле, но оти англискиот ополномоштен министер во бугарското Министерство за надворешни работи усно интервенирал за ова прашање. Тој, исто така, барал објаснување за ставот, што го поддржале во своите говори Добри Терпешев и Иван Харизанов во Скопје на заседанието на АСНОМ[36], нагласувајќи дека тоа се видни личности во бугарската влада. Наоѓајќи се во незгодна ситуација, бугарската влада се извинила кај англискиот ополномоштен министер, правдајќи се дека тоа не е став на бугарската влада и оти тие говореле само во свое име.

За споменатата нота и нејзината содржина Кимон Георгиев дознал во 1945 година кога бил во Москва по некои прашања, а најглавното да го уредат прашањето за федерација со Југославија. Разговорите во Москва се воделе во присуство на Кимон Георгиев, Георги Димитров, Молотов и Сталин. Кога дошло прашањето за федерација, Сталин веднаш им соопштил дека добиле нота од англо-американците со горната содржина. Кога се покренало прашањето Западна Тракија да се припои кон Бугарија, Сталин им одговорил дека тоа прашање засега е изоставено, зашто Советите не располагаат со флота. Кимон Георгиев и Георги Димитров, наводно, настојувале што побргу да се донесе решение за федерација со Југославија, па на тоа Сталин и Молотов им обрнале внимание дека премногу брзаат, зашто што и да направат во таа смисла нема да има никакво значење од меѓународен карактер, т.е. таквата федерација не би ја признавале сојузниците, па и самите Совети, бидејќи во Југославија сè уште не постои влада. Им рекле да причекаат додека во Југославија се формира влада, а засега да направат поштенска или друга унија.

Во првата половина на 1945 година во Скопје дојде мајорот Савченко. Јас тогаш бев министер за правосудство во владата на НР Македонија. На моето прашање зошто дошол, тој ми одговори дека дошол службено во советската воена мисија и побара да го запознам со претседателот на владата[37]. Јас за тоа го известив претседателот на владата и тој подоцна нè прими. Во разговорот со Савченко тој ми рече дека него го интересира продирањето на англиската разузнавачка служба кај нас, нејзините агенти и сл.

[36] На Второто заседание на АСНОМ, одржано во декември 1944 г. во Скопје, како претставници од Бугарија говореле: Иван Харизанов, како претставник на Националниот комитет на ОФ на Бугарија, како и Пецо Трајков и Христо Калајџиев.

[37] Претседател на владата на НРМ бил Лазар Колишевски.

Според нивните податоци, тој ми рече дека најлошо стоиме во Битола. Тогаш од мене побара 2-3 лица, кои би можеле да делуваат во тој правец на откривање на агентите на И.С. Му реков дека веднаш не можам да му препорачам такви лица, зашто сѐ уште не ја познавам состојбата, но оти ќе размислам. При посетата кај претседателот на владата јас нему му реков дека во Софија сум работел по директиви на Савченко и оти сега Савченко бара од мене 2-3 лица, кои ќе работат на откривање на агенти на И.С. Тогаш претседателот ми рече дека, било што било, и дека понатаму така не може да биде, зашто не може ништо во таа смисла да се прави без знаење на партијата. Кога излеговме од кај претседателот на Савченко му обрнав внимание и му реков дека јас ќе ги најдам лицата, но тој да го среди прашањето со претседателот. Подоцна за таа цел го предложив Крум Ефремов – Муркин, кој за време на окупацијата имал контакт со видни личности на И.С. во Цариград. Савченко го врбуваше, а тој му оформи и една група во Битола. Подоцна Муркин одеше во Софија кај Савченко и Зотов и тие му даваа задачи. Муркин ним им предаде еден поголем извештај за состојбата во Македонија, напаѓајќи ја политиката и раководството на ЦК КПМ. По кусо време, Муркин беше уапсен и осуден за земање мито. Тогаш од Софија дојде Савченко за да се распраша што се случило со Муркин и за таа цел го посети претседателот на владата, а исто така и мене. Оттогаш повеќе не се видов со него.

## Досие бр. 1-А-1, 33705, спис бр. 2[38]

1941 год. преди да почне војната СССР-Германија, јас имах задача од Савченко да најдам динамит и да работам за спроведување на саботажни дејствија. Руските нигде не можеја да најдат динамит, а од тамо депешираја да обавезно мора да се најде динамит. Савченко тој задатак на мене го даде. Ја најдох динамит преко Павел Генадијев, кој имаше мина за вадење голешт. Јас известих во Москва да динамит имаме колко сакате, тије ми се захвалиха. Овај динамит јас го давах само на оније лица кој идеја кај мене со уговорен знак. Така издадох на 3-блица. Овија лица беја испраќани од руската обавештајна служба од Савченко. Немије познато што беше станато со тој динамит, какви акцији се превзедоја. Јас со Арнаудов (радио-телеграфист) запалихме со динамит голема количина слама која беше во дворот на касарната лево од Борисовата градина. Сламата сета изгоре, но зградите не се запалиха. Арнаудов ми причаше да са биле повредени неколку авиони на некој аеродром около Пловдив од страна на еден авијатичар, а по налог на русите.

Јас бех често во друштво со познатите бугарски комунисти како Тодор Павлов, Жак Натан, Бончо Белов, Сашо Глигоров и др. во кафенето „Средец“ – јакобински клуб. Јас им говорев да треба да се прави востаније, да се реагира кој со што може против германците, да во Југославија има вејке партизанска борба и т.н. Тије се слагаја со мене на думи, но се изговараја да други биле условијата во Југославија, а други во Бугарија. Ова беше до мојето хапшење, новембар 1941 год.

Додека бехме во затвор (фебруар 1942 год.) разбрахме преко лица кој идеја во…[39], да је бил образован отечествен фронт од партији: Комунистичка, Звено, леви земеделци со Милан Петков (без крилото на Гилев), широки социјалисти – Д. Нејков и радикали Петко Стојанов. Власта је сазнала ова работа, но не превземаше

[38] Текстот е автентичен како што изјавувал П. Шатев и запишал иследникот, машинопис на кирилица.

[39] Недостасува збор.

тој фронт никакви дејствија и не го преследваја. Само М. Петков беше два пати интерниран, но само како леви земеделец. Останатите од О[течествениот] фронт беја службеници во бугарската власт се до капитулацијата на Бугарија 1944 год. Д. Нејков беше директор на една кооперативна банка во Софија, Петко Стојанов професор на универзитетот по финансова грана. Д. Нејков после 9-ти септембри стана министер на трговијата, а Стојанов министар на финансиите. Овај отечествен фронт одма по својето образување издаде илегално една платформа која беше наштампана на летци и растурана по Софија. Во таја платформа не се повикуваше на вооружено востаније против тогавашната власт, а само на борба за демократско управление во Бугарија и не земање участије во војната – борба која требаше да се води по легален пат. Никола Петков го познавах лично. Тој беше председник на публицистите, а јас подпреседник пред војната. Тој стално беше против секаква вооружена борба, а само за легална борба против владата. Тој таков остана за цело време на окупацијата. Отечествениот фронт од формирањето 1942 год. до капитулацијата на Бугарија не се појави нито со една публична манифестација. На 9-ти септембри се сруши правителството во Софија и се појави О[течествениот] Фронт. Овије податциније ги добивме од жената на Никола Коларов кој беше суден во нашиот процес – сега работи во Ц. К. Женаму често идеше во посета.

За партизанското движеније во Бугарија познато ми је това да тамо имаше нешто акции 1943 год., а 1944 повејќе се засили. Најизвесни партизани беја тије на Славчо Трнски на запад од Ќустендил. Имаше групички по 5-6 по 9-10 по другите планини: Родопите, Средна Гора, Сливенски Планини и на Стара Планина. Ова беја се мали групички и до 9 септембар такви си останаја. Најизвестна личност во партизанството беше Добри Трпешев, кој избега од затвор во началото на 1944 год. Со него Чанков од октобри 1943 год. и Југов. На 2-3 месеца пред 9 септембри погинаја Самарлијев и Желесков во борбите околу Пазрџик и пловдивско. Преди това немаше погинато никаква по истакната партиска или партизанска личност. За партизанското движеније додека бех во Софија во затвор 1942 год. не се слушаше ништо и немаше борби. 1943 год. можехме да узнајеме од роднини кој идеја на видуење во логорот.

На 10-20 дена после објавувањето на војната меѓу Германија и СССР Савченко ми рече да треба на секој начин да набавам динамит. Јас му говорев дека је това тешко и да не ќе можам това да го сторам, али он настојаваше по секоја цена, дури ми доведе еднаш кај мене дома еден хемичар, кој ми расправаше како можам да направам динамит (со сернар киселина и сл.). Јас им расправав да

на тој начин јас неможам това да го правам и да немам лабораторија. После ова се бев случајно сретнал со Павел Генадијев-сопственик на еден рудник јужно од Пловдив, кого иначе го познавам од порано како учесник во македонските борби. Јас нему му преставих дека за наши македонски работи ми је нужен динамит. Бидејќи тој знајеше да јас од време се занимавав со тије работи, ми обеќа дека ќе ми набавује од неговиот рудник. Како динамитот он го добиваше од државата и пред власта требаше да ги оправдава истрошените количини динамит, јас му посочих еден младиќ (мислам се викаше Георги) за чиновник, кој да му води сметка за истрошениот динамит и во книгите да преставује погрешно стање да би можел Генадијев да ми донесуват динамит. Така и стана. Младиот отиде на работа во рудникот, како чиновник, но јас му на Генадијев давав за него по 3.000 л[е]в[а] месечно за које тој (младежот) не знајеше и мислеше да примат плата од рудникот. Пошто Павел Генадијев доваѓаше секоја недела во Софија, каде му беше семејството, донесуваше во чанта по 6-7-10 или повејке кила и ми го даваше мене кај него дома. Динамитот јас не му го платив, пошто тој го даваше како патриот, а пак го чував кај Мара Междуречка. Дека сум нашол динамит му јавив на Савченко и на Москва. Од тогај јас динамитот кој го имав го издавав по нареѓење на Савченко, кој ми праќаше појединци со јавка на који јас им издавах динамит во куферчина. За овај динамит осим мене, Савченко и Генадијев не знајеше друг никој.

Пошто со Митко Зафиров се познавах добро и тој велеше оти ќе замине за Македонија, јас му реков да ќе треба во Македонија околу Зелениково да дигне пругата во воздух за које јас ќе му дам динамит. Он со това се согласи.

Со Митко Зафиров имахме правено моабет и пред неговото заминување за Македонија за нужноста да се дигни во воздух печатницата на весник „Зора“ како протагонист на кампањата против СССР. Митко се беше согласил со това и рече да ќе најде човек за поврзување на таја работа. Така Митко го заангажирах за оваја работа и македонскиот поет родом од Велес Неделковски Коле. За извршување на оваја акција, јас му дадов динамит на Митко Зафиров, кој му го предал на Коле. Коле ги изврши сите приготовленија околу дигањето во воздух на печатницата, но не му било згодно да изврши таја вечер кога пошол, бидејќи му попречил некој ноќни стражар или куче и затова одложил за другата вечер. Но сабајлето дошла при него полицијата да го хапси и тој како живејал во една висока куќа во таванска соба, го запалил динамитот, а самиот рипнал од собата и извршил самоубиство.

По прашањето за македонскиот вопрос јас сум говорел со разни функционери на БКП како до хапсењето моје така и после во логорот Хасково. Така на пр[имер] сум разговарал со Тодор Павлов. Тој застапуваше мислите да нема македонска нација, да је Македонија географски термин исто како и Добруџа, Тракија и да во нејa живејат бугари. Македонското прашање требало да се реши кога партијите на Балканот ќе создадат федерација. Овакво мнение за Македонија имаше и Дукмеџијев (сега во Софија) и Најден Николов (сега пом[омошник] министар во Москва). Последниот расправаше да је македонскиот вопрос само вопрос меѓу срби и бугари и тије требало да се споразумат за нејната судбина. Жак Натан (сега професор по економските науки во Софија) имаше слично мишлење како горните. Саво Гановски (сега помошник министар на надворешните работи) имаше исто мишлење да нема македонска нација.

Кога Георги Димитров направи посета во Југославија 1947 год. јас патував за Загреб. Во Белград навратив во бугарската амбасада и се најдов со Саво Гановски. Тој ми говореше да се во нашата земја говорело много против бугарската партија изопшто. Јас му говорев да това неје верно. После това говоревме за македонскиот вопрос. Тој рече да ќе се уреди прашањето за Македонија, да добро врвело, но да сега за сега вопросот на Пиринска Македонија нема да се разгледуват.

1945 год. јас исто одев во југословенската амбасада во Софија, помошник на министер беше Поповиќ, а исто беше и Киро Миљовски. Од нив добих задачи да успоставиме врска со Турција, преко Софија, но не успехме. Киро Миљовски ми рече да направам една анкета, тајно при О[течествено] фронтовските партији дали се они за присаединение на Пиринска Македонија кон Вардарска или не. Јас говорев со Никола Петков од земеделската партија, со Иван Харизанов од Звено, со Петко Стојанов од радикалите, со Димитар Нејков од социјал-демократската партија. Сите овије имаја скоро едно исто мнение да се Македонија присаједини кон Бугарија, а ако това неможи пак да се даде аутономија на Пиринска Македонија. Звенарите беја најјасни по тој вопрос. Тије говореја да Пиринскиот вопрос ќе се разреши заједно со вопросот на Егејска Македонија. Каде ќе биде Егејска тамо ќе биди и Пиринска Македонија. Со комунисти не разговарах. За ова анкета јас подадох извештај на Киро Миљовски.

После ослободувањето јас сум одел еден до два пати во бугарската амбасада во Београд, а во совјетската не сум бил ни еден пат, чак и незнам каде је тачно во Београд смештена.

## Досие бр. 1-А-1, бр. 33705, спис бр. 3[40]

Во дополнение на това што пишав треба да кажам и следното за да биде сичко јасно, точно и недвоумино.

Кога со мајор Савченко бевме при претседателот Л. Колишевски и му кажав оти јас во Бугарија по директивите на истио Савченко сум работел за руската обавештајна служба, Лазар Колишевски после на мене лично ми рече оти това што е било, било, но сега овде никој не може и не треба да работи за таја служба без да се не каже и земе согласието на партијата, односно секретарот. Јас од това си зедов добра белешка и му реков на Савченко оти ме поставува во много тешко, негодно положение, јас како општествен дејател и това министар на правосудието да говорам или да се занимавам со вакви веќе работи, а уште повеќе сум стар и уморен од страданија во животот. Савченко ми рече оти таја е лесна работа и оти он ќе ја уреди со кого треба. Ништо повеќе не ми рече и си отиде.

Тија денови преди да замине потражил едно мало изложение од Крум Ефремов и тој на брго написал 1-2 страници и мислам оти и на мене ми ги прочита преди да ги даде на Савченко во мојата куќа. Но после Крум Ефремов като добил нареждение да намери 3-4 лица кои да собират податоци. Со мене сврза лицето Димитров, кое вчера го пишев Власев, пошто малко ми беше останало во памета. Лицето Димитров по нареждане на Крум Ефремов дојде у дома ми прочита нешто написано со молив и рече оти това се податоци собрани од еден човек од чаршијата, трговец, но и јас не им давам много значение кажа самиот Димитров, и почна да ми говори од татко му, мајка му немала на што да лежат пошто сите мебели и постелки биле конфисковани.

Кога со Крум Ефремов и неговата булка заминах за Куманово, а Крум да продолжи патот му за Белград, во Куманово дојде

---

[40] Текстот е автентичен како што изјавувал П. Шатев и запишал иследникот, машинопис на кирилица.

Савченко на пат преко Паланка за Ќустендил-Софија. Во тија први неколку дена Крум собрал 3-4 слики со малки биографии за нив, лица кои можеле да дават податоци што интересували мајор Савченко и тије слики со белешките ми ги даде на мене, за да ги дам на Савченко и јас ги дадов и тој си замина за Софија. Но това е била некоја мрежа овде и во Битола това е Крум направил по нареждане на Савченко и последниот му е кажал некое од тие лица да го поврзе со мене. И од тогај ни сум виждал тија лица ни сам давал податоци и ако се донели јас ќе ги примав за да ги дам на Савченко ако дојде овде во Скопје. И така јас не откажувам оти по тaја работа сум прикажувал со Савченко, оти сум примал податоци какви да се од Димитров и оти сум дал 3-4 слики на лица кои Крум намерил како му наредил мајор Савченко. Сето това го направих само и само Савченко да не ми са љути и да си замине доволен од мене и од Скопје.

Во интересот на самата истина треба не само да кажам а и да подвлечам оти Крум Ефремов-Муркин уште во началото и првите денови по никој начин не сакаше да работи по таква обавештајна служба едно поради тоа да беше тукушто женен и не сакаше да го праќат по чужди земји и места, второ сакаше да се пројави, отличи овде во Македонија во политичкиот и друштвен живот на нар[одна] република Македонија за која желајал и работил и до ослобождението. Јас настојав да работи едно да се избришат секакви подозренија кои имаше против Муркин за неговиот живот во миналото, а највеќе да задоволи мајор Савченко пошто много настојаваше да се поврзи со 1-2 лица и овде во Македонија со какви нови лица јас това добро знам беше поврзан и во Софија после доваѓањето на руската ослободителна армија во Бугарија и Софија.

## Досие бр. 1-А-1 бр. 33705, спис бр. 4[41]

Именувам се Павел Поцев Шатев, роден во гр. Кратово 15 јуни 1882 г., женен со две деца, не осуждан.

Јас до 9 септ[ември] 1944 г. бев во затвор во Кјустендил, како осуден од бугарската фашистка власт на 15 години затвор. После 9 септ[ември] се прибрав во Софија при моето семејство. До крајот на м[есец] октомври 1944 г. останав во Софија. По това време при мене дојде рускиот мајор Ав. Савченко да се видиме и да ми благодари за сите услуги кои јас сторив кога бев во Софија и по негова директива работев за да давам податоци кои бева во полза на СССР. Како добри пријатели и отлично познати еден со друг и со полно поверение, Савченко ме пак помоли, ако можам да му покажа, дам 1-2 лица кои би могли да работат по негова директива во Бугарија, а јас бев много слаб и мало болен од долгиот затвор и он сам видуваше оти за напред ја не можам да работам како по напред до 1941 г. крајно. Јас му дадов едно лице кое ако не се лажам се кажуваше Хр. Даскалов и така се разделихме, когато кон крајот на месец октомври по заповед на Гл[авниот] мак[едонски] штаб јас со една група стари другари Кр. Гермов[42], Ал. Мартулков[43] и Шанданов[44] и др. заминав за Македонија гр. Пехчево-Берово каде беше Л. Арсов[45] и В. Ацева[46]. Во Пехчево стојахме неколку недели

[41] Текстот е автентичен како што изјавувал П. Шатев и запишал иследникот, машинопис на кирилица.

[42] Се однесува на Крсто Гермов-Шакир (Прилеп, 1875 – Скопје, 1962), војвода на ВМРО, по ослободувањео на Македонија бил народен пратеник во Собранието на НРМ.

[43] Алексо Мартулков (Велес, 1878 – Софија, 1965), македонски револуционерен деец, припадник на ВМРО (Обединета), по ослободувањето на Македонија бил член на Президиумот на АСНОМ.

[44] Петар Шанданов (Охрид, 1895 – Софија, 1971), војвода на ВМРО и раководител на ВМРО-протогеровистичка, по ослободувањето на Македонија бил член на Президиумот на Народното собрание на Македонија.

[45] Се однесува на Љупчо Арсов (Штип, 1910 – Скопје, 1986), македонски комунистички деец, учесник во НОВ, висок партиски и државен функционер на Македонија, народен херој на Југославија

и кога се расчисти патот и Германците бева подгонени, пак со сите другари со автомобили заминавме за Штип, останахме една ноќ и на другиот ден со истите коли преку Криволак, Кавадарци, с. Росоман заминавме за Прилеп каде беше Вр[емената] мак[еонска] Влада и Гл[авниот] штаб. Там ни прие генерал Илиќ и генерал Апостолски[47]. Во Прилеп престојавме неколку дена и заедно со сите другари од Владата со автомобили дојдовме во Скопје кое беше наскоро ослободено. До божиќ истата година останав во Скопје и бев изабран и во АСНОМ. По божиќ заминав за Софија при семејството и стојав 1-2 месеци. Во това време со мајор Савченко пак се видовме и тој идеше дома при мене и јас одев при него во неговата канцеларија. Тогај му кажав оти јас ќе се вратам пак во Скопје и там ќе останам пошто веќе Македонија е слободна. Он ми рече оти ќе дојде во Скопје по негова работа. Ја се вратив во Скопје и во м[есец] април се избра првата влада и јас бев определен, избран за министер на правосудието. Ми се чини кон месец мај дојде Савченко во Скопје и ме посети во министерството. После дојде дома и ми потражи пак 2-3 лица за да работат по негова директива. Јас, пак да му бидам полезен на него и СССР му препоручив лицето Крум Ефремов Муркин, како интелегентен и енергичен младеж па и ангажиран во народно-ослободителната борба и главно пошто знае немски език и до колко знаев од Мире Анастасов[48] по време на војната кога бил во Цариград бил си создал врски со некои лица блиски до англиската обавештајна служба во Цариград и Софија. Муркин не сакаше да се зафати со таква работа и да напуска Македонија пошто едва се бе оженил и главно како прв ми рече сака да се пројави во новата ни држава Македонија, а кое имаше сите качества. Јас му реков барем за мало време да услужиме на СССР но со това сме полезни и за Македонија и дем[ократска] ф[едеративна]. Југославија. Муркин најпосле се согласи и јас го запознав у дома со Савченко. На другиот ден Савченко си замина и ми рече оти е доволен, но ми рече јас да не се интересувам што

---

[46] Вера Ацева (с. Ореовец, Прилепско, 1919 – Скопје, 2006), македонски партиски и државен деец, народен херој на Југославија.

[47] Михајло Апостолски (Ново Село, Штипско, 1906 – Дојран, 1989), генерал-полковник на ЈНА, командант на ГШ на НОВ И ПОМ, директор на Институтот за национална историја и претседател на МАНУ, народен херој на Југославија.

[48] Мире Анастасов (Кратово, 1910 – Скопје, 1998), учесник во македонското националноослободителното и комунистичкото движење, секретар на МК Куманово и член на ПК на Македонија. По ослободувањето на Македонија бил еден од секретарите на Президиумот на АСНОМ, повереник за шумарство и рударство во првата влада на Федерална Македонија, амбасадор на ФНРЈ во Белгија. Во 1949 г. бил уапсен по ИБ и осуден на 5 г. затвор на Голи Оток.

ќе работи Муркин пошто нема нужда од това. И така остана да се работи. По после Муркин сакаше да оди во Куманово со булката му и јас да го придружам. Отидовме. На другиот ден Муркин замина за Белград, а јас се вратив во Скопје. Муркин од Белград преку Руската мисија наредил по желание на Савченко да отиде во София и со булката му заминал. Стојал неколку дена и се вратил во Скопје. По това време кога Муркин е бил во София, кажал на едно негово лице Власев или Васев кога има нешто да каже да дојде при мене и да ми каже. Еден ден лицето Власев дојде у дома и меѓу другото ми кажа оти иде на порука на Муркин да ми каже што научил оти имало англ[иски] мисии и оти се интересували за макед[онското] прашање, а кои се какви се останало после да научи. Кажа ми оти дошла војска една српска дивизија и во градот се велело оти идат пак србите и т.н. Најглавното за које ми говори беше и това оти татко му бил ухапсен, зеле му мебелите и домашните му, чини ми се мајка болна и сестра немале каде да лежат. Отиде си и јас му реков ако научи нешто по интересно и важно пак може да дојде и да ми каже да знам. А после малко дојде си од Савченко Крум Ефремов и веќе това младо момче јас не го видов. Еден ден на работа бев во отсекот за странци и тој работеше тамо. Јас на прво време не го познав, а тој ми се покажа и ми кажа оти е истиот кој доваѓал у дома по порука на Крум Ефремов. Това младо момче го видов еве денеска. Јас не сум му тражил кој знае што и това што он знае и што слуша по градот.

Први пат кога овде беше Савченко мо потражи да го прêтставам на Лазар Колишевски. Јас како министар го заведов. Кажав му кој е каков е и уште тогај Л. Колишевски рече пред него оти секо лице кое би работело со Русите треба да биде со знанението на секр[етарот] на партијата. Кога излезовме од кабинетот јас му реков на Савченко, а тој ми рече оти това е нивно, т.е. работа на руската воена мисија. Така не минаха неколку недели и Муркин биде арестуван. По това Савченко доваѓа уште 1-2 пати во Скопје по негова работа и сам како ми рече бил при Л. Колишевски и разговарале долго со него. Муркин останало да го судат по кривично дело.

7. 7. 48[49]

## Досие бр. 1-А-1, 33705, спис бр. 5[50]

### Изложение од Павел Шатев, посланик, по повод статијата во в. „Борба“ од 1. VII. под надслов „Отговор на бугарс[ките] другари“

На 8 октомври 1944 г., еден месец после моето ослободување от затворот во Ќустендил, по покана на дружеството на бугарските публицисти, во кое и јас бев член, одржав еден говор за Македонија. Во тој говор одржан во големиот салон на кино „Славјанска беседа“ во Софија[51] пред повеќе од 1.000 (хиљада) слушатели, преди да почнам да говорам по горната тема, исползвав случајот да направам една опомена, која уште тогај намерив за много важна познавајќи софиската публика, која беше дошла на собранието мегју кој имаше повеќе Македонци. Јас цитирајќи од едно писмо на др. Димитров – он уште не беше се вратил од Москва – до бугарските комунисти мегју другото реков: „Еден од најважните корени на сите национални нештастија и катастрофи, који постигнаа бугарскиот народ-казва Г. Димитров-во последните десетлетија лежи во „великобугарскиот шовинизам“, во великобугарската идеологија и политика за хегемонија на Балканите и господство над соседните народи. На таја почва беснееше ред години фашизмот у нас. Во името на Велика Бугарија, великобугарските шовинисти-предатели на нацијата и германски агенти доведоа нашата Родина за трети пат пред прагот на катастрофата и едва ли не ја погубија. Без безмилостното уништуене на великобугарскио шовинизам-таја јазва на живото тело на нашата страна-не е возможно изградувањето на возродена, нова Бугарија. Нека со сите усилија

[49] Напишано со мастило, што упатува дека сослушувањето било на 7 јули 1948 г.

[50] Текстот е автентичен како што изјавувал П. Шатев и запишал иследникот, машинопис на кирилица

[51] Говорот на П. Шатев во хотелот „Славјанска беседа“ во Софија, всушност, било предавање-реферат на тема „Балканскиот проблем и Македонија“, одржан на 8 септември 1945 г. Подоцна рефератот ќе излезе и како посебна брошура „Балканската проблема и Македония“, София, 1945.

се помачим, преди се, кон това, без да се бојиме оти ќе бидеме излагани од други. Величието не се создава со времено завземање територији, а со создавање на условија за сигурност, мир, општо разбирателство, при кое можат да се развијат сите творчески-економски, национални и културни сили во кој да е народ“. И пред да почнам реков: тие мисли извлечени од писмото на работническиот водач и идеолог Георги Димитров, не можат да се одречат. Во сегашниот момент они требе да легнат во основата на сите расуждения и дејствија на живите, разумни напредничави сили во бугарскиот народ. Затова, като ги кажувам и јас како увод кон мојот говор подвлачувам ги пред вас, како много ценни и целесообразни исходни положби за сека практична дејност во сите области на бугарскиот општествен, друштвен живот во днешно време. (Гледај книшката „Балканската проблема и Македонија“, стр. 9, 1945 год. Софија од П. Шатев).

После мојот говор, много лица од публиката, моји лични пријатели и познати, дојдова при мене за да ме поздрават и мегју другото, некој лица како Милан Ангелов, инж. Хр. Станишев[52] и уште пет-шест души ми рекоа оти сето кажано било одлично само това оти во бугарскиот народ, особено во македонската емиграција имало шовинизам, не било верно! Чудното за мене беше оти и лица кој знаев како комунисти без да бидат партиици како мене, ми рекоа тија думи, а колко за другите тоа не ми беше чудно, зашто јас добре знаев колко консервативна, да не речам реакциона беше и уште е еден голем дел од македонската емиграција во Бугарија. Јас уште тогај им реков оти сега сум уморен од долгиот говор, но ако сакате јас потова ќе држам друг говор готов за да си видиме и ние кои минуваме за прогресивни елементи колко голема сламка имаме во очите ни т.е. колко не можеме да се отрсиме от крајниот национализам ако не и шовинизам.

По после во 1945 г., кога се вратив за прв пат од Македонија-Скопје-и повеќе од еден месец останав во Софија, јас држав друг публичен говор во „Македонскиот дом“ пред многу луге, мегју кој беше ген[ерал] Поповиќ, југослав[енски] полн[омошен] м[инисте]р, ге[нерал] Д. Трпешев, некој од другите тогашни бугарски министри, од кабинетот на Ким[он] Георгијев, а од ЦК на БРП(к) Цола Драгојчева и др. видни бугарски комунисти. Кога говорив и за Народниот фронт во Југославија и Македонија, мегју другото

[52] Христо Станишев (Кукуш, 1863 – Софија, 1952), претседател на Македонскиот врховен комитет, член на раководството на Македонскиот национален комитет.

подвлечив со повисок тон оти ние не криjеме оти у нас во нова Македониjа руководна рол (улога) има како комунистич[ката] Партиjа на Македониjа и таjа на Jугославиjа со незиниот ЦК (КПJ). Оти она е создала и раководила сите jугослов[енски] народи во народно-ослободителната воjна (борба) и оти и за напред како добри марксисти-лењинисти они водат и ќе водат jугослов[енски] народи во това число и македонскиот народ напред и се напред во идната борба за слобода, независност и хлеб. За таjа моjа откровеност ме поздравиjа мнозина меѓу кои и ген[ерал] Д. Трпешев, моj другар од 15-20 год., Цола Драгоjчева сега м[инисте]р во кабинетот на Г, Димитров со коjа за прв пат се видовме зошто она навистина беше обвињаема во истиот процесс во коj и jас бев осуден на 15 години, а она-задочка на смет. Помегjу ни си кажавме некоj зборови и Д. Трпешев и она ми направиjа белешка за моjата откритост, откровеност, оти не се криjе роља та на jугосл[овенската] ком[унистичка] партиjа, оти она е една голема сила, а они там по това време се уште криjева, зашто во Отечествениот фронт имаше повеќе комунисти, а од другите партии: звенари, земеделци, соц[иjал] демократи, радикали. Jас мегjу другото им реков како на моj блиски стари приjатели да си кажем открито оти овде во Бугариjа има повеќе националистички елементи па и шовинисти, од колко во нова Jугославиjа и оти моето заклjучение е оти српскиот народ се е веќе много преродил, а бугарскиот оди …., бавно. Това е според мене затоа што во Jугославиjа е станала во 2-3 години и уште продолжува да става една вистинска национална револуциjа, а во Бугариjа сичко стана преди се со еден военен преврат во коj по-голем дел имаа по скоро други елементи не комунисти и лица преди се од воjската и т.н. Никоj пред мене не можеше да одрекне, зашто знаева оти jас од долги години сум бил сврзан со бугарските комунисти и знам многу конкретни работи од нивната легална и нелегална конспиративна работа како по разрешување на мак[едонското] прашање и по многу други работи на компартиjа во Бугариjа и ван од неjа. Пак по тоа време со согласието на ге[нерал] Поповиќ и со знанието на др. Киро Миљовски, тогаj како советник при ген[ерал] Поповиќ, jас бев натоварен да направам една мала анкета и да дам едно изложение за гледиштето на лидерите и други лица на сите бугарски партиjи коj влизаа во правителството на Отечествениот фронт. Говорев со многу видни лица и општото ми заклjучение колкото си спомнувам беше и това е пишено во моето изложение, оти се уште и след превратот на 9 септември 1944 година бугарските управлашти партии за Пиринска Македониjа гледат иако има 1 % вероватност да остане во Бугариjа, а само ако нема

никаква веројатност се согласуват да биде автономија и то со условија ако и Егејска Македонија се приклучи едновремено со това, а сето това значеше оти они, па и многу од бугарските комунисти се уште не схвакјаат, разбираат смисалот и значението на борбата на Југославија и Македонија и сето това со думи и декларацији, а не на дело стојат на становиштето оти Македонија е слободна, независна и може да се развива национално, економски и културно во границите на ФНРЈ. Јас како непартиец уште тогај разбрав оти треба и сум должен да останам во Македонија од каде сум роден и за кое сум говорил, работил и рискувал толкова пати мојот живот и не само со думи, а и со дела треба да покажа моето гледиште по правилното и единствено разрешуене на мак[едонското] прашање. Навистина, јас како емигрант од Македонија од 20-25 години немав големи врски со младите Македонци кој возприеја линијата на ВМРО (обединена) на која ја сум еден од основателите во едно најтешко и лошо време, за општ македонско и балкански револуционен фронт со сите национал-револуциони и социал-револуциони партији, организации и групи, за роњата на комунистическите партији. За разрешувањето на мак[едонското] прашањето, сепак требаше да се приберам во Македонија без обзир на тоа оти за мене лично при моите врски и познанства во Бугарија и да беше по изгодно зашто друг правилен пат немаше и неможеше да има осем тој што беше покажан на дело со историското решение на АВНОЈ во Јајце од др. Тито и Југосл[овенската] Комунистичка партија. И сега си спомнувам думите кажани од др. Тито „ако бугар[ските] партии можеа и сакаа да ослободат Македонија зошто не го направија кога беа овде во Македонија“? Јас знаев ако останев пак како емигрант во Бугарија това не ќе беше последователно со моите говори, пишуења, дела во миналото и можеби ќе се повлечев и по странични линии, зашто од опит и историјата знам оти средата во која се живее и работи много влијае и може да тргнам по некоја надолна плошт како последователен на себе си борец за федерација, општо балканска или југословенска, во продолжение на повеќе од 20 години. Јас и како емигрант и от Бугарија, преку сето време кога бев во Европа и СССР секога сум бил и работил и со бугарските комунисти, а во Бугарија под директива на Партијата сум работил во мак[едонската] емиграција и надвор од неја. Имал сум много случаи да говорам и работам со бугар[ските] комунисти од Г. Димитров, Гав. Генов (починал), Ил. Поптомов[53] до нај последните. Од разговорите кој сум имал со некои одговорни

---

[53] Се мисли на Владимир Поп Томов.

бугар[ски] партијци како Гав. Генов кога бевме во Москва, Вл. Поп Томов, Хр. Кабакчиев, Ант. Неделков и др. секога во разговорите се били недоволни од КПЈ, зашто она во време на септемврискомо востание 1924 год.[54] не дала потребната, соответна помоќ како братска партија на БКП. Од много бугарски комунисти и во разговор лично од умрелиот Коста Новаковиќ (во Берлин и Виена) сум слушнал оти бугар[ските] комунисти секога се есапиле југослав[енските] комунисти како по долни от нив, оти во Бугарија во миналото имало повеќе социјализам, оти парт[ијата] имали подобар кадар, оти имало преводна и оригинална литературе и т.н. Много им било мачно зашто во онова време југослав[енските] комунисти есапили оти востанието во 1924 год. било преждевремено и однапред оставено без успех пошто бугар[ските] комунисти (партијата) не могла уште тогај да обхвати во својот обсег бугарското сељачество, а Бугарија била преди се земјоделска страна и т.н. Пред мене они како не партиец никога много не се пуштаа да говорат на конкретни работи и лица, но како нивен близок човек и доведен се нешто кажуваа од које се разбираше оти нај одговорните лица во БКП се недоволни од КПЈ и нејзините руководиоци од 1925 год. до најпоследно време. И во најпоследно време 1948 год. преди Сава Ганoвски да напусне како полн[омошен] м[инисте]р Белград во еден разговор ми рече оти „никога буг[арските] комунисти не можеме да им простиме на југосл[овенските] другари зошто они така љуто, задкулисно нападат БКП, односно некои одговорни другари како В. Коларов, Вл. Поп Томов и др. а до Бледското споразумение и средба што секога и на секаде сакале колку се може да се намали и авторитетот на Г. Димитров. Како знаеш-продолжи С. Ганoвски-у нас во Бугарија на секаде има портретот на др. Маршал Тито, а овде во Југославија и Македонија го нема портретот на Г. Димитров. У нас има много улици на името на др. Тито, а овде нема ни една на името на Г. Димитров, Д. Благојев и т.н. Тије се дребни работи од који не треба да се зема белешка, му реков јас, а тој одврати оти дребните работи се зло за големите, дребните камења повалуват по некога колата-беше неговија одговор…

Јас, лично, секога сум есапил оти бугарските комунисти секога и секаде по принципијелни прашанија како марксисти-лењинисти се едно со југослав[енските] другари. Никога биле на умот не ми е минавало оти имат помеѓу им принципијелни или тактически разногласија и сум мислил оти може да имат само недоразуменија и

[54] Септемврискомо востание во Бугарија беше во 1923 г.

затова во некој случај сум одбегнувал да зборујам за такви работи едно оти не сум партиен и друго да не се уште повеќе засилат личните омрази помеѓу нив за које знаев от мнозина оти такви омрази на лична почва има уште долго време. И ако нешто сум научил това е било случајно, без да сакам поради мојата близост со много буг[арски] другари. Така на пр[имер] во м[есец] ноември 1947 год. кога се видов со Тод. Павлов во Софија, во разговор меѓу другото почнав да говорам и за др. Кардељ како много голем, интелегентен, ако се пројави и во меѓународни конференции, оти е една бележита личност. А Тод. Павлов ми рече така е, но ние знаем много работи за Кардељ, кој ти не знаеш, знаеме неговото недружељубно држање спрема БКП и некои од нај одговорните лица во ЦК на БКП и др. Јас од тија думи на Т. Павлов останав смајан и ништо не можев да му одговорам, ни пак имав кураж да го прашам конкретно да ми каже само за това што не сум партиец и есапеф оти од моја страна ќе биде грешка и непоштено да се мешам во работи на другари од две братски ком[унистички] Партии. Со други думи, на кусо, јас по много прашанија сум одбегнувал да говорам по конкретни работи, но секога по мак[едонското] прашање сум говорел со сите со кој сум имал работа или не само сега после ослобождението, а и много по отрано от како сум почнал да работам по мак[едонското] прашање со бугар[ските] комунисти – уште од 1922 год. кога по решението на Партијата (това знае лицето Борис Бракалов, чл[ен] на партијата) јас бев оставен на работа за врска меѓу тогашната ВМРО, мак[едонската] емиграција и федеративната организација со СССР за кое од 1922-1924 год. секога во Бугарија сум бил во личен контакт како со некои руски другари кој по това време беа во Бугарија под чужди имиња и сврзани со мене, така и со ЦК на БКП, особено после востанието кога на чело на ЦК остана др. Коста Јанков, а сите други бева во емиграција – во Југославија и СССР.

Това мое желание јасно, открито, да говорам со буг[арските] комунисти, одговорни или не лица, ми се наложувало поради некои нивни грешки може би тактически по разрешението на мак[едонското] прашање и работат меѓу мак[едонската] емиграција во Бугарија и Македонија под бугарска власт Петричко-или како ја велиме Егејска Македонија.

Не е овде местото да кажувам и какви грешки се правили буг[арските] другари по мак[едонското] прашање во далечното и блиско минало, а само си припомнувам некои работи од најпоследно време т.е. после ослобождувањето. Имал сум случаји да прикажувам со некои бугар[ски] комунисти који лично познават, но

никој не ми рече оти они безрезервно се за сегашното разрешение на мак[едонското] прашање. Во разговорите се навоѓаја во една отворена порта, не е доискарувaја и молчаливо сакаја да ми речат оти на мене како непартиец толку може да се каже и јас секога сум се воздржал да покажувам по големо љубопитство. Меѓу другото кажуваја оти они за сега не се така силни во Бугарија, како комунистите силни во Југославија, оти имали други управ. партии без који за се не можат и т.н. Јас и това знаев и секога сум премолчавал нивното смудно, бавно пристапување кон конкретното-правилно разрешение на мак. прашање. Така мина долго време и дојде времето да се собере Славјанскиот конгрес на кој и јас бев делегат. Во Белград јас есапев како мој долг да прикажувам само со тримата делегати комунисти: Тодор Павлов, Вл. Поп Томов и В. Червенков и то само по мак[едонското] прашање т.е. кога и како мислат да се реши и прашањето за Пиринска Македонија. Со Червенков како шеф на делегацијата бидејќи много заузет јас сум малко говорил, а повеќе со Вл. Поп Томов и Т. Павлов како по блиски, по слободни од работа. Со Вл. Поп Томов сме биле другари, чл[енови] во ЦК на ВМРО (Обединена), редактори на в. „Македонско дело" и др. а со Т. Павлов лични пријатели уште од детинство. Од думите на Вл. Поп Томов без да сака конкретно да одговори на некои мои вопроси тој ми рече оти Червенков само може да ти каже зошто тој е по близок со Г. Димитров при това во роднински врски. Поп Томов ми рече оти мак[едонското] прашање од ЦК на БКП е веќе решено, но кога и како ќе стане присаединението ќе видиме по-натаму. До сега ништо не можам да ти кажам. Това прашање ќе се реши после, зошто имаме други прашања да решаваме. Сакаше да рече оти БПК без участие и на други фактори това не ќе може да реши и замолча… Томов ми се исто така оплака оти и против него во Македонија се водила тајна агитација за да го компромитират. Това он знаел, а и неговиот близок човек кој бил во Македонија, Мадолев[55] му кажал и потврдил. Јас като видов оти Поп Томов ништо конкретно не сака да каже му реков е добре, остави това, а зашто не одговорихте на статијата на др. Чершковиќ, а и на сличната статија на Кир[о] Глигоров во в. „Борба", кој много правилно, принципиелно кажаа како може да се постави мак[едонското] прашање како секоје друго прашање (нација). Вие требаше барем принципиелно да се

[55] Се однесува на Георги Мадолев, истакнат македонски револуционер од Пиринска Македонија, член на БКП, борец за остварување на македонските национални права во Бугарија, за што по Резолуцијата на Информбирото во 1948 г. бил отстранет од политички функции.

искажете како партијци и државни руководители. Тој пак замолча. Не може-продолжив јас-да се прашува Видин или Силистра ван Пиринска Македонија треба да се прикључи во Вардарска или не. Това е работа на местното население согласно со принципот за самоопределение на народите. Тој најпосле нерно ми рече, ние като изгубим доверието и подкрепата на бугарскија народ, зашто ни е Македонија!? Ако вие се боите партијата да не изгуби своето влијание во Бугарија или имате партијни интереси, това е друго прашање и вие требаше да одговорите на некој начин. Ако така остане и не [се] разберете со КПЈ како две братски партии ќе се улеснат нашите надворешни и натрешни непријатели, а при това во нас во Македонија од ден на ден това прашање станува актуелно и мнозина се бојат, а има лица кој просто не знајат и со што да говорат и што да прават и како да се држат према народот, кој се уште чека и т.н.

Сето това Поп Томов го мина во молчание… Еден пат на прием во дворецот на др. Маршал Тито во едно место [ги] видов ген[ерал] Кр. Атанасов и ген[ерал] Вукмановиќ-Темпо да говорат по меѓу им. Доближих се и ги прашах што разговарат. Они ми рекоја: разгледуваме ка. Прашање, односно Пиринска Македонија. Уште ли – реков им на смешка и после 1-2 минути се отеглив да продолжат разговорот. После го видов Кр. Атанасов и го прашах: е, как се разбрахте? А тој ми рече оти они (југослав[енските] комунисти т.ј. ЦК на КПЈ) сака да го решава мак[едонското] прашање по чисто дребно буржоаски начин. Ние буг[арските] комунисти така не гледаме и не сакаме да го решаваме на тој начин. Јас останах многу очуден и без да имам кураж да продужам реков му: „На дребно буржоазен или по едро буржоазен начин вие треба поскоро да се искарате и решите. Од вас зависи да[ли] ќе станувамe за смех во очите на туѓинци наши непријатели. Ние непартијци сме ништо, ние молчиме и ќе молчиме сега, а целата одговорност за по натаму пагја на вас и само на вас, буг[арските] комунисти-партијци". По моите разговори со тија лица во Белград се донесло без да знам од кого и до ден денешен – оти ја сум се оплаквал пред ними од други работи и поредки во Македонија и т.н. И ако некој од тија личности рекол нешто што јас не сум рекол, ќе бидам лично задоволен пошто ќе се убедам оти они од лична, може би партијна омраза ми кажуват, ми припишуват думи и мисли кој се нимни, а не моји. Толку по лошо за ним. Во заклучение ќе кажам оти личните омрази, личните интереси овде играјат голема улога, а секакви други обвинениа се од лукаваго… Прах во очите на публиката и пред вонshниот свет.

Јас и да не сум партиец (за кој имам сображенија лични и друштвени) но по мак[едонското] прашање имам претенцијата да давам ум, совети на буг[арските] комунисти, зашто мак[едонското] прашање го знам по добро од секој нај ортодоксален марксист буг[арски] комунист, а они не можат да не се вслужат во това што јас сум кажал и кажувам… И сега во тој важен историски момент кога целото јавно мнение се занимава со односите меѓу ком[унистичките] братски партии, кога се водат полемики во весниците и по радиото, јас не можам да стојам така и сум на расположение за се от што можам да доприносам за побргото разбирателство и за полза на Југославија, а разбира се и на Македонија. Јас макар и оскрбен, даже унижен се имам морални сили да поднесам сичко и се имам уште сили да допринесам за доброто на сите југославски и балкански народи, макар и да сум веќе доста стар, со слаби физички сили, но по дух сум истиот кој сум бил од начелото до сега. Оставам на Вас другари, Вие да прецените сичко и да земете решение како се налага или најмалку Вие поне да бидете осветлени по работи кој Ве интересуват и по који требе да знаете самата истина.

7-VII-1948 год. П. Шатев с.р.

# Досие бр. 1-А-1, 33705, спис бр. 6[56]

## ЗАПИСНИК
## Од саслушањето на Павле Поцев Шатев, работено на 23. VI. 1949 год. во У.Д.Б за Македонија

**Иследник:**

Пошто се установи самоличноста на окривениот, истиот се предупреди да говори истина по предметот на иследувњето, као и да наведе чињенице на које мисли да се повика на својата одбрана.

На општи прашања одговара:

Се викам Павле Поцев Шатев, по занимање правник-публицист, роден 15. VII. 1882 год. во Кратово, по народност македонец, поданик на ФНРЈ, женет за Вера Мрмева, со две деца (Милка 27 год., Нада 21 год.), име на мајка ми Стојанка Николова, од школо имам дипломирано права во Брисел-Белгија, говорам бугарски, турски, француски и руски, од имот имам една куќа во Кратово, живејам во Скопје ул. „41“ бис бр. 34-а. Војска сум служел од 1915-18 год. во бугарска војска. Суден сум за време турско на смрт и после амнестиран 1908 година, затим сум суден 1942 год. и осуден на 15 години присилна работа за антифашистичка дејност.

Гимназија сум учел во Солун и истата ја завршив 1900 год. Од 1899 год. јас бев член на ВМРО и во 1900 год. бев од организацијата пратен во Цариград да учествувам во атентат на Банк Отоман, но пошто бевме откријени, односно под сумња да делувам непријателски ме протераја во родното место Кратово. Во Кратово останав до 1902 год. и истата година избегав во Бугарија, бидејќи организацијата во Цариград беше раскријана. Во Бугарија живејав во Софија и Ќустендил повејќе од една година и зато време помагав припремањето на атентатот во Солун. Во 1903 год. заминах за Солун и учествувах во атентатот, кога бев фатен од турските

[56] Текстот е автентичен како што изјавувал П. Шатев и запишал иследникот, машинопис на кирилица.

власти и после бев осуден со уште тројица на смрт. Од прво стојахме во солунскиот затвор две години, а после бехме испратени во Триполис и Феизан, каде останавме до 1908 год. и бевме амнестsрани и вратени во Солун. След това кон крајот на 1908 год. заминав за Белгија да следвам правни науки. До 1912 год. завршив права, се вратив во Солун каде бев назначен за учитељ во трговска гимназија. Со избијање на балканската војна јас останав во Солун, а во грчко-српско-бугарскиот рат јас бев протеран во Бугарија. Во Бугарија почнав да работам како адвокат до 1915 год. Од 1915 год. бех мобилизиран во XI македонска дивизија и останав во војската до крајот на ратот 1918 год. После ратот се вратив во Софија и пак почнав да работам како адвокат а 1918 год. бех назначен за окружен управител во Крџали и останав како таков година и половина. След това, кога дојдова земеделците на власт[57], мене ме отпуштија. Во 1921 год. дојдов во Софија и легалната организација на ВМРО се беше поделила на две-односно на леви и десни-во однос на решавањето на македонскиот вопрос. Јас се прикључив на левите (федералисти), а приватно таботев како адвокат. Во 1923 год. организацијата се обедини, али само легалните, а нелегалните си останаја непомирени. Во това време није неколку души: јас, Чудомир Кантарџијев (убит), д-р Филип Атанасов (во СССР), Славчо Ковачев (убит), д-р Христо Далкалчев (во Софија), решивме да влезиме во врска со совјетски партијни функционери, који под туѓи имина живеја во Софија и да тражиме од нив помоќ и начин за ослободувањето на Македонија. Тије самите стапија во контакт со нас, бидејќи није бевме функционери на федеративната организација и тије сакаја нас да не ојакнат во однос на десните. Јас во ствари од 1923 год. стапив во врска со Совјетската обавештајна служба. Прво одржавав врски со Николај Николајевич, кој во Софија живејеше под туѓо име и работеше во Црвен крст. Истиот како революционер је дошол со задача во Бугарија да образуват од разни националности одреди који заједно со турската војска да се борат против Грците и ги истерат од Солун. Ова беше од тије причини што Турција беше во пријателски односи со Совјетски Савез и што Ќемал паша беше помаган. Но во врска со задачата на Николај Николајевич, Ќемал паша не се согласил и изјавил дека он од река Марица нема да иде понатака, така да Николајевич несторi понатака ништо за формирање на тије одреди. Но после Николајевич се завзема со обухваќање на појединци на разни национал-

[57] Се мисли на Владата на Бугарскиот земјоделски народен сојуз на чело со претседателот Александар Стамболиски.

револуциони организацији, кој да работат по директиви на Совјетски Сојуз, а пак тије обухватени појединци да си имат свој луѓе. Така бевме обухватени: јас, Чудомир Кантарџијев (убит), Александар Бујнов (убит), Славчо Ковачев (убит), Арсен Јовков (убит), д-р Христо Далкалчев (во Софија). Јас држев врски со Радивој Каранов, Александар Христов сега заболекар во Софија, Григор Костов, адвокат во Софија, д-р Никола Иванов (умрен), Ѓорѓи Занков во Софија и др. Овије сите знајева дека преко мене работат према директивите од Совјетски Совез. Директивите који ги примавме од Николај Николајевич беја да работиме на това да спечалиме луѓе од разни групи и да револуционото движеније да се поврзе со сите национал-револуциони и социјал-револуциони партији, да се изостави терористичка дејност и да се прими масовна револуциона борба. Јас примах од Николајевич, а покасно и од други месечна плата по 3-4.000 лева, а отделно примав пари кога патував некаде.

После ова Николајевич ми даде врска за Беч[58] при Хинков од Совјетската легација и ми рече да тамо ќе биде центарот на нашата работа, бидејќи на нив полесно ќе им биде за работа, пошто тамо си имат консулство. Јас отидов во Беч 1923 год. се поврзав со Хинков и уредив со него да дојде делегација од нашата организација. По ова се вратив, ги зедов Монев и Влахов, ги одведов во Беч и ги поврзав со Хинков. Они отука замина за Москва како представители на ВМРО, а јас се вратив во Софија.

Од како се вратив во Софија Николајевич ме пушти во Бугарија и ме предаде на врска на еден Андрејев.

Во Бугарија останав до септембри 1924 год. до убиството на Тодор Александров, кога почнаја врховистите да вршат атентати над федералисти и јас бех принуден да избегам во Турција нелегално. Во Турција останав близу една година, во Цариград, за које време бев во Цариград и настојавах да добијам пасош за Беч. Тамо, во Цариград, се поврзав со еден од совјетските чиновници во консулството по име Мирни, кој ме помагаше материјално и преко него подржавме коресподенција со Беч. Најпосле добив од Турците емигрантски пасош и од аустриско консулство виза и заминав за Беч.

Во Беч го најдов Андрејев, Димитар Влахов и др. и почнавме да организираме ВМРО обединена. Делегат на бугарската Ком[унистичка] партија беше Владимир Поп Томов, кој стана е секретар на организацијата. Издававме листови „Македонско дело“ и „Балканска федерација“. Како за издавање на весниците,

[58] Се мисли на Виена.

така и за наша издршка, средства ни даваја Совјетите. Тука останавме две години, после које се префрливме во Берлин, бидејќи Аустрија неможеше да не остави повејке затова што балканските правителства стално протестираја против нашата дејност. Од како отидовме во Берлин јас побарав од еден мој стар пријател во Турција, Фуат-беј, бивши официр и велепоседник, да ми даде препорука за турскиот полномоштен министар во Берлин, како би ме тој, во случај на потреба земе во заштита пред германските власти. Таква препорука добив и му се однесов на ополномоќениот министар Ќемаладин Сами-беј паша. Препоруката гласеше да ми се излегује во сусрет при нужда. Јас оваја препорука му ја однесов на Сами паша и тој од тогај ми излегујел во сусрет. Еднаш директорот на полицијата во Берлин, кој имал сведенија дека сум јас комунист, сакаше да ме протерат и кога бех извикан во полицијата ми се потражија документи. Јас тогај му дадов турскиот пасош, на основу које го питале Сами паша за мене и Сами паша се завзема за мене и така ме оставија. При Сами паша сум ишол неколку пати во посета, просто само на разговор и тој мене ме многу уважуваше.

Во 1928 год. еднаш јас отидов во Совјетската легација (во Берлин) и им однесов предлог на буџетот за организацијата и им казав да је невозможно да ни се намалуват буџетот, бидејќи Совјетите сакаја да го намалат. Во легацијата не се задржах много, али пошто ме пратиле, од како излегов, во една кафана ме легитимираја и ме одведоја при полицијата при поддиректорот д-р Вајс. Тој ме пита кај сум бил тој ден. Му реков да сум бил во легацијата со намерение да тражам виза за СССР. Ме пита дали ми дале виза. Му реков да не ми дадоја. Ме прашуваше дали сум бил во Москва. Јас му реков да не сум бил. Пасошот ми го зеде и ми рече да дојдам после една недела да си го земам. Јас после една недела отидов да си го земам пасошот и тогај д-р Вајс ми рече да они установиле да сум јас бил во Москва. Јас откажувах, пошто во Москва бех на туѓо (француско) име и знајев да не може да ми се докаже оти сум бил во Москва и така ми го вратија пасошот.

Во август 1929 год. беше конгрес на организацијата[59], на кој бева изабрани Влахов, поп Томов и Јордан Анастасов (сега работи во инспекцијата на трудот во Софија) и пошто се постави да сите, који несе изабрани (меѓу кој бев и јас) си намерат место и начин за живејне, за да не бидат на терет на организацијата. Јас тогај изјавив да ќе одам за Турција и така сторив. Во Турција пак живејев во

[59] Се мисли на Првата општа редовна конференција на ВМРО (Обединета), одржана во јули 1929 година, во Берлин.

Цариград и неработев ништо, пари ми праќаја од време на време брат ми трговац Иван Шатев (умрен) и таткоји на женами Ристо Мрмев, јужар од Прилеп. Осим това ме помагаја и некој пријатели Турци. Во овој период со Совјетите не одржавах никакви врски. Еднаш добих писмо од Вијена од Андрејев во које ми предлагаше да отидам да живејам во Совјетски Савез и да не идам во Бугарија, бидејќи ќе бидам убијен. Јас не го прихватив овој предлог затова што незнајев добро руски јазик, а роднини и познати ми беја во Бугарија, така да штом се смени Цанковата влада[60] и дојде Мушанов на власт[61], јас си дојдов во Бугарија.

Во Бугарија бев назначен за судски инспектор при Министерството на правосудије и на таја должност останах година и половина и бев отпуштен под мотивација да сум комунистички функционер.

Од тогај не работев ништо, осим што издадов две книги „Македонија под ропство" и „Националните малцинства и самоопределенијето на народите". Осим това работев приватно, пишувах молби и сл.

Периодот од 1931 год. до 1940 год. од мене Совјетите не барава никаква услуга. Со луѓето од Совјетската легација сум се познавал и сум ишол на пријеми кај нив, али ништо друго осим това. Јас при нив тогај одев како општественик. Иначе легацијата се отвори после 1934 год. кога дојде на власт Кимон Георгиев и тогај се успоставија дипломатските отношенија со Совјетскиот Сојуз и Бугарија. Прв амбасадор беше Лаврентијев, а пак со обавештајна работа се занимаваше војниот аташе пуковник Бенедиктов. Уште со неговото доваѓање се запознавме со него на еден пријем и тој ми стави во знање дека му је извесно кој сум. Исто од това време беше како секретар на војниот аташе при амбасадата Савченко со кого од тогај се познаваме. Еднаш, мислам 1938 год. доваѓаше кај мене дома пуковник Бенедиктов на разговор и се интересуваше за положенијето во Бугарија, које јас му изложив.

**Кога пак почна да работиш обавештајно и на кој начин?**

Уште 1939 год. пред да почне ратот во Европа дојдова кај мене дома пуковник Бенедиктов и пуковник Дергачов. Тогај Бенедиктов ми рече дека је он преместен и дека понатака врската ќе ја држам со пуковник Дергачов. Се запознахме и на това остана.

---

[60] П. Шатев се вратил во Бугарија во јуни 1931 година, кога била сменета владата на Андреј Љапчев.

[61] Никола Мушанов бил избран за министер за внатрешни работи и народно здравје, а за претседател на владата на Бугарија дошол Александар Малинов.

Во март 1940 год. дојде кај мене дома секретарот на Дергачов – по име Аврам Савченко и ми рече да имат една радио-станица преко која јас ќе треба да праќам и получавам шифровани телеграм, од и за Москва. Тогај Савченко ми ја даде шифрата и ме упати како да ја користам. Бидејќи шифрата беше комплицирана јас ја учев неколку дена за које време Савченко доваѓаше неколку пати да провераат дали сум је научил. Од како је научив шифрата Савченко ме поврза со еден кој работеше со радио-станица и му беше име Арнаудов. Со него уговоривме да се навоѓаме секој ден и това на различни места. Тој ми предаваше телеграми од Москва. Осим ова никаква друга врска немав со Арнаудов, нити знајев каде се навоѓат радио-станицата, а нити пак тој знајеше шифрата.

Директивата за извештајите ми беше општа, све што ќе разберам да известам, какво је политичко положеније во Бугарија, дали ќе влезе во војна и на чија страна и сл. Осим овије извештаји, јас праќав во Москва извештај за прогноза на времето за авијацијата која авијатичката метереолошка служба во Берлин секој ден го испраќаше до штабот на авијацијата, каде Арнаудов имаше еден свој човек, кој му ги предаваше тије извештаји, а јас ги после шифрирав и до 5 сатот поручек ги примава во Москва. Прашујева какви германски параходи имат во Варна и Бургас, одношеније меѓу Бугарија и Германија, Бугарија и Турција и това за сведенија да јавувам кој се проверени и сигурни. Питава еднаш дали је верно да Химлер се навоѓа во Бугарија. Јас сите тија работи ги дознавах преко блиски и познати во разговори. Јас много работи разбирав од газдата на кафаната „Цар освободител“ Ѓорѓи Петров, кој беше отворен гестаповец и кого русите го стрељава после ослободувањето. Осим това тука идеја разни журналисти и публицисти и разни луѓе блиски на владајуќите кругови и во разговор со нив доста разбирав новости.

**Други задачи ти се поставија ли во 1941 год. пред почнување војната со СССР?**

Во 1941 год. ми донесе Савченко 3.000.000 динари, една радио станица, и 200.000 драхми. За динарите ми рече да треба да ги предадам во Белград и ми даде две врски. Со едната да се најдам на Калемегдан, а со другата на ул. „Топлички венац“ бр. 3 или 5 при некој лекар и со јавка да се сврзам со нив и им ги предадам парите. За радио станицата и 200.000 драхми ми рече да треба да ги предадам до Солун и ги предадам на лице, за које ми каза името, али јас

не го помнам. Значи јас требаше да најдам луѓе кој ќе свршат ова работа како во Белград така и во Солун.

Јас парите и радио станицата ги оставив во мојот јатак Мара Меѓдуречка, која беше жена на еден апотекар Александар Меѓдуречки, кој исто знајеше за овије работи, а осим това јас кај него во апотеката закажувах срешти со моји луѓе. На Мара и дадов и пликот во кој стојева думите за јавка и за Белград и за Солун и нагласив да штом разбере оти нешто се случило со мене, веднага да го уништат пликот.

**Што стори ти со парите
и радио станицата?**

Од како ги примив парите, разбрав преко весници дека банкнотите од бивша Југославија се штемпилувани, удрен им је печат и само такви (штемпелувани) се важеќи. Јас јавив во Москва за това нешто и тије ми одговорија да ги чувам динарите до второ нареждение, а дека они ќе ми пратат 5.000 долара који да ги дадам во Белград на истата јавка. След кратко време Савченко ми донесе 5.000 долара.

После извесно време јас најдов човек кој замина за Белград да успостави врска и после да се врати да ги земи парите и однесе. Тој беше Иван Чолаков од гр. Орахово, кој добро говореше српски. За Солун испратих Страхил Григоров (Манев), македонец сега во Софија, да се поврзи со лицето на које требаше да му ја предадам станицата. Овоа лице во Солун дошло еднаш на врската, но повторно не дошол. После му реков на Митко Зафиров, кој заминуваше за Македонија да се поврзи со Солун да ја дадеме радио станицата, но тој ништо не ми јави од кога отиде во Македонија. На Митко му дадов 4-5 кгр. динамит.

Со лицето које го испратих во Белград нешто стана пошто после 10-20 дена ме ухапсија Бугарите (около 20 октобри 1941 год.).

**Како и каде се сретнуваше со Савченко?**

Со Савченко се сретнував или кај мене дома или на заказано место во некоја улица, а се случувало и јас да сум ишол кај него дома, бидејќи он не живејеше во легацијата. Неговата куќа не се пратеше, барем јас така сметам поне не ми се случило ништо, макар да сум влегувал кај него неколку пати. Он живејеше со женаси и две мали деца.

Со Савченко сум работел од март 1940 год. до октобри 1941 год.

**Како ги прибиравте обавештајните податци?**

Обавештајните податци ги прибирав преко лични врски од моји познати, пошто бев многу известен во Бугарија и во сите средини: комунисти, федералисти, врховисти и др. Од комунистите одржавах веза со: Петар Х. Делев, Ристо Калајџиев[62], Чаракчијев[63], Романов, Вапцаров[64], Исајев, Ал. Междуречки и др. Од федералистите: д-р Филип Атанасов, Јордан Анастасов, Христов. Од врховистите: Ачков[65], Чкатров[66]. Од државниот апарат: Митаков (министер на правосудијето), проф. Арнаудов, Иван Харизанов и др. Сите овија лица знајеха да сум левичарски настројен, да сум се ориенттирал кон Совјетите и др. Полицијата исто така знајеше да сум комунистички расположен, да сум пријател на Совјетски Сојуз и др.

Јас често одех во кафенето „Средец“ каде идеја и полицајиагенти и левичари. Јас бев у друштво со Гончо Белев, Жак Натан, Тодор Павлов, Александар Григоров и др. Ова кафене го викаја „Јакобински клуб“.

**Хапшењето:**

Околу 20. X. 1941 год. полицијата изненада влезе во мојот стан и изврши претрес. Ништо не ми најдоа, пошто шифрата и др. конспиративни материјали ми беја добро скријени (во астал). Од прашањата кој ми ги задаваја во полицијата јас узнах да они немат за мене материјал и да ништо не знајат. За това ја ништо не признах. Саслушаваше ме, покрај другите и Гешев, познатиот шеф на полицијата за гоњене комунисти. После 15 дена интеренираха ме во логор Крсто поле. Таму останах до 22 март 1942 год. После това мене ме вратија од логор во Софија каде почна одново иследење. Полицијата узнала за парите и радио станицата кој ги дадох на чување при Мара Междуречка. Јас признах пред полицијата да ми ги парите и радио станицата даде еден човек од Совјетската легација по име Григоров. Покрај това полицијата ме теретеше да сум финансирал други комунисти кој се имале намереније да рушат

[62] Се однесува на Христо Калајџиев.
[63] Се однесува на Асен Чаракчиев, член на ВМРО (Обединета), на Софискиот судски процес во 1936 г. бил осуден на 12 години затвор.
[64] Се однесува на поетот Никола Вапцаров.
[65] По сè изгледа се однесува на Димитар Ачков.
[66] Се однесува на Јордан Чкатров.

мостове, да убиват и др. во колку Бугарија влезе во војна против СССР. Јас това не го познавах пошто не беше верно. После два месеца (јуни 1942 г.) изведоја ме на суд заједно со „миноподривната организација“ која ја сачинуваја околу 62 лица. Тој процес беше много голем и познат како процес на ЦК на бугарската партија (Процесот трајеше од 15-16 дена).

Пред судот ја говорев да сум Македонец и да се занимавам со македонски работи, да не сум комунист, а за парите признах исто-то. Во овој процес на смрт беја осудени 11 души и това 5 во осуство. Осудени беја: Антон Иванов, член на ЦК, Никола Вапцаров, Петар Богданов, член на ЦК, инженер Минчев, Романов и Панов. Во осуство беја осудени: Цола Драгојчева член на ЦК, Капчев и др. Трајчо Костов го осудиха на вечен затвор пошто не се докажа да је бил член на ЦК. Другите ги осудиха од 20-10 год[ини] затвор.

Мене ме осудиха на 15 години затвор. Мара Междуречка беше ослободена а нејзиниот маж Александар Междуречки, аптекар, го осудија на 15 години затвор.

Преди да излеземе на суд јас го питав Вапцаров како стана ова работа. Тој ми одговори да он кажал за парите и радио станицата и да је он крив за нашето хапшење. После пресудата 1 и пол год[ина] бех во Софија, а после ме испратија во Хасково на работа. Тамо работев една година, до септември 1942 год. Тогај од логорот избе-га една група осуѓеници со Ѓорѓи Чамков и пошто во околијата имаше партизани нас не преместија во затвор во Ќустендил. Во затворот во Ќустендил останах до ослободувањето на Бугарија од совјетските војски.

Додека бех во Хасково, од весниците узнах да је запленета радио станицата преко која испраќах телеграми за Москва. Радио станицата је открилe Германците со засечник. Во врска со това ухапсени беја Иван Арнаудов-телеграфистот, Мире Анастасов и еден техник. Овије тројица ги осудија на смрт, но Мире не го стрелаха а го доведоја во затвор каде бех и јас во Ќустендил.

После мојето хапшење и испраќање во логор во октобри 1941 год. со радио станицата работеја онај техник и Мире Анастасов. Мире знајел да јас работев со радио станицата преди да паднам во затвор, т.ј. да предавах и примах депеши од Москва. Но мене во врска со това уопште полицијата не ме повика во Софија на проце-сот и ако јас стално очекував да ме повикат чим чух да је станицата фатена.

Во затворот во Ќустендил бех со околу 15 души. Имаше 7-8 Грци и неколку млади деца од Дупница и Горна Џумаја.

**Што ви је све познато за**
**Крум Ефремов-Муркин?**

Крум Ефремов-Муркин ми је подалечен роднина и јас сум го оставил тука како мало дете уште во турско. Он живејел долго време во Аустрија, каде се оженил за ќерка на председател на апелационият суд во Вијена. Во Вијена он је следвал права и према неговото кажување го завршил. Од првата жена има син, кој је сега голем и се наоѓат во Аустрија, а женаму је оставил и таја си отишла во Америка, каде се омажила за некој аустријанец, резервни официр. Причината за што се оставили не ми је позната, но знам дека стално се дописиват. Од Аустрија од време на време доваѓа во Кочани. Ми распраавал дека во Вијена има своја куќа. Занимавал се со журналистика и се движел со левичарски елементи во Вијена. Ратот го затекнуват во Вијена и биват ухапсен од Гестапо како левичар. Во затвор се навоѓал неколку месеца, след које бил протеран во бивша Југославија. Останал во Кочани до 1941 год. и после капитулацијата на стара Југославија, вероватно во новембри 1941 год., доваѓа во Софија. Останува во Софија извесно време и после успеват да отиде во Цариград, легално останува тамо околу еден месец и пак се враќат во Софија.

**По каква работа заминал Муркин во Цариград?**

Со обзир да је во това време било тешко да се оди во Турција (тешко је било да се дојди до пасош од Бугарите, а уште потешко да се добије турска виза) неговото заминавање је мистериозно. Мистериозно је и од таја гледна точка што неје имал некаква професија определена за да му се на основу неја даде пасош. Ако ишол како журналист, сигурно не му дозволиле за това што неје бил некој чуден журналист, а нити је работел во некоја голема агенција. Од Мире Анастасов сум разбрал во затворот во Ќустендил дека Крум Ефремов-Муркин је бил човек на Интелиџенс Сервис и много одржувал врска. Јас кога го разбрав ова си заклучив дека Интелиџенс Сервис му је овозможил на Муркин да замини за Турција по некоја нивна работа.

**Од каде знајеше Мире Анастасов**
**да је Муркин човек на Интели-џенс Сервис?**

Кога се Муркин вратил од Цариград му расправил на Мирета што правил во Цариград од које Мире заклучил да Муркин работ-

тел за Интелиџенс Сервис. Не ми је познато да Муркин открито му кажал на Мирета дека работи за И. Сервис или пак Мире од разговорите заклучил. Јас по ова знајев да Муркин је човек на И. Сервис. Исто од кажувањето на Мире разбрав да Муркин бил во врска со И. Сервис уште пред да појде во Цариград.

**Кога прв пат се виде со Муркин?**

Со Муркин јас прв пат се видов после ослободувањето, овде во Скопје. Он тогаш беше некаков фактор во...[67]. Разговорите кој тогај со него сум ги водел биле обично околу познати, роднини и сл. бидејќи сме није самите нешто род.

**Кога со него почна да правиш разговор од обавештајен карактер?**

Кон крајот на мај 1945 год. дојде мајор Савченко тука во Скопје и побара од мене да му најдам две лица од Скопје и Битола, кој ќе му бидат полезни за разузнавање. Јас му реков да тука немам много познати, пошто не сум живејал тука, но дека имам една роднина Муркин, кој је интелигентен, енергичен, кој знаје германски јазик а и самата Германија је познават, така да евентуално може да биде исползуван за тамо. Му реков да имам сведенија оти је Муркин бил на услуга на Интелиџенс Сервис и најдобро ќе можи да одговори на задачите и да за англиски шпиони. Реков му и да поради това што сме роднини јас би можел да му предложам да работи за Совјетите. На основаније на овај разговор Савченко затражи да му го преставам.

Јас му на Муркин објаснив да сум разговарал со совјетски обавештајац, со кого сум имал врска од порано и да сум му го препоручил (Муркина) за разузнавање тука, за која цел му предложив да го запознајам со Савченко. Муркин малко се неќкаше и ми велеше да му се стига од тије работи, али најпосле пристана. Така јас го запознав со Савченко и тије понатака правиле разговор и Муркин пристанал да работи обавештајно. После овој разговор Муркин и Савченко заминале заједно за Куманово, а од там Муркин је отишол за Белград, а Савченко за Софија, каде беше член на Совјетската војна мисија во Бугарија. Од Белград Муркин бил извикан во Софија, каде останал со женаму околу две недели за које време

[67] Испуштено во текстот.

Савченко го распрашувал за биографијата на Мyркин. Ова последње ми го кажа самиот Муркин.

Вториот пат кога доваѓаше Савченко тука во Скопје ми рече да прави проверки по однос на Муркин и да од аустриската партија неје получено добро мненије за него. Оваја провера је направена во однос на това што самиот Муркин се позиваше на Аустрија, каде делувал како левичар. Ова Савченко ми го рече во поверење така да ова работа не му је позната на Муркин.

**За какво лице ви бараја податци Совјетите 1941 год.?**

Во 1941 год. пред октобри примив телеграма од Москва во која ми барава да им посочам некоје лице од војни средини на које ќе можат да се ослонат за конспиративна дејност. Јас на ова му одговорив да можат да се ослонат на Дамјан Велчев за кого им реков да неје комунист, но јединствено лице во које можат да имат доверије.

**Друг пат барава ли од вас сведенија за Дамјан Велчев?**

Година 1945 во м[есец] март ми рече еднаш Савченко во Софија да проверам дали је верно да Дамјан Велчев одржава врска со Драгиша Цветковиќ во Цариград. Јас му се пожалих на Савченко дека не ќе можам да је свршам таја работа, бидејќи немам време, али најзад ипак примив да проверам. Јас прво мислех да влезам во разговор со Крсто Станишев[68], генерал, и Трифун Кунев, директор на Народниот театар који се блиски луѓе на Велчев, али не напраив ништо. Со Савченко не разговарав, а од Кунев неможев да разберам ништо и затова решив да отидам лично при Дамјан Велчев и да го питам. Така и сторив. Отидов во Војното министерство се пријавив и бев примен од Дамјан Велчев, кој тогај беше војни министар. Се ракувавме и јас му реков да пошто времето је напреднало (беше околу 1 или 2 сат на пладне) не сакав да го задржувам и да сум дојден да питам дали је во коресподенција со Цветковиќ во Цариград и дека за това се интересуват руски среди. Дамјан Велчев се сепна (стресна) и ми одговори: „Шатев, верно сум получил едно писмо од Цветковиќ во које ми честитува постот војни министар и се надева оти ќе му бидам во услуга“. После ова јас си отидов. Со овој акт јас сакав да му ставам на знање дека се

[68] Веројатно се однесува на Христо Станишев.

води сметка за него од страна на Совјетите. Ова услуга му је направив како на човек пријател кого го ценам.

След разговорот со Дамјан Велчев јас отидов кај Савченко и му саопштив да од блиски лица до Дамјан Велчев сум разбрал да истиот получил писмо од Цветковиќа од Цариград во које тој му честита положај на министар и се надева оти ќе му биди во услуга.

Дополнувам во врска со мојот последен исказ да кога му саопштив на Савченко за Дамјан Велчев, јас му реков да сум бил лично при Дамјан Велчев и од него сум разбрал да примил писмо од Цветковиќ од Цариград во које тој му честита положајот Министар и се надева оти ќе му биде на услуга. Савченко на ова не ми направи никаква забелешка.

Со ова што му јас кажав на Дамјан Велчев дека се интересират за него Совјетите во ствари јас поголема услуга му направив на Велчев од колку на Совјетите и това го направив свесно.

**Дали Муркин ви је расправал што го распрашувале Совјетите во Софија?**

Муркин ми расправаше да во Софија го распрашувал Савченко за целиот негов живот и това во детали. Муркин му расправал све каде бил, со што се занимавал и ја објаснил неговата работа во Цариград, односно врските со Интелиценс Сервис. После ова Муркин добил инструкции за работа од Савченко, кој му рекол да го известуват за сите работи за кој смета оти се важни и това како од политички така и од економски карактер. Исто му поставија во задаток да си створи круг на сарадници од који ќе добиват податци.

**За време окупација сте биле ли интернирани?**

Бев интерниран кон крајот на 1941 год. м[есец] новембар. Прво бех ухапсен држан во полицијата 15 дена за које време ме саслушаваја, али бидејќи не му беше извесна мојата работа неможеја да раскријат ништо и ме интернираја во Крсто Поле (Еникој) Ксантиско. Во полицијата ме прашуваја дали имам врска со Совјетската легација. Јас им реков да имам, но да је това обикновена работа и да сум јас во легацијата ишол на легални пријеми како што ишли и други луѓе. Иначе пред да ме ухапсат јас бев во Прилеп за да се видам со таткоји на женами и моје је мнение да полицијата ме ухапси под сумња да имам врски во Прилеп и да ја знам за нападот кој во това време извршиле партизаните во Прилеп. За оваја работа во полицијата не ме питаја. Пошто за 15 дена не установија

ништо, како реков ме интернираја. Во интернација, која беше на неодредено време, останав до 22 март 1942 год. кога стражарно ме спроведоа пак во Дирекцијата на полицијата во София.

**Зашто ве спроведоа во Дирекцијата на полицијата?**

Бугарската Ком[унистичка] партија во началото на 1942 год. саздала је една специјална „миноподривна организација“ која имала за цел да саздаде групи кој ќе вршат саботажа во случај да Бугарија влезе во војна против Совјетски Савез. На чело на таја организација, како легално лице бил Никола Вапцаров. Вапцаров организирал овије групи под раководство на ЦК на партијата, преко членот на ЦК Антон Иванов кој бил нелегален. Вапцаров је бил поврзан и со инжињер Минчев, кој бил како техничко лице при ЦК и бил задужен по јавките за целата провинција. Кога полицијата ја раскрила организацијата Минчев во полицијата на саслушања провалил целата работа и ги казал сите врски на сите градови во Бугарија. На основаније на ова провала полицијата почнала со хапшења и преко саслушања над нив го откриват и Антон Иванов, кого полицијата го фаќат. Антон Иванов го кажуват во полицијата и Трајчо Костов кого исто го хапсат.

Пошто на Никола Вапцаров женаму и Мара Междуречка (кај која ми беја парите и радио станицата) бева браточеди, кога јас бев интерниран Мара му рекла на Никола Вапцаров да сум јас кај неја оставил пари а и радио станица на чување и да толку време минава никој не ги барал и не знаје со нив што да праје. Никола Вапцаров дошол до заклјученије да се тије пари и станица на Совјетите и пошто бил на чело на „миноподривната организација“ и рекол на Мара да му ги предаде на него. Мара со това не се согласила без моје знање и ги задржала како парите така и станицата. Во меѓувреме Савченко си ги повлекол и парите и радио станицата, пошто знајеше каде се навоѓат.

Кога је Вапцаров ухапсен, покрај својата работа, кажал во полицијата и това да јас сум оставил при Мара Междуречка пари и еден куфер. На основаније на ова полицијата ја хапси Мара и мажотје Александар (Сашо) кој раскриват дека јас кај нив сум чувал пари и радио станица во куфер, који след мојето интернирање си ги земал некој човек. На основаније на ова јас бев повикан во полицијата.

**Што расправи ти пред полицијата?**

Јас во полицијата, каде уопште не бев тепан, им реков дека на неколку месеци пред да бидам интерниран еден мој познат од

Совјетската легација ми донесе пари и радио станица и ме замолил да ги чувам додека не си ги земе. Пошто јас не му го кажав името на Савченко тије ми покажаја слики на Совјетската легација и јас им го посочив Савченко, дека он ми ги дал парите на чување. Им реков да незнам колку пари је имало, но да знам дека имало драхми, динари и долари. Се интересоваја дали сум јас финансирал организацијата, но јас това одбивах. Им расправих да сум имал врска со легацијата во толку, што сум ишол кај нив на официјални пријеми. Повејке не бев распрашуван. Во полицијата бев до јуни 1942 год. кога бев предаден на суд со околу 60 и неколку души. На овај процес беја осудени 11 души на смрт од кој 5 беја во неизвност. Јас бев осуден на 15 години затвор, а Трајчо Костов на доживотен затвор, макар да полицијата го теретеше да је член на ЦК. Смртните пресуди се исполнија уште истиот ден. Целиот овај процес и иследствијето беше диригowано од Гестапо.

**Беше ли покасно провален**
**да си работел со радио станицата**
**во полза на Совјетите?**

После мојето хапсење со радио станицата продолжил да работи Мире Анастасов. Не ми је познато на кој начин се поврзале Мире и Савченко, само знам да је работено на исти начин како и со мене, со истата радио станица и истиот радист Арнаудов. Во 1943 год. Германците со специјален апарат (засечка) ја откриле радио станицата и го фанале Арнаудов на самиот апарат при работа. Арнаудов го провалил Мирета и овије је раскрија целата работа околу радио станицата. Меѓу останалото сум провален и јас како лице које пред Мирета работело со радио станицата и доставујело извештаи во Москва. Јас тогај се навоѓав на принудна работа во Хасково и кога прочитав који лица са ухапсени очекував секој ден да бидам повикан во полицијата, но до това не дојде. После во затвор во Ќустендил Мире ми је расправал дека и он и Арнаудов кажале во полицијата да јас сум работел со радио станицата пред мојето хапсење и самиот се чудеше зашто јас не бидам извикан.

На процесот со Мире бева осудени на смрт Мире, Арнаудов и инжињер Банев, од кој последните двајца бева егзекутирани, а Мире не, но не ми је познато од кој причини. Неговата смртна пресуда после неколку месеца се одмени во доживотен затвор.

**8. VII. 1949 год.**

## Досие бр. 1-А-1 33705, спис бр. 7[69]

### ПАВЕЛ ШАТЕВ
### [Изјава на Павел Шатев за д-р Филип Атанасов]

Д-р Филип Атанасов го познавам уште од 1916 год. кога беше лекар во I македонски пук (после стана 59 пех. пук) а јас бех тамо војник. След војната тој се демобилизира и продолжи да работи како лекар, но од 1919 год. почна да се занимава со политичка дејност во македонските братства. Како виден деец беше изабран 1919 год. во раководството на Исполнителниот комитет на македонските братства. Во 1921 год. настана разногласије во Исполн[ителниот] комитет и д-р Филип Атанасов застана на гледиште деka треба да се бориме за аутономијата на Македонија и беше во опозиција на сите оније који говореја оти Македонија треба да се приседини кон Бугарија. Истата година се одржа конгрес на братствата на кој доваѓа до формално расцеплениje и се оформи Макед[онска] федеративна организација која си свика свој конгрес на кој јас (Шатев) бев председател. Се избра федеративно руководство на братствата во које влезе и д-р Филип Атанасов. Федералистите за да парират работата на Исполн[ителниот] комитет зад кого беше Тодор Александров, почнаја да создават групи за илегална (и воружена борба) во Македонија услед које почнаја убиства меѓу двете организации. За да не биде убијен д-р Филип Атанасов си замина за Виена. Тамо влегол во врска со Совјетската легација со Хинков и од тогај работеше за Совјетите. Во 1923 год. него и Славе Иванов ги извикале во Москва, каде ги распрашувале за федеративната организација. Во исто време одат во Москва Влахов и Михаил Монев само не се сретнуват, бидејќи Совјетите

[69] Текстот е автентичен како што изјавувал П. Шатев и запишал иследникот, машинопис на кирилица.

оделно собирале сведенија. Филип и Славе од Москва се враќат во Виена и продолжуват работата за организацијата подржавајки врска со Бугарија. Од тогај Филип Атанасов и Влахов саработуваја постојано заједно до 1924 год. кога Влахов губи доверије во Атанасов. Причината за това беше што Атанасов пренесувал неколку пати пари на Совјетите во Албанија и дека злоупотребил голема сума. Изгледа је имало поголема причина од колку парите, само мене не ми је познато. Во главно од тогај Влахов не сакаше да го види Атанасов и Славе Иванов и не ги примаше во својата средина. Од 1924 год. и јас отидов во Виена и се дружев со Атанасов, кој ми се оплакваше дека Влахов не го трпи. Јас го прашујев и совјетскиот представител Черски за Атанасов и тој макар да не ми рече ништо нарочно (за парите рече дека је това ситница) стекнав уверење да је Атанасов изобщто изгубил доверије. Во 1925 год. образуваме ВМРО[70], во која небева Атанасов и Славе Иванов, пошто не бева примени. Пошто Славе Иванов нема школа нито занат живејеше заједно со Филип кој го издржаваше. Така остана положенијето до август 1929 год. кога се одржа конгрес на организацијата во Берлин, каде јас го предложив Филип Атанасов за обичен член. Конгресот го прими това моје предложеније и така Атанасов стана обикновен член. Овака остана до овај конгрес, кога дојде до реорганизација, се избра ново руководно тело и три члена задгранично представителство док останалите требаше да си секој најди каде ке оди и да се стара за средства за живење. Јас тогај заминав за Турција, а Филип Атанасов остана во Виена, исто и Славе остана во Виена. Тије тамо останаја до 1931 год. кога Атанасов се врати во Бугарија, а Славе Иванов отиде во Белград и тамо остана да живеје. За Славе Иванов се говореше да станал српски шпион.

Атанасов почна да живеје во Софија и си гледаше имотите пошто беше много богат. Беше се оженил повторно бидејки првата жена му умре. Еднаш два пати је доваѓал после во Совјетската легација на пријем, а сметам да неје имал врска со Совјетите затова што јас това ќе го знајев од Бенедиктов.

На година и половина пред да се почни војната кафенето и слаткарницата „Цар освободител“ је купи Георги Петров, Гестаповец. Со него Атанасов беше во много блиски одношенија, које продолжило и за време на окупацијата. Јас исто сум ишол во това кафане кај Петров и много работи сум разбрал тамо од који сум известувал во Москва.

[70] Се мисли на ВМРО (Обединета).

После ослободувањето Петров беше ликвидиран од Совјетите, а Атанасов је одведен во Совјетскиот Сојуз. Разбрав подоцна да се јавил и дека бил во Павловата крепост во Ленинград и работел како лекар. Некој пренесоја глас да је утепан.

Од Никола Петков (кога беше министар) разбрав да војното разузнавање имало сведенија дека д-р Филип Атанасов за време војната работел за Германците. Јас после ова му го реков на Филип истото това што ми го рече Петков и од кого сум разбрал. Филип се бранеше дека неје това верно.

Славе Иванов, родом од Штип, работел кондураџија, сиромашен, стар 50 години. Уште млад привлечен во организацијата ВМРО. 1908 год. беше Тодор Александров член нелегален на окружниот скопски комитет. Во това време он без решење на ЦК он почна борба во округот и покуша атентат на Сандански али неуспел и атентаторите преко скопскиот округ успеале да избегат. Собра чета и отпочна борба во штипско и кочанско. Од тогај Славе Иванов стана четник. Ова беше све по директивите на бугарската држава и овије акцији во ствари доведоја до Балканскиот рат. След оваја војна Тодор Александров стана извесна личност и беше избил маса своји противници. Во това време со Александров бева Славе Иванов, Глигор Циклев, Стојан Мишев и др. После ратот они се прибраја во Ќустендил и беја господари на положенијето, ликвидирајки секого кој им пречеше или за кој мислеја оти ке им пречи.

Во сите овије работи Славе Иванов му је фанатично верен на Тодор Александров. После ова дојде до светскиот рат во кој Александров стана уште по утицајна личност. Во сите места во кој се простираше бугарската власт, во ствари Тодор Александров поставуеше окружни управители т.е. он ги поставуеше, а министар председателот дедо Радославов[71] ги презначуваше. Во това време Тодор Александров образува и еден самозван ЦК (без конгрес) со Христо Матов (идеолог на ВМРО), Христо Татарчев[72]. Пред крај на војната го привлекова и Протогеров, кој до тогај беше врховист, док овије со Тодор Александров беја централисти. Тогај Александров, кој до голема степен го оневозможујеше левичарското движеније, почна да се мешат во животот на пол[итичките] партији на Бугарија (ова је пред да влезе Бугарија во рат) со цел да Бугари-

---

[71] Се однесува на претседателот на бугарската влада, д-р Васил Радославов (1913-1918)

[72] Во 1911 година Тодор Александров бил избран за член на Централниот комитет на ВМОРО заедно со Петар Чаулев и Христо Чернопеев, а Александар Протогеров како резервен член.

ја влезе во војна на страната на Германија. Во това време Александров и Протогеров добија од Германија 30 милиона марки за формирање на македонска дивизија. Славе Иванов за време на војната беше со Тодор Александров како еден од блиски негови луѓе.

След ратот дојде на власт Стамболиски, кој почна да ги гони тије који доведоја до положеније на војна. Така го хапсат и Тодор Александров. Во еден случај кога Александров го спроведувале од затвор до иследникот (во судот) Славе Иванов, Стојан Мишев и др[уги] нападнуват на стражата и го ослободуват Александров. После ова Тодор Александров се префрли во Кочанско, каде имаше најповеке врски и почнува да организира ВМРО. Имаше влијание само Кочанско и Царевоселска околија. Бидејки тогај станаја недоразуменија меѓу Тодор Александров и неговите блиски луѓе меѓу који и Славе Иванов (од који некој Александров ги уби). Поради ова Славе во 1921 год. избегува во Виена[73], каде напиша една брошура против Тодор Александров[74], но бидејќи не знаеја да пишуват, му је составиле д-р Филип Атанасов и Димитар Влахов. Славе Иванов почна да живеје заједно со д-р Филип Атанасов и во прво време работел за Совјетите. Бил је заједно со д-р Филип и во Москва како представител на федералисти. Во 1925 год. и Славе Иванов и д-р Филип Атанасов изгубија довериje кај Совјетите и останаја да живејат во Виена без врска. Они така останај во Виена до јули 1931 год. кога во Бугарија дојде на власт Мушанов и тогај д-р Филип си замина за Бугарија, а Славе Иванов отиде во Југославија. Тука се оженил за некоја српкиња и имале дете. Збореше се за него да станал шпион на Србите. Ова сметам да го направил од причина што неје имал каде да оди и за да живеје, това му је бил единствениот пат. Во Југославија остана до ратот и је живејел во Белград. След погромот на Југославија тој дојде во Софија и тамо остана да живеје. Од време на време је ишол во Штип при братму Добри Иванов-сега работи во изложбениот магацин. После 9 септембри 1944 год. со бригадата „Гоце Делчев“ како војник доваѓа во Македонија. След ослободувањето на Скопје је бил тука и је ухапсен од Совјетите, који во затвор во Белград го држале неколку месеци и го ослободиле. Од тогај пак живејал во Белград и работел во некаква рударска задруга.

Во 1920 год. јас бех окружен управител во Крџали, пошто тогај Турците водеја борба против Грција, да можат да је задржат Траки-

---

[73] Славе Иванов избегал во Виена во почетокот на 1923 г.

[74] Се мисли на брошурата: „Тодор Александров и македонското ослободително движење“, Виена, 1924.

ја и во това беја помагани од Бугарите. Јас како окружни управител им излегуех во сусрет на Турците и им овозможуех да префрлат преко граница луѓутство и оружје, со гаранција дека тије нема да направат никаков компромитујуќи акт на граница. Во оваја работа во најтесна врска бев со Фуат беј (по касно тој се презиваше Балкан) со кого од тогај станавме пријатели. Од како се сврши оваја акција и Грците ја завзедоја Тракија, Фуат беј си отиде во Турција.

Во 1924 год. после убиството на Тодор Александров јас избегав во Турција заедно со Антон Неделков партиец (тогај не префрли партијата во Турција). Во Турција гарантираше за мене Фуат беј, кој беше влијателен човек во Турција. Он чак ми рече да Турците преко свој посланик во Софија добиле сведенија за мене оти не сум комунист, али да имам врска со комунистите. За Неделков кој во турската полиција се кажа под име на Бојаџијев правеле проверка и мислиле да је некој агент бугарски, пошто името се поклапало, али после установиле да неје така. Иначе дури није чекавме во Одрин во полицијата за тије приговорки, доваѓаше кај нас Фуат беј и тој ми ги кажа тије работи. Од како се ослободивме живејевме заједно со Неделков во една квартира во Цариград, а кога дојде женаму се одвојивме.

Уште пред да стигнеме во Турција, секретарот на турското консулство, Миркин, кој се занимаваше со партијна работа и од него сме получавале средства за издржавање за цело време дури бевме во Турција.

Јас тогај бев намислил да во Цариград оснујам македонски клуб во кој да се собират сите Македонци во Цариград без обзир на вера, за да преко него утичам за издигање на македонското сознание. Но за да дојде до опснивање требаше да имат дозвола од власта, поради које јас исползуев една моја посета при Исмет Инени, председател на владата. До ова посета дојде на следниот начин.

Во това време (1924 год.) Исмет Инени, макар да беше министар-председател, беше во политичка криза поради това што еден Фети беј беше образувал народна либерална партија, која имаше прилично присталици. Јас тогај му саветујев на мојот пријател Фуат беј Балкан да му помагат на Исмет Инени во тије времина и да него остават така, пошто добри пријатели се познават во тешки времина. Фуат беј вистина се ангажира на страната на Исмет. Еднаш кога Фуат отиде да го посети Исмет Инени дома во Искадир (кварт на Цариград) ме поведе и мене и ме престави како македонски дејател, кој према Бугарија како држава нема привиненије и како свој пријател. После обични разговори јас го запрашав Исмет Инени дали би можел да оснујем еден македонски

клуб во Цариград, кој да биди легален и каде да се собират сите Македонци без обзир на вера и националност. Тој ми рече да може да образуваме таков клуб, но да званично неможе да ми разреши од причини што принципите на внатрешната политика им се такви, а имено да не се одвлечује вниманието на турските поданици ван од пределите на Турција. Ми рече да Турција порано претствљавала конгломерат од повејке нации во које Турците имале господствено положеније и да нивната цел сега је да консолидират својата турска нација, а Турците кој живејат ван од пределите на Турција да бидат тамо лојални граѓани, да живејат мирно. Рече да он нема никаква аспирација на запад од Марица. Во оквир на горното се водева разговорите и се разделивме.

Пошто едно време турските власти посумњава во мене и Неделков да спроведуваме комунистичка пропаганда, сакаја да не протерат во Совјетски Сојуз. Оваја работа је станала по доклад на некој кој вероватно чул некоји разговори по кафани но кога дојде да го праша Фуат бега тој пак се завзеде за нас. Но пред да разбере Фуат беј, власта турска не задржа и не одведе во совјетското консулство за да го праша дали ќе ни даде пасош за Совјетски Савез. Со нас случајно го одведоја и еден работник. Во консулството не дочека Миркин, кој се правеше да не не познават и след како полицијскиот комесар (турски) му изложи да сме није од Бугарија и да не сакаме тамо да се вратиме, а во Турција није не сакаме да бидеме, па дали ќе не прими Совјетскиот Савез, бидејќи сме осумничени како комунисти. Миркин нас званично не запраша који сме, што сме по професија и какво политичко убеѓење имаме. Јас му договорив да сум либерал, Неделков демократ, а работникот рече да је комунист. Тогај Мирки му рече на комесарот дека само работник можи да го прими во Совјетски Савез, а да за нас двајца може само да не земе под пратење додека не си ги уредиме нашите работи. Така и стана работата, а подоцна со завземање на Фуат беј, не останавме на мир.

**Работено во УДБ за Македонија**
**9. XI. 1949 год.**
**Скопје**

**З А П И С Н И К**[75]
**за сослушувањето на П. ШАТЕВ**

**Иследник: Капетан Дим. Колимишевски**
**Записничар: М. Божиновска**

**Кажете ни што ви е познато во врска со провалата, што настанала во бугарскиот ЦК за време на окупацијата во 1942 год.?**

За време на 1942 год. јас се наоѓав интерниран во логорот „Крсто Поле – Еникој“ близу до градот Ксанти каде бев испратен во ноември 1941 година. На 18 март 1942 год. бугарската полиција ме одведе од логорот во Софија каде бев затворен во Дирекцијата на полицијата и бев сместен сам во една ќелија. На 23 март бев првпат повикан на сослушување од директорот на полицијата, на чие име не се сеќавам, и од познатиот полицаец по комунистичка линија Гешев и Праматаров. Бев ставен под истрага поради провалата што ја направи Никола Вапцаров. Имено, јас бев оставил една радиостаница, 5.000 долари, 3.000.000 динари и 250.000 драхми кај Мара Меѓдуречка. Тие работи ги добив од мојата врска, мајорот во советската амбасада Савченко. Овие работи, откако претходно ќе најдам луѓе, со одредени јавки требаше да ги предадам во Белград: 3.000.000 динари и 5.000 долари, а радиостаницата да ја испратам во Солун. Во Белград требаше да се предадат со одредена јавка (што беше напишана на едно парче хартија затворено во еден плик, а што исто така се наоѓаше кај Мара Меѓдуречка) на некој лекар, кој живееше на ул. „Топлички венец“ бр. 3 или 5. Оваа улица се наоѓа во близина на „Кнез Михајлова“, па кога се оди кон

[75] Текстот е преведен од српски јазик, машинопис на латиница.

Калемегдан доаѓа од лева страна. Ако не се успееше со оваа јавка, имаше уште една, т.е. некој човек од Белград требаше на непарните датуми во месецот да чека кај споменикот на Калемегдан и во едната рака под пазувата да држи книга, а во левата рака весник. На тој човек требаше да му пријде човек што јас ќе го испратев и требаше да му каже нешто на што јас не се сеќавам. Таквиот човек го најдов во лицето Иван Чолаков од градот Орахово – Северна Бугарија, земјоделец според политичката припадност. Тој беше долги години емигрант во Југославија и добро го владееше српскиот јазик. Нему му објаснив каде треба да оди на јавката во Белград и тој со редовни документи на бугарските власти, што самиот ги извади, тргна за Белград. Парите не му ги дадов, туку го испратив само колку да се воспостави врската и подоцна, по наредба од Москва, ќе ги испратев и парите. За резултатите од неговото патување во Белград не разбрав, зашто наскоро по неговото заминување бев уапсен. Овој Иван Чолаков по ослободувањето беше како раководител на детскиот хор „Славејче", дојде со хорот во Југославија и беше примен кај Маршалот Тито.

Во меѓувреме, додека Чолаков се наоѓаше во Белград, јас бев затворен и интерниран и парите и радиостаницата останаа кај Мара Междуречка, а пликот го имав порано земено. Мара Междуречка беше во роднински односи со Никола Вапцаров и обајцата се познаваа како комунисти. Во разговор таа му кажала на Вапцаров дека има веќе повеќе од пет месеци откако јас (Павел Шатев) сум ги оставил кај неа споменатите работи и оти досега никој не дошол да ги земе. Вапцаров, како што подоцна во затвор дознав од него, ѝ рекол: „Павле е наш човек и тие пари со радиостаницата се сигурно добиени од Русите", па ја замолил да му ги предаде нему (на Вапцаров) за да ги искористи за цели на Бугарската КП.

Вапцаров тогаш ѝ припаѓаше на „Миноподривната организација", што беше раководена од Партијата. На чело на организацијата беше Вапцаров, а инструкциите за работа ги добиваше од некој советски полковник, Бугарин по потекло, кој во Бугарија бил префрлен со падобран со помош на илегалниот член на ЦК на БРП(к), Антон Иванов. Организацијата имаше задача, ако Бугарија влезе во војна против СССР да започне со диверзантски акции и со саботажи. Провалата се случила така што бугарската полиција се посомневала во Вапцаров и го уапсила. Тој во полицијата го провалил инженерот Минчев, кој бил доверливо лице на ЦК БРП(к) и во оваа организација бил одговорен за јавките на територијата на цела Бугарија. Врз основа на тоа Минчев бил уапсен по што провалил сè што му било познато, така што биле извршени

апсења во Софија, Варна, Пловдив, Сливен и Јамбол. Во Софија беа уапсени Никола „Комарот“ и неговата сопруга, сега е во Бугарија, Иван Масларов, одговорен за младината во ЦК БРП(к), некој работник Романов, Петар Богданов, близок човек на ЦК БРП(к), Трајчо Костов, поетот Исаев, Антон Иванов, некој си Попов и уште некои второстепени лица за кои не се сеќавам. На сослушувањето Вапцаров, покрај другото, кажал и за мојот случај со Мара Меѓуречка, па врз основа на тоа од логорот бев спроведен во Дирекцијата на полицијата и ставен под истрага. Парите и радиостаницата полицијата не ги нашла кај Меѓуречка (а таа не му ги дала на Вапцаров), зашто во меѓувреме кај неа дошол Савченко и ги зел тие работи. Тој знаел дека тие работи се наоѓаат таму, зашто јас при преземањето од него го информирав каде ќе ги скријам.

Во полицијата за овие работи јас не ја кажав вистината, туку реков дека аташето на советската амбасада Григориев ми дал извесна сума пари и еден куфер на чување. Тогаш директорот на полицијата ми постави прашање зошто Григориев сето тоа не го чувал во амбасадата, на што му одговорив дека и јас истото го прашав, но дека тој ми рекол оти ако можело тоа, тогаш не би барал од мене да ги чувам. Полицијата ме обвинуваше дека со тие пари требало да се финансира бугарската партија и таканаречената „Миноподривна организација“, но јас останав на мојот гореневеден исказ. Со оглед дека на полицијата не можев да ѝ го кажам точното име на лицето, кое ми ги остави парите и радиостаницата (а јас тоа намерно го правев) донесоа фотографии од целиот персонал на советската амбасада за да покажам кој е тој човек. Кога ја видов фотографијата на Савченко им реков дека тоа е тој човек, кого јас го познавам како Григориев. Тие ми рекоа дека тоа е мајорот Савченко. Јас, пак, им реков дека отсекогаш сум го знаел како Григориев, аташе за печат. Освен тоа, Гешев ми постави уште едно прашање – зошто македонската партиска организација е повторно вратена во рамките на КПЈ? Му одговорив дека нему му е добро познато оти јас не сум член на партијата и дека тоа не ми е познато, но оти претпоставувам дека тоа е направено држејќи се до Лениновиот лозунг за националното прашање. „Пливајте низ струјата“ – т.е. дека веројатно отпорот против Германците и Бугарите во Југославија ќе биде поголем, односно во Македонија, па поради тоа таа работа е така поставена од Коминтерната. Истрагата траеше два-три дена и потоа воопшто не бев сослушуван.

Десет-дванаесет дена пред судењето бев преместен во една соба каде бевме заедно: јас, Никола „Комарот“, Иван Масларов, Александар Меѓуречки и уште еден на кого не се сеќавам. Исто

така, и останатите беа заедно во друга соба. За тоа време имавме можност за време на шетањето во затворот да разговараме меѓусебно со сите затвореници. Тогаш Вапцаров ми рече дека тој е виновен за моето апсење и за апсењето на Мара и Александар Междуречки, зашто тој нѐ провалил. Разговарав и со членот на ЦК БРП(к), Антон Иванов. Тој беше многу депримиран и ми раскажуваше дека пред полицијата признал сѐ и оти го провалил Трајчо Костов дека бил член на ЦК БРПК(к). Со оглед дека полицијата не знаела каде се наоѓа Трајчо Костов, Антон Иванов со еден пајтон заедно со полицијата тргнал да ѝ покаже каде се наоѓа станот на Трајчо Костов. Антон Иванов го товарел Трајчо Костов дека е член на ЦК БРП(к), не само пред полицијата, туку и на судењето.

Во затворот не се забележуваше дека Трајчо Костов му е лут на Антон Иванов, па дури со него и разговараше. Во разговор со Петре Богданов ми раскажуваше, бидејќи го прашав што станува со партиската организација во Македонија, дека бил неколку дена во Скопје за да уреди по налог на ЦК БРП(к) партиската организација во Македонија повторно да се врати во рамките на КПЈ и оти тоа прашање веќе е решено, а бугарскиот ЦК со писмо се извини пред ЦК КПЈ. Освен тоа, тој во разговорот ми рече дека „нашиот процес добил друг правец само поради Трајчо Костов". Тој со тоа сакаше да каже дека Трајчо Костов на сослушувањето пред полицијата изнел такви работи од кои Богданов не бил задоволен. Јас по тоа прашање не го распрашував, зашто сметав дека немам право на тоа, бидејќи сум непартиец. Петар Богданов пред полицијата и судот ги изнел следните признанија: дека бил во Скопје по налог на ЦК БРП(к) за да уреди партиската организација во Македонија повторно да се врати во рамки на КПЈ, дека е член на БРП(к), но оти не е член на ЦК. Колку што јас се сеќавам, некои други работи не признал. Полицијата и судиите, како и јавниот обвинител, особено биле лути на него, зашто тој бил човекот кој го уредил прашањето да се врати партиската организација на Македонија во составот на КПЈ и сметам дека и поради тоа е осуден и на смрт. Трајчо Костов беше товарен од Антон Иванов, член на ЦК БРП(к), кој и на суд и пред полицијата признал сѐ што правел, дека Трајчо Костов е член на ЦК БРП(к). Трајчо Костов пред судот го негираше тоа тврдење на Иванов, изјавувајќи дека бил член на партијата додека таа била легална, а подоцна не бил нејзин член, дека потоа се занимавал со журналистика и соработувал со списанието „Le Europe nouvelle", што излегувало во Унгарија на француски или во некоја друга земја. Неколку примероци од тоа списание изнесе пред судот како доказ. Освен тоа, тој пред судот

рече дека е сиромашен човек, дека заради кратковидоста дури не може да работи за да си заработи за леб, и оти е само максимално демократичен човек. Пред судот го распрашуваа 10-15 минути и за време на целиот распит јавниот обвинител не му постави ниту едно прашање, ниту пак се издра на него како што има обичај со останатите обвинети. Трајчо Костов рече дека е виновен само толку што не бил пријавен во пријавницата.

Пропуштив да кажам дека и оној полковникот падобранец беше исто така уапсен и оти провали сè пред полицијата, но тој беше суден пред нас со една група падобранци.

На нашето судење беше група од околу 65 луѓе од кои 6-7 беа ослободени, а останатите осудени: Антон Иванов на смрт, инж. Минчев на смрт, Никола Вапцаров на смрт, работникот Романов, кој ништо не призна ни пред полицијата ни пред судот на смрт, Антон Попов на смрт и Петар Богданов на смрт. Во ист ден сите беа егзекутирани. Во отсуство на смрт беа осудени: Цола Драгојчева, Капчев и др. На доживотна робија беше осуден Трајчо Костов и Иван Масларов, а јас, „Комарот“, Междуречки и др. по 15 години робија.

Прочитано и одобрено:

| | |
|---|---|
| Иследник-капетан: | Обвинет: |
| (Дим. Колимишевски) | (Павел П. Шатев) |

Записничар:
(Мира Божиновска)

Куцано во 4 примероци

**Досие, бр. 46**

**<u>З А П И С Н И К</u>**
**од саслушањето на ШАТЕВ ПАВЕЛ, работен на 2.II.1950 год. во УДБ-е за Македонија – Скопје.**

**Иследник: М. Јосифовски**
**Записничар: М. Стојменовски.**

После установувањето на самоличноста на окривениот, истиот се предупреди да е говори вистината на иследувањето, како и да наведе чињеници на кој мисли да се повика во своја одбрана.

На општи прашања одговара:

Се викам Павел Поцев Шатев, по занимање правник публиццист, роден на 15.VII.1882 год. во Кратово, по народност Македонец, поданик на ФНРЈ, женет за Вера Мрмева, татко на две деца /Милка 27, Нада 21 година/, име на мајками е Стојанка Николова, од школо имам дипломирано право во Брисел – Белгија, говорам бугарски, турски, француски и руски, живејам во Скопје, ул. 41 бис бр. 34а, Суден сум во турско време на смрт и после амнестиран 1908 год., после сум суден 1942 год. и осуден на 15 години присилна работа за антифашистичка дејност.

**Што работевте после Првата световна војна?**

После Првата световна војна 1920 год. бех окружен началник во Крџали, во времето на Стамболиски. На истата работа бех една и пол година – до 1921 год. Тогај не бех земеделец, т.е. не припаѓах ни на една партија. Таму ме пратиа затоа што бех известен и познат кај Турците, а тој крај је населен со Турци. Тогај Бугарија беше окупирана, па да не би дошло до некој инциденти на границата бех назначен таму, а Тракија беше окупирана од Грците. Од мене се бараше да подигнам престижот на бугарската власт во тој

крај. Второ, додека трае востанието во Тракија да не стане инцидент на границата.

После това 1921 год. се настаних во Софија, каде работех приватно како адвокат. Така беше до средината на 1922 год., кога стана конгресот на федеративната легална организација. На конгресот бех изабран за претседател на конгресот. Тогај се расчу мојето име. Во тоа време се доближиа кај мене тројца Руси: Борис Николајевиќ, Александар и Борис Шпаг. Шпаг после се викаше Андреев. Тие тогај работеа во Бугарија под форма на белогвардејци и работеа во Црвен крст. Тие имаа врска со бугарската комунистичка партија со Борис Бракалов. Овие миси беа офицери од Г.П.У. испратени за оваа работа во Бугарија. Овие барале да се поврзат со федералната организација, те Бракалов ме посочил мене и така тие со мене се поврзаа во втората половина /јуни/ 1922 год., кога дојдоа дома кај мене. Они предложиа да Советскиот Сојуз настојава да сите Македонци заеднички дејствуват во борбата, а до колку има некој продажници да се бориме против нив. За сето това Советскиот Сојуз ќе финансира. Јас им реков првен да се советувам со другарите и тие со това се сложиа. За овоа јас ги обавестих Кантарџиев Чудомир, санданист и Д-р Никола Иванов, федералист, кој се сложиа со горниот предлог. След 5-6 дена после това се сретнахме во мојата квартира: јас /Шатев/, Д-р Иванов, Чудомир и Русите Борис Николајевиќ и Александар, кога прêтходно ги обавестих јас преки Борис Шпаг со кого ја одржавах везата.

На срештата ние им изложихме како е ситуацијата со македонското движение и да постоји расцеп, да се употребува терор, атентати и сл. Тие ни рекоа да и кај нив имало племиња кој биле во завада па ги они помириле, та това може да се среди. Тие предлагаа да се тргне по правилен пат во борбата со нивна помоќ. Да би се запознале тие со положението, ние претходно изработихме писмено изложение и на срештата им го дадохме да го испратат и во СССК. Ние се сложихме да соработуваме со нив, но без да се дават пари, оти това може да донесе и штета. Тогај решивме да тие преко Илија Кушев се поврзат со ВМРО – со Тодор Александров. Ние веќе бехме порано формирале федеративната организација и со мене се поврзаа Русите како претседател на конгресот. Јас во раководното тело на федеративната организација нарочно не влегоф, бидејќи требаше да одржавам врска со Русите. Поврзувањето со Русите стана не по иницијатива на организацијата, ами на настојувањето од Русите, т.е. тие сами дојдоа при мене.

Русите се поврзаа со Илија Кушев и му предложиа да обавести Т. Александров за нивното желание да се поврзат со него, та да

Александров одговори да ли сака таква врска со нив. Кушев го обавестил Александров по горното, но овој не дал одговор. Во това меѓувреме Кушев отиде во Велес со четата и тамо го убиа Србите, така се залегна сврзувањето на Русите со Т. Александров. Кушев беше еден од видните членови на академическото студентско дружество „Вардар". Това дружество беше проформа легално а дефакто беше маска на ВМРО /како филијала на ВМРО/.

След убиството на Кушев јас предложих на Русите, т.е. на Борис Шпаг /Андреев/, со кого одржавах врска, јас да идам при Т. Александров и се разбериме лично по прашањето за сврзување со Русите инпомоќта од нив. Шпаг-Андреев се сложи. Со Шпаг се спретнувахме по паркчиња или во мојата канцеларија, која ја имах како камуфлажа. Се сретнувахме секретно и тој идеше без да го некој забележи, во това беше опитен.

Еден ден писах писмо на Михаил Монев во Горна Џумаја оти сакам да се сретнам по многу важна работа со Т. Александров, но това да биде строго секретно. После моето писмо дојде Михаил Монев во Софија и разговарахме по вопросот, кога му нагласих да това има да го знае он, јас и Александров и никој друг. Така после тој разговор Михаил си замина и после ми јави со писмо да се сложил Александров за срештата. Замихан за Горна Џумаја, а на гарата во Дупница ме дочека Михаил Монев и заедно од тука отидохме во Џумаја. Отидохме заедно оти можеа да ме убијат во Горна Џумаја привржениците на Александров. Кога отидох во Г. Џумаја отседнах како гостин при Монев. Тој тогај беше проформа чиновник во општината, а во сашност беше „пунктов началник" за Г. Џумаја. Кога утрето излегох со Монев да прошетам ме сретна Чкатров Јордан и ми рече со иронија дојдоха во афтономијата, значи ги напуштих федератистите. Одговорих му да јас сум таков, одам и при федератистите и при афтономијата. Чкатров иначе живееше во Софија само беше тогај тамо отишол, сигурно за инструкции од кога стигнах таму на другата вечер дојде Т. Александров, тој беше тогај во некоје блиско суседно село. Александров мене ме прие и не се плашех да ме убие затоа што имах од порано подлога, а това што во Кратово од каде е и тој заедно сме учеле[76]. Брат ми беше тамо порано ракаоводител на ВМРО во тој крај, а Александров беше член, покасно кога тој беше во Ќустендил лично мене ми помогна да го пренесам динамитот за гемициите. Заради тоа јас со него можех афторитетно да зборувам.

---

[76] Т. Александров бил роден во Ново Село, Штипско, а во Кратово во 1901 година бил учител, кога и П. Шатев во истата година бил учител во својот роден град.

На срештата со Т. Александров јас му реков да Русите сакат да помогнат и со пари и со оружје на македонското движение и тој требе по секоја цена да се сврзе со нив. Му реков да Русите сите революционерни двишенија-напредни ги помагат. Ние веќе така не може да се бориме со терор и со пари од глобување на населението и да тој врви по чор сокак. Нужни се нови форми на борба. Му реков да конкретно како ќе биде това незнам, тоа знаат само во Москва и да требе да определи тој свој делегати кој ќе идат во Москва. Тогај тој се сложи да испрати делегати во Русија и ми кажа да такво нешто му је рекол и Кушев, но тој тогај не му дал никаков определен одговор. Така разбрах да Кушев го е обавестил Александрова по горното. После разговорот кој беше кај Ѓурѓевден 1923 год. се вратих во Софија и го известих Шпаг, а тој нагоре – во Виена со кого беше сврзан. Така останахме да чекаме да Александров определи делегати.

Ние чекахме да Александров определи делегати до после 9-јунскиот преврат во Бугарија истата година /1923/ кога Стамболиски го смениа, тј. дојде Цанков на власт. Со идењето на Цанков Александров доби поголема слобода и тој тогај веќе можеше да определи делегати. За делегати беа определени Димитар Влахов и Михаил Монев. Монев дојде во Софија и ми кажа да се определени делегатите и определи денот за тргање, од тогај после 10-12 дена требаше да се тргне. Така после това јас по своје желаие отидох во Варна и се сретхан со Дим. Влахов. Отидох во Варна по претекс на младешки конгрес кој тогај тамо се одржаваше. Кога отидох при Влахов, кој тогај тамо беше секретар на трговската комора, иначе приврженик на ВМРО на Т. Александров, му објасних целата работа. Тој се сложи да отиде во Русија кога рече, оти има сега вазможност да стане и поголем чиновник но од се това се откажува и оди во Русија за едно така големо дело за Македонија. Влахов тогај ми кажа дека е добил писмо по таја работа од Александров, но саглам не можел да разбере од писмото во што је целата работа. Александров беше му писал едно писмо на Влахов преко задграничното претставителство на ВМРО во Софија Ѓорѓи Баждарев[77], но това писмо Влахов не го добил. Второ писмо Александров пратил преко својата сестра Коца и това писмо го добил Влахов. Така после нашиот разговор јас се вратих во Софија. И така една ден Монев дојде во Софија при мене, кога предходно Влахов и тој си зеле инструкцији и полномоштва од ЦК на ВМРО. Ние тогај со Монев двајцата тргнахме за Русе, каде Влахов дојде директно од

[77] Се оденсува на Георги Баждаров.

Варна и тамо се сретнахме. Во Русе кога бехме на пристаништето на Дунав јас побарах нешто за јадење или за пијење. Со нив беше едо младо момче и това отрча да донесе оова што побарав. Го прашав Монев које е това момче. Тој ми рече да е Иван Михајлов. Тогај јас за прв пат го видов Михајлов. Го прашав Монев да ли тој знае за ова работа и јас сакам да знам кој је се запознат со овоа, иначе јас не одам никаде. Јас им бех врската – водачот со руският центар во Виена, од каде требаше тие да заминат за Русија. Монев ми каза да Михајлов знае да одат за ревизија на центрите а ВМРО во Европа, каде такви имаше скоро секаде. Така наставихме ние патот преко Букурешт, Будапешта за Виена со воз, а Иван Михајлов си остана во Бугарија. Кога стигнахме во Виена јас ги пратих их во еден хотел да отседнат, а јас отидох во друг. Ние стигнахме навечер. Утрето околу 9 сатот ги одведох при совјетското дипломатско претставителство во Виена при Хинков, кој тогај тамо вршеше функцијата како секретар. Оште това претставителство не беше озваничено по дипломатските правила, но беше легално. Кога отидохме при Хинков, му ги преставих Монева и Влахова кој се и зашто се дојдени. Јас, пред да ги одведам нив, не бех отишол при Хинков. За нивното одење беше порано обавестен Хинков од Шпаг по нивни пат. Кога бехме при Хинков тој им рече да требе тие да заминат во нивното претставителство во Берлин и од тамо да добијат пасоши па да заминат за СССР. Им рече да им даде пари за пат ако им требат. Тие одбиа, кога рекоа да имат разни валути и чекови, исто така им нагласи да тој не може да им каже за работата ишто, бидејки и он самиот не знае, ами това знаат во Москва. Тој праша само они ли ќе одат а зар и мене – Шатев – не ме водат. Тие одговориа да немат за него полномоштво а за това е требало да се каже оште во Софија. На това Хинков им одговори дека тој смета би било подобро да и тој беше во делегацијата, бидејки ако станеше некој вопрос да се установи за точноста со негово присаствие би се решил на местото, бидејки преко писма да се уредува това би било бавно и отежано. Така после тој разговор си отидохме. После Хинков мене ми рече да сум му одвел „една лисица и еден архивар“. Стварно Монев беше многу лукав човек.

Хинков иначе беше изванредно интелигентен човек. Тој бил Германец, но през револуцијата во СССР прешол од германската војска со совјетите. Како революционер се борел во революцијата.

Кога излегохме од кај Хинков во хотелот после дојде и Протогеров, кој пристигна од Италија. На Протогеров му кажаа во што је работата и да заминават преко Берлин за Москва. Тој радостен за това рече: „Така, еднаш да се поврзиме со една голема

земја па да биди нешто“. Он беше член на ЦК на ВМРО, а беше пред тоа отишол во Италија да се поврзе со италијанската об. служба, па да преку Албанија дејствуват во Македонија. Тој таму е работел со полковникот Лоди, италијански об.офицер. Протогеров беше исто избеган од Бугарија, бидејки Стамболиски кога дојде на власт во Бугарија ги гонеше ВМРО-вците, сакаше да ги убива.

На другиот ден Монев и Влахов заминаа од Виена за Берлин, а од таму за Москва, а Протогеров си остана во Виена. Исто така и јас си заминах за Софија по истиот пат по кој и дојдох во Виена.

Јас со Шпаг-Андреев се запознах зимата во началото на 1922 год. Со него се запознах кога тој дојде дома при мене. Он дојде при мене кога ме препорачал Борис Бракалов, запасен офицер и член на бугарската комунистичка партија. Бракалов бил определен од БКП да подржава врска со Русите. След моето прво запознавање со Шпаг, тој ги доведе после Николаевиќ и Александар при мене, кога станаа разговорите за поврзување на македонските дејатели со СССР, т.е. со Г.П.У. После тие разговори, односно после моето запознавање со Шпаг на околу 3 месеци, пролетта 1923 год. отворихме канцеларија-биро за трговија како претставители на фирми при некој лицитацији. Во тоа биро бехме јас /Шатев/, Борис Бракалов и Петко Козинаров. Петко Козиаров се бавеше со работата на бирото како техник, а јас и Бракалов се бавехме со обавештајна работа. Бирото го направихме по иницијатива на Бракалов, а со одобрение на Шпаг. Бирото ни служеше како камуфлажа во об.работа. Кога го установихме бирото тука уште беа Николајевиќ и Александар, после тие си заминаја, но јас со нив сем во нацалото што се сретнах 3-4 пати после не сум се видувал и кога си заминаа незнам. Шпаг ми кажа да си заминале, да Николајевиќ отишол во Анкара во Турција при штабот на Мустафа Кемал Паша. Тамо беше како офицер за врска Русинот Орлов. А Александар заминал за Германија и во Рур загинал, бидејки тамо имаше тогај некоје движение и во тие борби загинал.

Нашето биро постојеше до септемвријското востание во Бугарија 1924 год[78]. Бирото беше како камуфлажа за мене и Бракалов, това не беше некој центар од каде да се одржават врски. Тука се сретнувахме само со Шпаг. Иначе идеа Македонци на разговори. Јас со Шпаг работех само по македонски работи, а Бракалов по комунистически, по партијни, конкретно што е тој работел тачно незнам.

[78] Септемврискoто востание во Бугарија беше во 1923 г.

Јас на 10-15 дена му давах изложенија по македонските работи на Шпаг, на негово барање, по разни македонски групации, сандаписти, ВМРО, федералисти итн., му давах сведенија за македонски дејатели итн. Шпаг собираше и привредни сведенија. Во това по некога, колку можехме, му помагахме. Еднаш се интересираше за електрически мрежи, те зедохме карти од електрическото оделение. И други такви работи вршехме.

Тој си имаше и други лудје од кој си прибираше разни сведенија, не бехме само ние, но ние не ги знаехме. Знам да исто како мене беше еден добружанец д-р Вичев[79], правник. Тој беше по добружанска линија, а јас по македонска. Д-р Вичев минаваше како журналист.

По македонска линија Русите ги обухванаа и се преоријентираа кон нив: Александар Бујнов, Пенков, Чедомир Кантарџијев, Стојан Хаџијев, Ѓорѓи Скрижевски, сите санданисти и видни-влијателни. Од ВМРО држеа врска само со Тодор Александров, Монев, Чаулев и Тодор Паница. По федералистите бехме јас /Шатев/, Арсени Јовков, Тараламов, Славчо Ковачев, Филип Атанасов, арх. Јуруков, д-р Никола Иванов, Владимир Алексиев и други, имаше по сите групации но не така видни. За врските со Русите-ГПУ се криеше строго од Баждаров, Кирил Прличев, Дрангов, Чкатров Јордан и др., кој беја крајно националисти и имаа тесни врски со бугарската полиција и дворецот. Сите овие беа наклонени кон СССР и знаеа да се прави преоријентација кон СССР, но овие немаа врски онака како јас што имах и не работеа како јас. Друг човек немаа Русите-ГПУ тогај, таков. Тодор Александров се покажа како добар конспиратор и не кажуваше на најблиските свој луѓе за создавањето на врските со СССР.

**Како стана вашето запознавање со Хинков?**

Кога се сврзах со Шпаг тој после околу 2 месеци ме испрати во Виена. Ме испрати да се запознам со Хинков, да ме види тој. Заминах преко Букурешт-Будапешт. Кога заминах Шпаг ми даде белешка со која да се јавам тамо. Тие кореспондираа со синтетично мастило, а не со шифра. Отидох право во претставителството. Кога отидох разговарахме по македонски работи, јас го запознах со ние работи со кој тој не беше добро осведомен. Разговарахме да ќе биди добро со создавањето на врските со ив, т.е. со поврзувањето

---

[79] Се однесува на Петар Вичев (1884-1933), деец на Добруѓанската револуционерна организација.

со ВМРО итн. Тогај тој ме праша за Славе Иванов и Филип Атанасов какви се и што престављават, на кое јас му казах. Таму останах 3-5 дена и се вратих обратно во Бугарија-Софија. Наставихме работата со Шпаг.

На крајот на мај 1923 год. пак отидох во Виена да уредам со една фирма за некоја лицитација за водомерни стакла. Тогај пак отидох при Хинков и разговарахме за положението во Бугарија, по македонските работи. И тогај останах 3-4 дена. Кога се вратих во Бугарија стана 9-јунскиот преврат 1923 год., дојде Цанков на власт.

Во Софија се засили контактот со КП на Бугарија, помеѓу себе на македонските групации, помеѓу градовите. Се чекаше само што ќе стане со ВМРО. Во Горна Џумаја се собираа сите групации околу Иван Илиев, од Струмица. Он беше водач на КП комитет во Горна Џумаја, него после го убија.

Власта почна да забележува некое зближување меѓу комунисти и Македонци, но немаше оште ништо на дело и така не превзимаше ништо. Забележуваше тaja оти се создават некакви врски со СССР.

По трет пат кога бех при Хинков во Виена, кога ги одведох Влахов и Монев, тамо се сретнах со Филип Атанасов и Славе Иванов. Кога одех во Виена таму ги сретнувах секога Атанасов и Иванов, одев при нив, тие живеева во една квартира. Кога бех по трет пат во Виена во това време Хинков еден ден ми рече: „Елај утре, има нешто да разговараме". Утрето јас отидох при Хинков и тамо ги најдов во канцеларијата седат д-р Филип Атанасов и Славе Иванов. Тие двајцата му го преставиле положението на Хинков лажно. Му кажале оти федеративната организација је голема и има нелегални чети, можат да соберат борци од 7000. – души итн. На прашањето на Хинков јас му казах да не је това тачно и да нема нелегални. Федеративната организација је легална и да работата је оште во почетак. За Мишев Стојан му казах да се предал со својата нелегална група од 7 души на Грците, бидејки се нашол во тешка ситуација и се скарал со Т. Александор. Рекох да тије кој се скарани со Т. Александров това е на лична почва, а не на основание на идеолошки несугласици. Така тие излегоа пред Хинков како лажни.

Филип Атанасов беше како водач на федеративната организација и беше многу енергичен, со ентусиазам работеше но немаше никаков опит и слабо ги познаваше македонските работи. Славе кога се раздели од Т. Александров се прикључи кон федератестите. На Ф. Атанасов му беше како телохранител и му помагаше во работата, бидејки беше со искуство како революционер и теро-

рист. Така тие двајцата беа заедно постојано. Кога создале врска со Совјетите – со Хинков – тие писаа во Софија да јас /Шатев/ и Кантарџијев Чедомир, или еден од двајцата отидеме во Виена и има важна работа да се уреди. Ние не отидовме. Кога ги одведов Манев и Влахов во Виена тогај со Атанасов и Славе разговарав по испратеното писмо. Ги прашах што беше таја важна работа сега усно да разговараме. Тогај им реков да неје полезно да одиме од Софија било јас било Кантарџијев оти ние сме легални во Бугарија и можиме повеќе да даваме и работиме тамо од колку во Виена. И така се сврши това.

После од кога излеговме од кај Хинког, Атанасов и Иванов рекоа зашто му кажав така на Хинков. Им одговорив да мие сега создаваме врски со Русите, со една голема сила и нечини да се лажиме, нарочно оште во началото. Тие имат возможност да проверат и научат вистината та ке излеземе лажци. После това јас се вратив во Софија.

Атанасов и Иванов врските ги создале со Русите со Ханков како федентисти. После мојето враќање во Софија биле отидени како делегација на федератистите во Москва Атанасов и Славе. Мене Хинков т.е. Русите за това ништо не ми е кажувале. Кога се вратих од Москва тогај Атанасов ми кажа да биле со Славе во Москва и да тамо ги чувале во некоја вила далеко околу 30 км. од Москва. Према времето кога са тие биле во Москва, значи да са биле упоредо во исто време кога беше и делегацијата на ВМРО, Манев и Влахов. Едни за другите не са знаеле. После враќањето му на Атанасов, тој тогај разбрал оти имало и друга делегација. Во Москва разговарале со луѓе од ГПУ т.е. разговарале со Александровиќ Трелисер[80], помошник на Меџински[81]. Тамо са ги распитувале за македонското движение, конкретно разговорите не ми са познати, бидејки не ми са кажувале. Кажуваше се во това време дека и Паница како Санданист бил во Москва, но јас незнам.

Боравењето на делегацидјата едновремено во Москва не е нарочно ами случајност.

Јас се вратив во Софија и чекахме што ќе се реши со делегациите во Москва. После еден месец се врати делегацијата на

[80] Се однесува на Абрамович Трилисер (1883-1940), член на Нелегалната комисија на Извршниот комитет на комунистичката интернационала во Москва. Види: Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање…, 1539-1541.

[81] Се однесува на Рудољфович Вјачеслав Мјенжински (1874-1934), заменик на претседателот на Обединетата државна политичка управа при Советот на народните комеари на СССР. Види: Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање…, 1493.

ВМРО, Манев и Влахов. Другите кога се вратиле незнам, но тие немаа значение. Важно беше што ќе се реши со ВМРО.

За това време ние со Шпаг си наставивме работите информативно. Печелехме нови луѓе за преоријентација, водехме пропаганда околу ВМРО, оти им је грешна политиката и т.н.

Кога се врати делегацијата на ВМРО, сам Влахов дава рапорт за разговорите во Москва на Ц.К. на ВМРО и на Ц.К. на БКП на која беше член тој. Русите имаа став да КП биде во течение на работите, со неа паралелно дасе врви, не да се сливаме, но не и да се отделуваме ами да се врви паралелно. Да не се прави враждебност меѓу Македонците и КП.

Манев после това си отиде во Г. Џумаја пак на старата работа, а Влахов остана десетина дена во Софија. За това време, на интервенција на Т. Александров, кој беше влијателен преку Цанков кој беше председател на Владата во Бугарија, се издејствува да Влахов биде назначен како трговски конзул на Бугарија во Виена. И Влахов го назначија за таков те така тој замина за Виена и остана тамо да работи. Влахов конзулската функција е имаше како припрител, а во сшност, према договорите со Русите во Москва, тој отиде во Виена да биде преставител на ВМРО во центарот револуционен балкански. Тој центар го раководеше по директивите на ГПУ др Черски, кој фунгираше како втори секретар на руската легација во Виена. Од тој центар се руководеа сите балкански револуциони движениа: македонското, добружанско, албанско, тракијско и др.

Тој центар се успостави во јуни-јули 1923 година. Во сшност тој постоеше кога раководеше Хинков, но после заминувањето на Хинков дојде др Черски да го раководи центарот. Центарот стана заштински центар од одењето на делегациите од Москва. Во центарот преставители беа од ВМРО – Влахов, од федератистите беше Ф. Атанасов, од Санданистите беше Паница и од Добружаните имаше едно лице. Само овие беа во центарот под раковотство на др Черски. Тогај движението македонско се оживе со поголем ентузиазам. Почна да се прават преговори и се приготвуваше мајскиот манифест. Чаулев беше веќе спечелен од Русите. Во това време имаше депутати во бугарскиот парламент кој престављаваја како македонска парламентарна група во Народното собрание. Тије депутати беа од Пиринска Македонија приврженици на ВМРО. Др Черски преку Влахов настојаваше тогај да се сврзи со таја парламентарна група. И во Србија тогај имаше таква парламентарна група во српскиот парламент[82], та Черски настојуваше да

[82] Види фуснота бр. 15.

се сврзи со двете парламентарни групи те да би истите истовремено иступат по исти вопроси во двата парламента. Др Черски се сврза со парламентарната група и направиле нештo т.е. потписале некој документ меѓу центарот и парламентарната група.

Со успоставувањето на центарот почнаа преговорите со ВМРО и почна да се изработува мајскиот манифест. Во това време јас си бех во Софија.

Тогај дојде Цанков на власт, това го наричаја блок[83], правителство од сите партии беше образувано во које не влегоја комунисти и земљоделци, иначе беше од сите буржоазни партии. Се создаде друга атмосвера. До тогај комунисти и земљоделци се гонеа а сега самото положение ги натера и застанаја на една линија. През превратот и след това ги истепаа скоро сите видни земледеици, беше обезглавена. Тогај земљоделците бева најмасова организација. Тое кој останаја од земледелците почнаа да се групираат пак под форма на пријатели, другари и сл. Правителството почна борба против се што е напредно. Левичарска почна да се води пропаганда. Таја пропаганда почна да се води без успех за това што народот не беше со правителството ами со земледелците и др. левичарски воггледи. Во земљоделската партија почнаа раководните места да ги зимаат второстепените личости. Омразата меѓу комунистите и земљоделците изчезна. Правителството не можеше апсолутен погром да и нанесе, на земљоделската партија, бидејки таја беше доста голема и доста масова. Тогај комунистите и земледелците со разбраа својте дотогашни грешки што са се гонеле меѓу себе. Разбраа дека се гонеле како сојузници, оти интересите и на едните и другите се исти. И комунистите го разбраа оти се супроставувале на правителството на земледелците, на Стамболиски била грешка, оти тие не се нивни непријатели, ами това се буржоазните партии. Това го сванаа масите широки од долу.

Со идењето на Цанков комунистите беја ван закон, а земледелците не можеа да живеат бидејки беа до некаде обезглавени, од ниф правителството на Цанков не се опасјаваше. Тогај комунистите бева критикувани од Москва за неправилниот став према земљоделците. Да би е поправиле грешката комунистите дигнаа септемвријското востание. Тогај пак не сакаа да им помагаат земљоделците и така беше нанесен погром и на комунистите. Значи буржоазните партии, правителството на Цанков нанесе

[83] Се мисли на коалицијата „Демократскиот сговор“, составена од Национално-либералната партија, Народниот сговор, Военият сојуз и Бугарската работничка социјал демократска партија (широки социјалисти).

погром по отделно, ги разби првен едните па после другите. После погромот на комунистите избегаа од Бугарија раководителите, како и по борческиот елемент.

Погромот на овие партии беше погром на народот. После това лозунгот на овие партии беше да се сруши правителството буржоазно на Цанков, а да се образува селско-работничко правителство. Оваа борба се водеше сега преку пропаганда.

Таков лозунг на тие партии беше за Македонците, Добружани и др. – левичарскиот елемент надвор од ВМРО, добре дошло. Значи тој пат беше за нас каде требаше ние да гравитираме. Со интузиазам почнавме да се оживуваме во работата, това не окуражаваше и обедруваше те така почна да се засилува и настојавањето за создавање врски со СССР и това се повеќе се засилуваше. ВМРО през време на погромите на комунисти и земеделци направиа многу зверства, избиа многу видни луѓе, како Стамболиски и др. После това се им се прости за да врвиме по новиот пат. Стана споразумение преку Русите да ВМРО врви паралелно со партијата Комунистичка, т.е. целото македонско движение да врви параллелно со партијата. При такво положеније веќе чекаме да излезе мајскиот манифест. След како излезе мајскиот манифест 1924 година општи македонски манифест потписан од Т. Александров, Александар Протогеров и Петар Чаулев, членови на Ц.К. на ВМРО. Во манифестот се рече да нема веќе групитовки ами ќе врвиме сите заедно по еден пат, значи се образува еден фронт. И националното прашање ќе се разреши во една балканска федерација. На основание на това се разбра веќе дека ВМРО неможе да биди слепо оружје на бугарските буржоазни правителства и дворецот како до тогај. Со това правителството на Цанков се уплаши, бидејки тие знаеа оти немат поткрепа во народот. Правителството мислеше да ВМРО преко рушвет од Совјетите треба да ги руши това правителство на Цанков. Това не беше верно. Совјетите мислеја да создадат тој фронт и кога ќе дојди момент да тој фронт на тије групации и партии работничко-селски ја земат власта, значи момент како што беше во втората световна војна. Није Македонците во прво време неможевно да го сванеме положението т.е. перспективите, разбрахме чак после една до две години оти биле на Русите далечни и длабоки како што реков погоре.

Со издавањето на манифестот, правителството бидејки се исплаши, испрати во Горна Џумаја, во тој крај, свој лица, офицери од разузнавателната служба и вопште влијателни лица од разни кругови да направат натисок на ВМРО. Отидоа 30 камиони полни со такви личности. Тогај тамо беа Александров и Протогеров. При

такво положеније од тој натисок Т. Александров опроверга – го откажа мајскиот манифест. Издаде опровержени и после три дена кога вика да тије немат ништо со манифестот а да е това една мистификација комунистическа. Това беше за пред општеството, иначе видните личности ја знае истината. Европејските земји: Италија, Англија и др. не им беше се едно. Тие не сакаја комунизамот да се шири и така со това го поткрепуваја правителството на Цанков. Иначе внатре во Бугарија што станува не ги интересува. Правителството си постигна својата цел. Од тогај тие веќе изгубија доверије на Т. Александров, почнаја да мислат кој ќе можи да го замени и како од него да се отарасат. Т. Александров беше во лоши и враждебни односи со министерот на внатрешни работи генерал Русев. Александров беше влијателен човек и беше подржан од дворецот, беше човек на дворецот. Правителството кроеше план како да го ликвидира. Но Александров од това не се плашеше.

Манифестот го изработија во Виена во центарот Др. Черски и Влахов кога беше со текстот запознат и Т. Александров. Но за објавување на истиот небило оште земено согласијето на Александров, Протогеров и др. Со излевањето на весник „Балканска федерација", кој го уредуваше Влахов, беше издаден – објавен манифестот. Кога се објави манифестот Александров и други се очудија. Затова Александров го изпраќа веднага Монева во Виена да е извиди таја работа. Монев во Виена се научил како е работата и дава една телеграма на Александров во која пишува да се чека неговото враќање од Виена и ќе им даде доклад за положенијето. Телеграмата била написана во трговски дух. Но оште не стигнала телеграмата, Александров притеснет од натискот од правителството го проверга манифестот, како рековне погоре да отидова во Пирински крај, тогај како што се наречуваше Пиринска Македонија, триесет камиони разни видни личности. Покрај опровергавањето на манифестот Александров не ги прекина врските со Русите нити со БКП и други. Врските си продолжава и се засилува. Опровергавањето беше дадено малку во двосмислен дух и това беше да се замачкат очите на општеството и правителството.

Еден ден јас отидов при Коста Јанков, член на Ц.К. на БКП, кој беше нелегален, и тогај тој ми рече дека дошол при него Иван Михајлов и му рекол да се приготви и да на одреден ден ќе дојдат со автомобил да го одведат во Ќустендил, бидејки таму сакат Т. Александров и Протогеров со него да се сретнат и разговарат. Тој разговор, разбирасе, ќе беше во духот на манифестот и за зближавање повеќе на ВМРО со БКП како што препоручаваа Русите. Јас му реков на Коста Јанков може да е това начин за да го Алек-

сандров убие како што е убивал и други, но тој е револуционер па ако требе нека загине.

После това јас обавестив центарот во Виена преко Шпаг за случајот, оти ВМРО настојава за зближавањето на врските со БКП. Јас подржах врските со Ц.К. БКП како човек на ГПУ. За цело време, секи седум до десет дена давах сведенија на Шпаг за центарот во Виена, како е положенијето во Бугарија, како се развиват сабитијата, какви се врските меѓу ВМРО и правителството, меѓу дворецот, какви се врските меѓу БКП и меѓу други групации национални, што станува меѓу правителството и дворецот и т.н.

Кога тргнал Александров на срешта со Коста Јанков, на патот беше убијен Александров на 31 август 1924 година и така недојде до срештата меѓу ниф[84]. И за това обавестив Виена. Некој викат да го убиле Александрова комунистите, некој викат правителството. Това не е верно. Комунистите не го убија затова што немаја интерес, бидејки се создава врските со Александрова и ќе се дојдеше до споразуменије а и Совјетите немаше да се сложат, при таква ситуација за таква постапка. Правителството исто не го уби, тије бараа начин но него сторија затова што мораа да водат сметка бидејки небеја многу заздравени на власта. Убијството стана чисто и просто по сопствена иницијатива на атентаторите војводата Штерју Влах и еден негов четник[85]. Тије го убија затова што се нешто спречкале со Александров. Александров секого убиваше ако го земе на око. Тој така истепа приличен број од свој приврженици, та од страх да не биде Штерјо убит тој барем да го убије Александрова, значи за сопствената си кожа. Това е истината. Иначе Александров беше строг, со челична воља.

Убијството на Александров, на правителството му дојде како добредојде. Ем се отарасија од него, ем не се компромитираа. Това положеније правителството го исползува. За заменик на Александров во ВМРО го донесова, уредија да дојде за новач на ВМРО Иван Михајлов кој им беше слепо орадие. Тој ги слушаше и вршеше све што ќе му речат, а таков човек ним им требеше. Така правителството, после това почна да ги убива сите левичарски

---

[84] Средбата на Т. Александров со К. Јанков се остварила на 30 јули 1924 г. во Ќустендил (Види: Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919-1924. Избор, предговор и редакција: проф. д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2005, 701-707).

Т. Александров е убиен на 31 август 1924 г. на пат да присуствува на конференцијата на Серскиот револуционерен округ кај с. Лопово, мелничко, а не кога тргнал на средбата со К. Јанков

[85] Т. Александров го убиле војводите од Петричкиот округ, Штерју Влахов и Динчо Вретенаров, кои биле потчинети на војводата Александар Василев-Пашата.

елементи Македонци, сите видни Македонци беа избиени, кој беја ван од ВМРО. Убијствата ги вршеше и организираше правителството и ги препишуваше на Македонците. Сами Македонците се убиват. Бидејки многу Македонцни беја избијени и јас се уплашив и избегав од Бугарија во Турција во новембар 1924 година. Избегав со помошта на БКП, кога ме охрањаваше одредот „Христо Ботев номер три". Со мене го преведоа во Турција и некој си комунист Антон Неделков, Македонец, комунист, кого сакале да го убијат затова што работел по комунистическа линија меѓу Македонците во Крушевското братство, и тој е од Крушево. Јас не се плашев Македонците да не ме убијат за врските ми со Русите, това беше за мене плус. Се плашев власта да не ме убија, оти знаев тије убиват. И така се скрив во Софија. Со Партијата имав врски и со нивна помоќ избегав во Турција. Од Софија до Пловдив патувах како патник пеш, од човек на човек, од врска на врска. Од Пловдив до Свиленград одехме со Неделков со чета кој ги имаше тогај, това беја мали воражени групи. Главниот на окружниот комитет на БКП во Свиленград беше Добри Терпешев. Тогај со него се запознав. Тој не настани во село Извор и чекавме 15-20 дена со курир, ко ќе не префрлат преку граница. Тогај доведе четата „Христо Ботев номер 3" еден слаб, висок човек Алфрет Глауберг, англијски, френски знаеше. Рекоа и тој со нас требало да мине. И после неколку дена минахме со еден контрабандист границата.

Алфрет Грауберг ми расправаше неговиот случај. Во това време СССР помагал Компартијата со оружје и други работи. Еден ден кога дошла лотката на бугарскиот прег на Црно море излегол Алфрет Глауберг од лотката да е врзи на обалата па да е растоварат. Во тој момент на нос „Емине" стражата забележила дека доле на обалата некоје движеније на растојаније од еден-два сата ход. И стражарот дал истрел. Капетанот на лотката се исплашил, пресекол јажето и се вратил обратно со лотката. А Алфрет Глауберт останал на бугарската територија. Непознавајки местото и без врска тој тргнал да се некако сврзи со Комунистичката партија. Од местото до Сливен патувал 20 дена и се хранел со дренки. И така кога се сврзал со Партијата него го прикључија со нас да пребега во Турција.

Кога минахе во Турција, куририот кој не водеше не предаде на стражата турска. Није немахме икакви документи и не задржаа во затвор. Турците имаа конвенција со Русија да Русин во нивна територија и комунист не прибират а да ги вратат обратно од каде е дошол. Алфрет Глаубер се престави како бело-емигрант[86] од

[86] Се мисли на избеганите белогардејци по Октомвриската револуција во Русија.

Румунија кој сака да се врати во СССР, но бидејки нема совјетско преставништво во Румунија, нити во Бугарија затова дошол во Турција и има разрешеније од СССР да си оди. После проверката Турците установиле да имал разрешеније, те го предадоа на руската легација во Цариград и така си замина тој за СССР.

Није кога стигнавне во Турција, во Одрин со Антон Неделков, тамо не задржаа еден и пол месец, живеевме во хотел под покровителство на полицијата и ништо не работевме после пуштањето од затвор. За това време полицијата правеше проверки за нас во Бугарија преко својте конзулства. Кога установија да несме комунисти не испратија во Цариград. Антон Неделков во Турција се престави како Стефан Бојаџијев. Турците знаеха да некој бугарски полицај се викал Бојаџијев, те мислеја да неје тој и да дошол за шпијунажа. Во Цариград не настани полицијата во еден хотел и бехме под набљуденије на полицијата, бидејки немахме никаков документ. Оште во Одрин кога се движехме, по улиците со нас одеше стално еден полицај како охрана за да не не убијат михајловистите од Бугарија, бидејки Одрин е до границата. Полицајецот во исто време и не контролираше.

Во Цариград кога бехме јас почнав по кафенињата и секаде да одам и да сврзувам врските со мој познати Турци и Македонци од порано. Агентите на полицијата не затворија со Антон Неделков, мислејки да не правиме некоја комунистичка пропаганда. Кога Фуат-беи и други разбрале да сме затворени веднага интервенираа и полицијата тогај не испрати во совјетската легација со еден полицај да не предадат на нивно покровителство. Кога отидовме во совјетската легација тамо не прими секретарот на легацијата Мирни. Мирни во Турција беше исто што и Др Черски во Виена и со исти работи се бавеше. Није со Мирни се запознавме и се бехме сврзали оште првите денови со пристигањето ни во Цариград. Тој ни даваше по 100-150 лири како издршка. При Мирни кога отидовме, тој пред полицајецот не праша какви сме по убеѓење. Јас му реков да сум национал-либерал, А. Неделков-Бојаџијев се престави како демократ а со нас доведова и еден работник, избегал од Бугарија и тој се престави како комунист. Тогај Мирни рече да го приемат тој комунистот и ќе го прати во СССР а нас неможе да не приеме бидејки не сме комунисти. Мирни тогај се направи пред полицајецот како да не не познава. Тој му рече на полицајецот и ако не сме кмунисти тој не зима под негово покровителство а нема да не праќа во СССР. Това го правел бидејки нема смисла да лежиме по затворите. А тој това сето го направи затова што ние му требевне во Турција за работа. Та тогај Мирни ни даде документ

како легитимација, бидејки није немавне никаков документ и така бевне ослободени во полицијата.

А. Неделков-Бојаџијев беше позван од Мирни по партијни работи. Беше Неделков еднаш пратен илегално во Солун, иначе во Турција беше користен.

Со Мирни се сврзахме оште првите денови кога стигнавме во Цариград. Отидовме во конзулството и тамо се преставихме на Мирни. Тој беше веќе од порано запознат за нашето идење преко ивните врски-коресподенција со БКП. Мирни од тогај ни даваше редовно пари и није си најдовме квартира. Врска со Мирни одржавахме кога одехме во конзулството поретко, иначе се видувахме во градот, во куќи, во нашата квартира или во некој други кој си ги имаше тој за таја цел. Одржавахме врски и преку Атанас Хаџиниколов, Македонец, инжењер, кој работеше во конзулството како чиновник, беше како аташе за штампа. Со Атанас се видувавме како Македонец во ресторантот каде тој се хранеше. Нему му кажувавме што требеше да го извести Мирни и ни донесуваше одговор и слично од Мирни.

Мирни се носеше преку ден елегантно облечен, а навечер кога вршеше тија работи се преоблечуваше како работник-простак.

Од мене се интересираше по македонски работи. Што станува во Бугарија, кој лица пребегале и колку во Турција. Мене Мирни не ме ползуваше за работа затова што јас не бев човек по тој пласман. Јас бех за македонски вопроси. И секи ден ме барајa од Виена да отидам тамо, бидејки беја веќе истепани Чаулев, Паница, а со Филип Атанасов расипале врските, така да во центарот беше останал само Влахов со Ризо Ризов и уште еден мислам Арнаудов. Бех нужен во Виена и чеках секи ден да ми се даде пашпорт од Турците па да си легално заминам. Илегало можев да заминам, но бех познат во Турција и со мојето илегално заминување ќе се дознаеше да постоји илегален канал. Така преко Фуат-беи, мој лични пријател издејствувах да ми се даде пасош. Ми дадоја пасош за емигранти, на мене ми написаа да можам пак да се вратам во Турција. Това мене ми го сторија како пријател на Турција и ако во Европа неможам да опстанам, можам значи да се вратам во Турција. Тије ме приемат.

Во това време, во април стана атентатот на црквата „Св. Недела“ во Софија[87]. Атентатот го направија комунистите. После тој атентат многу комунисти пребегаа во Турција, а од тамо во СССР.

---

[87] Атентатот на црквата Св. Недела во Софија беше извршен на 16 април 1925 година, во кој биле убиени над 150 луѓе, а околу 100 биле ранети.

Во Турција се задржав од јануар до јули 1925 година кога отидов во Виена преку Средоземно море, Јадранско и преку Трст и Италија прејдов во Аустрија. Во Виена стигнав во началото на септембар 1925 година.

**Во това време што стануваше во Бугарија и во Виена?**

Во Бугарија настана погром. Се што беше левичарско се парализира. Истепаа многу од тије луѓе. Настана разочарување, но надеждата не се губеше, бидејки позади беше СССР. Шпаг си стоеше во Софија и дејствуваше, што јас незнам. Познато ми е да имаше многу луѓе како мене: Машаров, Борис Бракалов, Ѓорѓи Ѓорѓијев-Папат и други за кој не се сеќавам.

Обавештајната служба на Русите беше од луѓе опхванати едни по идејна линија како комунисти, други по национална линија. Преди да избегам бех сврзан со Јанков Коста, женен за Стела, черка на дедо Благоја[88].

Еднаш кога бев при Коста Јанков тој ми четеше телеграм на бугарското правителство кој биле праќани до својте преставители во иностранство, како во Англија, Италија и др. Телеграмите беја од дипломатски карактер. Тије телеграми беја добивани во БКП од Шпаг за да е држат во теченије во правителствените среди што станува. Шпаг ги добиваше преку една дама, која небеше Бугарка ами од некоја друга националност, а која името не и го знам. Дамата подржаше врски со Шпаг преку Ѓорѓи Ѓорѓијев-Папата, кој е државел на врска. Дамата пак телеграмите ги добивала од шифрантот на надворешното министерство на Бугарија. Покасно тaja работа се раскри и Ѓорѓи Ѓорѓијев-Папата го осудија, а после помиловаја, а дамата исчезна.

Шпаг имаше свој агенти по сите линии за кој јас незнам а мене ме ползуваше само по македонски национални работи.

Првиот погром на БКП стана след атентатот на црквата „Св. Крал“ – сега Св. Недела, кој атентат беше направен од БКП без одобрние на Совјетите. Целото вниманије после атентатот во Бугарија, на правителството беше кон комунистите да ги уништожат. Шпаг ми раcправаше да научил да правителството решавало

[88] Се мисли на Димитар Благоев (с. Загоричани, Костурско, 1856 – Софија, 1924), основоположник на социјалдемократското и комунистичкото движење во Бугарија.

во една ноќ да избие голен број на комунисти. На Генадијев[89], порано министер во правителството, научил таја работа. Гинадијев беше пријател со Жорж Пико, француски преставител. Оди при Пико и му кажува за ставот на правителството и го моли да спречи некако таја работа. Пико после това оди во министерството на надворешни работи и им кажува да такво нешто не прават. Правителството се очудува од каде го дознал това Пико. Тогај Пико имаше една дама, метреса со која тој живееше, а таја пак дама била плаќана од бугарското правителство по 100.000 лева за да научува што станува при Пико, да го шпијунира. Преку таја дама правителството дознава да Жорж Пико се научил за таквото решавање од Генадијев. Тогај правителството заклъучува да е Гинадијев шпијун на Франција и го убиват на улицата. Од двајцата атентатори едниот бил Македонец, това пак правителството го прави за да каже да е Гинадијев убијен од Македонците.

След објавувањето на мајскиот манифест и декларацијата на ВМРО-Т. Александров, Протогеров во Виена настана смут.

Влахов од тогај веќе небеше преставител на ВМРО нити трговски конзул а остана да живее во Виена.

После това бева убиени. Т. Паница, Петар Чаулев. Паница беше убијен во театарот во Виена од сегашната жена на Иван Михајлов Менча[90], а Чаулев беше убијен во Милано. Со Филип Атанасов пак беше се скарале т.е. изгубиле доверијето во него Черски и Влахов. Центарот македонски веќе беше растурен т.е. това ни не беше центар а тие беа само како личности. Тогај се мислеше и налагаше да се образува нова организација, да заживее македонското движење, а за това требеше да се образува македонски центар околу Черски. За таја цел јас бев повикан од Турција и мене ме чекаа.

Кога стигнав во Виена од Турција, во почетакот на септембар 1925 година, се видов со Влахов уште првите денови. Се сврзах со Влахов преку Ризо Ризов, сега е во Титов Велес. Со Влахов разговаравме како стана убијството на Чаулев и Паница, зашто го објавија манифестот без согласије на Александров. Тој се правдаше оти било по налог на Совјетите. Јас го укорував за това и му реков оти е това минус за него – Влахов. Разговаравме за создавање на

[89] Тука П. Шатев ги помешал настаните. Атентатот на црквата „Св. Недела“ бил извршен во април 1925 г., а Никола Генадиев (по потекло од Битола, министер во повеќе влади на Бугарија од 1903 до 1908 и во 1913 г.), бил убиен во 1923 г. од автономистичката ВМРО.

[90] Се однесува на Мелпомена Карничиу, позната како Менча Карничева.

нова нелегална македонска организација и да не смееме да е отпуштиме врската создадена со Совјетите.

Лицата за таја организација беја веќе определени од Влахов и Черски. Јас оште не се познавав со Черски. Черски знаеше за мене и преко Шпаг и преко Влахов, а јас исто за него знаев. Од нив беше веќе унапред изработен и план за организацијата. Черски побарал преку Влахов да ме види и јас отидов сам во легацијата во Виена при Черски, каде за прв пат со него се видов и запознав.

Владимир Поп Томов и Георги Занков оште не беја дојдени во Виена. И они требеше да бидат во раковотството на организацијата.

Кога отидов при Черски тој ме виде што за човек сум и разбра оти по марксизам абер немам ами сум дејател само по национална линија. Со мене беше внимателен, се гледаше да не ме третира како негов агент подчинен ами како дејател. Го прашав да ли се верни слуховета кој се носат по Бугарија да кога Т. Александров беше во Виена за разгледување и подпишување на манифестот, тој-Черски и Влахов се држале арогантно од кое Александров останал засегнат, бидејки го укорувале за станалите до тогај убијства на Стамболијски и др. и да требел Александров во Бугарија да се супростави на правителството и го сруши Цанков. Черски ми рече да не е верно, да се тие држале према Александров коректно и дури Александров сам саморачно направил исправки на манифестот и да ги ополномоштил Протогеров и Чаулев да го потпишат манифестот кога тој ке се препише чисто без поправки, а това не станало одма бидејки Александров немал време, требало да си замине. Тогај дури Александров рекол да ке оди во Лондон да види и мнението на Лондон на кое овие му рекле нека замине но нека знае да друг пат за решавање на македонскиот вопрос нема од оној кој што го дават Совјетите и така Александров заминал за Лондон.

Во Лондон тогај имаше образувано Балкански комитет во кој беја избегани емигранти како професор Ѓергов од Велес[91], професор Ј. Милетиќ[92]. Та Александров сакал да разговара со Балканскиот комитет.

Тогај во разговорот ми рече да Александров не е потпишал само манифестот ами и други работи. Потписал е протокол за

---

[91] Се однесува на Иван Георгов (Велес, 1862 – Софија, 1936), филозоф, декан и ректор на Историско-филолошкиот факултет во Софија, член на Македонскиот национален комитет и претседател на Македонскиот научен институт.

[92] Професорите Иван Георгов и Љубомир Милетич не биле „избегани емигранти“ од Бугарија, туку биле блиски со Балканскиот комитет во Лондон и често го посетувале и одржувале предавања.

работата натаму, има да биди по планот према Совјетите и нема да се сукобуват со Компартијата а за това Совјетите ќе дават сеопшта помоќ, значи оружје, пари, пропаганда и др. Потписал протокол и за ставот каков требе да биде на парламентарната група која беше во парламентот бугарски н.пр. по изгласување на буџет и сите други прашања и решења во парламентот[93].

Во разговоро со Черски го прашав није со кого имаме врска, по чија директива работиме, да ли по директива на III Интернационала или по министерството за надворешни работи. Тој ми одговори да со Совјетски сојуз и по негова директива работиме, а тој е други секретар на легацијата. Тогај није не знаевне за ГПУ. Таја работа е разбравне покасно кога бевме во Москва, кога видовме при кој луѓе не довел и со какви луѓе имаме работа. Тогај разбрав оти сме работеле со ГПУ.

На таја срешта не ставаше вопште дума за организацијата. Није не знаевме зашто сме дојдени, бевне викнати да видиме што треба да се почне работата за натаму по македонските работи. За организацијата од напре си знаеја Влахов и Черски. Влахов на Черски му беше најдоверено лице. Тој си ги вршеше работите само преку Влахов и преку него добивавме пари за издршка, а покасно си имавме свој буџет кој си го добивавме и сами парите ги разделувавме на кого и колку требеше да се даде.

После тој разговор јас останав доволен од Черски и така се сврши разговорот и си отидов.

Ме праша за мојте впечатленија од Турција. Му казав да официјално Турција е без резервна со СССР, но Компартија се прогони многу строго.

Од мојто пристигање во Виена дојдоја после 7-10 дена и Владимир Поп Томов од СССР, Георги Занков од Бугарија и Христо Јанков.

Од кога пристигнаа овије, се собравме, еден ден, во совјетската легација при Черски: Димитар Влахов, Владимир Поп Томов, П. Шатев, Георги Занков, Христо Јанков – комунист, Димитар Арнаудов-санданист. На сите срешти присаствуваше и Черски. На првата срешта Черски направи еден преглед за до тогај стореното, грешки и успеси и рече да тије ќе не помагат.

На таја срешта се реши да се создаде организација која ќе продолжи натаму работата. Тогај решивме да организацијата се

---

[93] Се мисли на „Декларацијата на македонската парламентарна група“, изработена и потпишана заедно со Мајскиот манифест, со цел да биде прифатена, потпишана и прочитана од македонските пратеници во бугарското Народно собрание.

вика ВМРО /обединена/ и да создадеме нелегален апарат од по активни луѓе. Значи легално да дејствуват дотогашните организации: федералисти, санданисти, илинденци и др. групировки а отделно да се дејствува преку тој нелегален апарат кој во сашност ќе беше создаден во вид на организација. Ова ново создадена организација требеше да врви по линијата на Делчевата организација – ВМРО очистена од врховистички гледишта-линија. Исфрлихме формата на борба со комитаџилак. Влахов и он говореше на срештата по горното.

Се реши да сите присатни се членови на Ц.К., а за секретар беше избран Владимир Поп Томов како комунист, значи параллелно да се врви со БКП и да таја биде во теченије на работите.

Да се создаде орган на Ц.К. т.е. на македонското движење за пропаганда и се реши да се издават весник „Македонско Дело" а за редактор беше одреден Димитар Влахов. Весникот пак „Балканска федерација" си излеваше и понатаму, на кој беше редактор Влахов, а тој весник си беше на Социјал-револуционерните организации, на Компартиите.

Во редакцијата на „Македонско дело" бехме избрани за главен редактор Владимир Поп Томов и редактор и Влахов и јас – Шатев. Во сашност Влахов беше главен редактор, бидејки Поп Томов е го познаваше добро македонското движение.

Тогај се реши да се изработи статут на организацијата за које беа определи Влахов, Поп Томов и мислам Цаков[94]. След неколку дена статутот беше изработен и на следното заседаније се прие тој статут.

Програм не изработивме, а за програм служеше манифестот.

Четническата борба по принцип се исфрли, а во исклучителни случаји можи да се примени.

Јас предложив да фигурираме како агитационен кружок а не голема фирма Централен комитет и сл. И бех против строги централизам ами повеќе децентрализам. Мојот предлог не се прие и јас се отеглив од него – од предлогот.

Се одреди да Влахов води и атигацијата и пропагандата за Европа, а за това да си сам одреди луѓе кој ќе му помагат во това. Тој требеше да дејствува меѓу видни европејски личности и дејатели, општественици.

Прашање беше каков став ќе земеме према општеството на народите /Друштво народа во Женева/. Русите беа на становиште оти това е оружје на капиталистите и не можиме није да очекуваме

---

[94] Веројатно се однесува на Георги Занков.

некоја заштита или помоќ. Није со това се сложивме и да не даваме никакви молби и апелирања за помоќ од тој институт.

На сите заседанија водехме протокол – записници и тие записници си стоеја при Русите и при нив останаја сите документи и записници.

Овије решенија ги зимавме на заседанијата, но које решеније на које заседаније го зедовме не се сеќавам. Други решенија не сме зимале. Се сеќавам да Занков требеше да оди во Албанија за да создаде канал преко Албанија за Македонија каи Охрид. Занков требаше таја работа да е стори со помоќ на Лазар Поповски. Поповски Лазар требеше да му помогне до толку да биди Занков под негова закрила, така да не би можеле нешто да разберат од това српската или италијанската об[авештајна] служба. Лазар Поповски тогај беше во Тирана чиновник во бугарското конзулство, иначе наш познат и пријател. Во истото време Лазар Поповски беше и руски агент – платеник. Преку него Черемизов се научаваше што станува во Албанија и во бугарското конзулство, а за това го плаќаше.

За цело време направивме 4-5 заседанија. Првите две беја во совјетската легација а останалите по нашите часни квартири. Занков имаше поудобна квартира, та при него повеќе ги одржававме заседанијата.

Сите си распределивме задачи за дејство: јас си имав задача да работам редактор на „Македонско дело" и да подржам врска со нашите сомишленици во Цариград кој не беја оформени како група а тије беа: Михаил Џирџиков[95], како нешто анархист, виден деец и активен, Атанас Хаџи Николов, анархист, имаше големо доверие во совјетската легација во Цариград и работеше како чиновник во легацијата, имаше оште околу 7 Македонци, за кој не се сеќавам имињата како им беја, беја Санданисти, федералисти.

Покрај овоа требеше да влијаам на мојте блиски и познати преку писмо и сл. кој беја во Бугарија и по други места.

На Влахов беше задачата како главен на Агит-проп за Европа да влијае на европејското општествено мнение преку свој познати кој ги имаше во Европа, тој и редактор на „Македонско дело" и „Балканска федерација".

Владимир Поп Томов беше како организационен секретар и редактор на „Македонско дело" и жива врска да подржа с БКП.

---

[95] Се однесува на Михаил Герџиков (Пловдив, 1871 – Софија, 1941), Бугарин по националност, револуционерен деец, војвода на Македонската револуционерна организација, член на Привременото претставништво на обединетата бивша ВМРО и член на ВМРО (Обединета).

Ризо Ризов требаше да држи врска со свој познати, нарочно во Велес. Тој во Виена дојде од Велес.

Христо Јанков требаше да држи врски со Солун а покасно го пративме и во Солун. Тој беше член на БКП.

Главната работа беше дејство преку агитација и пропаганда.

Барахме содејствија од КПЈ и БКП, а това беше да тие преку нивните канали го распространуват нашиот весник „Македонско дело", тие веднага се сложија и ни даваа содејствија. КПЈ беше по редовна во разнесувањето на весникот. Ние си имавме знак уговорен со нашите луге Македонци кога ке го добијат весникот да ни пишат поздрав со една обична отворена картичка-илустрована /со снимка/. По това знаехме да ли е стигнал весникот на одреденото место, во Велес или Софија и т.н.

Во това време дознахме да КПЈ има став по македонското прашање да това ке се реши уставно после и това само по себе си. Значи е немаа нашата линија и линијата-ставот правилен кој го имаше и БКП. Това се реши во време од 4-5 месеци преписка со Коминтерна, која преписка е водеја Влахов и Черски. Сите преписки и врски тие ги водеа, ние останалите ништо не знаехме. После това КПЈ беше накарана од Коминтерна да свика конференција и земе одреден став. Това КПЈ го стори и публикува да Македонија се признава како оделна нација, оделен народ, така се сврши тој спор.

Занков замина за Албанија за да создаде канал-врска преку Охрид. Тој бараше да го придружува некој. Тогај ние одредивме Мара Меѓдуречка да го придружува до Венеција. Мара во това време студираше во Виена. Кога Занков стигна во Албанија после некоје време ни јави да ли да замине во Охрид нелегален. Ние му рековме да по никоја цена не смеје да оди преку граница бидејки организацијата не беше оште во состојание да се занимава со нелегални, таја беше во период на создавање. За Албанија тој замина легално со пасош.

Кога се врати тој раскраваше не врзуваше ѓом нешто сторил а во сашност ништо не беше направил-не создал канал за Охрид. Моето лично мнение беше да не е отишол ни до границата а се вратил во Тирана.

Во това време во Тирана беше Јефтиќ, полн[омошен] министер на Југославија во правителството-легацијата а Диниќ[96] војни аташе. Занков тогај останал без пари и побарал од Лазо Поповски

[96] Се однесува на Танасие (Таса) Диниќ, подоцнежен шеф на Службата за безбедност на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците.

како наш човек да му даде. Лазо, тарикат имаше пари но не му дал и направил следното: Ујдурдисал некако да се сретнат тројцата заедно Лазо, Диниќ и Занков. И тогај во разговорот Лазо му рекол на Диниќ оти Занков останал без пари, на кое Диниќ извадил и дал преко 20 златни наполеона кој Лазо ги зима и му ги подава на Занков. Покасно ние това го разбрахме од кога си дојде Занков, а он за това нешто не ни кажуваше. Овоа покажува да Лазо и Диниќ имале нешто заеднички та и Занков сега го врзале. Од тогај Чермизов изгуби доверијето према Лазо а исто и ангажира двајца луѓе да го следат Занкова. Во това време Черски беше отиден а на негово место дојде Черемизов. Черски си замина след создавањето на Албански и Косовски комитет. Од тука веќе апла почна навлегувањето на другите об[авештајни] служби во нашето движение.

Центаро[т] во Виена покасно и во Берлин во сашност беше Балкански комитет кој раководеше сите национални и социјални революционерни движења на Балканите, а није бевне една гранка од тој комитет.

Работата станала меѓу Лазо, Диниќ и Занков ја научивме пак преко Лазо Поповски кога го прашавме Занков зашто го сторил това со Диниќ. Занков се правдаше да кога дошол во Виена преко Србија Диниќ му помогнал та му било неудобно во Тирана да избегне срешта со него. Срешта барал Диниќ. Од разговорот, Занков расправаше, да и Диниќ бил за балканска федерација. Занков немаше ништо заедничко со Диниќ кога минал преко Србија, а од Тирана веќе тије си создават врските, но тогај Занков му нема кажано на Диниќ за создавање на канал со Охрид.

Албанија во това време беше важен пукт за Србија, затова беше Диниќ испратен во Тирана. Таму се сукобуваа интересите на италјанската и српска обавештајна служба за влијание во Албанија.

Кога Фан Ноли[97] беше на власт во Албанија српската и италјанската разузнавателна служба имале добро востановено агенти во Албанија. Но Совјетите преку свој хора уредиле да Фан Ноли успостави дипломатически односи со СССР. Пред самото надвечерије на създавањето на дипломатическите одношенија со СССР го свалија Фан Ноли и со помоќ на српската разузнавателна служба дојде на власт Ахмет Зогу[98]. Србите го донесоја Зогу. До

[97] Фан Стилијан Ноли (1882-1965), албански политичар и државник, пратеник во првиот Албански парламент, претседател на владата на Албанија (1921-1924), од 1930 г. живеел во емиграција во САД.

[98] Ахмед Зогу (1895-1961), албански политички и државен деец. Бил премиер (1922-1924), претседател (1925) и крал на Албанија (1928-1939).

тогај Зогу беше во Виена. Тогај Совјетите-Черски се опитал да привржe за себе Ахмет Зогу, иначе тие подржале врски-се сретнувале, но неможеле да направат ништо, бидејки Зогу бил повеќе наклонен кон запад а не кон болшевизма. Од кога Зогу дојде на власт во Албанија тогај Диниќ отиде во Тирана како војни аташе. Но италјанската разузнавателна служба по јака, од како дојде Зогу, тој се преоријентира кон Италија. Зогу им го сврте грбот на Србите. После това Јефтиќ дојде за полномоштен министер во Виена. Тогај нашето движеније почна да оживува и Србите се оријентира кон нас. Почнаја да превзимат мерки за продирање во нашите среди.

Во това време под влијаније на италјанското разузнавање ВМРО на Т. Александров се опитваше да се споразумее со Албанците-со Зогу за да преко Албанија подржат врски со Западна Македонија и да можат да праќат чети. За таја цел беше испратен во Италија Протогеров, кој подржаше врски со потполковник Лади[99], шеф на италјанското разузнавање. Протогеров тогај беше отиден и во Тирана за уредување на това споразумение. Но благодарение на Совјетите-на Черски го одрпнаа од Итаљаните и не дојде до подлабоки врски со Итаљаните. Дури Протогеров оште беше во Италија при потполковник Лади кога делегацијата со Влахов заминаваше за СССР.

След идењето на Зогов[100] во Албанија во Виена се создадоа од Совјетите Косовски и Албански комитети. На албанскиот комитет на чело беа: Фан Ноли, Бедри Пејани, Константин Бошњаку и други, а во Косовскиот беја: Ибраим Џакова, Асан Приштина и сите емигранти и др. Од како дојде Зогу на власт албанските дејатели сакаја да прават преврат да го смакнат Зогуа. Тогај Черемизов ме праќаше во Задар да се сретнам со тије дејатели, да ги разубедам да не прават ништо, бидејки нема да успеат. Совјетите ќе ги помогнат со пари, оружје и друго и ако е земат власта тије уште утре ќе морат да се определат кон Италија или Србија, та затова безсмисол е да се сега прави таквое нешто. Јас не отидов бидејки ги најдовме во Австрија и така недојде до тој преврат.

Сите албански дејатели, емигранти со различни убеждения и луѓе на разни разузнавателни служби се дружеа заедно, не беше како кај нас. Није по меѓусебе не се движевме, бидејки се сметавме како идеолошки непријатели.

---

[99] Се мисли на Еторе Луиѓи Лоди, офицер на италијанската воена разузнавачка служба.
[100] Се мисли на Ахмед Зогу.

Није како главни ги знаевме од српското разузнавање Диниќ и Жика Лазиќ.

Првиот опит на Србите да се вмкнат меѓу нас беќе 1926 година, кога го испратиле од Белгад во Виена Јане, од Серско, емигрант во Белград. Јане беше најблизок на Тодор Паница. Кога дојде Јане во Виена Паница веќе беше убијен и он како близок на Паница се настани да живее во куќата на г- џа Паница, није је викавне „Дада“. Није пак од Ц.К. на ВМРО /обединена/ стално ходевме кај Дада на муабет. Често при Дада одеја Христо Јанков и Ризо Ризов. Тамо од разговорите меѓу себе и со Дада овај Јане научувал работи и доставувал доклади на Белград. Тој некој нарочни работи не е могол да нучи, но се пак научаваше општите работи. Од Белград во Виена идеа Христо Стојанов, бивш министер на внатрешни работи и Неделко Атанасов, бивш министер за железниците во Бугарија, за да се сретнуват со некој дејатели на БКП. Тије беја земеделци. Они кога идеа и казаа отворено дека тој Јане е агент на Србите. Није до тогај не се смњававме во него. Од тогај није повеќе внимававме во разговорите кога е Јане присутен.

Србите знаеха дека Филип Атанасов е скаран со Влахов и не му се добри односите со Русите, та преку него се опитале, нештто да научат. Филип Атанасов пак не знаеше за нашите работи, оти није криевме од него, но се пак по нештто научавале од Филип Атанасов, бидејки Советите не прекснаа наполно со него врските.

На крајот веќе дојдоа во Виена Христо Стојанов и Неделко Атанасов, ни понудија пари кој ќе ги добиваме од Чехија. Това беше во сашност од Србите. Парите ни ги нудеа да отпочнеме борба против Иван Михајлов и да го отепаме, оти иначе тој нас ќе не отепа. Ние това предложеније го одбивме и ако тије настојаваја. Сакаа да не купат за српското разузнавање. Оваа работа ја казавме на Черемизов и тој и рече да е това цел на Србите да исползуват и не компромитират пред луѓето па да не сметат како агенти. Није пак наивно на това гледавме, мислевме оти Стојанов и Неделко сакат да прават гишефти. Од Србите да зимат повеќе пари а нас да ни дават помалку та така тије да печалат.

Диниќ и преко Лазо Поповски, кој што беше во Тирана, научаваше работи. Лазо Поповски даваше и на Черемизов ценни сведенија од Албанија. Лазо Поповски беше плаќан како агент од Черемизов. Диниќ од Лазо Поповски се интересирал за бугарската легација, после тој беше близок со нас а и му е давал работи на Диниќа и за Совјетите. Совјетите това го знаеха да Поповски подржа врски со Диниќа, но не го острануваа од себе ами држеха многу на него. Поповски е имал и неколку срешти со Ахмет Зогу,

со знанието на Черемизов. Во првата половина на 1927 година Лазо Поповски му уредил срешта на Диниќ со Черемизов во Виена. Диниќ тогај дојде во Виена кај Черемизов да се интересува да ли Совјетите не е превзимале некоја акција да го убијат крал Александар, како што тије се научиле. Черемизов ни раскраваше да тогај на Диниќ му доказал теоретски и со документи да тије не се бават со терористички акции. Тогај му дал на Диниќа оригинал документ во кој се гледало да некој виши раководител од Српската полиција примал пари од ИС. За кого се е тој документ односел не се секјавам.

Кон крајот на 1926 година или во началото на 1927 година меѓу Италија и Албанија се скључил некој таен договор та Поповски дошол до тој документ и го даде на Черемизов. Черемизов од това беше многу доволен.

И Диниќ знаеше да Поповски работи и за Советите. Но тој си го ползува по македонски работи, да му каже нешто што ке научи од нас. Ние пак најмногу држехме на това да не научат нешто организационо, да не научат кој луѓе ги имаме долу во Македонија кај Србите. Еднаш дојде во Виена, 1926 година Панко Брашнаров и това преку врски на КПЈ и веднага после враќањето му го затвориле Србите. Панко дојде во Виена за да му се дадат инструкции што да се работи и како во Велес и Македонија. Него го сметавме како непровозгласен член на Ц.К. на ВМРО /обединена/. Та по това се гледа да Србите имале добро организирана разузнавателна служба. По добра имаха од Бугарите.

Лазо Поповски го контролираше во Албанија Албанскиот комитет што и како работи. Тој това го правеше за сметка на Черемизов. Еднаш Зогу му рекол на Поповски да се плаши единствено од Хасан Приштина, бидејки е тој поенергичен и солиден борец, а од другите ни хабер си нема, другите ги смета за безвредни како Фан Ноли и др. И наскоро кога Хасан Приштина се насели во Солун, след 1930 година, Ахмет Зогу му организира атентат и така го уби. Хасан Приштина кога дојде во Солун тој веќе немаше никакви врски со Совјетите, ами беше исключиво италјански агент, наполно беше спечелен од Итаљаните.

Диниќ кога беше во Виена тој тогај си создаде потесни врски со Занков и од тогај веќе Занков почна да работи за Србите. Черемизов кога виде таја работа ангажираше луѓе да го следа Занкова каде оди и што работи. Занков и во Виена преку Поповски дојде во врска со Диниќ. Поповски и Диниќ тогај заедно дојдоа во Виена. Черемизов пак му даде тогај на Поповски 100 долара за да арчи со Диниќа по шантаните и т.н.

Занков некоја нарочна врска со Диниќа немаше. Но во това време веќе односите меѓу Влахов и Занков беа расклатени, та Занков се охладуваше од ВМРО /обединена/. Покасно веќе се оживеа врските на Занков со Србите и со Филип Атанасов, такада беа изпратени во Цариград есента на 1929 година на нашата конференција, која е праевме во Цариград. Тије беа испратени од Србите. За това није бевне известени со писмо од Берлин од Ѓорѓи Димитров и од Черски. Јас знаех за Филип Атанасов и Занков овије работи, но немаше што да се прави. Тије имаа врски и свој групи во Бугарија. Тамо беа извесни. И ако таја конференција во Цариград се одржаше без ниф, тогај ќе беше това конференција на неколку личности. Немаше да има своја важност и вистина.

Еднаш Занков, порано, без да знае никој, тргнал од Виена во Румунија и на брегот на Дунав некаде, во Румунија се сретнал со некој видни свој луѓе и разговарал по положенијето. Од нив се научил да има роптаење во Бугарија меѓу членовите на ВМРО/обединена/ за това што целата раководна роља во организацијата, од горе до доле, е зима БКП, членовите на Партијата, а безпартијните пак служат за подметки, како фирма. Во сашост пак и едните и другите се исложени на еднаква опасност и одговорност.

Оште во началото, след оформувањето на Ц.К. на ВМРО /Обединена/ јас бех испратен во Праг-Чехија да направам анкета од по видни општественици за разрешенијето на балканската федерација и македонскиот вопрос. Бех пратен под форма како лице од весник „Балканска федерација“. Такви анкети се правеха скоро во сите државни, но писмено. А јас отидов во Праг лично да свршам таја работа. Во Праг вршех работата со содејствије на „Нарстуд“ – Студенско дружество комунисти. Во разговорите со Шмерал, Нидерле проф. Херман Козак и други се изјасниха за нашата линија и програма усно, но несакаха да дадат писмено и да се това публикува. А ни дадоха анкети: Зденек Недли, Бартошек и шефот на социјал-демократската партија и други. Крамаш и Бенеш не дадоха никакви анкети и не ме приеха дори да разговарам, а вопросниците написани им се дадоа.

После издадохме книгата „Измениците на македонското дело“[101], беше отпечатена во Праг. Преведена беше на француски. После печатењето е преведовме во Виена во сандаци спакована како стока и од тука е растуривме. Печатена беше во неколку хиљади примери. Истата беше написана од Димитар Влахов, кој не

[101] Се однесува на брошурата на Димитар Влахов „Предавниците на македонското дело“, издадена во Прага, во 1926 г.

позвољаваше да се прават корекции од нас, од членовите на ВМРО /обединена/ по вопросот за создавање на емигранскиот сојуз при БРП 1919 година, кој сојуз беше создаден неправилно. Во истата книга ги издадовме и факсимилите за „Мајскиот манифест“, „Декларациите на ВМРО“ и т.н. Книгата беше издадена од Ц.К. ВМРО /обединена/.

Како напре што реков, после издавањето на книгата „Измениците на Македонското дело“ настана несогласије меѓу партијни и безпартијни. Това се заоштруваше се повеќе како горе меѓу нас, така и долу меѓу членовите. Тогај 1927 година бевме испратени од Черемизов како делегати во СССР за прославата на 10 годишнината од Октомбријската революција. И решихме да ги искористиме случајот и го разгледаме и расчистиме нашето прашање во Москва. Заминахме: Јас-Шатев, Занков и Влахов. По случај на прославата заминаа и од другите комитети национални и революционарни партии како делегати во Москва. Од Албанците беа: Фан Ноли и Бедри Пејани и Константин Бошњаку, од Косовците Ибраим Џакова и уште еден, од Добруџани двајца. Отделно си заминавме групите. Није Македонците заминавме со фалшиви пашпорти и со други имиња. Јас имах некоје француско име, за које не се сеќавам. Занков и Влахов имаа други имиња, но не француски, кој, не се сеќавам. Није отидовме преку Берлин, през коридорот низ Пољска и дојдовме во Рига – Естонија. Патувавме со воз до Рига и од тука пак со воз до Москва преку Минск. На границата во СССР не ни правеха претрес, а само весниците ни ги зедоха, се гледаше да тие веќе беха известени за нас. Кога стигнавме во Москва на гарата Влахов почна да говори со еден и од тука не одведоа со пајтон во хотел близо до новата пошта. Во това време се вршеа припремите за празникот т.е. два дена траеше това празнуење, минаваа парадите и др. После това, после два дена се откри конгресот на пријателите на СССР. Делегати на конгресот имаше од цел свет. Делегатите бева повеќе кооператори и други, а малку имаше комунисти. Конгресот траеше 6-7 дена и сите големци – раководители држеа речови, сем Стаљин и Чичерин, тије и на конгресот не дојдоа. Кога сврши конгресот тогај Черски се јави при нас и не заведе две вечери по ред дома при Александровиќ Трилисер. Првата вечер изгледа бил зает Менжински но втората вечер и тој дојде, каде остана со нас до два саат после полноќ. Разговорите беа околу нашите спорови. Јас казах да није неможеме да се развијеме во помасова организација, бидејки партијците сакат да завземат раковотството а безпартијните ги третират нешто како најемници. Тије рекоа да није сме национална организација и не класова-кому-

нистичка. Воглавом тије мојата линија је поткрепија. Лично јас не го сметав да е това линија на БКП а го мислев да е това од самиот Влахов, го одавав на неговиот карактер. Покасно разбрах да е това било линија на БКП. Од тука владее мнението да е ВМРО /обединена/ создадена од БКП, а това не е верно. На ова срешта во Москва со Трилисер и Менжински разбрав веќе оти није имаме работа со ГПУ а не со Коминтерната или Министерство на надворешни работи. Тије тогај ми предложија да свикаме конгрес и да видиме кој ќе добие. Тије ќе подржат болшеството, организацијата а не пооделни личности. За целото време Черски опслужваше околу масата. Категорично тогај ни рекова да имаме работа со државата и рекоа да за конгресот ќе отступат пари колку требе. Није се задржавме во СССР еден месец. За това време отидовме во клубот на СКП/б/[102] при Стаљин на разговор. Но тој тогај излезе, бидејки имал работа, та така со него не разговаравме. А го беше оставил неговиот секретар Дименштајнх, кој ни го објасни националното прашање и ни предлагаше да отидеме на Кавказ да видиме конкретно како е разрешено конкретно кај ниф националното прашање. Но није не отидовме никаде. Тогај тије беа зафатени околу припремите на XV конкрес на СКП/б/. Во времето на конгресот није бевне во СССР и не одведоа на конгресот.

Сите делегати дојдени на прославата од иностранство ги шетаа по СССР да се конкретно запознаат со работите кој ги интересуват а не им држеа теории. Јас сам со друга група отидов во Лељинград да го видам градот, се задржах ден и половина. Влахов стоеше во Москва. Бркаше работа со Ѓорѓи Димитров, Коминтерна. Тој беше известен таму како голема глава и беше најдоверен.

Тије нашите несугласици ги сметаа меѓу мене и Влахов. Мене како водач на безпартијните а Влахов од партијните, но разбраа да се несугласиците и долу меѓу членовите. Тије знаеха кој колку чиниме. Знаеа колку вредам од безпартијните јас.

На Балканската делегација кој отидовме за празникот во СССР Влахов беше како шеф – водач.

После сите овије работи се вративне во Виена по нова година 1928 година по истиот пат. На излевањето од СССР на границата ни зедова визата за одењето во СССР која беше на отделно парче книга. Не беше на самиот пашпорт. После това неможеше да се знае да ли сме биле во СССР. Пашпортот мој беше фалшифициран како да беше издаден од Париз.

[102] Се мисли на Руската комунистичка партија (болшевици) (РКП/б/).

После враќањето од Москва навративне во Виена. Руководиоц на центарот беше уште Черемизов. Немина една до две недели Черемизов ми саопшти на мене, Димитар Влахов, Владимир Поп Томов Ризо Ризов, Димитар Арнаудов, Христо Јанков, Стојан Терзијев[103], Клев, шура на Влахов, сега во Скопје, и други од Македонците да заминиме за Берлин. Од Албанците требаше да заминат Фан Ноли, бившиот председник на владата на Албанија и други од албанскиот комитет, док од Косовскиот комитет требаше да се преместат за Берлин Ибраим Ѓакова, бивши турски официр и уште две до три лица од истиот комитет за имињата на кој не се сеќам. Од Добружанскиот комитет исто заминаја двајца Добружани имињата на кој исто не си спомнувам. Останалите лица кој останаја во Виена работеја углавном како административци на весниците „Македонско дело" и „Балканска федерација". Тие беа слабо извесни студенти и други, не пројавени као такви, односно познати на аустријската власт. Тие останаја таму зато што за натаму углавном од технички разлози штампањето и издавањето на горе означените весници се реши да се врши во Виена.

На вопросите од наша страна зошто се местиме од Виена бидејки да животот во Берлин беше двојно поскап, јасно и определено не ни се одговори од совјетите, само ни се потцрта да парите не играат улога. По околни патишта во разговори едни од други научихме да аустријската влада неможела да не трпи због натискот спроведуван од страна на Југославија и Чехословачка по пат на политички интевенцији, екомско ограничавање и др. Како друг разлог можеше да се земе и следниот факт: како што имах изнесено порано во излагањето меѓу македонските емигранти неискључувајки ги и Албанците, почнаја да продират углавном бившата југословенска и италијанска об[авештајна] служба које е, разбира се, не им инпунираше на Совјетите и тије беа принудени да ги контролират довчерашните свој сарадници /случај со Георги Занков/. Совјетите да би ги прекинале овије продори ради сигурност по наше предположеније ги превзедоја овије мерки, наиме иселување од Виена и преместување во Берлин поголем и поодалечен град.

Черемизов, кој, како што имам наведено, присуствуваше на нашите састанци и лично ни го саопшти ова решење.

През април месец 1928 година сите горе наведени заминахме за Берлин. Заедно со нас заминаа и преставниците на Компартиите-Балкански. Така ускоро во Берлин дојде и Ѓорѓи Димитров.

---

[103] Веројатно се однесува на Наум Терзијанов.

**Што работевте во Берлин, кога се одржа конференција на ВМРО обединена и какви решенија беа донесени?**

Со доваѓањето во Берлин работата во организацијата беше распределена исто така како во Беч. Димитар Влахов си остана главен редактор на весникот „Балканска федерација“ и одговорен по пропагандата во Европа, која се спроведеше преку разни општественици, друштва и др., важно врски добивени преку Совјетите. Владимир Поп Томов и јас /Павле Шатев/ редактори на весникот „Македонско дело“. Писаните статии од наша страна се препраќаја во Виена, каде се отштампаваја и се доставуваа понатаму во внатрешноста преку Совјетите, односно везите на Компартиите. Останалите членови на организацијата ги подржаја старите врски успоставени од порано, кој беа држани од Виена. Конкретно Ризо Ризов со Велес, Димитар Арнаудов-санданист со Пиринско, Христо Јанков со негови пријатели комунисти во Берлин и свој врски во Солун, каде е бил през време „Хуријетот“.

Секретар на ВМРО обединена си остана Владимир Поп Томов, кој и натаму ја водеше организационата работа – строго конспиративно – и подржаше врски со бугарската комунистичка партија. Што се односеше до врските со југословенската и грчката компартија тије се успоставуваја и подржаја преку центарот со кој руководеше во това време Черски. Черемизов беше заминал за Сов[ветскиот] Сојуз. През ова време наши организации постојеја во следните места: Виена, Париз, Цариград, Сев[ерна] Америка и организациите во Пиринска и Вардарска Македонија – во поголемите градови. Во Виена руководеја студенти, се сеќам еден агроном Димо и др. кој останаја таму после нашето заминување као: студенттот Шулев од Велес, Јордан родом од Кавадарско и др. Во Париз беше еден адвокат, Македонец, не му помнам името, некој Јордан ..., Грашев од Прилеп, Страхил Христов, сега заболекар во Софија, беја таму доста но сум ги изумил. Тије скоро сите емигрираја после убиството на Тодор Александров. Че пропуштев да во Париз делуваше и Хаџи Риндов, кој подоцна, поврзувајки се со Терзијев во Белград, стана ренегат, т.е. се стави на услуга на бившата југословенска власт. Во Цариград раководеја: Атанас Хаџи Николов, Мишел Герџиков и уште 2-3 лица од Пиринска Македонија. Во Америка ми беја познати Пирински и Ковачев, кој работеја заедно со Смиле Војданов и др. Тије развија доста добра

работа, создадоја свој весник и голем дел од емиграцијата неја успели да ја обухватат.

Пошто постојеја организации во Пиринска и Вардарска Македонија за делатноста на кој слабо бехме запознати, а се налагаше да се разгледат нивните потреби и сл., како и укаже помоќ, донесохме решение да се испратат по нелегален пат некој лица кој би ја разгледале работата. Во Бугарија, односно Пиринска Македонија се испрати Георги Караџов, родом од с. Белица, разлошко. Овој дојде од Москва, каде је бил на некоја специјална конспиративна школа, веројатно по обавештајна линија, но не кажуваја така. Тој, нелегално, ја поминал цела Пиринска Македонија, не исклучувајки е и Софија. Од негова страна во Софискиот комитет на ВМРО обединена, значи во комитетот на трета революциона област – Пиринска Македонија и емиграцијата во Бугарија, бил поставен за раководител Симеон Кавракиров, кого подоцна го отераја ванчовистите и го убија. Георги Караџов кога се врати во Берлин поднесе извештај за овие работи и после това не знам што стана со него.

Према излагањето на Владимир Поп Томов, во I-ва революциона област, т.е. Вардарска Македонија, самата организација му е саопштила да немале могуќности да укриват нелегални лица, та затоа не се налагало испраќање на такво лице и поради това никој не беше испратен.

За другата револуциона област – Егејска Македонија, каде до това време немахме створено организации, беше испратен Христо Јанков. Тој замина за Солун, каде образувал некој комитет од негови познати, кој комитет останувало да се сврзе со грчката партија. Како што докладваше Јанков, населенијето по воденско и др. места клонело кон Битола, односно југословенската власт и сакале присаединување кон Југославија, така да таја работа се остави така.

Во меѓувреме се отштампа и книгата „Измениците на македонското дело", која беше преведена и отштампана на француски. Почнаја, исто така, и припремите за конгресот, пошто од Москва ни беше јавено да само конгрес може да ги изглади нашиве недоразуменија и спорови измеѓу партијците и непартијците и по тој начин самата организација ќе се омасовела.

Во врска со припремите за конгресот беше одржан састанак на раководното тело на организацијата во које влегувахме: Димитар Влахов, Владимир Поп Томов, Павел Шатев, Ризо Ризов, Димитар Арнаудов, Христо Јанков, Георги Занков се реши да не присаствува на овој састанак, бидејки да веќ беше компромитиран поради врските му со бив[шата] југословенска об[авештајна] служба. На

овој стастанак се реши да Цариградската организација испрати двајца делегати, Паризката 3, од прва револуциона област 6, трета революциона област 6, додека за Америка, друга револуциона област, Виена и др. места се донесе решење да не испраќат делегати. Од Америка поради далечината и разноските, а од останалите затоа што стварно и немахме јаки организации. Ипак се остави на секретарот да према потреба и према могућностите може да покани по еден од останалите места. На секретарот Владимир Поп Томов во заедница со Димитар Влахов му се постави во задаток да го определат местото и времето за конгресот, како и ги обавестат организациите, кој да си изберат свој делегати и ги испратат, омогућувајки му материјални средства и сл.

През месец јули 1929 год. после доваѓањето на делегатите се одржа конгресот во Берлин – конспиративно. На конгресот беја присутни околу 15-16 души. Се реши да од страна на компартиите на Југославија, Бугарија и Грција се испратат делегати да присаствуват на конгресот без право на глас. Еден ден преди да се отвори конгресот се саопшти оти делегатите на прва револуциона област – Вардарска Македонија – на број 6 души неможат да пристигнат, пошто наступила некоја провала и аустриската граница не можела да ја минат, така да биле принудени да се вратат назад. Ова беше саопштено од Владимир Поп Томов. Останахме суте очудени и се постави прашањето да ли да се нарече конгрес или не. Се сложихме да се нарече „Прва обшта конференција на ВМРО обединена“. Така се откри конференцијата. Од страна на бугарската компартија присаствуваше Георги Димитров и Петар Глигоров – Димитров само на првиот састанак. Имаше преставители и на југословенската компартија, а и на грчката, но тије беја со псеудоними, така да не ги познавам. Знам да Гркот беше некој работник.

Колку се сеќам, изузев членовите на централниот комитет на ВМРО обединена, присаствуваја и следните лица: Атанас Хаџи Николов од Цариград, Јордан Анастасов, Страхил Христов[104] и адвокатот од Неврокоп[105] – сите од Париз, Борис[106] и уште 5 души од Бугарија[107], повеќето од ним дојдени со псеудоними, и др.

---

[104] Се мисли на Васил Христов.

[105] Се однесува на Н. Разлогов, кој бил претставник на ВМРО (Обединета) од Париз.

[106] Веројатно се мисли на Борис Михов, претставник на ВМРО (Обединета) на Конференцијата од Пиринска Македонија.

[107] Претставници на ВМРО (Обединета) на Конференцијата од Бугарија биле двајца, Борис Михов и Михаил Сматракалев.

После отварањето на конференцијата, од кога секретарот Владимир Поп Томов поднесе извештај /изложение/ за работата на организацијата, во кој истакна за помоќта на бугарската и југословенската компартија, бехме поздравени од делегатите на трите компартији – југословенската, бугарската и грчката.

Од името на БРП/к/ конференцијата е поздрави Георги Димитров. Од како сврши дискусијата по изложението на секретарот се реши за полесна и побрза работа да се преустрои централниот комитет на организацијата као прво, организационата резолуција да не се публикува као друго и треќе да се изберат две комисији од кој едната по резолуциите, а другата кандидациона. Овије комисији беја одмах избрани. Во кандидационата комисија – листата на која је предложи Владимир Поп Томов, беја избрани: Ризо Ризов, Страхил Христов и Борис, член на КП од III революциона област. Значи во комисијата беја избрани 2 непартијни и еден партиен. Во комисијата за резолуциите знам да влегуваја Димитар Влахов и Димитар Арнаудов. Овије резолуцији беја унапред припремени од ЦК на ВМРО обединена, само остануваше а това ако во дискусијите се допуни нешто или измени. Од како се ова сврши се прејде на идејно-политичкиот дел. Пред да почнат самите дебати по политичката резолуција делегатите од III революциона област донесоја неколку броја од весникот на ВМРО на Ванчо Михајлов „Слобода или смрт“. Во овој број има публикувано факсимил, извлечение од рапортот на Димитар Влахов упатен до ЦК на ВМРО на Тодор Александров после враќањето му од Москва. Во овој чланак Влахов се оштро нападаше и се питаше кога тој ја говорел вистината, да ли 1924 год., или сега. Ќе се задржам на овој случај подетаљно.

Влахов кога се врати од Москва заедно со Монев, сам упатил рапорт до ВМРО на Тодор Александров и еден примерак до ЦК на БРП/к/. Во рапортот кој го пратил до Тодор Александров, прилично долг, тој је опишал организацијата пред Русите као една од најголемите на Балканот и цела Европа, доста масова, која со својот утицај, односно революционарност ја революционизирала бугарската армија, преку која бил изведен и превратот против Стамболиски. Ова излагање на Влахов, како што пишел во рапортот, било одобрено од Совјетите. Во рапортот испратен до ЦК на БРП/к/ се избегнати горе изнесените моменти, наиме да ВМРО на Тодор Александров била најјака и една од најмасовните организацији на Балканот и др. Лицето Стојан Терзијанов[108], кој остана во

[108] Се мисли на Наум Терзијанов.

Виена, преку Димо Хаџи Димов кој углавном во ЦК на БРП/к/ одговараше по македонска линија, пред да биди рапортот доставен до ЦК го зема и го прочитува. Како во това време во весникот на ВМРО на Тодор Александров испаѓат чланакот за Влахов со извлечение во факсилим за работата на истиот, тој установува да извесни работи не се внесени во двата рапорта. Рапортите на Влахов, што на него не му беше уобичајено, беја писани на рака, та тој фак неможеше никако да се оспори. После кратко време од како започна конференцијата Терзијанов ми упати едно писмо, во које беја обухватени углавном 5 тачки. Во ова писмо јасно беше одцртан Влахов како дволичен човек и безкарактерен и као таков уопште да не одговара за руководиоц на една таква организација. Чим го добих ова писмо, одмах на два дена пред да се преjди на идејно-политичката дискусија, го депозирах на конференцијата.

Во меѓувреме се сретнах со Черски и Георги Димитров, кој ме обавестија да ќе дојдат при мене дома да ме посетат, како би разговарале по некој питања. На одреденото време тачно во 14 часот дојде Черски сам. Неговото појединачно доваѓање го објасних со мотивација да за него како дипломатски претставник не било рискантно да дојдат заједно со Георги Димитров, кој во това време беше нелегален, али да било рискантно за Георги Димитров. Уствари работата се састојеше во следното: Черски ми објасни да на негово место за раководител на балканскиот центар ќе остане Георги Димитров, али да он и покрај това ќе имал дипломатска должност во посланството. Затоа, бидејки јас ќе соработувам со тој центар требело да му доставувам подаци за работата на Георги Димитров, што значи да Черски го контролираше Димитрова. Во ова време на Георги Димитров му беше расклатено положението. Против него постојеше јака опозиција од бугарските комунисти-емигранти во СССР, а и во Бугарија. Тије беја во веќина од помладите генерацији. Во Москва како поистакнат беше Искров. Под натиск на овије, а бидејки да при септемврискотo востание се направија грешки и др. пред и след востанието, које се све струпа на старото раководство на чело со Георги Димитров, Совјетите беја принудени да го повлечат од Коминтерна. Као резултат на това и дојде неговото поставување за раководител на балканскиот центар.

И до ден денеска не ми је јасно зашто Черски је спроведуваше ова линија према Георги Димитров, да ли по линија на Г.П.У. или Коминтерна не установих. Со Черски, како што тој ми беше најавил да ќе дојди през август месец 1929 год. /28 август/, не се видох пошто веќ бех заминал за Цариград. Од како го завршихме овој

разговор со Черски, после пола сат дојде Георги Димитров. Отпочнахме разговор по организацијата. Тије ми поставиа питање за мојот став на конференцијата. Му објасних да го заступам становиштето да Георги Занков отпадни од раководното тело. Д-р Филип Атанасов, и покрај неискреноста во однос на соработката му со Совјетите, да се прими за член на организацијата и Димитар Влахов да отпадни од централниот комитет а си остане као редактор на весникот „Балканска федерација“, одговорен по агитацијата и сл. За Д-р Атанасов и Георги Занков го поставих прашањето на таква осова, како иститe не би постанале ренегати, што беше случај порано со Хаџи Риндов, Глигор Циклев, Стојан Мишев и др. кој, подгонети од Александров, станаја орудја на бившата југословенска власт. На овије мој поставки Черски и Георги Димитров се сложиа и на другиот ден се прими за член на организацијата Д-р Атанасов, а Георги Занков беше оставен за обичен член. Черски и Георги Димитров особено се интересуваја како ќе биди примена идејната платформа. Мојето мишљење беше това да тука нема да има никакви идејни принципијелни различија, које се потврди и на самата конференција. Сето това се мина во еднодушије.

Е сега, по прашањето на изборот на раководно тело наведох да се реши преустројство на централниот комитет. Согласно ова решење требаше да се избери задгранично биро, које ќе биди саставни дел од идниот ЦК во износ на 3 лица. Ова биро истовремено требаше да служи и како задгранично претставителство. Иначе целиот централен кмитет, вкључително со бирото од 3 члена, требаше да се состоји од 11 члена од кој 3 задгранично биро, 3 од I револуциона област, 2 од II револуциона област и 3 од III рев[олуциона] област. Задграничното биро има право во секоје време да се состанува со членовите на револуционата област поједиництно. Членовите на ЦК од револуциоите области требаше да бидат изабрани од тамошните организацији. Еден пат годишно, се донесе заклjучение, да се собира целиот централен комитет во полн састав. Као последно решение се зеде това да сите останали, а не бехме малку, изузев членовите на задграничното биро, да заминат кој каде може да најде работа, бидејки 2/3 од буџетот на организацијата одеше на издршки на членовите на истата. Во това време во Германија постоеше закон да на страни државјани не им се дава работа. Ова решение се донесе еднодушно со полна согласност на сите.

За време на заседанијата на конференцијата дознах да од страна на кандидационата комисија во почетакот била донесена желба во која сме биле предвидени во задграничното биро јас

/Шатев/, Владимир Поп Томов и Јордан Анастасов, кој до тогај беше во Париз. Значи два непартијни – јас и Јордан и еден партиен – Владимир Поп Томов. Се сетих да за ова решение мене ми саопшти Ризо Ризов, кој од своја страна истото му го саопштил и на Влахов. Подоцна, гледајки ја Влахов ова работа го постави прашањето на следниот начин – да ако тој не биди изабран во раководството ќе останел као најемник на Совјетите и со това ќе му се дајела могуќност на непријателите – ванчовистите и др. да го раскринкават. Ова питање Влахов го је поставил пред Черски и Георги Димитров, кој од своја страна почнале да влијајат во това направление. Така било одменето това решение и во местата за задграничното биро беја предложени Димитар Влахов, Владимир Поп Тоов и Јордан Анастасов – два партијци и еден непартиен. За да се прими оваја листа Георги Дидмитров се је лично умешал со това што му је на Стојан Терзијанов поставил да го опозове писмото упатено по адрес на Влахов, које го јас депозирах. Терзијанов је одбил како член на КП ова директива на Димитров со таја мотивација да као таков /член на КП/ бил отдаден на едно национално революционо движеније и да је ослободен од строго класова линија во рамките на партијата – побрзо затоа што и прекорачувањето на таја линија би означавало одење преку својата совест. Кога Димитров му је заповедал као член на ЦК БРП/к/ истото го је одбил не раководејки се од ауторитетот на Димитров, пак под горната мотивација. Така писмото остана неопозвано.

Во меѓувреме од како сознав да не влегувам во листата за избор, а влегува Димитар Влахов, имах еден разговор со Георги Димитров. Во това време Черски си беше веќе заминал. При овој разговор Георги Димитров ми достави на знаење да ќе треба да останам во Берлин на работа при него и да ништо обшто не ќе имам со другите – мислеше со бирото на ВМРО обединена. Тој, како што се изјасни, настојавал за тоа, пошто слабо го познавал Балканот па јас сум можел да му помогнам во тој однос. На това се супроставих изјаснувајки се да преди се сакам да делувам као македонски революционер по македонска линија, напоменувајки му да и тој не се влечи по Влахов затоа што сматрам да тој ќе ја компромитира неговата мисија. На ова Димитров се наљути и бидејки да му рекох порано да со Влахов не би влегол никогаш во едно раководно тело – раководејки се од досегашното искуство, почна да ми говори да како интелигентан човек не би требело така да поступам и сл. Се заврши со тоа што на Георги Димитров не му успеја да ме склони и мене како што не успе со Терзијанов. На Димитров при овој састанак не му рекох ништо во врска со задата-

кот, кој ми го постави Черски во одос на него, нито пак му го казах това на Димитрова подоцна. Од своја страна овој задатак на Черски во врска со контролата на работата на Димитров на мене остави лош утисак – понизателен да бидам во средината и го шпијунирам Георги Димитров, виден революционер.

Пред да почни дискусијата, односно да се прејди на изборот на раководството, му се поставија прашања на Влахов во врска со публикуваните факсимили од ванчовистите на неговиот рапорт испратен до истите. Јас напоменах да во органот на ВМРО ванчовисти „Слобода или смрт“ се поставија прашања кога Влахов е говорел истината да ли 1924 год. или после, 1925 год., т.е. след убиството на Тодор Александров. Казав да Влахов след враќањето од Москва во својот рапорт да го је направил ВМРО на Тодор Александров као најмасовна революционарна организација и сл., а после 1925 год. ги најоштро напаѓаше истите као убијци, плаќеници и сл. На поставените питања Влахов мораше да одговори. Исто така Влахов мораше да одговори и на писмото које го јас депозирах на Терзијанов. После думите од негова страна да со това се целело крњењето на неговиот ауторитет и революционен морал тој го прочете рапортот упатен до ВМРО на Тодор Александров написан на писаќа машина. Во овој рапорт кој Влахов го прочете беја пропуштени работите унесени во рапортот, кој го тој упатил до ВМРО на Тодор Александров, а кој работи беја изнесени во факсимил ракописно во органот на ВМРО на Тодор Александров „Слобода или смрт“. Кога му беја показани тије факсимили на Влахов-ракописни, тој мораше да признаје да е тоа негов ракопис, така да во говорењето /одбраната/ уопште не беше убедителен. На това се сврши. След тоа јас зедох да говорам по прашањето зошто Влахов не треба да биди изабран во задграничното биро. Нагласих да јас лично не сакам да бидам изабран, нагласувајки да исто така лично немам ништо против него. Влахов го оцртах као лош по карактер, кој не ги привлекува луѓето, а ги одстранува, на које се должело ограничувањето на организацијата, недостаток на масовност и сл. на основу које и бесполезно било и трошење толку финансиски средства. Значи на Влахов не му је оспоравах неговата революционарност, способост и др., но тој као човек беше егоист, не трпеше никаква критика и сл. Го заступах становиштето да тој /Влахов/ може да си остане као главен редактор на весникот и одговорен по пропагандата во Европа, али никако да биди изабран во бирото на ВМРО обединена. Во мојето крајно излагање јас му прочитах извадци од делата на Лењина во кој се говори каков требе да биди еден раководител, познат во масите, човекољубив и

др. Како не би го изопачиле ова изложение, јас му скренав пажња на стенографите да запрат, пошто наводно го имам написано, па нема зошто поново да влагат труд, затоа што истото ќе му го приложам отштампано. След това од страна на присутните на конференцијата бех критикуван као смешен, дребно-буржоаз и сл. во које се напаѓаја и изложенијата на Лењина. Кога заврши таја критика станах и му казах да тије уствари не ме критикуват мене а Лењина, само сум заборавил да им одбележам на која страница Лењин говори за истото. На ова никој ништо не ми одговори.

Овије прашања на Влахов се наметнаја при дискусијата за политичко-идејната линија на ВМРО обединена – углавном од моја страна со апел кон останалите да се Влахов не унесе во листата, затоа што прашањето се поставуваше на таков начин за или против предложената листа од страна на кандидационата комисија.

Со завршувањето на ова тачка за идејно-политичката линија се прејде кон разгледувањето на работата на весниците „Балканска федерација“ и „Македонско дело“. Влахов уште во почетакот нагласи да није не сме компетентни да дискутираме за весникот „Балканска федерација“, бидејки да истиот весник бил орган на соц[ијал] революционите организацији на Балканот, значи на компартијите. Се реши да се разгледа и дискутира само по работата на „Македонско дело“. Во ова дебата се засегна едно питање во врска со мене, а во врска со мојата статија публикувана во весникот „Македонско дело“ през јануар месец 1929 год. Ова статија гласеше „Југословенската криза“. Садржаше углавном прашања околу честото смењавање на владите во бивша Југославија да се должи не на некој владини кризи, а да тогашниот режим и сл., заклучувајки на крајот на статијата, на основу лични мој наблудения, да југословенска федерација ќе предуслови балканска федерација и да тој што ќе остани жив ќе види. Со овије думи зарвшува статијата. Весникот „Македонско дело“ го има, па можи да се види. Ова беше уводна статија, потписана со мој полн потпис. Како во това време од страна на БКП/к/ и Совјетите това нешто се сматраше као не возприемчиво и реакционо, бидејки да Францускa ја државше под свој утицај тогашната Југославија, јас бех оштро критикован као не доследен революционер и безпринципијелен. Затражих да ми се даде еден примерак од истиот весник, кој на следниот ден го добих и ја прочитах статијата. Останах на становиштето да као безпартиен стојам на истите позицији и је поново потпишувам истата. Му поставих прашање, зошто самата редакција на весникот кога установила да статијата е безпринципиелна, не је ставила да је това мнение на Шатев или пак одбила да

се согласи да је истата отпечати и публикува. Тогај ништо не ми се одговори. Подоцна разбрах да се је Владимир Поп Томов изјаснил пред некој лица, како тоа била нивна линија со цел на база на таја статија да ме компромитират. Уствари тоа беше само изговор на Владимир Поп Томов за да се најде нешто против мене после мојот став кој го јас имах према Дим. Влахов.

След тоа се прочитаја резолуцијите-политичката и една за омладинското движение, публикувани подоцна во една мала брошура.

Кога се настави прашањето за избор на задгранично биро предложената листа од кандидационата комисија во состав: Дим. Влахов, Владимир Поп Томов и Јордан Анастасов се прими од страна на присутните. Јас се потрудих, после изборот, да уметнам од своја страна една декларација со која кажувах да ако се оди по досегашната линија и ако Влахов и даље остани во раководството нема да има резултат во однос на проширувањето и омасовувањето на организацијата. Ова декларација мислех и предлагах да се внесе во протоколот. Овој мој предлог беше одбијен обзиром на тоа да после изгласувањето на новото раководство – задгранично биро – питањето је исцрпено и score да стани дума за некакво попунување или измена на веќ донесеното решење.

Со ова се закри конференцијата. Таја траеше 13 дена. Од записниците еден примерак му беше доставен на Совјетите – овај преку Георги Димитров, а другиот си остана во архивата на организацијата. Ова предаја на еден примерак од записниците од састанците на раководството на ВМРО обединена датира од нејзиното оснивање.

Би имал да изнесам уште еден момент во врска со комбинациите за изборот на раководството на ВМРО обединена. Не си спомнувам од кого го разбрах. Комбинацијата на Черски и Георги Димитров је била таја да после изборот на Димитар Влахов, след извесно време, истиот си подаде оставка и на негово место да бидам поставен јас како се не би расцепила организацијата. Димитар Влахов во ВМРО обединена беше преставник на ВМРО на Тодор Александров, а јас на тракијското движение.

**Како и во што се одвијаше обавештајаната работа на Совјетите во Виена?**

Дури бех во Виена со центарот раководеше Черски. Како што напоменах, со стигнувањето во Берлин Черски беше заменен од Георги Димитров. Истите лица од национал-революционите организации и компартиите кој работеја во Виена, наставија и во

Берлин, што значи да тежиштата на работата од Виена се пребаци во Берлин, каде имаше поарни услови за работа во поглед на конспирацијата и сл.

Во Берлин по об[авештајна] линија делувахме на исти начин и форми како дотогаш во Виена. Подаците се прибираја углавном преку раководството на организацијата на пр. као од ВМРО обединена за положенијето во Бугарија и Македонија, преко Константин Бошњак, односно албанските организации за Албанија и др. Тије иначе си имаја иначе и свој агенти појединачно. Се сеќам еден пат бех во советската легација во Берлин при Черски. Тој ми се пофали и рече: „Ела да видиш што претставува ваша Југославија“, покажувајки ми некој документи. Разгледах некој од истите, видох да се подаци од војно-политички карактер. Тије подаци, према расправањето на Черски, му го доставил некој Црногорерц, бивш офицер. Овој човек тогај го видох при них во легацијата – на околу 25-30 год., висок, симпатичен човек, но име не му знам. Да ли тој лично го е прикупљал тије подаци незнам, повероватно је да истиот служел како врска на некој друг центар. Изузев преку организацијите Совјетите се здобиваја со драгоцени подаци од други свој платени агенти. Од овије лица јас незнам. Еднаш Черски ми расправаше за еден случај со некој човек, кој му однел плановите на румунскиот генералштаб, за кој овије /Черски/ установиле да је лажен. По установуењето непознатото лице било предадено за тој свој покушај на германските власти.

Што се односи до мене лично, јас слушех како врска на ВМРО обединена со Черски, пошто другите беја со псеудоними а јас имах право име, така да меѓувремено ако ми се тражеја подаци јас му доставувах. Черски со Влахов на пр. се сретнуваше во приватен стан. Еден пат кога појдох во легацијата при Черски во врска со буџетот на организацијата Черски го заварих во една, така да се речи, лабораторија каде се сликаја разни документи и сл. При разговор, по едно време, со Черски тој ми саопшти да је добил телеграма да ми се припрема убиство од страна на ванчовистите на које захтеваше да се илегализирам, које не беше спроведено. Самиот факт што тој доби телеграма за припрема на убиство говори јасно да тије си имале свој агенти и меѓу ванчовистите во внатрешноста.

Многу работи од нас кријеја, но колку можех да установам како што веќ напоменах, главните извори за подаци беја национал-револуционите организации и компартијите, поред онаја агентура која ја имаја тије ван од тије организации, а која је држеја појединачно на врска. Подоцна прикупљаја и од комунистите, кој

често доваѓаја во Берлин од Бугарија и др. места. Кога сум идел при Владимир Поп Томов во станот често сум гледал лица кој доваѓаја од Бугарија.

Од како си замина Черски со Георги Димитров сум имал неколку састанка. Димитров работеше ван легацијата како нелегален. Тој ги јасно превзеде скоро сите врски на Черски по организацијите. Со Димитров по обавештајна линија немах ништо. Одржаните састанци се состојеа во това да се изгласат некој спорни прашања унутар самата организација. Како подоцна разбах, на местото на Черски по об[авештајна] линија је дошол друг Русин, колку се сеќам, се викаше Стефанов, кој работеше како чиновник во легацијата. Со него директно не сум имал работа, а да је тој дошол по таја об[авештајна] линија го разбрах од другарите во Берлин. Подоцна во Берлин дојде и Борис Шпаг /Андреев/ сигурно исто по об[авештајна] линија, пошто тој и добро је познаваше ситуацијата на Балканот.

Кога се земе во предвид горе изнесеното јасна беше линијата на Совјетите да со ова промена се цели преместувањето на Димитров од Москва во Берлин. Понувувам да тој не делуваше обавештајно као руководиоц на центарот, што беше случај со Черски, а само ги контролираше и им помагаше на организациите. Поарно речено, тој више делуваше по линија на Коминтерна од колку по државна линија – об[авештајна] линија. Од тука се објашњава и фактот што Черски мене ми постави да го контролирам Димитров и за неговата работа му докладвам.

Како не го дочеках времето кога требаше да дојди Черски, а заминах за Цариград, за това време од како замина Черски, чисто по об[авештајна] линија не сум бил поврзан сониеден совјетски обавештајни функционер.

**Што би имале друго карактеристично да одбележите за време престојавањето ви во Берлин?**

Во Берлин се задржах околу 1 год. и половина. За ова време еден пат кога бех во совјетската легација во Берлин при Черски, мислам по прашањето на буџетот, со враќањето дома ме дочека еден цивилен човек – агент на немачката полиција. Истиот во моје присуство, по налог на директорот на полицијата во Берлин, ми изврши претрес на книгите и др. Како знаеше француски и германски ги разгледа тије книги и ми ги остави, додека останалите бугарски и турски книги ги зеде со себе си. Со еден учтив тон ми објасни да ќе треба да појдам со него во дирекцијата на полицијата.

По пато[т] се држеше така као да не води затвореник. Кога стигнахме во дирекција на полицијата ме заведе при по[мошник] директорот Д-р Веисс. Истиот при саслушањето ми постави прашање да ли сум бил во советската легација, да ли сум имал врски со некоја жена на која, према нивните подаци, во една кафана сум и давал некој знакови, да ли сум бил во СССР и сл. које одговараше на вистината со искључение на питањето да сум јас давал знакови на некоја женска, а за које питање и јас се заватих при одговорите. При испитувањето одбих да кажам да сум бил во совјетската легација, а исто така и во СССР. Саслушањето се заврши на тоа што Д-р Веисс ми го одзеде турскиот пашапорт и ми каза да појдам поново при него после 7 дена. Ќе го напоменам това да при крајот на саслушањето се поослободих и му казах на Д-р Веисс да иако сум бил во советската легација и во СССР што од това. Како што установих целта му беше тaја да установат да ли сум дејствувал по комунистичка линија и да ли сум као таков присуствувал на конференцијата на компартијата на Југославија во гр. Пелтен-Аустрија затоа и ме питаја што работам тука и сл., на које му објасних да делувам по македонска национална линија. Кога повторно дојдох при Д-р Веисс тој ми одговори да не биле прегледани документите и ми постави да му се јавам другата недела. Во одреденото време појдох при него и тој ми го предаде пашапортот без да имам некоја друга непријатност.

Пропуштив да одбележам да при другиот разговор Д-р Веис ми каза како тије позитивно знајеле оти сум бил во Москва. Тој ми ја посочи и куќата каде јас често свраќах дури бех во Москва и тоа при лицето Георги Матов, инжињер, родом од Велес, а иначе живејел во Солун. Тој је бил на студији во Москва каде се ожени и више не се врати во Солун. Кога ова ми го кажа Д-р Веис ми го напомена и тоа да согласно нивните подаци човекот при кого сум бил не је припаѓал на комунистичката партија. При испитувањето не беја покренати прашањата зошто сум бил во Москва, преку кого и сл. Важно је да се одбележи това, да тије мене као личност ме проучиле многу добро, така да ми је знајеа и биографијата, а које ми го доставија и на знање.

Како што јас просудих нив му беше најинтересантно да го установат това да ли сум комунист и као таков да ли сум присаствувал на конференцијата на југословенската компартија во гр. Пелтен-Аустрија. Кога установија оти не сум комуниста и не сум бил таму, а тоа можеше лесно да се установи по пасошот каде немаше аустриска виза, тије ме ослободија, односно не превзедоја некој понатамошни мерки во поглед на протерување и сл.

Од своја страна овој случај му го испричав на Черски, кој како би испитал од Д-р Веисс во што се состоји работата, го е посетил истиот на два пати под форма на службена работа, но не успејал да дознаје ништо. Д-р Веисс се држел хладнокрво и резервисано.

**Кога, на каков начин и каде заминахте после напуштањето на Берлин?**

Пред 28 август 1929 год., кога тачно не се сеќам, го напуштих Берлин и заминах за Цариград. Согласно решењето од конференцијата на ВМРО обединена требаше да го напуштиме Берлин и се настаниме таму каде најдеме за сходно услед недостаток на финансиски средства. Како што наведох, Черски мене ми каза кога ми го постави задатакот во врска со Георги Димитров, да после 28 август ќе дојди во Берлин и ќе треба да го очекувам како би се састанале и наставиле со сарадња. Бидејки да мене тој не ми импонираше и не саках да играм таква шпијунска улога измеѓу два фунционера, реших да што побрзо го напуштам Берлин како не би го дочекал враќањето на Черски, које го спроведох и во дело.

Од Берлин, пошто патот преку Чехија и Аустрија беше затворен, тј. тије не даваја виза, извадих таква преку румунската легација. Визата беше транзитна. После тоа извадих исто транзитна виза и од пољската легација. Овије визата ми је издадоја одмах од како видоја да имам румунска виза. Преку Лавов-Пољска пристигнах право во Констанца-Румунија. Со мене заједно патуваше и другарками со двете ми деце. Од Костанца направо со брод пристигнах во Цариград. Право отидох при мојот пријател Фоат Беј, при кого останахме околу 20 дена на стан дури пронајдохме приватен стан во малата „Шишил".

За ова време од Берлин во Цариград дојдоја следните лица: Стојан Терзијанов и Димитар Арнаудов, а требаше да дојди и инг. Атанас Хаџи Николов преку Москва, али таму је бил задржан и си остана. Зошто овој беше задржан во СССР не ми је тачно извесно, но мислам да се това должи на неговиот став по однос на Влахов. Тој исто не се слагаше со изборот на Влахов и кога последниот пат разговарахме со Георги Димитров во врска со изборот на Влахов и овој беше присутен. Хаџи Николов подоцна ми се јави со писмо од Москва во које ми јавуваше да таму останува на работа. Изузев горе означените двајца, во Цариград не дојдоја други на постојано местожителство. Димитар Арнаудов беше испратен во Цариград од задграничното биро на ВМРО обединена, додека Стојан Терзијанов дојде во Цариград по сопствена иницијатива.

Еден дел од останалите емигранти као: Ризо Ризов, Христо Јанков, Димо „клисарот“ и др. заминаја во СССР. Други пак во Франција, додека во Виена останаја Д-р Атанасов, Георги Занков, Славе Иванов и др. Во Берлин останаја само Димитар Влахов, Владимир Поп Томов и Јордан Анастасов.

**Изнесите ни детаљно што работевте во Цариград?**

Во Цариград не работех скоро ништо. Се издржавах од помошта на дедо ми Ристо Мрмев од Прилеп, брат ми Иван Шатев, кој живееше во Скопје и со помоќта на мој пријатели од Бугарија и Турција. Со Совјетите по об[авештајна] линија не бех поврзан нито пак одех во советската легација. Мирни, кого го познавах од порано, тогај не беше таму, чиновниците во легацијата као нови не ги познавах.

**По чија иницијатива се одржа конференнцијата на III револуциона област во Цариград?**

През септембар месец 1929 год. дојдоха во Цариград Георги Занков и Д-р Филип Атанасов. Со нивното доваѓање дојдоја и 5-6 души од Бугарија, меѓу кој: Петре Карчев, адвокат, иначе способен журналист, родом од Охрид и Христо Ампов од Дојран, додека на другите имињата не им ги помнам. Кога дојдоја они, како се јас познавах со Карчев и Ампов, тије дадоја предлог да свикаме конференција како би виделе што треба да се прави за понатаму. Во почетокот јас бех смутен од таја работа, а и доста разочаран од сето она што стана во Берлин. Во прво време стојех на становиштето да је излишно да се свикува таква конференција. Они настојаваја на секоја цена. По едно време во првиот број на „Македонско дело“ после конференцијата, се напаѓаше Георги Занков као фракционер. Това уште повеќе го засили во них желанијето да се свика конференцијата. Јас се согласих. Од нивна страна тогај се постави вопросот за повикување на делегати од I револуциона област – Вардарска Македонија. На това се супроставих со мотивација да во Цариград не је препоручљиво да се одржи таква конференција, собзиро на това да присутните делегати од Вардарска Македонија не може а да не станат достојание на бившата југословенска об[авештајна] служба. Решихме да се свика конференција во присуство на приврзеници кој станувая во Цариград и деле-

гати кој требаше да дојдат од Бугарија. Идењето од Бугарија не беше уочљиво затоа што идеја во Цариград често трговци и сл.

Ќе се задржам на еден случај, кој допуштам да је имал некоја врска со сазивањето на ова конференција, но во това не сум сигурен. Георги Занков дури беше во Виена е имал некој састанак на румунска територија со Христо Ампов и Петар Карчев[109]. Што се је разговарало не ми је извесно. Јас бех постојано во друштво со Георги Занков, али тој за овије работи не ми је причал иако јас това го разбрах преку него одмах после това. Кога Занков ми причаше за ова негово одење тој ми се изјасни да со партијците не можело да се работи и сл., посочувајки ми ги и лицата со кој се состанал а имено Петар Карчев и Христо Ампов. Си спомнувам да Христо Ампов еднаш беше дојден во Берлин под претекст да је од фирмата на „Газим Емин" – тутунова фирма. Тој разговараше со Владимир Поп Томов, на кого му ја изложил ситуацијата во Бугарија во поглед на ставот на партијните према организацијата и сл. При овој разговор Поп Томов је имал таја слабост да му каже како тије биле фракционаши, та он преку весникот „Македонско дело" ќе ги демаскирал – раскринкал. На ова Ампов се налутил и му је казал да чим му је минала таква мисал преку главата тој /Поп Томов/ бил предател за него. Познато ми је исто така да Ампов се састана и со Черски на кого му ги изложил истите работи. Овој састанак со Черски беше закажан преку мене, односно од моја страна. Мислам да треба да се одбележи за Георги Занков това да истиот од Берлин, каде не беше присутен на конференцијата, поново се врати во Виена и од Виена дојде во Цариград. Да ли је идел во Румунија за састанак сам или придружен од некој друг не ми је извесно.

Пред да се свика конференцијата добих писма од Черски и Георги Димитров, со кој ме предупредуваја да лицата кој идат при мене /Д-р Атанасов и Занков/ се „непријатели на македонската

---

[109] Се однесува на средбата одржана на 22 декември 1928 година во Ѓурѓево на романско-бугарската граница, на која присуствувале Георги Занков и д-р Филип Атанасов (како претставници на национал-федералистичката струја на ВМРО /Обединета), Мишо Шкартов и Георги Гевгелиски (како претставници на протогеровистичката ВМРО) и Христо Ампов и Јосиф Кондов (како членови на ВМРО /Обединета/ од Бугарија. На средбата била донесена Резолуција за приклучување на претставниците на протогеровистичката ВМРО и на „неутралните" кон ВМРО (Обединета) за „единство на борбата со Советскиот Сојуз како раководна сила против угнетените народи". Види повеќе кај Зоран Тодоровски, Контактите на ВМРО (Обединета) со протогеровистичката ВМРО. 70 години ВМРО (Обединета) 1925-1995. Прилози од Научниот собир одржан на 20 декември 1995 година, Скопје, 1998, 73.

слобода“ и због това да се пазам. Јас одмах му одговорих на писмото на Черски како сето това ми је познато и да ме остават да јас делувам според условите.

Кога се постави прашањето за свикување на конференцијата, имено кој да се повика да присаствува на истата, ставих едно условије: Славе Иванов и Спиро Василев да не присаствуват на конференцијата. Разлогот беше тој да се истите прости, без утицај, и со нивното присуство не би могло ништо да се добије. Уствари мојата замисал беше таја да му се на истите /Занков и Д-р Атанасов/ одземе болшинството. Иванов беше неразделен со Др Атанасов, додека пак Василев со Занков. Јас не сумњав во това да од страна на горе означените ќе беше запозната бившата југословенска власт, само не сакаx да со едно лошо – нетактично решеније се створи расцеп кој да не доведи до полоши последици, зато се сложих со свикувањето на конференцијата, раководејки се од това да немаше да се допушти за скренување од идејно-политичката линија. Јас се уздавах во Герџиков, Стојан Терзијанов и уште 2-3 санданисти, кој беја во Цариград, блиски на Михаил Герџиков. Лично од своја страна го поканих и Арнаудов Димитар да присаствува на конференцијата, како би истиот чул што се све говори и какви решења ќе се зимат, а најглавно целта ми беше таја да се преку него здобијеме со еден глас повеќе. Арнаудов не можеше да ја схвати мојата истинска цел и на конференцијата не дојде, што значи да не се одазва на мојот позив. Иначе Арнаудов на конференцијата во Берлин стојеше на линијата за Влахова, та од тука беше проузрокувано и неговото неодазивање на конференцијата.

Конференцијата отпочна през крајот на септембар или во почетокот на октомбар месец 1929 год. На конференцијата беја присутни: Мишел Герџиков – као претседател, Петар Карчев – секретар, јас /Павел Шатев/, Геоги Занков, Д-р Филип Атанасов, Христо Ампов, Стојан Терзијанов и уште 3-4 санданисти од Пиринска Македонија, кој работеја во тутуновата фирма „Цапрашиков“ во Цариград. Како од овије лица не беше никој присутен на конференцијата во Берлин, каде се избра задграничното биро, јас му изложих укратко за земеите решенија на конференцијата – за преустројството на ЦК, да услед патиштата и сл. не беје присутни делегатите од Вардарска Македонија и др. Изумих да изнесам во мојето излагање во врска со недоваѓањето на делегати од I революциона област – Вардарска Македонија – на конференцијата на ВМРО обединена во Берлин. Јас сматрам да това беше умишљено створено од страна на Владимир Поп Томов и Димитар Влахов, со цел или партијците да не го изгубат болшинството на конферен-

цијата или пак да го побијат влијанието на југословенската компартија во поглед на македонското револуционо движение, собзиром на това да тије не знајеја какви ќе бидат и да ли тије ќе бидат сигурни. Ова работа положително ја знајат Владимир Поп Томов и Димитар Влахов. Това је моје заклjучение, које не мора да биди позитивно. Христо Ампов и Петар Карчев изложија за стањето во Бугарија, каде, какви групи има и сл. Потоа што изложија овије испаѓаше супротно од она што го изложија делегатите на конференцијата во Берлин во поглед на работата и групите на ВМРО обединена во Бугарија и Пиринска Македонија. На основу излагањата на Карчев и Ампов се установуваше да таму се осеќа позасилена дејност во формирање на групи, делатност меѓу емиграцијата и сл., како владал голем терор од страна на ванчовистите. Целата грешка, према нивното излагање, била таја што раководството од горе одело чисто по комунистичка линија, које ги отстранувало масите, а и самите партијци имале неправилен став во поглед на организацијата. Углавном од нивна страна тенденциозно се потенцираше ова питање, које на конференцијата и се постави принципијелно на разгледување. Значи вопросот се постави така, да ако и понатаму се настави со оваков начин на работа организацијата неможи да стани масовна, а ќе постани чисто потделеније на БРП/к/. Се истакна на конференцијата за образувањето на отделна организација ќе значи само штета, бидејки да ќе се изгуби поткрепата на Советскиот Сојуз. Јас стојех на становиштето да компартијите се носители на револуционите национални движенија и да под нивно раководство треба да се одвија работата, а затоа нема зошто да се образува нова организација. Занков и Д-р Атанасов се опитуваја да оваја конференција је искористат за формирање на нова организација, но во това беја побијени, бидејки да самиот тој акт ќе докажи да стварно није сме фракционаши. Се подцрта и това да БРП/к/, немајки правилен подход /поступак/ во разрешувањето на македонското прашање као резерва на компартијата и уопште револуционото движение, дозволува да се испадне во сектанство које је плод или на неразбирање или на фанатизам. Со самото такво поставање на разрешавање на македонското прашање му се правеше услуга на бугарската буржоазија. БРП/к/ а и Совјетите во това време Македонија не је признаваја као засебна нација.

После дискусијата, се изработи резолуција во која се подцрта това да није сме на истата револуциона линија, т.е. стојиме на линијата за обшти балкански и македонски револуционен фронт, за соработка со компартијите – паралелно без да се сливаме,

против четнички и терористички акцији а за масова револуциона борба и за потребата и садејствието – дипломатско и др. на Советскиот Сојуз, за Балканска федерација, да сме против секакви убиства и др. Резолуцијата беше оформена во неколку точки. Во една од ними се обухваќаше и прашањето за нивниот став во однос на омасовувањето на организацијата, дело на Влахов и Владимир Поп Томов, за да имат поголемо име и поголем ауторитет во БРП/к/ го оквалифицирахме као сектанство, које скоро ќе се разбере од Македонците, а уште повеќе од лицата на Советскиот Сојуз, кој ја следат таја работа. Дури да се увиди таја работа му нагласихме даније остануваме јединци кој ќе делуват по таја линија дури не се исправи таја грешка – тој погрешен пат на секташење. Му одговорихме да није не сме фракционаши, а да тије се сектанти. Со отделно решеније се натовари Мишел Герџиков, со наши пари да замине за Виена и Берлин како би му је врачил резолуцијата на рускиот претставител. Кога се врати Герџиков ми саопшти да кога он се повикал на Черски, во легацијата му го посочиле Стефанов, висок, интелигентен и спокојен човек, на кого му је предал резолуцијата. Герџиков се задржа таму околу 10 дена, во које време тој је научил преку Стефанов оти он му је обрнал вниманије на Димитар Влахов и Владимир Поп Томов да не је верно она што го пишат во весникот, наречувајки не фракционаши затоа што стварно није сме стојеле на правилните позиции. Подоцна веќе во весникот не се пишеше по адрес на нас као за фракционаши и сл. Герџиков беше многу близок со жената на Тодор Паница и мислам да преку неја и се поврзал со Стефанов. Донесената резолуција во Цариград не му је доставихме на знање на Влахов и Поп Томов. Таја подоцна му била доставена на знање од Совјетите.

Од присутните на конференцијата во Цариград останаја за понатаму: Мишел Герџиков, Терзијанов, јас /Шатев/, Димитар Арнаудов, Георги Занков, додека делегатите дојдени од Бугарија си заминаја. Д-р Атанасов заедно со Славе Иванов си замина обратно за Виена. Славе Иванов не присаствуваше на конференцијата, тој дојде заједно со Д-р Атанасов со кој беше неразделен. После 3-4 месеци за СССР замина Димитар Арнаудов. Од како се вратих во Бугарија – след година и половина – разбрах преку Лазо Поповски да Георги Занков и Д-р Филип Атанасов преку земеделските министри Неделко Атанасов и Христо Стојанов добиле 1000. – долари од Таса Диниќ, значи од бившата југословенска власт, за разноските им во Цариград. Од ова јасно произлегува да Георги Занков, Д-р Филип Атанасов и Славе Иванов во Цариград се биле испратени по задаток на Т. Диниќ.

**Наставете со излагањето на вашиот живот во Цариград?**

Поновувам да во Цариград не работех ништо. Обично се вртех во канцеларијата на Фоат Змба, родом од Дебар, по потекло Албанец, кој го познавах уште од Балканската војна од Солун. Во ова време работеше како трговец. Не се сеќам које време беше, како разбрах подоцна, кога Черски разбрал во Берлин да материјалното стање ми је многу лошо, преку генералното конзулство во Цариград пратил човек да ме пронајде, како би ми пружиле материјална помоќ. Лицето дошло еден пат во канцеларијата на Фоат Змба и ме потражило, но тогај јас не сум бил таму. Ме обавестија да ме тражело некоје непознато лице, које сакало да се види со мене. Ми казаја да истото лице по тоа време ќе дојдело на другиот ден. Кога дојде лицето јас бех во канцеларијата, но се закрих во стајата на писарите со цел да установам и видам кој е, пошто допуштах да можи да биди и атентатор од Бугарија. Тачно во това време борбата измеѓу протугеровистите и ванчовистите беше во разгар. Тогај беше убијен во Варна Георги Баждарев, идеологот на ВМРО на Тодор Александров, кој после расцепот на ванчовисти и протугеровисти се определи заедно со Кирил Прличев од Охрид за протугеровистите. Кога дојде лицето му казаја да причека. Јас, посматрајки го и неможејки да установам кој је, не излегох од стајата на писарите и не му се јавих, така да тој после извесно време си замина без да се поврзиме. Уплашен од това долго време не одех во кантората на Фоат Змба, а одех во кантората на Скечели Кемал Беј, тракијец, иначе беше трговец со стари мебели. За тоа што му услужувах на Кемал Беј со тоа што кога тој одеше да пазари јас седех во кантората му – финансиски ме помагаше.

За целото време се сретнувах со Фоат-беј-Балкани-бившие резервни официр и близак пријател на тогавашниот-претседник на владата Исмет Инени-сегашен претседник на републиката. Овој беше по богат од Кемал-беј, така да ме помагаше материјално, бидејки да во миналото као дејец во западна Тракија – Ѓумурџиско, кога дигнаја востаније-уочи окупирањето на западна Тракија против Грците јас ги потпомагах. Кога заврши востанието без успех тој (Фоат беј-Балкани/ се пребаци во Бугарија преку гр. Крџали – каде јас бех окружен началник. Во ток на востанието против Грците да би се избегнале инциденти на бугарската граница јас со Фоат беј подржах конспиративни врски во однос на нивниот

став према Бугарија, а имено да не се дозволи да се направат инциденти, које би било причина да се извесни територији на Бугарија окупират од Сојузниците. После загушувањето на востанијето лично јас му улесних да дојди во Крџали заједно со негови привърженици и го допратих до София, без да биди хапшен, интерниран и сл. Тогај Бугарите таквите ги интернираја во внатрешноста-пошто Бугарија беше окупирана и сојузниците водеја сметка за таја работа.

Исто така бех близок и на Ариф беј-бивши официр, кој за време на борбата на Кемал Паша – 1920 год. је бил еден од видните пријатели на Кемал Паша и како таков је бил со една делегација во Москва со цел да добије помош во оружје и др. Стварно по доцна СССР го помогна Кемал Паша.

За целото време дури бех во Цариград немах никакви непријатности од полицијата пошто ме штитеше Фоат-беј-утицајан човек во Турција за това време.

Иначе често бех во друштво и со Михаил Герџиков. Во Цариград идеја доста лица од Бугарија преку кој се обавестувах за положението.

През 1930 год. со доваѓањето на Андреј Љапчев за претседник на владата во Бугарија[110] – режимот омекна во поглед на терор и сл. За това време је испратих жената ми со децата во София при мајка је, која живејеше заједно со син је. Во Цариград останах сам. Целото време го проведох без работа.

Си спомнувам еден пат ме викнаја во полицијата и као пријател на Турците ми поставија прашање да ли ми је познато да постоји канал-по суво меѓу Бугарија и Турска. Одговорих му да не сум комунист-а да делувам по македонска линија, но да имам пријатели комунисти, али колку сум разговарал со истите не ми је казано да има таков канал, така да на това прашање не можам да им дам позитивен одговор. Во прво време-чиновникот на државната безбедност-прем да беше шеф на некоје оделење-знам да дејствуваше по комунистичка линија, не ми веруваше. Од како јас му реков да дури сум тука не ми је познато да је комунист дошол по тој пат, а за да се увери нарочно му го посочих Топалов-адвокат од Бугарија-комуниста, кој знајех да сатрудничи со турската полиција-за да го пита и него од чиј исказ ке се потврдат мојте наводи. За Топалов беше јасна работата да сатрудничи со полицијата и по това што Турците практикуваја секој бугарски-емигрант комуниста-после извесно задржавање од 2-3 дена под присмотра да го предават на

[110] Адреј Љапчев бил претседател на бугарската влада од 1926 до 1931 г.

сов[етското] конзулство, које од своја страна ги експедираше во Сов[етскиот] Савез. Потоа во полицијата ми се постави друго прашање да ли није Македонците во Цариград соработуваме со комунистите. Му одговорих да преди све-нема бугарски комунисти таму, изузев Топалов и нема со кого да се соработува. На това-ми се расправи да је Топалов бил при них со тражење да се разреши од страна на полицијата да се отвори македонски клуб. Од това сакаше да извади заклучение-како комунистите ги помагат Македонците. На крајот му изјавих по категорично да за таков канал не може да стане дума-собзиром да је теренот апсолутно непогоден за такви работи. Со това се заврши нашиот разговор.

Колку јас можех да установам во Цариград – пажњата на турската полиција беше сконцентрисана на контрола на комунистичката дејност, додека за македонските работи уопште не се интересуваја. Од тука и мојето испитување во пријателски тон врвеше по горе-изложениот правец. Да тије беја слабо заинтересовани по македонска линија сведочи и фактот-што преку Цариград-на пат за Италија или обратно-минеја често истакнати Ванчовисти со пасоши под туѓи имиња но турската полиција ги знајеше, али не превзимаше мерки. Секогаш Фоат-беј ми саопштаваше кога минаваја такви лица, што на два пати беше случај со Георги Поп-Христов-член на Централниот комитет на ВМРО на Ванчо Михајлов.

През 1931 год. после спроведените избори во Бугарија дојдеја на власт Никола Мушанов и Димитар Гичев – значи така наречениот демократски блок[111]. Со ова промена на владата се створи пат за нашето враќање. За мене се поставуваше прашање да ли да заминам за СССР или се вратам во Бугарија – пошто во Цариград не можеше да се опстане и така понатаму животари. Макар со известен риск, бидејки да ванчовистите беја уште јаки се реших да се вратам во Бугарија – за това што со фамилија се реших и во Сов[етскиот] Совуз надали ке имав опстанак се обратих до бугарскиот конзулат во Цариград за разрешење за повраток. Од Софија ускоро дојде одобрење, на основу спроведената проверка преку државната сигурност, да можам да се вратам. По рано такво мишљење од страна на државната сигурност не се тражеше, а на бугарските поданици му се даваше направо пасавант од конзулството, но за време на владавината на Александар Цанков се је увела контрола преку државната сигурност. Со издадениот паса-

[111] Коалицијата на бугарските политички партии што формирале влада се викала „Народен блок", на чело со Александар Малинов. Никола Мушанов бил избран за министер за внатершни работи, а Димитар Гичев за министер за земјоделие и државни имоти.

вант од страна на конзулството си заминах за Софија през јуни месец 1931 година.

**Да ли во Царигад за това време постојеше некоје македонско друштво?**

Тамо имаше некоје македоно-бугарско друштво-културно просветно слично нешто на македонските братства во Бугарија. Од ова друштво беја давани – на некој празници – културно-просветни приредби, прикупљаја помоќ за некој по бедни и др. Некоја политичка дејност не пројавуваше. Во това друштво си спомнувам да во раководството беја: Спиро Василов од Костурско, некој Михајлов и др.

**Како се развиваја политичките прилики во Бугарија после Вашето доваѓање?**

Со пристигањето во Софија – од како се настаних, после неколку дена бех повикан со покана да се јавам во државната сигурност. Бех заведен при шефот на бугарската државна сигурност кој беше пред Павлов, името сум му го заборавил. Истиот ми постави прашањата – зошто сум избегал од Бугарија, каде сум бил и што сум работел во емиграцијата. Му изложих да избегах поради това да не бидам убијен од власта, на које се тој расрди и рече: „Значи од нас". Одговорих му да не ја подозирам полицијата, но да постојеја други не одговорни фактори – повеке официри, кој го образуваја „асолвент"[112] и тије ги вршат сите убијства и да не се бојех од ВМРО пошто тогај кога јас работех на сврзувањето на македонското движење во совјетите – това било со знаније на самиот Тодор Александров. Му објасних да след убијството на Славчо Ковачев и Димо Хаџи – Димов – јас се уплаших и се укрих, после које, бидејки да не сакax да заминам преку Југославија – се сврзах со комунисти – помоќу кој се пребаџих во Турција. На питањето преку кој лица – му кажав да преку Коста Цанков и синот на Дедо Блоагојев. Го укрих това да ме је дочекал во близина на границата Добри Трпешов. Гореозначените двајица тогај беја убити. Му расправих по натаму за од Турција – каде се задржах кратко време, заминах за Вијена – при Димитар Влахов и сум делувал во ВМРО – обединена итн. Које углавном на ним можеше и му беше познато преку легацијите Цариградска, Вијенска и

[112] Така е во текстот.

Берлинска. За обавештајните ми врски не му кажав – иначе му посочих да бехме потпомагани во Вијена од руските функционери Д-р Черски и Андрејев, кој на, ними им беја добро познати. На крајот му објасних да во организацијата сме се раскарале – со Влахов за това што тој сакал да истата делува чисто по комунистичка линија. За издршките му казав да сум ги примал од Влахов, а тој од каде ги је добивал – му реков да не ми је извесно. След това ми поставије да го напишам горе-изложеното дома и му го доставам, које и го сторих после 2 дена, без да имам некој последици после това.

Како ми беше лошо материјалното стање, преку Николов, кој ми беше познат, ступих на работа као судски инспектор во предузеќето „Храноизнос". Да се овде запослам ми помогна и Д-р Петко Пенчов[113]. Во ова предузеќе работев као чиновник све до 1934 год. Месец јули односно до превратот изведен од звенарите.

Кога дојдоја звенарите на власт на чело со Кимон Георгијев[114] одмах спроведоја линија на сузбивање на делатноста на комунистите и земеделците – а превзедоја мерки и против ВМРО на Ванчо Михајлов, кој беше принуден да се укрије и избега во Турција. Отпочна една политика на зближеније со Југославија – као резултат на што се спроведе и чиската на ванчовистите. Преку ова зближеније со Југославија се целеше Бугарија да се ослободи од Нејските војни клаузули и почни да се наоружава. Бидејки да истите /„Звено"/ немаја подршка во останалите партији – следователно и во народот, а како беја повеке офицери и каријеристи – бугарскиот двор успеја да спечали некој од ними, после које се расклати положенијето меѓу ними, така да Кимон Георгијев беше принуден да поддаде оставка. На негово место дојде генерал Златев. Човек на дворот, кој спроведе во армијата чиска на звенарите. След извесно време од како се осигура армијата на местото на генерал Златев – дојде Ќосе Иванов[115], кој добро стојеше со бившата југословенска власт, по рано истиот беше опуномоќени министар во Белград.

---

[113] Се однесува на д-р Петко Пенчев (Варна, 1882 – Софија, 1947), учесник во македонското револуционерно движење, новинар и општественик. Член на ЦК на ВМОРО избран на Ќустендилскиот конгрес во 1908 г. Пред почетокот на Втората светска војна се придружува на антифашистичкиот фронт во Бугарија, а за време на војната ја прифатил програмата на Отечествениот фронт.

[114] Се мисли на Деветнаесетиот мајски преврат во 1934 година.

[115] Се однесува на Георги Косеиванов (1884-1960). Најпрвин, во 1935 г., бил министер за надворешни работи во владата на Андреј Тошев, а по неколку месеци избран за претседател на бугарската влада.

Важно је да се одбележи да во овој период на време од страна на бугарската власт се превзедоја мерки против комунистите за нивното одстранување од државна служба, које и мене ме засегна као „комунистички функционер" т.ј. не комунист а човек кој работи со комунистите. Као адвокат не можех да заработувам. Работев во кантората на адвокатот Иван Талев – родом од Битола, кој и без това немаше некоја кој знаје каква – клијантела, ами се пак се вадеше нешто. За да можам да живејам ја издадох книгата „Македонија под ропство". Тогај, после излевањето на ова књига, бех примен во друштвото на публицистите, на које претседател беше Петко Петков, секретар Никола Бранзов адвокат, а јас бех избран као пот-преседател. Това го повеке сторих од таја гледна точка што сматрах да кога имам еден друштвен положај, тој ке ми гарантира извесна заштита во поглед на хапшења, интернирања и сл.

Во врска со ВМРО на Ванчо Михајлов би изјаснил некој моменти кој се одиграја во моје отсуство пред и после превратот на Александар Цанков изведен на .....[116] јуни 1923 год. Од Александар Цанков – односно неговата влада ВМРО на Ванчо Михајлов се користеше као плашило против Југославија – да не може последната да се помага со војни и политички притисок. Организацијата на Ванчо Михајлов се используваше од дворецот, а првенствено од војните – као терористичка организација која можи секи момент да го нарушава спокојството во Југославија, било со испрачањето на чети во граничните срезови на Македонија, каде имаја утицај-а во внатрешноста преку својте јатаци. Тогај стана и убијството на генерал Ковачевиќ во гр. Штип[117], не за друго, а само за то што је бил генерал а со које знатно беше распадот преотимот на тогашната југословенска власт. Самото убијство беше сензационално, така да во иностранство се створи утисак да је ВМРО многу силна организација во самата Македонија, које не одговараше на вистината. Исто така и значителен дел од македонската емиграција во Бугарија, а и самиот бугарски народ – наивно веруваше да је ВМРО на Ванчо Михајлов – стварно силна организација во Вардарска и Пиринска Македонија. Ова нешто се ползуваше од тогашните крајно националистички шовинистички средини во Бугарија, кој му внушаваја на Ванчо Михајлов да тој је многу по добар „конспиратор" и „революционер" од Тодор Александров које за Ванчо Михајлов беше као опијум. Како би го использувале до максимум го насрчуваја – по пат на наоружавање, заштита од

[116] Испуштено во текстот. Превратот бил на 9 јуни 1923 г.

[117] Генералот Михајло Ковачевиќ бил убиен на 5 октомври 1927 година.

полицијата и сл. Да тој оформи терористички групи скоро во сите поголеми градови во Бугарија, каде спроведуваше и убијства – неометан упоште од власта пошто како што нагласих, безрезервно беше толериран од бугарскиот двор и крајно на националистичките војни кругови кој углавном беја едни од најважните фактори и може да се рече, регулатори на политичкиот живот во Бугарија.

Овије терористички актови – во Скопје – атентатот изведен од Мара Бунева[118] – горе изложениот атентат во Штип – ги возбудија духовите на тогавашната Југославија. За да се справат со таја ситуација – југославската власт – почна да спроведува најрадикални мерки против раширувањето на ова делатност на ВМРО – ванчовисти. Се стигнало до таму да по ова прашање се је одржало во Белград – кралски савет под председателството на кнез Павле во присуство на некој од војните кругови. На састанакот било земено решење да се приступи кон целосно иселување на две-три гранични околији – Царевоселска[119], Кочанска и Струмичка. На това, како што ми је лично казано од Неделко Атанасов се супроставил претседникот на владата – мислам Вукиќевиќ – руководејки се од това да истото не било човешко. Тогај Белградското правителство со право и основаније сета оваја работа ја припишуваше на бугарската влада заплашувајки ја со окупација на Перник и сл. Од друга страна Француска во секоје одношеније ја потпомагаше Југославија и сакаше на секоја цена да успостави мир измеѓу Југославија и Бугарија, руководејки се од това – што тек тогај – тије заједно ги претстављале нашите сили на Балканот. За то од неја /Француска/ беше спроведувана линијата за едно истинско зближеније измеѓу двете земљи. Исто тогај се подготвуваше и „Малата антанта" така да се настојаваше по секоја цена Бугарија да се привлече кон истата. Во таја цел Југославија правеше разни пречки – економски, дипломатски, војни и др. Како би Бугарија била принудена да склони кон зближеније. Во по просветените војни и граѓански кругови се возпријема идејата, покрај све станало до тогај за истинско движеније со Југославија. Ради развитакот и опстанакот на Бугарија. Значи истата политика, која је препоручуваја – одмах после првата светска војна Александар Стамболиски и Никола Генадијев кои во последица на сето ова Александар Цанков без да го сака това беше принуден да оди во Белград ради угладување на односите. Истата политика ја продужи и Андреј

[118] Се мисли на атентатот на Мара Бунева извршен во Скопје на 13 јануари 1928 г., над Велимир Прелиќ, висок полициски чиновник.

[119] Денешно Делчевско.

Љапчев, а по доцна и Никола Мушанов. Протугеров како генерал и по разбирање се солидарисуваше со војните кругови во овнос на политиката према Југославија, од таја гледна точка да се запази Бугарија. Тој као член на ЦК на Ванчо Михајлов, прв се определи за таја линија. Това проузорокува конфлит со Ванчо Михајлов, кој беше инспирисан од бугарскијот двор и крајно реакционите војни средини. Као таков Протугеров беше отпуштен[120], без икакво основаније, као саучесник во убијството на Тодор Александров и под таја мотивација беше убијен. Физичките убијци на Александров – Влахот Митре од Баракли Џумаја и уште еден од четата на војводата Алеко Паша – близок [на] Протугеров[121] ги прогласија као приврженици и саучесници на Протогеров во убијството. За време на убијството на Протугеров – задграничните преставници на ВМРО – ванчовисти и Георги Баждаров идеолог на ВМРО и бивши централист и Кирил Прличев од Охрид се пројави за Протугеров. Исто така се пројави и Томалевски, кого подоцна го убија[122]. Това истото предизвика пажња во народот и согласно решенијето на ванчовистите сите протугеровисти требаше да се истепат. Тогај во Варна после убијството на Томалевски беше убијен Георги Баждарев[123] и некој други по не важни привржениции на Баждарев и Протугеров. Као члан на ЦК на ВМРО – ванчовист и се одели као протугеровист и Пецо Шандилов[124], така да во ЦК ванчовисти останаја: Ванчо Михајлов, Георги Поп Ристов[125] и Владимир Куртев[126]. Протугеровистите од своја страна образуваја друг централен комитет на ВМРО на чело со Шанданов и влегуваја во истиот Пецо Трајков и Крстан Поп – Тодоров – Бугарин. Одпочнаја и протугеровистите да издават свој лист „Слобода или смрт“ – ист формат и сл. со које сакаја да докажат да тије је престављат ВМРО а да ванчовистите се одметници.

Во това време вопросот за зближеније со Југославија се постави као еден од најважните проблеми а које нешто се прихвати од

[120] Се мисли „обвинет“.

[121] Убијците на Т. Александров биле војводите Штерју Влахов и Динчо Вретенаров.

[122] Наум Томалевски беше убиен на 2 декември 1930 г.

[123] Георги Баждаров беше убиен на19 септември 1929 година во Варна.

[124] Се однесува на Петар Шанданов.

[125] Се однесува на Георги Поп Христов, кој исто така се одделил од Иван Михајлов и заедно со Петар Шанданов станале членови на ЦК на протогеровистичката ВМРО.

[126] Членови на ЦК на михајловистичката ВМРО од јуни 1928 г., покрај Иван Михајлов, биле Иван Караџов и Страхил Развигоров, а Владимир Куртев бил резервен член.

бугарската обштественост и се постави на разгледување. За официјална Бугарија беше од важност това зближеније како што напоменах, како би се Бугарија ослободила од Нејските клаузули – во поглед на наоружање и сл. Видни личности као професор Михалчев и Митанов – првиот философ, а другиот публициста и бивши опуномоќени министар во Ангора, а по касно во Москва – написаја студији во прилог на тоа за зближенијето со Југославија је од животно значеније за Бугарија. Еден дел од недоволните резервни официри од политиката на бугарскиот двор на чело со Кимон Георгијев и Дамјан Велчев открито се изјаснија за таја политика – значи – стварање на „интегрална Југославија од Варна до Триглав".

Кога се одигравaја горенаведените догаѓаји кабинетот на Генерал Златев, кој имаше за цел да ги разнебити „звенарите" и од како си го изврши тој задаток, дојде на власт Никола Мушанов[127] – Анчеви[128] демократи на земеделци. Министар на внатрешните работи стана Гергимов[129] – виден демократ. Во бугарскиот народ почнаја да се шират слухови да при една „интегрална Југославија", треба да се ликвидират со царската династија. Сето ова го заплаши дворот и почнаја да се превземат мерки против „звенарите" и протугеровистите. Дамјан Велчев беше принуден да избега во Југославија. След извесно време пак се врати илегално. Не знам на кој начин беше заловен и осуден згог завера со Југославија за изведување на преврат во Бугарија. Тога дворот успеја да ги очисти звенарите и др. од војската и стана господар на положенијето, звенарот – пуковник Калчев дворцов шпијун после ударот на „Звено" беше поставен за директор на железниците во Бугарија.

Од како дворот ја очисти армијата отпочна најжестоката борба између протугеровистите и ванчовистите кој беја потикнати и поткрепувани од бугарскијот двор – руководејки се од това да брзо ке ги ликвидират протугеровистите. Со помошта на поједини недоволни официри протугеровистите Шанданов, Трајков и Крстан Поп Тодоров, кој се сокрија во конспиративни станови почнаја да реагират и одговарат на убијството со убијство убивајки видни

[127] Тука П. Шатев прави превид. Владата на генерал Пенчо Златев во април 1935 г. била заменета со владата на Андреј Тошев, а Никола Мушанов бил прѣтседател на бугарската влада од октомври 1931 до мај 1934 г.

[128] Така е во текстот.

[129] Министер за внатрешни работи станал генерал Рашко Атанасов, а Александар Гиргинов бил министер за внатрешни работи во владата на Никола Мушанов од октомври 1931 до мај 1934 г.

ванчовисти као: Михајлов[130], Симеон Ефтимов и др. Не водејки сметка да ли се тије криви во врска со случајот или не. Владата на Мушанов и Гичев – реатектирана од бугарскиот двор не превзимаше никакви мерки. Цанко[в] беше да ги тије толерират спроведувашите убијства од страна на ванчовистите. Така во растојаније на околу 2-3 месеци скоро секој ден во Софија мораше да има убијено некој, ако не во Софија, то сигурно во провинцијата. До тогај Ванчовистите не знајеја да се на таков начин одговори на нивните убијства. Кога увидоја како безразборно се убијат привржениции на истите тије се исплашија гледајки да ке изгинат доста одними, додека протугеровистите се беја законспирирале. Со егзекуцијите односно ликвидацијите од страна на протугеровистите руководеше Лев Главинчев, додека од страна на ванчовистите Дрангов. На ванчовистите му беше успело да му дотурат пакет со паклена машина, кој при отоварењето во присуство на Шанданов, Пецо Трајков и Крстан Поп Тодоров експлодира као резултат на што Пецо Трајков го изгубил едното око[131]. Во таја борба „победители“ излегоја протугеровистите, така да по едно време запреја и убијствата[132].

Во токот на овије убијства измеѓу протугеровистите и ванчовистите во Софија почна да излегува весникот „Македонска правда“ – во голем формат. Редактор му беше Димитар Ефтимов – родом од Ресен – учител. Овој финансиран од протугеровистите ја застапаше линијата за интегрална Југославија – кога на Македонија најмалку ке се здобије со културна аутономија. Ефтимов идеолошки ги изнесуваше ставовите на протугеровистите во однос на зближенијето со Југославија. Исто така земеделскиот весник „Пладне“ редактиран од Георги Влков – значи на левицата го застапаше това становиште, така да и овој весник одигра доста голема улога да се питањето на зближенијето со Југославија постави као проблем пред бугарско државно раководство.

---

[130] Се мисли на Димитар Михјлов, претседател на Македонскиот нациналeн комитет.

[131] Всушност, при експлозијата на бомбата биле ранети Крстан Поп Тодоров во око и Пецо Трајков и однесени во болница. Види: Зоран Тодоровски, ВМРО 1924-1934, Скопје, 1997, 216; Петар Шанданов, Спомени. Предговор и редакција проф. д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2002, 253.

[132] Не е точна оценката на П. Шатев дека победник во меѓусебните судири на михајловистичката и протогеровистичката ВМРО излегле приврзениците на протогеровистичката ВМРО, кои, всушност, беа принудена да се повлечат, туку членовите на михајловистичката ВМРО. Види: Зоран Тодоровски, ВМРО 1924-1934, Скопје, 1997.

Што се однosи до везите на протугеровистите со бившата југословенска власт – јас знам некој работи преку Лазо Поповски, кој беше човек на Таса Диниќ и Богољуб Јефтиќ, а исто така и од доктор Димитар Танасов. Од него разбрах да и весникот „Пладне“ орган на земеделците – левиците бил финансиран од југословенско[то] министарство на сполните работи односно југословенската обавештајна служба. Познато ми је да протугеровистите одржаваја врски и беја финансирани од бишата југословенска власт. Према расправањето на Поповски као главни врски со Диниќ од страна на протугеровистите је бил Лев Главинчев[133]. Разбира се да тије одржавале врски и примале финансиска помоќ преку разни канали и вези кој на мене не ми се извесни. После ослободувањето во Белград сум разбрал од штипјанецот Славе Иванов да Главинчев со торба пари је земал од Белград, које лично му било доста добро познато.

Углавном преку горе изнесените лица сум дознал за Георги Димитров – Гемето со финансиски средства на бившата југословенска власт го је финансирал земеделците и други приврженици на идејата за истинско зближеније на Бугарија со Југославија. Исто така је имал свој круг на луге кој ги финансирал со средствата на бившата југословенска власт и Лазо Поповски.

Југословенската власт одлично ги познаваше сите легални и нелегални македонски организации, а со самото това добро ги познаваја и сите македонски легални и нелегални дејци. Таја приликите меѓу Македонците ги много по добро познаваше и од бугарската полиција, која на Македонците во веќина [ги] посматраше као на свој приврженици.

Гореизложените работи ги знам преку свој блиски и пријатели во кој верувам, наполно да ми је казале целата вистина, макар не све.

Ќе наведам некој факти и детаљи како сум ги научувал тије работи. После 9 септембар 1944 год. се враќа од емиграција Георги Димитров – Гемето. На станицата изузев привржениците на земеделскијот сојуз и други беше и Д-р Филип Атанасов, кој се прегрна со „Гемето“ при слегувањето од возот. Това мене ми направи впечатленије и по касно го питах Д-р Атанасов од каде толкава голема интимност со „Гемето“. Но тој ми одговори да тије пред ратот соработувале со „бившата“ југословенска власт заједно со „Гемето“. Ми објасни да преку „Гемето“ биле финансирани

[133] Всушност, врските со југословенската разузнавачка служба ги одржуваа Петар Шанданов и Мишо Шкартов. Види: Петар Шанданов, Спомени. Предговор и редакција проф. д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2002, 253.

разни Диневци[134] и други кој не ги помнам. После одлазакот на Гемето Ангел Динев бил финансиран преку него (Д-р Атанасов). Или друг пример. Кога беше свеславјанскиот конгрес во Белград – придружен од Неан Шукри – седехме во кафане „Москва“. По едно време ми приступи Славе Иванов со еден непознат за мене човек, кој ни бешек преставен од Славе Иванов, името не му го помнам. Во разговорот заклучих да ме непознатијот многу добро познавал. Пред ратот долго време је бил на работа во југословенската легација во Софија – аташе по штампа. Во разговорот меѓу другото ми постави прашање како може да има таков положај во Бугарија Георги Кулишев – сега министар кој беше редактор на весникот „Слободна реч“ и као таков јавен соработник на ванчовистите. Кулишев беше многу близок со Георги Баждарев и Прличев – тогашни задграничен преставител на ВМРО – ванчовисти – каде имаше и некаква дужност[135]. Овој /Кулишев/ соработуваше као журналист и во органот на ванчовистите „Слобода или смрт“ каде је давал некој статији без потпис. По доцна стана звенар и као близок човек на Кимон Георгијев – го зеде тој положај во Бугарија после 9 септембар 1944 год.

За ова затипшје ванчовистите свикаја сабор во Горња Џумаја, каде присуствуваја околу 20-25 хиљади души од Горњоџумајско и други места во Бугарија – као од Софија и други градови – разни видни обштественици и ванчовисти[136]. Со ова ванчовистите сакаја да се прикажат као господари на положенијето, а протугеровистите да ги прикажат као убијци. На овој сабор беше прочитана и резолуција доста долга од страна на Јордан Чкатров. Во резолуци-

[134] Се однесува на Ангел Динев (с. Смоквица, Гевгелиско – Скопје, 1952), македонски културно-национален и револуционерен деец, новинар и публицист. Долгогодишен раководител на Гевгелиското братство во Софија, член ан ВМРО (Обединета), за што неколку пати бил интерниран во разни логори. По Информбирото во 1948 г. се вратил во Македонија.

[135] Георги Кулишев (Дојран, 1885 – Софија, 1974), македонски револуционерен деец, новинар и публицист, пратеник во бугарскиот парламент. По убиството на А. Протогеров и расцепот на ВМРО во 1928 г. се приклучил кон протогеровистичката ВМРО, а подоцна бил принуден да избега во Женева под закана дека ќе биде убиен од михајловистичката ВМРО (Види: Зоран Тодоровски, ВМРО 1924-1934, Скопје, 1997, 214). По Втората светска војна бил министер за надворешни работи на Бугарија и член и потпретседател на Президиумот на Народното собрание.

[136] Се однесува на Горноџумајскиот собир, одржан во февруари 1933 година во Горна Џумаја, на кој била донесена Декларација во која за правилното решавање на македонското прашање се барало оспособување на Македонија во одделна самостојна политичка единица во своите природни и географски граници и реализирање на македонскиот идеал „Македонија на Македонците“.

јата се кажуваше да ванчовистите не се за припојување кон Бугарија, а за самостална Македонија во рамките на балканска федерација, но без влијанијето на Коминтерна и болшевиците. Јавно беше за свикувањето на тој сабор – беше по внушеније на дворецот. Со това дворецот, за да не даде возможност на други неодговорни фактори да работат по линијата на зближеније со Југославија, целеше да тој је концентрира таја акција во свој раце. През ова време дури беше Мушанов на власт се подигна прашањето за ступањето на Бугарија во „Малата антанта“. Дворецот и владата на Мушанов стојеше на становиштето да не ступи во никаков пакт – пошто со самото това од Бугарија ке се потврдеја клаузите на „Њејскиот договор“, а стојеше на това – зближеније со Бугарија и пријателски односи со Турција. Се сеќам за еден детаљ во односите измеѓу Бугарија и Турција, а за кој ми је расправил Тодор Павлов – родом од гр. Скопје – бившиот опуномоќени министар во Ангора. Еден пат министерот на сполните работи на Турција Ружди Арос на пат од Франција за Турција – преку Бугарија – бил дочекан од Никола Мушанов. Во разговорот Мушанов му је напомнал да Бугарија сака да успостави тесни и пријателски односи со Турција, но да пакт не сакат да потпишат, ставувајки му до знање да за тој став на Бугарија го обавести Исмет претседникот на владата. Подоцна Исмет паша придружен од Ружди Арос доваѓа во Софија со цел да приговарат за потпишување на пакт за пријателство, не обавестен од Ружди Арос за ставот на бугарската влада. Кога при разговорот се постави прашање за потпишување на пакт Бугарија одбиват, које за Турците као поголема земја значеше доста голем удар. Таквиот ствав на владата на Бугарија и бугарскиот двор не доведе до потпишување и на пакт со Југославија, руководејки се од горното наиме да това подпишување на пактови или ступање во „Малата антанта“ не значи признавање на клузулите на Њејскиот договор.

Пред 1935-36 година падна од власт Мушанов[137], така да руководството на државата прејде на дворецот. Као приврженик за зближеније со Југославија, царот го повика – дотогашниот опуномоќени министар во Белград – Ќосеиванов – да је завземе власта односно го прими руководството. Ќосеиванов – тогај врвеше као за најтуп бугарски дипломат и сите се зачудија кога стана претседник на владата. Не беше јавен работник и слично со које би бил познат. Али това немаше значеније пошто самиот цар руководеше со

[137] Никола Мушанов бил сменет од претседател на бугарската влада по Деветнаесеттмајскиот преврат во 1934 г. кога за претседател на владата дошол Кимон Георгиев.

надворешната политика. Белград имаше доверије во Ќосеиванов и со растурањето на ванчовистите и други македонски организации, се омогуќи зближенијето со Југославија – така да дојде до састанакот измеѓу крал Александар, кој дојде во Софија и Цар Борис. Од тој састанак спечали дворот со то што народот разбра да можи да се создади една „интегрална држава“ без да се уништи една од династијите. По доцна се дојде и до пактот за вечно пријателство со које на Бугарија и се даде полна слобода за наоружавање, увеличавање на армијата и друго насупрот на клазулите на Њејскиот договор.

За ова време БРП/к/ натиснати – по рано од звенарите, а сега и од ова политика не можеше да се рашири и гледаше да си ги запази кадрите. По македонска линија не пројавуваше никаква дејност, осим това што распространяваше позиви оти постоји македонска нација. Ова беше спроведено по налог на Коминтерна. Овије летци предизвикаја големо негодовање кај конзервативните и националистички кругови во Бугарија меѓу Бугарите, а и меѓу македонската емиграција. По повод на тије летци беше спроведено хапшење на комунисти Македонци меѓу кој беја: Александар Мартулков, Чаракчијев – печатарски работник, Јордан Анастасов кој се беше вратил од Берлин, Благој поп Јорданов – студент и други. Се направи еден голем процес на кој беја осудени, осим потсудимите, во осуство и Димитар Влахов и Владимир Поп – Томов[138].

На овој процес јавни обвинител беше Пардов[139] кој после стана министер на правосудијето. Јас бех повикан као обвинителски сведок за да разправам како је бил ставот на ВМРО обединена. Ме распитуваја околу 1 сат и половина. Објасних открито какви се идејите на ВМРО обединена – као национална организација, да она не је еднаква со социјал-револуционите организации т.е. партији и да она работи за слободата на Македонија. Со дипломатска и др. поткрепа на СССР као револуциона држава. Му се изјасних да сум јас еден од основателите на ВМРО обединена, како сме биле во Москва како сме ги посетиле сите културни и други установи осим Коминтерна, каде не не пуштија и др. које све се пишеше во весникот на ВМРО обединена. Значи тука је изнесох наполно идејно политичката платформа на ВМРО обединена – избегавајки при това да сме биле во Кремл – каде „никој не може да влезе“, и да

[138] Се однесува на познатиот Софиски судски процес против најистакнатите раководители на ВМРО (Обединета), на кој Димитар Влахов и Владимир Поп Томов беа осудени во отсуство на по 12 години и шест месеци затвор.

[139] Веројатно се однесува на д-р Константин Партов (1894-1945), кој бил министер за правосудство на Бугарија за време на Втората свеска војна (1942-1944).

сме се састанале со руски обштественици и револуционери. Кога обвинителот виде да ништо лошо не зборам за подсудимите сакаше да ме прекине. Претседателот се изјасни да судот ради осветленије треба да ме саслуша пошто сум бил многу добро запознат. Јас на това продолжих. Рекох да ВМРО обединета соработува со КП и земеделски партији као две најмасови организацији, није Македонците ако не суделуваме со тије партији ке направиме голема грешка пошто после војната во Бугарија и суседните земји стана едно прегруписавање на друштвените сили, така да није очекувавне помоќ од народот во тије земљи без која помоќ неможиме да се ослободиме а које го заступиле и нашите претходници Гоце Делчев, Ѓорче Петров и др.

По мојот говор адвокатите поставија прашање како можат да се осудуват лица, кој работеле за слободата на Македонија, како отделно од Бугарија. Обвинителот, притеснен од това каза да тој обвинетите не ги обтужува као дејци за Македонија, а као членови на нелегална организација – која је подделеније на БРП /к/ и предложи на судот да ги прегледа податците во делото, прочита летците, кој се распространавани од БРП /к/ во врска со Македонија, разгледат записниците од обвинетите во кој јасно се говори да се тије биле членови на БРП /к/ и као такви делувале во ВМРО – обединена, која је забрањена као и другите македонски организации – јасно и непобитно ке се види и установи да је ВМРО – обединена потделеније на БРП /к/. По ова тачка обвинителот беше ногу силен, така да направи големо впечатленије на судот. Имаше 15-16 адвокати, кој ги доброволно бранеја обвинетите али тије беја осудени као такви. По тој начин и судски се установи да је ВМРО – обединена била подделеније на БРП /к/.

Ова суѓење беше през 1936 год. кога на власт дојде Ќосеиванов. Ова мене ме интересираше. Као адвокат имах право да барам да си земам преписи од архивата на ови дела. Заинтересован бех нарочито за това да го проследам и установам онова на основу што конкретно судско се доказа да је ВМРО – обединена као таква била потделеније на БРП /к/ нешто које беше противно со ставот на Совјетите, како тије пред нас се изражаваја да ова ВМРО – обединена треба да биди и си остане национална организација, без да се слива со БРП /к/ а да не биде против неја.

Во ова време БРП /к/ беше скоро во разложеније, као резултат на политиката на „Звенарите“ и на оније, кој после них дојдоја, како што веќ имам подцртано. Се спроведоја чистки во армијата и ван и сл. Голем дел од функцијаторите на К.П. беја во емиграција – други во затворите – руководството го зедоја второстепени личнос-

ти, не знам кој конкретно тогај беја во ЦК. Гешев руководиоцот на Д.С.[140] по комунистичка линија – успеја да продре во комунистичките редови, уништи поједини организации и на тој начин се запазује со работата и лицата – функционери и други од организацијата. Ова му се омогуќи и отаде што БРП /к/ као партија беше градена на легални основи, за то и немаше подготвен строго конспиративен кадар. За това голем дел од ухапшените си искажуваја све така да полицијата све знајеше. Разложенијето беше толку големо што стана поговорка да секој треќи комунист је агент на ДС и полицијата. Еден случај – линијата на БРП /к/ во това време беше таја да што повеке се зближат со земеделците. Во тој дух се вршеле преговори меѓу БРП /к/ и левицата на земеделскиот сојуз претставена од Мацинкијев а од страна на БРП /к/ Милев член на ЦК. Бил потписан некој протокол во бирото на адвокатот Евстатијев. На другиот ден доваѓа полицијата – врши претрес во бирото на адвокатот Мацинкијев и го навоѓа протоколот, а на састанакот – преговорите биле присутни само Милев и тој /Мацанкијев/. Адвокатот Мацанкијев извади закљученије да таја работа можи да је предај некој од ними двајицата – кој не можи да биди друг освен Јордан Милев. Ова го разбрах по доцна пошто адвокатот Мацанкијев беше ухапшен уште одмах додека Јордан Милев не, а које непобитно докажуваше, што го потврдија и комунистите да је Милев бил агент на полицијата, та као таков го исључија, така да до 9 септембар 1944 год. важеше као провансиран агент. Адвокатот Евстатијев после една година се ослободи од затвор и по доцна емигрира. Сега је во Лондон.

При ова стање комунистите гледаја да се запазат. По македонска линија не се пројавуваше никаква дејност.

Со доваѓањето на Хитлер во Германија – задграничното биро на ВМРО обединена беше преместено извесно време во Париз каде се задржаја неколку месеци и од таму ги прибраја за Москва – пошто не можеше да се развије никаква дејност. Со одењето во Москва Владимир Поп Томов „Кречов“[141], као близок на Георги Димитров и истакнат во бугарската партија – бил поставен на работа во Коминтерна и до војната измеѓу СССР и Германија је бил заведујушт на југословенската секција. Сега според правилата на Коминтерна-да партијите се должни да руководат со национал-револуционите движенија, а после уништувањето на задрганичното биро на ВМРО обединена како је било поставено на двете компар-

[140] Се мисли на Службата за државна безбедност на Бугарија.
[141] Псевдонимот на Владимир Поп Томов бил „Громов“.

тији мене не ми је познато. Това го знаје само Владимир Поп Томов и Димитар Влахов. Како што ми је објашњавал Влахов, и това не можам да го земам за чиста истина, тој таму је работел во некоја библиотека каде е пишел историја на македонското револуционо движеније, така да не је имал определена некоја друга работа. Самата му книга на писаќа машина околу 200-300 страници сум му је видел. Пред војната или во токот на војната, на основу това што тој сам ми је покажувал – бил је член [на] словенскиот комитет.

Мојето заклучение – после повлекувањето на задграничното биро на ВМРО обединена во Москва – беше това – да БРП/к/ го изостави секакво водење на македонското револуционо – движеније и главното или беше това да се сврже со по прогресивни Македонци, кој да го исползува за чисто свој патијни цили – со које партијата да покаже еден по голем актив. А това се должи и на ставот на Георги Димитров од порано кој, секогаш се изјашнавал за македонското национално движеније као „комитлак". Јас, во последниот разговор што сум го имал со него во Берлин, во очи сум му казал оти тије – /БРП/к/ во растојаније на 20 год. ги упрекнуваја буржоаските партији и дворецот да го исползуват македонското движеније само за дворцови и партијни цели, а да и тије сега одат по таја линија, само да се исползуват македонските национал-революционите сили само за партијата како би таја била посилна и као таква преставена пред Коминтерна као најсилна и нај праволинијска на Балканот; а да во ствари за македонското населеније не водат сметка да се ослободи со свој сопствени сили преку свој национални организацији. Сето това не му беше пријатно на него. Ова му го говорех на Георги Димитров поваѓајки од това становише што тије сами на збор говореја за македонска нација, а уствари тије немаја земено став по това прашање. Поп Томов на пример го подржаваше ставот на Георги Димитров – као секретар на ВМРО-обединена. Тој никогаш не си даваше своје мишљење по извесни вопроси дури не го пита раководството на БРП/к/. Случај: станал штрајк на работниците во Хасково – Бугарија – на штрајк бил подржан од јавноста. Така да мненијето беше во прилог на работниците, значи морално беше спечален штрајкот. После еден месец Поп Томов – доваѓа со предлог пред руководството на ВМРО обединена да издаде позив-открито во полза на штрајкачите. Није се противуставихме на това, за то што сматрахме да со таков еден гест нема да му укиниме помоќ на работниците – бидејќи на тој начин ќе се прикажиме као комунисти само во друга боја. Предложихме, пошто је доцна и нетактично да му јавиме на

нашите приврженици – Македоци во Хасково да морално со собранија, протести и др. го помагат штрајкот. Поп Томов – не се сложи, а не даде и противупредлог, така да таја работа си остана така – не успевајќи Поп Томов да ја спроведе, а не можеше да одлучи и по нашиот предлог. Јасно беше да со ова БРП/к/ целеше да го издигни својот престиж, да со това се прогресивните Македонци со партијата.

Во надвечерјето на војната 1939-40 год. дојде на власт во Бугарија Богдан Филов[142], кој под притисок углавном на војните се сврза со Германија, које не беше проблем собзиром на това да Бугарија за ова време и економски зависеше од Германија.

Богдан Филов до тогаш не беше извесна политичка личност. Со неговото поставуење јасно проличаваше да дворот преку него си ја спроводи својата линија во однос на внатрешната и стална ситуација. Скоро сите партији беја во разложеније, а које важи и за БРП/к/. Во ова време значи на сите му беше извесно за Царот ја води главната дума – подупирајќи се на војните који беја исцело за Германија. Од војните – шефот на авијацијата генерал Бојдев, кој по доцна беше на служба во Скопје – беше едно од најдоверљивите лица на царот. Со изненада на сите, не помнам точно која година царот го испрати генерал Бојдев – како шеф на авијацијата го испрати со некаква мисија во Совјетски Савез. Бојдев се задржа во Совјетски Савез неколку месеца, после које се врати во Софија и испратил доклат до царот лично, кој го откуцал сам на машина, така да и поред това што се није интересирахме да дознаеме што је писал – не је успејахме. Во ова време веќ бех поврзан со Совјетите по об[авештајна] линија. На основу водените разговори со писателот Трифун Крнев – национал либерал-и по доцна мина кон земеделците. Установихме да Бојдев је дал добар рапорт за СССР во поглед на ставот на СССР према Бугарија за силата на истиот итн. од које царот си земал добри белешки. Стварно после враќањето од СССР кај Бојдев настана извесен преокрет. До тогај сметахме да тој /Бојдев/ еден бирократа, царски човек кој се раководи од това да му угоди на царот за да се направи арен и сл.

По натаки на војните пропагандата во Бугарија се засили за сврзување со Германија; али царот застана на становиштето да не влегува во конфликт со СССР по никаков начин. Малку подоцна во Бугарија дојде извесникот совјетски државник Саболев, кој се задржа извесно време во Бугарија – во легацијата. Од страна на

[142] Богдан Филов за претседател на бугарската влада дошол на 15 февруари 1940 г., на таа функција бил до 14 септември 1943 г.

бугарската преса – германофилите се подигна голем шум во тој смисол да СССР сака да ја загрози самосталноста на Бугарија со това што го наводно тражела Бургас за своја база и др. Това беше углавном германофилска пропаганда но многу во тоа и верувaja. Се создаде едно многу лошо настројеније во јавноста во поглед на СССР. Непосредно после Саболев – во ова ситуација во Бугарија дојде во Софија Потемкин – историчар, кој је имал састанак со царот лично во дворот. Потемкин, знајејки ја ситуацијата му обрнал внимание на царот да СССР нема завојевателни намеренија спрема Бугарија и да препоручува на царот да не се отдава на провокација а остани неутрална; бидејки да државите који је сачинуват „Мала антанта“ само го това чекат за да ја нападнат и ја разделат. После това Потемкин си замина. Ова го пак разбрахме преку Трифун Крнев, кој беше близок со Бојдев, а које се потврди и од друга страна. Во јавности и по натаму слуховите се ширеја во врска со доваѓањето на Саболев да СССР го је тражел Бургас за своја база и др.

Во склоп на овије слухови и пропаганди во јавноста БРП/к/ по свему, по налог на Коминтерна иступи као цело после толку време. Таја издаде едно изложеније – откуцано на писаќа машина во које се објашњаваше мисијата на Саболев да не била во врска со тражење на бази и сл. нагласувајки да СССР не можи да биди агресор и да је това германофилска пропаганда, со која се цели вмакнување на Бугарија кон Германија. Ова изложеније ја раздвижи малку јавноста, али на меродавните /официјалните/ кругови – војни и граѓански не покажа некоје влијаније.

Во овој период на време станува една интересна случка. Дипломатскиот курир на румунската легација дошол од Цариград на пат за Букурешт. Со него је носел и дипломатска пошта. Отседнал во хотел „Славјанска беседа“. Кога тргнува за на воз дипломатската ташна /куфер/ успеват да му ја украдат на самото излегување од хотелот. За ова цел је тој бил пратен од бугарски и германски агенти, кој го и извршиле овој задатак. Куриротот кога видел да куферот му го нема се обратил до дирекцијата на полицијата во Софија, каде му одговарат да ништо не му је познато, утучен во самата дирекција со револвер куриротот се самоубива. Ова беше голема сензација. Колку по доцна можеше да се разбере меѓу документите била пронајдена и некоја карта на Бугарија – во која Бугарија распределена – односно било означено кој места од кој суседни држави ке бидат окупирани. Овој факт продре во јавноста. Со ова се потврди изложеното од страна на Потемкин на царот и се

разбра на каква опасност се навоѓа Бугарија, ако направи каков и да било политички или војни гест.

Германија од една страна и германофилските елементи во Бугарија од друга страна натискаја Бугарија на секоја цена да се определи со Германија. Царот под овој натисок беше принуден на 2 пати да оди во Германија. Таму го заступил становиштето да Бугарија нема ништо против да биди со Германија, или под два услова: 1. да Бугарија не можи да влези во војни конфликт со СССР пошто народот је русофилски настројен и као таков во секој момент ке го предаде оружјето и нема да се бори и 2. да Бугарија ке остани таму каде ке се определи Југославија т.ј. останат на една страна. Во Германија царот је бил уверуван лично од Хитлера да 100 по 100 [%] Југославија ке се определела на страната на Германија. Со враќањето во Бугарија од страна на германофилските војни и др. кругови на царот му се прават и такви предложенија да Бугарија иако не влези официјално во војна со СССР тоа да се испраќат доброволци на фронт, које го тој исто одбива као не основателно – собзир на то да бугарскијот народ не сака да се бори и нема да се бори против СССР.

Од каде ги научував овије работи за да биди појасно ке изнесам после во излагањето ми во врска со пуковник Бенедиктов и др.

Дури се одигравија гореизложените догаѓаји во Бугарија се водеја преговори измеѓу Москва и Берлин. Никој не знајеше со што ке се завршат, а имено да ли ке се погодат или не. Никогаш БРП/к/ не беше во по голема збрка него овој пат. Тије немаја определен никаков став и просто не знајеја што да прават. Исто така и по македонското прашање немаја никаков став, осим това да распространуват летци во кој се говореше да постоји македонска нација, така оформени да не беја убедителни. Се разбираше да је това директива на Москва. Ево на основу што сум го стекнал това убеѓење. По едно време при мене во станот, каде станувах сам пошто дугарка ми беше заминала за Прилеп, дојде Васил Ивановски – после ослободувањето го гледах во Скопје. Тој /Ивановски/ за то време беше нелегален. При мене остана две вечери. Со него разговарахме скоро по сите прашања како тој ми даде и летак – писан на машина во врска со македонското прашање, започнахме разговор по това. Тој стојеше на становиштата да Македонија је отделна нација. Мојето мишљење беше това да тије со таков начин на работа преку летци по скоро вадат очи од колку да пишат веѓи и мислех да за това је потребно да се издаде брошура во која да се теоретски обработи то прашање а које и не му /Ивановски/ му го рекох. Он ми објасни да това тогај не можело да се спроведи пошто

немат луѓе за то што по видните биле или во затвор или во емиграција. На то му рекох да ако може ренегатот Васил Хаџи Кимов да пише неколку подлисника по това прашање и да докажува оти македонска нација не постоји а да това се Бугари – може да го стори цела партија. Иванов[ски] ми одговори да тије го работат она што ќе му го речат од Москва по партијна линија и да таја сега ја имат сконцентрисано работата на поврзување и организирање на групите на секаде во Бугарија[143]. По општата ситуација ми објасни да се воделе преговори између СССР и Германија, и да тије го чекат изходот од тије преговори, така да во моментот немале опредлен став. Од ова заклучив да тије го работат она што ке му го речат од Москва. Сличен разговор сум водел и со Георги Самарџијев – Бугарин – за това време нелегален, кој ми го потврди истото, иако овој беше по интелегентен, по стабилен и агилен од Ивановски. Овој /Самарџијев/ беше по доцна заловен од бугарската полиција и осуден на 12 години.

Во ова време скоро сите мислеја оти меѓу Берлин и Москва ке се постигне некој компромис. Десницата – националистите од Исполнителниот легален македонски комитет, кој руководеше со македонските братства во Бугарија – испаднаја со еден мемоар, кој го поднесоја на сите опуномоќени иностранi министри во Софија – вклучително и на Русите и Германците, исто така и до редакцијите на разни весници. Во овој мемоар се објашњаваше да је Македонија бугарска старина и као таква треба да се присаједини кон Бугарија. Ако това, за сега, не можело да се спроведи то истата да биди аутономна. Како оргументи нема ништо друго до статистиката да населенијето, које живеје во Македонија. По ова прашање разговаравме со многу наши пријатели Македонци, меѓу кој и со Тодор Павлов во врска со то да и није предузимаме нешто за да ги побијеме нашите противници од Исполнителниот комитет и докажиме да нивното становиште је неправилно. Со Тодор Павлов се сложихме да јас го саставам мемоарот и да заклученијето го оставам како би го разгледале со Тодор Павлов. Јас го напишах и отидов при Тодор Павлов да го довршиме. Во изложенијето јас историски образложих за борбите на македонскијот народ и др. На крајот заједно со Тодор Павлов, кој углавном ги изработи заклучоците, дадохме заклучак во кој се велеше да на Македонците треба да им се дадат правата на оделен јазик, школи и да им се даде

[143] Васил Ивановски подоцна, во 1934 г., ќе ја објави брошурата „Зошто ние Македонците сме одделна нација“. Види: Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, Том Втори, Скопје, 1981, док. 56, 110-116.

културна аутономија. Не беше прецизирано прашањето за самосталност на Македонија – отделна од Бугарија. Ова беше стварно минимално али според Тодор Павлов – во това време и толку можело да се бара. Остана на това да Павлов разговара со руководиоци на БРП/к/ и изложенијето преписано на машина му се достави само на Сов[етската] легација – пошто на другите и немаше смисол, бидејќи да се говореше во истото да Македонците се бореле за социјално ослободување – во рамките на Балканска федерација и сл. Од како беше одобрено од страна на БРП/к/ потписана од: Тодор Павлов мене /Шатев/, Туше Делииванов – стар македонски дејец, Перо Шанданов и др. беше доставено на сов[етската] легација, која го одмах прими[144]. Тодор Павлов, меѓу другото, ми кажа да во Москва во министерството на надворешни работи шеф на балканскиот отдел бил некој Александров, кого го Павлов познавал како познавалац на балканските работи, значи и македонското питање, та за това немало потреба повеќе да се пишува.

По доцна – Германците веќ почнаја да навлегуват во Бугарија.

### Кога се обновија врските со сов[етската] об[авештајна] служба?

Изложих да чиската на комунистите спроведена од страна на бугарската влада ме засегна и мене. Не располагајки со доволно средства за опстанак после издавањето на книгата „Македонија под робство" – ја издадох през 1936 год. и книгата „Националните малцинства и принципот за самоопределенијето на народите – балканската трагедија". Ова беше мала книга чисто научна. Во ова време во Бугарија не беше уведена – цензура. По доцна кога веке во Бугарија беше уведена цензура ја издадох книгата: „Колонијалниот вопрос и сегашната војна[145]. Исто така мала книга – по скоро комбинација – осим првите 20 страници каде је изложено националното прашање по чисто марксистичко гледиште. Кој знаје како цензурата ја одобри ова книга. Јас останах задоволен од това за то

[144] Се однесува на Меморандумот до Президиумот на Врховниот совет на СССР, напишан во летото на 1940 година, а потписници биле: Павел Шатев д-р Тодор Павлов и Петар Шанданов. Во Меморандумот се барало владата на СССР да се заложи за „решавање на македонското прашање", врз основа на принципите со кои било решено националното прашање во Советскиот Сојуз, како и „признавање на правото на Македонците да се третираат како самостојна народносна единица" и „самоопределување на Македонија-како област со специфични стопански, животни и јазични особености и посебен етнографски состав на населението".

[145] Оваа брошура П. Шатев ја издал во 1939 г. во Софија.

што во првите двајсе страници се излагаше националното прашање. Се утешавах со това што тије 20 страници можат да го задоволат читателот додека другото беше комбинација – односно извадоци и разни цитати – отштампани... и во фашистички весници, углавном на овој начин успевах да се здобијам со финансиски средства и живејам, поред работата во канцеларијата на Талев до војната између Германија и Југославија.

През 1935 година се обновија дипломатските врски између СССР и Бугарија. Во Софија се успостави советска легација. Во време дојде еден млад човек, кој се задржа, кратко време. После него дојде за опуномоќени министар Лаврентијев. Тогаш по разни поводи имаше пријем во сов[етската] легација. На еден пријем међу повиканите разни официјални лица и јавни работни – бех повикан и јас. На пријемот беја: Данаил Крапчев, Кожухаров, Димитар Нејков, Сава Гановски и др. После свршувањето на пријемот – една група међу кој Гановски, Димитар, Нејков – социјал демократ и др. се задржаја, останах и јас. Успехме да се запознајеме со некој од чиновниците од сов[етската] легација – секретар и аташе по печатот – међу кој: Григоријев – аташе по печатот, Модиров – кореспондент на „ТАСС" и со војниот аташе – тогај цивилен пуковник Бенедиктов. Никакви политички разговори при овој пријем не водехме. Јас и Димитар Нејков го исползувахме моментот [кога] помина покрај нас пуковник Бенедиктов, кој се обазва на нашата покана и седна при нас. Во обичен разговор му кажахме да на пријемот имало присутни и фашисти посочувајќи му го Данаил Крапчев – директорот на весникот „Зора". Бенедиктов се поднасмеја и ни каза да тије добро ги познавале што луге се тије. После това се разотидохме.

Бенедиктов седеше во еден приватен стан карши Народното собраније во Софија. Многупати сум го сретнувал на ул. Цар Ослободител и сме се поздравувале така само од учтивост. След 1-2 месеца Бенедиктов – цивилен дојде при мене дома и тогај ми рече оти знаје за мојето минало и оти во Москва ме познавале добро. Ме помоли да му бидам во услуга за некој работи што го интересуват. Му реков да сум бил во Москва и да познавам некој руски революционери, без да му кажам имиња, а и тој за това не ме праша. Само му реков да не сум комунист, а пријател на СССР и да, иако не гледам да можам нешто нарочито да му бидам користен, сум на нивно разположеније. Од како го почастихме со слатко и кафе тој си излезе. Потоа, не помнам после неколку време, една вечер дојде Бенедиктов при мене дома со еден млад човек на 30-35 год. Него ми го претстави као негов секретар, напоменувајќи ми да

уместо со него /Бенедиктов/ ќе требе да се сретнувам со младиот. Овој беше Савченко – тогај цивилен. Во разговорот, меѓу другото, потражија од мене по подробна и по голема карта на Бугарија. Им објасних да ако ги нив специјално интересува некоје место можат да си набават такви карти – од картографическиот институт, каде се продават. Му напоменах да ако тије не можат да си набават јас можам сам – пошто това не је никаква тајна. Они ми казаја да тије карти тије ги познавале, но да ними ги интересувала некоја поголема, по подробна карта. Му реков да ке се опитам да набавам преку свој пријатели таква карта и ке им ја доставам. Савченко ми го даде бројот на телефонот – ако му затреба нешто за да му се јавам. Јавуењето требеше јда станува преку јавните говорници. Јас случајно во разговор со мојот интимен пријател инж. Петар Мацуков[146] – Македонец; од скопско – го запитах каде би можело да се најде таква карта. Тој одмах ми кажа да он располагал со една многу подробна генерал-штабна карта као инжињер на шумарството. Ми спомена да тој знајел да јас се бавам со таква конспиративна работа, та ако ја задржам картата да му кажам. Одоговорих му да смета оти нема да му ја вратам и ако сака можам да му ја наплатам. Тој одби да прими секакво наплатување. Замина си за Пловдив, и по некој ден ми ја испрати картата, која беше доста подробна. Картата му ја доставих на Савченко дома. Савченко тогај стануваше на ул. Раковски за број не се сеќам, имаше жена со 2 мали деца. Тој сакаше да ми наплати, које го јас одбих образложувајќи му да картата сум је добил од еден Македонец – мој пријател и пријател на СССР кој не ми је наплатил, та према това и јас нема што да наплатувам.

Од како минаја 2-3 недели во мојот стан на ул. Хитлер број 15 една вечер дојде Бенедиктов – цивилен со еден друг човек. Тој ми го престави како негов заменик – пошто тој ке си заминел. Ми го претстави како пуковник Делгачов. Му скренах пажња на това да не ги пратат. Ми објаснија да тије заобиколувале а од како се увериле да никој не ги следи, значи се осигурале, влегле во мојот стан. Пуковник Делгачов, на мојето питање од кој род на војска је: ми одговори да бил тенкиста. Првиот ми утисак од састанакот ми беше тој да је Бенедиктов по интелигентен и по способен, додека овој /Делгачев/ ми се виде по тромав. Му напоменах да пошто је опасно времето да избегават да доваѓат при мене дома и да со

[146] Се однесува на Петар Манцуков (с. Мирковци, Скопско, 1878 – Пловдив, 1966). Заедно со П. Шатев учествувале во подготовките на минирањето на Отоманската банка во Цариград во 1900 г. Автор на мемоарите „Предвесници на бурата“.

Савченко ке биди по лесно да подржавам контакт. Бенедиктов ми го каза и то да Лаврентијев исто ке си замине, а да на негово место ке остане Лаврашчев кој беше саветник на Лаврентијев. След това си заминаја.

След извесно време ме посети Савченко, кој ми потражи подробна карта за Југославија. Одговорих му да тешко ке набавам во Бугарија таква карта. За ова време се трудех да пронајдам таква карта. Еден ден бев во друштвото со мојот пријател Милан Најданов од Кичево – адвокат. Како што одехме со него се сретнахме со Македонецот Николов[147] – резервни генерал, кој се занимаваше со македонските работи, али беше приврженик на ванчовистите. Во разговор со него околу Југославија, тој као генерал националист стојеше на становиштето да Југославија ке биди смазана – ако не тргне со Германците и сл. Рекох му да је важно за Македонците што ке биди. Во тој муабет јас му казав да ме интересува во моментот Македонија и како би сакал да имам една подробна карта. Тој – разбира се во подолг разговор, кој овде не можам да го опишам во детали – ми одговори да на драго срце ке ми дадел таква карта, бидејки да тој имал една доста голема и подробна карта за цела Југославија. Отидох подоцна при него дома за да ја земам картата на Македонија. Тој беше наскоро жењен. Извади една торба со околу 20-30 парчиња. Почнахме да ги саставуваме. Во тој моменат влезе женаму и јас го исползувах това и му предложих на генерал Николов да је земам целата карта и со това нема да му го одземам времето. Тој одмах се сложи. Понатаму разговарахме во присуство на женаму обични работи. Картата – после това му ја предадох на Савченко, на кого предварително по телефон му заказах састанак. Картата му ја предадох на улица заједно со една мрежа во која као камуфлажа имаше нешто зарзават. Му расправих од кого и на кој начин сум је зел и го помолих да ми је врати, које ми го тој обеќа.Така мина доста време и картата не ми ја вратија. Генералот интервенирал преку Милан Дамјанов да ке му ја вратам лично на генералот, бидејки да сум привршил. Пропуштих да одбележам да генерал Николов ми каза оти картата била заловена од војната и била – генерал-штабна карта. Еден до 2 пати ја тражех картата од Савченко, кој ми одговори да била испратена

[147] Веројатно се однесува на Коста Николов (с. Вирче, Делчевско, 1873 – Софија, 1944), учесник во македонското револуционерно движење, генерал на бугарската армија, пратеник во Народното собрание, член на Македонскиот научен институт и член на раководството на Сојузот на македонските културно-просветни и добротворни братства во Бугарија (1936-1944). По 9 септември 1944 г. ликвидиран од бугарската комунистичка власт.

во Москва и да рекоја ке ми је вратиле. Савченко ме пита и това што би станало ако се таја карта загуби. Одговорих му да во тој случај ке требе да се скарам со генерал Николов и изгубам кај него поверење као поштен човек. По едно време Савченко пак во торбата ми ја врати картата. Како јас бех очуден од това како то да Москва – не располага со таква карта му поставих и такво питање. Савченко не ми одговори прецизно само ми даде на знање да разберам да тије се многу доволни од таја карта.

За ова време Савченко дојде поново дома при мене со една бугарска книга – обични приповетки. Почна да ми објашњава шифра. Не го помнам ауторот на таја книга. Ми расправаше детаљно за шифрата која беше доста сложена со пет цифри, а кључ беше страницата и редот во текстот. Од како ме запозна со шифрата ми постави да ја упражњавм шифрата. После една недела ми даде едно извлеченије за да го шифрирам. Криво – лево ја научих шифрата. Кога веќ Савченко се увери оти сум је усвојил шифрата ми даде една јавка како да се свржам со Димитар Арнаудов, кој бил радио-телеграфист. Ми прецизира точно кога и каде ке треба да се свржам. Ми објасни за Арнаудов да бил по рано партијец, но да после станал ренегат, али да према нивните проверки тој бил сигурен човек. Јас – согласно дадените напатствија од Савченко се сврзах со Арнаудов во еден парк – „Лозанец“. Арнаудов требаше при сврзувањето да држи книга во рацето, а јас еден весник. Јас требаше да му речам: „Е сега идам од Пловдив“, а тој требаше да ми одговори „и јас бех таму, тука што сум дошол“. Така и стана. После састанакот се договорихме да дома уопште не се састануваме а надвор – све на различни места – кога јас ке требаше да му ги давам шифрованите телеграми. Савченко остави на мене што да доставувам. Кога почнах да предавам телеграми – прво кратки – пошто ми беше тешко со шифрирањето. На неколку пати Савченко ме предупреди да сум имал грешки при шифрирањето. Отаде разбрах да тије располагат и со друга радио станица, иако това Савченко не ми го кажа.

Во прво време праќах податоци углавном околу ставот на Бугарија во однос на това кон кого ке се определи, да ли ке стапи во савез со Германија и сл. које го научувах во разговори одавде – одонде преку свој пријатели и познати.

Колку се сеќавам шифарот го научих во почетакот на 1940 год. и од март месец истата година почнах да праќам телеграми.

Од како почнаја веќ да навлегуват Германците во Бугарија – садржината во телеграмите беше углавном околу иститe. Добро ам јас као не војни не можех да дадам кој знај какви податци. Му

пишех за дислокацијата на војните јединици – за концентрирањето на грчка граница и сл. Во ова време сов[етската] легација во Софија беше скоро блокирана. Еден пат дојде Савченко при мене и ми јави да од Москва му јавиле да јединствено „Штил“[148] – мојот псеудоним ги је осветљавал по ситуацијата во Бугарија. Тек сега разбрах зошто совјетите, мене ми поверија шифра па и радио – станица кога имаја легација во Софија. Тије сигурно се предвидувале и знајеле да еден ден ке бидат блокирани и нема да имат могуќности да прикупљат податци.

Во врска со навлегувањето на Германските војски во Бугарија му јавих да главнината на истите навлегува преку гр. Орехово, додека преку Видин као заштитница на главнината при евентуален удар од југословенската страна. Исто така му јавувах и за бројното стање, колку што можех да се здобијам со податци на германската војска во Бугарија. Се сеќам да еден пат му јавих на основу податците за хлебот кој ги добих од Александар Пејев – кој имаше врски со бугарските војни кругови да бројот на Германците во Бугарија износи околу 900 хиљ. души.

Податци во веќина прибрах преку лицето Александар Пејев – адвокат ауторитетски човек, како што реков со широки врски меѓу војните. Со него бех близок пријател и интимно прикажувахме. Тој знајеше за мене да јас имам врски со Совјетите, па и тој не кријеше од мене за неговата работа. Тој работеше чисто по партијна линија.

Мене изричито со телеграма од Москва ми беше нагласено да со никакви комунисти не треба да се сретнувам, како се неби провалил во нешто. Јас стварно избегавах и не се сретнувах. Во последно време даже не го и посетувах така наречениот „Јакобински клуб“. Но и поред това јас не можех да избегавам од Александар Пејев од кого прибирах драгоцени податци. Совјетите можеја да заклучат со кого се движам и од кого ги прибирам податците пошто детаљно тражеја да му јавувам од кој источници сум ги прибрал испратените со телеграма податци.

По једно време Арнаудов ми саопшти да имал некој пријател кој работел као чиновник во дирекцијата на авијацијата, та да од него можат да се прикупљат податци за прогнозата на времето за авијацијата, кој тие ги добивале од Берлин. Значи да секој ден кај 11 саатот Арнаудов можеше да ги има тије податци, како што ги викаја Бугарите „аеро-свотка“, а јас можех да ги испраќам со телеграма после ручек. Овој негов пријател за името на кого не можам да се сетам, порано бил комунист и од идејна гледна точка

---

[148] „Тивок“, „Молчалив“ (герм.)

бил готов да услужи. Јас се согласив на дадениот предлог од Арнаудов и секој ден почнах да ги испраќам во Москва тије податоци. Секој ден на определено место пријателот на Арнаудов му ги предаваше овије податци, а тој /Арнаудов/ ми ги предаваше мене како би ги шифрирал и доставил со телеграма.

Се до извесно време не знам по кој начин пак преку ова лице које работеше во авијацијата ја добихме и шифрата на турската авијација која Бугарите успеле да ја украдат од Турците. Јас не знајев колку би могла да биди корисна таја шифра, али за секој случај му јавих на Савченко кој дојде при мене дома и му ја предадов истата. Си спомнувам да Савченко за секоја евентуалност ради сигурност ја стави шифрата која беше доста голема во потпетиците на својата кондура. После извесно време, како нестанало нешто од дирекцијата на авијацијата – директорот на истата посумњал скоро во сите службеници и наредил да се изврши претрес при истите. При нашиот пријател при претресот во некоја книга му бил пронајден часописот „Болшевик" – уште не исечен кој го имал земено уште пред 2 год. Мислам да „Болшевик" го имала земено неговата жена – исто комуниста. Пронајдувањето на „Болшевик" било довољно да се кривицата за украдените ствари натовари на овој чиновник, као резултат на што беше осуден од војни суд на 12 год. Кога веќ Москва престанах да је обавештавам за прогнозата на времето, образложувајки му за станалиот случај со источникот од кого ги добивахме тије податци – тије одмах одговорија доста оштро со телеграма – како можело да се дозволи да се направи таква грешка. Почнаја да ми нудат пари како би успејал со помошта на парите да потплатам некој за да ги добијам тије податци. Нудеја доста големи суми на пари. Им објасних да со пари нема да можам да успејам, бидејки да човекот кој ни ги доставуваше тије податци, ги доставуваше од идејни погледи. За ова работа бев доста критикован. После овој случај разбрах исто така да и овије податци му биле драгоцени.

Уочи нападот на Југославија 1941 година согласно директивата од Москва јас не се брках многу во тије комунистички средини. Од разговор со Александар Пејев и др. комунисти разбрах да многу од по агилните комунисти се поврзале со сов[етската] легација и работат по нивни директиви – било по об[авештајна] работа или друго. Казах да не знајех кој беја тогај во централниот комитет, но ипак колку можех да установам во веќина преку Александар Пејев, тогај руководеле Антон Иванов кој је дошол преку Франција од Москва – нелегално и Цола Драгојчева. Да се поактивните комунисти делувале по директивите на сов[етската] легација го заклу-

чив од следните факти, Александар Пејев, кој не криjеше од мене беше поврзан со совјетите и работеше по обавештајна линија, Стефан Богданов – исто така. Стефан имаше брат по име Петар – агроном, виден комуниста. Петре беше женен за една моја братучетка по име Ратка – сега жена на Мире Анастасов. Од неја /Ратка/ научих да је Стефан Богданов бил поврзан со совјетите по обавештајна линија. Еден друг случај . Еден ден през 1941 год. летото од како беше објавена војната између Германија и СССР-одејки во куќата при Савченко го најдох војниот аташе на сов[етската] легација по име Шпага – пуковник. Покрај другиот разговор со него – пошто Савченко уште не се беше вратил дома – овој /војниот аташе/ ме помоли да је пронајдам некоја црномањаста жена со наочари – посочувајки ми улица, за број не се сеќаваше тачно-та затова ми даде два броја, кој му останале во сеќање и ји саопштам да се јави при него пошто имал нешто да и каже и за да си ја прими заплатата. Јас не можех да се сетам која је ова жена. Отидох на таја улица и влегов во една куќа како што ми је беше описал војниот аташе ко бајаги да тражам нешто. Во ова куќа ми се јави една жена, која не одговараше на дадениот опис. Отидох на другиот број, но и там не можех да пронајдам таква жена како што ми беше описана.

Одејќи по улицата је сретнах познатата на мене комунистка – по маж Презентијева – која беше женана за еден Ерменец по име Презенти – да пред една година је била пом[ошник] министар во некоје од привредните министарства во Бугарија. Јас је питах каде станува и се досетих да је таја. На мојето питање да ли има врска со сов[етското] војни аташе се правеше мистериозна и не сакаше да ми одговори. Тогај јас и рекох да војни аташе и го заборавил бројот на куќата, та сака да ја види пошто имал да и каже нешто и да и је предаде заплатата. Након това се разделихме. По доцна през 1942 год. кога веќ бех пратен во логорот „Крсто Поле“ – Егејска Македонија бех во едно оделеније со нејзиниот маж Презенти. Секој ден није си прикажувахме по разни работи. По едно време тој ми саопшти да добил писмо во које му се јавувало да неговата жена била ухапшена и јавниот обвинител тражел смртна казна. Ми расправи како бил партијка и као таква натоварена со голема и одговорна партијна работа. Уствари таја ја руководела мрежата на НКВД меѓу службениците во главната пошта – Софија. Јас се правех оти слабо ја познавам, а како што се гледа од горенаведеното јас је знајех као совјетски агент со заплата.

Има и други случајеви за кој не можам да се сетам. Сега си спомнав. Сестрата на Георги Самарџијев – агроном, за кого подоц-

на ке говорам, по име Кита – сега посланик во народната скупштина исто така беше поврзана со сов[етската] легација, које го знам лично од неја.

Овије работи мене ме натераја да јас заклучам оти по видните комунисти дејствуваја само по директиви на легацијата и во полза на истата. Од тука и поједини акции, кој се изведоја подоцна мислам през 1941 год. Беја индивидуални и изведени – обично по задаток на сов[етската] об[авештајна] служба.

После нападот на Германците на Југославија – другиот ден отидох сабајлето – по рано во кафето Цар Ослободител – каде секој ден одех. За еден астал седнаја Трифун Кунев и Генерал Бојдев. Јас заминах покрај ними се поздравих и седнах за друг астал. После 4-5 минути Бојдев си замина и за мојот астал дојде Трифун Кунев – као мој стар пријател и меѓу другото во разговорот као прво ми каза да генерал Бојдев му саопштил како истијот ден сабајлето испратиле бугарски авиони да го бомбардират Белград, та да Бојдев не је знајал што ке станело по натаму. Одмах после това со телеграма му јавих на Москва да истиот ден бугарски авиони се испратени да го бомбардират Белград – објаснувајки му како сум се здобил со тој податок. Значи да другиот ден после објавувањето на војната сабајлето рано Белград је бил бомбардован од бугарски авијони без икаква објава на рат. Това вероломство ми направи многу лош утисак. Од Москва по прашањето на бомбардовањето на Белград од страна на бугарски авијони не ми јавија ништо. Од овој акт мене ми стана јасно да царот не је држел за пактот за вечно пријателство со Југославија, које го је поставил као услов пред Германците, и просто се је бојел од Југославија. Сега кога го виде разгромот на Југославија – тој се показа во истинскиот си лик – за то што испраќањето на авијони за бомбардовање не можеше да биди без знање на царот. Значи да Цар Борис што се супроставуваше на Германија во поједини нејзини барања не се је руководил од чувствата на народот према Југославија – нити пак од натискот на широките народни слојеви – посебно на комунистите, кој скоро не пројавија никаква дејност да Бугарија се отцепи од Германија, но во дадената политичка ситуација од страх од Југославија и другите суседни земји.

После 2-3 дена добих од Москва телеграма во која се бараше да им јавам како се одрази во јавноста разгромувањето на Југославија од страна на Германците. Му одговорих кратко да националистите германофили ликуват од радост, додека другите – вклучително и комунистите, стојат равнодушно.

Познато је да германски војски од Бугарија преку „Деве Баир“ – Ѓуешево навлегоја во Македонија и после 2 дена падна Скопје. На пат за Скопје је била уште една германска дивизија командувана од некој генерал Вангели – која је била задржана во Ѓуешево – предните части, додека штабот је бил во Перник и вратена назад со заповест да замине за гр. Јаш. Бугарски официр за сврска со ова дивизија је бил резервниот поручник Агол Илијагански – кој је завршил студији во Германија. Ми беше познат, но не и близок. Илијагански беше иначе многу близак со главниот редактор и сопственикот на листот „Литературен глас“ со кого јас добро стојех, по разбирање левичар. Еден ден пред ручек во кафане „Цар Ослободител“ ги забележих да седат заједно за еден астал Митов и Илијагански. Му се придружих и јас. Во разговорот Илијагански, меѓу другото во разговорот ни каза да дивизијата германска при која је тој бил за врска је добила заповед да крени за Јаш на румунско-совјетска граница и да штабот на дивизијата добил еден список со податци за дислокацијата на сов[етските] јединици према Јаш, па даже и имињата на сов[етските] виши и нижи официри на тој сектор. Се разбра јасно да германските војски заминуват на сов[етската] граница, а не како што пишеше на вагоните за Германија. Што се односи за списакот со податците за дислокацијата на сов[етските] војни јединици Илијагански јасно рече да тије податци ги видел лично. Мене ме учуди това како то да Германците се запознати покрај другото и со имињата на офицерите од тој сектор. За то за ова работа одмах испратих телеграма во Москва со која ги обавестих за наученото. Од Москва во врска со ова телеграма не добих никаков одговор.

Тогај во бугарската јавност владаше големо интересовање за предметот на преговорите измеѓу СССР и Германија. Од радозналост се интересувах да дознам и јас што би могло да биди предмет на преговорите. Преку разговори со разни лица мој познати, дознах да преовладава мишљењето оти преговорите се водат околу това да Сов[етскиот] Савез не дозвољава на Германците да го држат под контрола ушќето на Дунав и Бугарија, које не беше позитивно. Во еден разговор со Георги Петров – содржателот на кафето „Цар Ослободител“ које кафе на нему му беше една врста прикритије – пошто тој беше познат као германски сарадник /као таков јас го познавам уште од Вијена/ тој ми саопшти како во Берлин се припремале 200 хиљ[ади] сов[етски] знамиња за дочек на сов[етската] делегација за преговори. Јас не обрнах вниманије на тије думи пошто тој по секој повод бараше начин да се похвално

изрази за Германија – као за непобедима страна и сл. Секогаш му одобравах, иако ме познаваше као левичар.

Пред да се објави војната измеѓу СССР и Германија – седех сам во кафенето „Цар Ослободител“. За мојот астал дојде и Георги Петров. Отпочнахме муабет околу преговорите – кој се водеја измеѓу СССР и Германија. Без да го питам почна да ми расправа како преговорите биле прекратени. Кога јас му рекох оти тој пред некој ден ми кажа оти во Берлин имало спремено 200 х[иљади] совјетски знамиња, а сега ми говори друго, ми рече како било све прекинато и да ке дојдело до рат. Му реков да не верувам и да мислам оти тије ке најдат начин да се споразумат. Ова му го рекох нарочито. Си споменувам да беше вторник пред ручек. За да си придаде важност, сматрајки ме за наивен, како би бил по убедителен ми рече да војната најдоцна ке била објавена до недела. Јас си стојех равнодушно. После то мислам да го нешто извикаја и го прекинахме разговорот. Од кога излегох почнах да си мислам да ли да јавам во Москва за ова работа или не. Не сакахда јавам за да не ме схватат како алармација. Така се колебах околу 2 дена и реших да му саопштам. Во телеграмата која му је испратих му објасних од кој и каков човек сум разбрал да до недела и то сабота или недела нај касно ке била објавена војната од страна на Германија. И наистина случајно овој податок се сложи. Во неделата се објави војната од страна на Германците. Многу подоцна добих похвална телеграма од Москва поводом овој случај.

Баш во ова време имав еден разговор со професорот Јордан Иванов – етнограф мој познат. Тој во поверење ми каза да је бил повикан при министерот на сполните работи од владата Филов. Попов, кој му је поставил срочно да изработи изложеније кој места да се тражат од Македонија за припојување кон Бугарија. Овој го је изработил тој предлог-претендирајки на Лерин, Воден и др. да се непремено вкључат, додека Кичево, Дебар и др. места окупирани од Италија можат да останат. Попов при тражењето му је објаснил да Германците скоро ке објавеле војна на СССР – кого ке го прегазеле за 25 дена та затова сакале да ги прецезират границите на Бугарија. Професорот Иванов исто го подржаше становиштето оти Германија ке го прегази СССР во брзо време рачунајки на разните националности во СССР , на које јас му се супроставувах.

Во ова време, како што имам наведено, партијата беше во голема беспатица. Не само што не знајеја што да прават, но и не знајеја што да говорат. Сите го исчекуваја резултатот на преговорите. Во врска со ова прашање сум разговарал со Тодор Павлов, Сава Гановски, Врбан Николиќ и др. Сите го споделуваја стано-

виштето да нивниот став ке зависи од исходот на преговорите. Со Тодор Павлов као со Македонец сум разговарал по опширно. По разрешавањето на македонското прашање при разговор ми се има изјаснето да за сега не постојело разрашевање на македонското прашање – това било фторостепено, главно било спечалување на војната од прогресивните сили – СССР. Македонија за ова време веќ беше окупирана од Бугарите.

Во ова време дојде една вечер при мене дома пуковник Дегачев заједно со еден друг човек – рус – кого ми го престави као хемичар. Ми постави да имал заповед од Москва на секоја цена да пронајде динамит. Беше замислен и ми предложи да пронајдеме материјал како би направиле експлозив. Му објасних да сум много заузет со работа – секој ден прибирам податци и испраќам телеграми за Москва, па имам работа со Белград и Солун и не можам да стигнам. Му предложих да ако треба нитроглицерин, бертелетова сол и др. можам да му набавам, но да приготвувам немам могуќност. Му објасних да имам еден пријател апотекар од кого можам да набавам све што је потребно и во колкава количина сакам. Това лице бече Александар Међдуречки мој познат уште од Вијена. Исто така многу добро ми беше позната и жена му Мара Међдуречка. И двајицата беја по убеѓење комунисти, но иначе Александар беше роден за шпекула. Мара беше по издигната од него. Тије имаја сопствена куќа во „ “[149]. Нив ги користех као укриватели и помагачи. Во апотеката ми беше врталиште. Пуковникот Дегачев не остана доволен од мојот одговор – пошто сматраше да не може да је исполна таја зазповед и си излезе очајан. Јас просто го сажаљевах. Значи јас овој пат, сматрајки да не је згодно и од конспиративни разлози, не се сложих со неговиот предлог да није створиме нешто као лабораторија – во која би се запослиле лица и пронашла посебна просторија.

Јас, после овој задатак, продужих да мислам за начините за спроведувањето на истиот. Еден ден – скоро случајно се сретнах со еден мој стар пријател – националист – но поштен човек, кој је учествувал во македонските борби. Тој ме покани да одиме во едно кафе – како би поиграле табла. Седејки таму – почнахме да разговараме. Тој – за това време експлоатираше еден рудник на гиленит во село Павелско – Станимака. Него го питах за работата му. Ми исприча да мината била добро разработена, али да немал доволно капитал за работа. Иначе живејеше во Софија. Ми се поплакуваше да је во парично затрудненије и побара од мене да ли можеме да

[149] Испуштено во текстот.

најдиме до саботата до 12 хиљади дин[ари][150]. Одговорих му да јас немам, но да ке се потрудам преку мој пријатели трговци да се здобијам со таја сума. Додуше јас имах пари, но на него му казах да немам и да ке побарам. Во тој момент јас му рекох да као на македонски революционер – за каков тој ме познаваше – во тије сматни времина – ми је потребна извесна количина динамит. Тој ми одговори да секоја недела добивал динамит и да покрај контролата од страна на државата – тој можел да оддели извесна количина, која не му била потребна, али да за това јас треба да определам едно лице, које ке треба да го распределува динамитот и се расправа со работниците. Послем това се разделихме. Јас имах познато едно момче по име Георги од Тракија – шура на еден мој пријател Ангел Поп – Киров, кој на неколку пати интервенираше преку мене да најдиме некоја работа за шура му кој углавном беше на негов терет. Мислејки си ми попадна во паметот ова момче да би можел да го искористам за таја работа. Еден ден отидох при Ангел Поп Киров во книжарницата и му рекох да сум му пронашол едно место за работа на Георги во еден рудник, та ако се сложи може да замини. Тој ми заблагодари и го викнаја одмах Георги на кого му ја образложија работата. Тој требаше да прима 3000 х[иљади] [л]ев[а] месечно и да замини кај сабота.

Одмах на другиот ден испратих телеграма да није можиме да пронајдиме колку што ни је потребно динамит. Ева телеграма ја испратих директно Москва за то што со пуковник Дегачев се сретнувахме обично на 10-15 дена и редот уште не му беше дошол. Од Москва не одговорија ништо, но кога се видохме со Савченко – надвор на улица – пошто тој веке не идеше во мојот стан, јас му ја објасних работата. Тој одмах се сложи и ми каза да след некој ден ке ми продаде капсули и фитил. После това ја уредив работата со Генадијев – на кого му дадох traжените од него пари во износ на 12 хиљ[ади] л[е]в[а] и исто така му предадох и 15 х[иљади] [л]ев[а] за разноските на Георги. Се договорихме да Генадијев му плаќа на Георги и сам лично го носи во Софија – секоја недела динамитот од рудникот. Од тогај Генадијев секоја недела ми носеше динамит, кој го носех и сместувах во куќата на Мара Междуречка. Исто така таму беја сместени и фитилите и капсулите кој по доцна ми ги предаде Савченко.

По едно време се састанахме со Савченко, кој ми постави, да од динамитот му предадам 20-25 кгр. На едно лице које ке дојде во посочената од мене куќа на сестра ми, која не беше таму во Красно

---

[150] Веројатно се мисли на левови.

– село. На определениот ден и сат дојде едно лице, које согласно паролата ми предаде 5 кутији „Арда“. Лицето не го познах које је. Това по све беше некоја врећа. Нему му ја предадох предвидената количина во куфер. Така тој дојде на неколку пати и во различни куфери му предадох на 3 пати по 20-25 кгр. Динамит. Последниот пат кога му го дадох динамитот му дадох и капсули, кој овој ги стави во куферот со динамитот. На ова му ставих примедба, да капсулите треба да ги стави во џепот. На основу ова установих да ова момче не је опитно во овије работи. Кога се видохме со Савченко по други работи, кој ке ги изложам потаму, му казав на Савченко за случајот и му напоменах да такви работи не му се поверуват на такви не опитни лица. Тој со вкушеније каза да запрам и да више не давам. Го питах за останалиот динамит и за динамитот, кој што доваѓат, што ке правиме? Ми одговори да динамитот понатаму – дел по дел му го предавам на радиотелеграфистот Арнаудов. Јас го давах на истиот. По доцна го питах Арнаудов што прави со тој динамит. Арнаудов ми расправи да тој го предавал на некој негови познати за диверзији. Меѓу другото со Арнаудов се договорихме да тој го запали сеното, голема количина во реонот на касарните, кој е спрема Борисовата градина – со цел да се запалат и касарните. Това се сакаше и од самиот Савченко – тој по скоро ја даде и таја идеја. Арнаудов со серна киселина – во каучук со малку динамит – го запали сеното – но касарните не изгореја. Савченко сам со очите виде оти това Арнаудов го сврши.

При припремата за диверзији во еден разговор со Савченко по моја иницијатива почнахме да го разгледуваме прашањето за поставуење на една количина динамит во бирото за печатот као акт на протест против амбициите на истото уперени на адрес на СССР. Како бирото на печатот беше сместено одмах до американската легација во Софија Савченко не се сложи. Во ова време СССР веќ беше во војна со Германија. Како овој мој предлог одпадна се сложихме да го истото сториме во редакцијата на весникот „Зора“ на Данаил Крапчев, кој водеше безобзирна кампања против СССР и открито је заступаше линијата за Бугарија објави војна на СССР. Тогај разбрахме да Данаил Крапчев – добил подарок за околу 5-6 мил[иони] л[е]в[а] хартија за таја цел јас приготвих 1-2 кгр. Динамит, кој му го предадох на Митко Зафиров[151] – како би му го тој доставил на лицето, које требаше да ја сврши таја работа. Митко Зафиров – сам ми каза во разговорот оти имал погодно лице за извршење на задатакот. Мито Зафиров – како подоцна разбрах го

[151] Се однесува на Митко Зафировски. Види фуснота бр. 30.

ангажирал песникот Коле Неделковски го примил тој задаток, но вечерта кога требало да го спроведи во дело имало некој човек таму, така да се овој повлекол и одложил за другиот ден. Другиот ден пред ручек оди бугарска полиција во неговиот стан, по каков повод, на основу што и др. не ми је познато, и тој да не би попаднал жив во раците на полицијата – не ја отвара вратата, го пали фитилот на експлозивот и се фрла од 4 спрат од прозорот, така да је останал мртав на местото. Експлозивот је експлодирал али без некакви последици. Била разрушена само собата на зградата – таванска соба.

Кога се видохме со Савченко му расправих за случајот. Тије мислеја да некој комунист се фрлил од прозор, но не знајева за све. За ова јавих со телеграма во Москва – во која му означих да је Коле Неделковски прва жртва по ова линија.

За ова време добивам телеграма од Москва со која се бара да се минират „железните врати" на Дунав. Мене ова много ме очуди и одговорих со кратка телеграма да је това за нас невозможно. На састанакот со Савченко му образложих да није не располагаме со бригада, а сме појединци и не можиме да го спроведиме тој задаток. Му напоменах да тука постоји Партија, која би могла да ги спроведи тије работи собзиром на това да таја /Партијата/ располага со луге во Видинско и Ломско кој ги познават условите и теренот. На ова Савченко ништо не ми рече. За одбележување је това да Савченко пред мене никогаш и нито со една дума не ми доставуваше на знање да је недоволен од страна на БРП/к/. Кога јас му поставувах прашања како горе означеното тој само молчеше. Него го помолих да јави по свој пат во Москва за ова работа, да немаме могућности да је спроведиме. При овој разговор јас ја имах смелоста да му кажам на Савченко и му го поставам отворено прашањето на разјаснување, а имено да ми одговори на това пошто сматрам да постоји недоразуменије во линијата која је спроводат од Москва и линијата, која је спроводи БРП/к/. Му поставих директно прашање да ли сме није во право што припремаме и почнуваме да спроведуваме диверзији по налог на Москва или пак је исправна линијата на БРП/к/ која говори да такви работи во Бугарија за сега не се прават пошто стањето во Бугарија не било такво како што било во Југославија. Савченко учуден ме пита „како това"? Му изнесох еден конкретен случај, кој и овде ке го образложам. Во Софија имах еден пријател со кого се познавах многу добро. Тој беше Бугарин – историчар и као таков професор во гимназијата – иначе комунист, за името не му се сеќам. Со него многу пати сум разговарал во кафенето „Сердика" по разни прашања, меѓу кој и по

прашањето што да се прави во ова ситуација. Се сложихме со тоа да секој со што може треби да ја помогне борбата против фашизмот. Во муабетот тој се согласи да спроведи една акција во еден војни објект, во Горња Бања – Софија. Јас му рекох да ке се потрудам да му најдам малку динамит и све што треба, така да можи и со цигара да се запали. Тој се сложи и после некој ден му дадох во една мрежа – во која за камуфлажа имаше и нешто зарзават околу 2-3 кгр. динамит – капсул и фитил – за да го изврши задатакот, кој си го зеде на себе си. Тој све прими и се разделихме. После 5-6 дена ми саопшти да сакал да го врати динамитот пошто немало таков лозунг /позив/ од страна на партијата и да истата това не го дозвољавала. Јас му реков да је во грешка и да не је лошо информиран. Му казах да колку што ми је мене познато таква акција треба да се спроведуват. Одговори ми да тој бил многу добро информиран објаснувајки ми да ако само Бугарија влезела во војна со СССР тек тогај можело да се спроведуват такви работи. На другиот ден на определеното место ми го врати динамитот.

Кога му го изложих овој случај на Савченко тој тогај категорички ми каза оти това не било верно и оти можеле да се спроведуват акции и сега.

Не мина многу време после ова беше спроведена диверзија во Варна каде била запалена доста голема количина цистерни со бензин од самата Варненска станица. За овој случај јавих во Москва со телеграма, без да му јавам од кого и како пошто не знајех. По доцна – кога веќ паднах во затворот – април месец 1942 година – дури бех уште во затвор во дирекцијата на полицијата – доведоја во нашата соба еден затвореник од Варна. Затвореникот беше многу исплашен, сматрајки да не му биди изречена смртна казна. Установих да је Македонец од Костурско. Во затворот тој ми исприча за неговата работа зошто је ухапшен. Од него разбрах да сов[етскиот] конзул во Варна имал врска со некој Македонец од Костурско, кој од своја страна си је имал мрежа односно група од кој прикупљал податци од обавештајен карактер, кој му ги доставувал на конзулот. Меѓу другото од ова група – значи по налог на Совјетскијот конзул во Варна била спроведена и диверзијата на запалени цистерните со бензин. Значи и овој акт на диверзија не је бил спроведен од страна на бугарската ком[унистичка] партија. Затвореникот лично го питах да ли това било нешто со знање и по налог на партијата. Одговори ми да је истото било спроведено као директива на костурчанецот – негов роднина кој је бил во директна врска со сов[етскиот] конзул. Исто така тој ми каза да повеке од арестуваните биле Македонци – костурчани.

Јас бех натоварен да обавештавам преку поверената ми радио – станица скоро за све во Бугарија па и за овије диверзији и сл. Бех заинтересован – преко за сите тије работи. Имах широк круг на познати и пријатели од сите средини од кој се обавештавах. Јас знајех каде, кого и за каква работа да го прашам пошто имах широки врски. Лицата од кој се здобивах со податци беја исто така ауторитетни и со широки врски. Ке го наведам пак Александар Пејев – кој беше со уште по широки и по здрави врски од мене. Јас имах одредено – односно задржано прегледност – извесна и за Варна и Бургас – углавном за параходите и др. преку лица кој често патуваја таму. Се сеќам да имах еден пријател во Бургас – за име не се сеќам – Македонец – костурчанец, кој беше нешто као стареши-на на рибарите, кој често одеше во Софија за продавање на рибата, та и него го користех. Еден пат во Варна го имам испратено и мојот братучед – учител по математика во Нова Загора – Симеон Златков во Варна за таја цел. Исто така и јас сум бил на 2 пати во Бургас. Кога се земат сите овие източници за прикупљање на податци, поред това што јас имав и задатак да за све обавештевам со сигурност можам да речам да ниједен акт на диверзија, саботажа или атентати през 1941 год. не је можел да не мимоиѓе, така да јас ке бидам запознат. Разбира се мислам на покрупни работи. Е сега – значи во ова време беја спроведени свега неколку дивразији, ако се земе паљевината на сеното во Софија, паљевината на цистерните во Варна и повредата на 2-3 авиона на пловдискиот аеродром, направена од војници на служба при аеродромот, кој војници биле снабдени со динамит од Арнаудов. Арнаудов ова лично ми го кажа, така да го знам положително изузев горе изложените работи – плус случајот со Коле Неделковски друго за одбележување во тој смисол ништо не се деси.

Од динамитот кој ми беше останал – една мала количина му дадох на Митко Зафиров – кога тој си заминуваше за Македонија со цел ако може нешто да се предузми на железничката пруга при с. Зелениково – скопско. Митко си дојде во Македонија и така подоцна разбрах од него не било превземено ништо.

Горе изнесов да привремените диверзији беја спроведени од совјетите преку оделни лица, кој беја поврзани со ними. Изузев ова Совјетите после објавјенето на војната измеѓу Германија и СССР за спроведување на диверзији саботажи и др. во Бугарија почнаја да испраќат диверзанти од СССР – Бугари кој долго време живејеле во Русија и Руси. При еден разговор со Савченко по пра-шањето на диверзија, кога веќ почнаја да се спуштат паришутис-тите, ми се изјасни да диверзантските акцији ке се усилат, уствари

работата со овије диверзанти колку што на мене ми је позната, уште со доваѓањето на Бугарска територија беше одмах осујетен со брзото заловување од страна на бугарската полиција. Кај август месец 1941 година се распространија слухови во Софија кај гр. Бургас – Бугарија – биле искрцани со лотка една група диверзанти од СССР кој биле заловени а меѓу кој се навоѓале и синот на Димитар Влахов по име Густав. Јас одмах јавих со телеграма да диверзантите се вратени и да се дискутира како меѓу нив се навоѓал и Густав Влахов. Од желание да се помогни на Влахов – му се обратих на инг. Крсто Станишев[152], родом од Кукуш, роднина на Влахов, веома ауторитетен и известен човек со предлог да оди во дирекцијата на полицијата и установи дали меѓу заловените се навоѓа Густав и ако се навоѓа да ги испита могуќностите за помогнуење на истиот со храна и сл. Станишев одмах се сложи и отиде. Во дирекцијата на полицијата го обавестиле да Густав Влахов не бил меѓу заловените. Иначе го известиле да искрцаните при гр. Бургас биле фатени. Као доказ, самиот директор на полицијата му ги покажа стварите, кој биле заловени при диверзантите, а кој ги чувале како материјален доказ да се истите испратени од СССР.

После ова јас испратих друга телеграма во Москва со која јавих да се сите диверзанти со стварите заловени; но да меѓу ними не се навоѓа Густав Влахов. После ослободувањето сум разговарал по ова прашање со Густав Влахов и тој ми се има изјаснето како бил во Севастопол за таја цел да замини за Бугарија, но не ми каза по која причина бил вратен назад, така да не је заминал.

Кога Совјетите не успеја со искрцавање со лотки почнаја да спуштат парашутисти – Бугари и Руси. Се слушаше како биле спуштени парашутисти во Добруџа, која тогај беше припојена кон Бугарија – во Сливенско и др. места. Одмах после спуштањето истите беја заловувани од бугарската власт. Така скоро без остатак сите пуштени диверзанти беја заловениј. Единствено успејал извесно време да се укрије во Софија – сврзувајки се со партијата пуковник Радинов. На овој начин и ова акција за спроведување на диверзији, саботажи и др. преку парушутисти испратени од СССР не успеја. До крајот на новембар месец 1941 година скоро сите беја заловени. Мене не ми је извесно на кој начин беја овије заловени. Колку подоцна можех да разберам од осудените, кој не беја егзекутирани, а ги донесоја после суѓењето во затворот при кое некој од

[152] Се однесува на Христо Станишев (Кукуш, 1863 – Софија, 1952), деец на македонското револуционерно движење, претседател на Врховниот македонски комитет, член на раководството на Македонскиот национален комитет, вујко на Димитар Влахов.

парашутистите – Русин – радиотелеграфист – спечален од дирекцијата на полицијата се ставил во полна услуга на полицијата не само со това што је изјаснил све што је знајел, но успоставил контакт со СССР. Пратил 2-3 телеграми – шифровани до Москва од каде на 2 пати се спуштени парашутисти, после које кога се сетиле совјетите прекинале со понатамошното спуштање.

Ова група на парашутисти беше судена през јуни месец 1942 год. Како што ми расправаше адвокатот Иван Харизанов кој је бил као адвокат на овој процес, судијите војни – биле озлобени због припојувањето на македонската компартија кон југословенската па затова и изрекле многу строги казни над обвинетите. Сите – Бугари емигранти во СССР макар да беја совејски поданици ги осудија на смрт и одмах ги егзекутираја, додека Русите неги егзекутираја.

Во излагањето по горе спомнах како сум бил заузет со работа во Солун. Сега ке ги изјаснам и тије моменти. После нападот од страна на Германците на Грција добих телеграма од Москва со која ми се бараја податци за жртвите кој ги дале Германците во војната против Грција. Одговорих му да како не би можел да дадам тачни податци околу 12 ч. Уште не беја нападнале на Крит. Од Москва ми одговорија да согласно нивните податци Германците дале околу 50 х[иљади] жртви со које јас не се сложих. Од како го завзедоја Германците Солун – војно аташе пуковник Шпага, ми даде еден куфер со едно ради станица со задаток да се испрати во Солун, За ова цел ми даде и јавка до кого да се испрати истата. Јавката и лицата кој ми беја предадени во плик не можам да се сетам. Си спомнувам да имињата им беја грчки. Како што ми објасни Шпага нему тије лица и јавката му ги предал совјетскио војни аташе во Атина, кој при враќање од Грција за СССР му ги предал нагласувајки му да посочените лица биле сигурни. Пуковник Шпага ми постави да околу еден месец да ја доставам радио-станицата го укрих во куќата на Мара Междуречка. Имаше два пута за Солун или преку Гевгелија или преку Св. Врач – Левуново – Бугарија. На мене не ми беше познато какви формалности треби за да се прејди границата од Гевгелија за Солун. Паднато ми беше да од Велес одат контрабандисти за Грција, на мене не ми беше могуќно да заминам за Велес. Како од Бугарија имаше лица кој идеја во Солун за разни – гешефти – или по работа – со камиони и сл. најнапред се опитах преку едно лица Христо – левичар, на околу 30-31 [години] кој требал да иди по некаква работа во Гари. Таму му дадох пари да извади пашапорт; али како многу продолжи таја работа околу издавањето на пашапортот и пошто радио-станицата во куферот беше ставена така да со самото отварање на истиот не се примети –

јас веке се повлеков од таја работа и реших да по еден или друг начин ангажирам друго лице. Му приступих на лицето Страхил Григоров Манев, родом од Кратово, кој беше доставчик на воќе и зарзават за Германците. Овој не беше политички оријентиран, а иначе беше гешефтер. Нему сум му излегувал во сусрет при разни работи, кога не је имал работа и сл. а и као на постар тој на мене гледаше со поверење. Тој понекогаш одеше во Солун со германски војници и нивни камиони ради гешефт. Нему му ги предадох јавките и му поставих кога ке иде во Солун да го пронајде това лице и успостави контакт со него. Страхил – со идењето во Солун се састанал со лицето – уговориле састанак, на кој Гркот не дошол. Се споразумевале турски. Страхил му објаснил да има да му предаде еден пакет од негов пријател од Софија. Како Гркот не дошол на уговорениот састанак Страхил се враќа назад во Софија. Остана понатаму друг пат кога ке иди во Солун поново да успостави веза. На това се заврши таја работа – пошто јас бех ухапсен и испратен во логор. За сето ова Савченко беше во ток.

На околу еден месец после разгромувањето на Југославија од страна на Германците – Савченко ми даде на 2 три милиона динара кој требаше да се предадат во Белград. Парите беја спаковани много добро во 3 пакета. Исто така даде ми и јавки на 2 места во Белград. Јавките беја написани на книга. Во ова време од Москва постојано питаја за положенијето во Југославија. Податците, кој му ги јас испраќав, а кој ги прибирах од разни лица кој во това веме доваѓаја во Софија не можеја да бидат меродавни. Јавките, кој беја на руски, ги преписах на бугарски и ги турих оделно во еден плик, разбира се оделно јавките за Солун. Сите овије работи заједно со парите за Белград ги оставих во станот на Мара Междуречка. Во ова време парите во Белград беја уверени со штембиљ, додека овије кој беја при мене не. Јавих за това во Москва. Одавде ми одговорија да по секоја цена се пратат парите во Белград и да на секој 15 дена ги обавештаваме што ке јават од Белград. Во Москва му предложих да заминам јас. Ми одговорија да не одам, а да пронајдам друго лице. Мислех на некој начин парите да ги променам со оверени да ги заменам со известен попуст. Ова му го предложих на Страхил Анастасов – брат на Мире, кој во това време беше дошол во Софија. Тој ми одговори да имало Срби, кој ке ги замениле тије пари. Нему му образложих да известна количина на пари имам од некој гешертир. Нему му предложих да ја извиди таја работа како би спечалиле некоја пара. Страхил се согласи да ја проучи таја работа и да кога ке дојди поново во Софија ке земи од парите и си замина.

За ова време при мене дома живејеше неговиот брат Мире Анастасов, кој на мене ми је внук од прв братучед. Еден ден Мире ми вика: „ “[153]. Јас го прашав да ли је това доверено и поверљиво лице. Тој ми одговори да нема сумња во това. Одредихме место на другиот ден да се видиме во Борисовиот парк. Отидох таму. По едно време заједно со Мире дојде едно лице, без палто гологлав со кого се запознахме /Лазо Колишевски/ и со него разговарахме. Го питах од каде је. Ми одговори да бил од Св. Николе. Го питах за еден фурнаџија во Св. Николе со кого сум бил во затвор – Солун. Одговори ми да не го познава. Почнахме разговор околу положенијето во Југославија. Се сеќам да тогај од болницата од Белград било ослободено некоје лице /Александар Ранковиќ/. Во врска со Блеград ни каза да је тој одел и да тешко било од Македонија да се пребаци човек во Владички хан, отаде веќ било лесно. Приврших ме со муабетот и се разделихме. Вечерта се видохме со Мире – му рекох да човекот ми ја направил доста добро впечатленије и му предложих на Мире да ли ке можи да му на истиот кажи да имам една работа со Белград и да ли тој ке можи да ја сврши таја работа. Мире ми објасни да треба да го прашам преку мојте врски и ако тије одобрат тој сигурно ке тргнел и ке ја свршел таја работа. Јас това не го сторих односно не побарах да му се на истиот постави таја работа пошто сматрах да од ними неправилно ке бидам схватен, ке си речат не најде во цела Бугарија едно лице, па стигна да ангажира од Македонија. На това се заврши ова работа.

По едно време, барајки лице помоќу, које би дотурил парите во Белград и би се сврзал со посочените вези – му предложих на Москва да го испратам Иван Чалаков – учител по музика завршил во Одеса. Иначе живејеше во град Орахово, со кого се познавахме уште од Солун. Овој зеде участије и во септемврискoто востаније 1933 год[154]. По натура беше бунтар и веома храбар – на мене ми беше приврзан. Во телеграмата до Москва му образложих опширно што човек је. Од Москва го одобрија овој предлог т.е. се сложија да за Белград замине Чалаков. Со телеграма ми јавија и за това да во прво веме ке добијам 5.000 х[иљади] долара со кој пари ке треба да се појде во Белград. Овије 5000 х[иљади] долара ускоро ми ги предаде Савченко. Чолаков пристана на овој ангажимент и се врати во Орахово – како би се снабдил со пасош. Пред ратот тој као учесник во септемврискoто востаније као земеделец – је емигрирал во Југославија и тука живејел доста време. Заминувањето

---

[153] Испуштено во текстот.

[154] Грешка во текстот, се однесува на 1923 г.

во Белград пред власта го мотивираше така да као емигрант имал некоја жена во Белград – па сега при овије услови сака да ја посети како би се оженил. На Чолаков ускоро му издадоја пасош и јас му ги објаснив јавките и паролите. Колку си спомнувам првата јавка гласеше да секој непарен ден во месецот во 14 часот на Калимегдан кај фонтанот ке чека лице со подврзана книга во левата рака, додека Чалаков треба да држи весник во раката. За паролите, кој беја доста долги не можам да се сетам. Другата јавка гласеше да на ул. Топлички венец бр. не повеке од 15 + знам да беше непарен – требаше да ја успостави везата – му ги уручи доларите и види што ке му расправит за положенијето во Југославија – како би јас јавил во Москва со телеграми.

Чолаков замина за Белград, но дури да се тој врати јас веќ бех ухапшен пред новембар месец 1941 год. и испратен во логор во „Крсто Поле“ така да од тогај со Чолаков не се имахме видено – како би разбрал што је сторил.

Си спомнувам по едно време после војната на препорука на Славе Иванов од Штип да сакам да го ангажирам во работа Љубомир Лукатела – адвокат, кој живејеше во Белград. Со него имах и еден састанак во Софија. Кога видох дека истиот не би можел да ми биди кој знаје колку полезен, а не ми остави ни добар утисак го изоставих.

**Зошто бехте ухапшени, со кого бехте во „Крсто Поле“ и што имаше за това време карактеристично да одбележите?**

Од распитот во дирекцијата на полицијата разбрах да не располагат со ништо конкретно за мене, а да сум ухапшен само на основу на сумња. Во затворот постојах околу 15 дена. Во почетокот на децембар месец 1942 год. бех спроведен во логор „Крсто Поле“. Во оделенијето каде бех сместен пред другарите се претставих као Македонец кој дружел со комунисти, оти по сумња сум интерниран, без да тије /полицијата/ имат нешто конкретно за мене.

Во логорт имаше околу 400 души бивши комунисти /највидни/ еден дел имаше анархисти, кој се вратиле од Шпанија и еден дел земеделци. Останати бехме во некакви казарми. Јас бех сместен во трето оделеније – значи во третото зданије. Во ова оделение беја: Тодор Павлов, Лашев – баџанак на Владимир Поп Томов, Д-р Спиров Борис, Д-р Аџов, Панов сега генерал, адвокатот Железков, Венко Марковски, Лазо Поповски и др. комунисти за кој не можам да се сетам. Во другите оделења исто така имаше комунисти. Ке ги

наведам само оније за кој ке се сетам. Тогај беше таму Куситасев – род[ум] од Прилеп, Калајџијев[155], Врбан Ангелов – адвокат, сега помошник министер во Анкара, Дугмеџиев – адвокат, Најден Николов – адвокат сега опуномоќени министар во Москва, Сава Гановски, Крсто Белев – писател, Жак Натан, Чаменев земеделец – по едно време беше помошник министар на сполните работи, Никола Павлов – Комарат и многу други. „Елитата на бугарската компартија беше во логорот“.

Ова година беше доста студена така да посетители немаше. Режимот во логорот беше сравнително добар. Имаше шеф на логорот со свега 10-15 стражари – полицајци и то беше све за обезбеѓење на истиот. Храна ни се даваше секој ден по 3 оброка, во квантитетот довољно. Самиот логор (касарна/беше доста голем. Имаше доста големо пространство за шетање. Контролата /овезбеѓењето/ беше многу слабо, така да није бехме скоро слободни и во разговор и во све. Секи ден се позволуваше видување со блиски, кој доваѓаја до видување. Често излегувахме да бараме дрва пошто беше хладно. Замислите какво обезбеѓење беше – излезиме по дрва 40-50 души, се креќиме по шумата со свега 2 стражара. Осим видување со блиските се одржаваше постојано веза со надвор преку пошта, а позволено беше да се примат и колети кој колку може да добије т.ј. толку колку што му се праќа без икакво ограничение. Во кругот на логорот имаше и амбуланта за болните во која као лекари беја запослени лекари логораши. През целото време дури јас бех таму умре само еден Коста Веселинов[156] – Македонец, кој умре од апендисит.

Да опишиме еден ден како изгледаше животот во логорот. Под знакот на звонецот во 7 сабајле се стануваше за доручак, но това не

---

[155] Се однесува на Христо Калајџиев (Еницe-вардарско, 1886 – Софија, 1964) македонски революционерен деец и на БКП. Учесник во македонското револуционерно движење, соработник на Јане Сандански, член на БКП (1919) и на ВМРО (Обединета), редактор на „Работничко дело“, народен пратеник во бугарското Народното собрание (1927-31). По Втората светска војна бил претседател на Сојузот на македонските културно-просветни друштва во Бугарија, застапувавајќи се за национална посебност на македонскиот народ и за државно осамостојување на Македонија во рамките на федерална Југославија, како и добивање правата на Македонците во Пиринска Македонија и нивно обединување со НР Македонија. Бил член на ЦК на БКП (1958-64) и народен пратеник во Народното собрание на Бугарија. По Информбирото во 1948 година ги променил своите погледи во однос на националното и државното осамостојување на Македонија и на македонскиот народ.

[156] Коста Веселинов (1908-1942), македонски културно-национален деец, член на ВМРО (Обединета), на БКП и на Македонскиот литературен кружок во Софија, новинар, публицист и историчар.

беше задолжително. Некој можеше да стани и порано а некој и да не станува, ако не сака да оди на доручак. Доручакот беше обично чај и леб и обично траеше околу 20 м. После това секој се враќаше во оделењето поради лекарски преглед, врвеја по 2 лекара. При прегледот ако се установи да је некој болен му се дава хинин и сл. а ако је потежок случај се испраќаше во амбулантата. На болните му се даваше храна, но поради поарна исхрана се беше решило да оној кој прима колети им оделуват по нешто на болните. Од како ке се извршеше лекарскиот преглед пошто немаше вода во кругот на логорот се извикуваја определените водари, кој под команда одеја во селото по вода. Еден дел од логорашите – доброволно одеше да работи во бавчите за зеленчук. Панов – сегашниот генерал на пр. беше орач. Припуштих да одбележам да пред доручекот во трпезаријата обавезно се читаше молитва – обично еден чита, додека другите се крстат. Исто така после доручекот со 2 стражара се одит по дрва преку реката Места – околу 50-60 души. Од како ке ги оделеја горе-означените групи останалите читаја, се крстеја, шетаја во кругот на логорот на сонце и сл. Кај ручек – се прибираја сите работни групи во оделењето, ако сакаше некој да оди во некоје друго оделење на разговор – на кафе или на игри табла и др. можеше да одит кога сакат. Пред ручек во трпезаријата пак се чита молитва. Поручекта се даваt колетите. На оној на кој му беше дошол пакет го извикуваја, во негово присуство го разгледуваја колетот и му го доделуваја. Како скоро секој ден доваѓаја многу колети, околу 100-ина, распределување на колетите траеше до околу 5 ч. поручек. Кај 6 ч. се даваше вечера разбира се пред вечерата молитва. После вечерата се шетахме во дворот на касармата разни револуциони и руски песми и прикажувахме по све за това што немаше контрола. Између 6-7 ч. сите од оделењето излегувахме во кругот се стројавахме – обшто сите и тогаш се пејеше као вечерна молитва химната на царот во присуство на еден до два старши на стражарите или во присуство на командантот на градот. След това се прибирахме во оделењата. Кон 9 ч. навечер доваѓат стражар во оделењето, кога сите требат да бидат постројени по двојца и се врши нешто како проверка. Пред легнувањето се прочитува молитва и доваѓа време за спање. Од ова време веќ се забранува секакво пејење и сл. Исто така беше забрането и излегувањето надвор, но вратите не ги заклучуваја. После това време некој читат, играјат шах и др.

На секој друг ден доваѓаше возот од Драма и тогај обично идеше на видување. Станицата беше оддалечена околу 1 км. од логорот. Оние на кои им бева дошли блиски за видување се

извикуваа долу на станицата – каде стануваше видувањето во една полицајска станица. Таму можеа да се задржат колку сакат, това не беше ограничено. Разговорите бева контролирани од присутен стражар. Коресподенцијата беше слободна, кој кому сакаше можеше да пише, немаше срок и ограничение, кога и кому може да се пише. Писмата се проверуваа преку Управата на логорот.

За ова време бидејки да имаше доста марксистичка и друга литература – се читаа колективно по оделењата поедини работи во веќина од историски карактер. Се опитаа да одржават предавања, актуелни по ситуацијата, но како одмах се разбираше од управата на логорот, пошто имаше и многу шпијуни тије беја одмах спречавани. По едно време дојдоја од Софија двајца агенти кој се занимаваја со таја работа. Тије беја при управата во цивилни алишта. Кога идехме на дрва обично се заподенуваше разговор поводом това да Бугарите ке бидат принудени, пошто је ова македонска територија, да и платат репарацији на Македонија – после војната – речено така на смешка, се развија разни дискусији, кој иначе се водеја и по рано и продолжаваја да се водат. Само јас се сеќам за овој момент кога на смешка ги поткачихме за ова работа. Тодор Павлов, Врбан Ангелов, Сава Ганровски, Најдан Николов и др. кој се сметаја како првенци и идеолози го заступаја становиштето да македонска нација, македонски јазик и сл. не постоји, но и поред това да во рамките на балканска федерација ке им се даде возможност на Македонија да биди оделна држава. Меѓу логорашите имаше Македонци, како мене, Венко Марковски, Калајџијев и др. кој живејева во Бугарија. Кон истото 1942 г. почнаја да доваѓат Македонци од западна Македонија – прилепско и др. места. Тије јасно го заступиле становиштето да се Македонци и да никако не можеле да се осетат као Бугари, које овије /бугарските комунисти/ не можеја да го схватат. Тек кога овије дојдоја во логорот почнаја да се водат дискусији за борбите во Југославија. До тогај во логорот све беше уперено на това – како се развијат борбите на источниот фронт до каде дошла Црвената Армија и сл. док за некаква борба во Бугарија не стануваше збор. Дојдените Македонци од западна Македонија „видните“ бугарски комунисти ги сматраја као залудени овци кој не знајат што прикажуват, да се под утицај на Србите и сл. не можејки да схватат оти тука се раѓат нови поколења, кој веќе расчистиле со „бугарштината“. Во сите водени разговори особено со Врбан Ангелов и Сава Гановски – тије по македонското питање го заступаја гледиштето да македонското прашање је прашање меѓу Срби и Бугари и да прашањето за македонска нација и македонски јазик је празна прикаска.

Новини во логорот беја забранени, но и поред това се успеваше да се здобијеме со такви. Како што напоменах главното беше да се види како се развија ситуацијата на источниот фронт.

По партијна линија какви партијски директиви доваѓале јас не можам да знам пошто не бех партијен.

За мојето престојавање во логорот никакви бегства не се спроведоја. Јединствено си спомнувам да два тројица меѓу кој и Врбан Ангелов беја казнети со по 1 еден заствор? За то што сакале да одржават актуелни политички партијен.

За мојето престојавање во логорот никакви бегства не се спроведоја. Јединствено си спомнувам да два тројица меѓу кој и Врбан Ангелов беја казнети со по ден затвор?

Друго особено нешто во логорот не би можел да одбележам. Престајавањето таму беше како во манастир. Сите се интересуваја за положенијето на фронтот и кој порано ке излези од логорот.

**Кога излегохте од логорот, зашто и каде бехте заведени?**

През март месец 1942 година едно сабајле од логорот не зедоја 5 души межу кој Никола Павлов – Комарат, додека другите не ги познавах. Одавде не заведоја во Ксанти, а од тука право во дирекцијата на полицијата во Софија, каде стигнахме после 3-4 дена. Во затворот не ставија во оделни соби. Уште истиот ден бех заведен на распит при Гешев во присуство и на директорот на полицијата, на кого не му помнам името. Уште при влегувањето при Гешев – тој почна да ми вика – „ета, долари – ете станица – за вас бесилка“ Јас изненаден му реков да мене ништо не ми ја познато пошто идам од логорот и да причекат да не ми викат. На то директорот на полицијата ми расправи да било све раскрито, напоменувајки ми за долари – динари и радио станица. Пред директорот имаше хрпа со материјали покривена со весник, така да јас не можен да ги видам материјалите. На директорот му одговорих да што се односи до радио – станицата – тука си има експерти, кој таја работа ке ја установат, а да по вапросот за парите ке им кажам пошто се тије туѓи пари оставени при мене на чување. Во тој момент го донесоја Сашо Междуречки со врзани очи за да не можи да види кој је во стајата. Него-во моје присуство го питаја за парите што се нашле таму – при него дома и за куферот – односно за радио-станицата, која требеше да ја доставам за Солун. Тој им каза да парите сум ги оставил јас, а исто така и куферот – за чија што садржина тој не је знајел. После това него го одведоја. Јас на това им расправах како

дошло при мене едно лице од совјетската амбасада по име Григоријев, ми ги остави парите и куферот на чување. Јас нарочито не го посочих Савченко, а го именувах Григоријев, кој порано беше аташе по печат. Тије сакаја да установат кој је тој Григоријев и ми ги показаја сликите на совјетските дипломатски преставници. Кога на слика го видов Савченко, јас му го показах? На то тије ми казаја да тој не се вика Григоријев а Савченко. После това ме одведоја во посебна соба и ми дадова да го опишам случајот. Јас написах да парите и куферот ми ги дал еден чиновник од совјетска легација. Му објасних за при давањето на парите сум му рекол да тије имат сигурни места и зашто мене ми ги дават, на које ми било одговорено оти така требало да биди. По натаму образложих да со класова работа не се занимавам, да работам по македонска линија, да сме порано соработувале со комунистите и др. које му го изнесох во дирекцијата на полицијата одмах со мојето враќање од емиграција. Директорот на полицијата се интересуваше колку пари биле. Му образложих да не ми је извесно пошто не сум ги бројел, а биле и спаковани. Му казах да доларите износеле 5000 х[иљади]. Радиостаницата не му казах да ми била позната а стојех на това становиште да за садржината на куферот не сум знајел. Кога ги веќ дадох овије искази јас сматрах да је све заловено. Колку се сеќам за динари казав да имало отприлике 300.000 хиљади а драхми околу 150.000 хиљади које како што имам наведено не одговараше на вистината.

После некој ден ме извикаја на следствије. По едно време доведоја едно лице и ме питаја да ли го познавам. Му одговорих негативно. Непознатото лице исто така на поставеното прашање да ли ме познава одговори одречно. Лицето по све ми изгледаше да беше Русин. Што сакаја да установат со ова суочење не можех да разберам. Потоа Гешев ме праша зошто македонската компартија је прикључена кон југословенската, а не кон бугарската. Одговорих му да јас не сум комунист, па и не ми је позната таја работа, но да сматрам оти компартијите се разделени територијално во склоп на државата, а како иститe (компартијите/ се против властуваштата нација – логично во овој случај да тије треба да бидат југословенската компартија со које исполнуват еден од лозунгите на Лењин, кој се однесува по македонското прашање „пливајте секогаш против теченијето“. Кога Гешев разбра оти по од близу не ја знам таја работа си замолчи.

Мина доста време и пак бех извикан на саслушање во присуство на две лица ги прочитах изказите и потписах. Исто така потписаја и присутните. Ова се спроведе за това како не би отказал на

судот или пак говорам да сум ги исказите исконструисал под натиск на насилија и сл. После това го запитах иследникот да кога ке се заврши работата. Иследникот на ова прашање ми одговори да ускоро ке бидам предаден на суд. След кратко време заједно со група затвореници бех одведен во петти участак – најлошијо затвор. Таму во една мала соба бехме сместени 10 души. Овде веќе можех да разберам зошто сме и како сме. Во истата келија со мене беше и Междуречки пошто истрагата беше довршена. Од това што ми расправаше Междуречки, а и другите во почетакот на 1942 год. по директива на ЦК Антон Иванов и Трајко Костов била образована оделна територистичка организација – „Мино подривна". Никола Вапцаров је бил определен као руководиоц на ова организација – делувајки по директивите на ЦК и пуковник Радионов – парашутист. Како самата работа била поставена недовољно конспиративно – убрзо бил откривен Вапцаров, кој за таја цел је имал отворено посебна канцеларија. Најнапред је бил ухапсен Никола Вапцаров. Овој ги открива Междуречки и жена му Мара, кој во поверење при една посета му казале да сум јас имал оставено при них пари, долари и др. и еден куфер, то да не сум му се јавил и да не знајеле како да поступат. Вапцаров му је одговорил оти сигурно тије пари биле руски и побарал извесна количина, Мара се супроставила но после од страна на Сашо Междуречки му биле дадени 1300 долара од кој 300 негови долари – за да се овој услужи. Парите на Вапцаров требало да му ги однеси Мара. Кога истата отишла да му ги предаде – Вапцаров не бил тука а тамо го нашла дечјио писател Исајев – на кого му ги предала. Това станало причина да го ухапсат Исајев и покасно Мара. Вапцаров кога ги добил доларите – една количина однел при Македонец[от] Кирил Николов[157] – негов другар – за да му ги размени. Како овој това не можел да го стори побарал од заболекарот Божинов – Македонец, кој успејал да ги истите размени. Бидејки да се сето ова раскрива – ги хапсат и нив.

При истрагата, поред ова, Вапцаров го је открил инг. Манчев, кој је бил одговорен по врските со провинцијата и ги имал сите јавки. Полицијата одмах го хапси Манчев, кој од своја страна го провали ЦК на БРК /к/ – Антон Иванов. Овој после долги распитии во полицијата почнува да признава и со фијакер заједно со полицијата иде во куќата – каде станувал Трајчо Костов – така да го заловуват и него. Манчев од своја страна, поред другото, ги издава сите свој врски и по негова провала го хапсат Иван Масларов кој раководел со младинската организација – РМО. Исто така

[157] Кирил Николов, член на Македонскиот литературен кружок во Софија.

се провалува како техничко лице при ЦК и Никола Павлов – Комарот, заедно со женаму. По показанијата на инг. Манчев ги хапсат: Романов – Македонец, Петар Богданов – доверено лице на ЦК, после чије идејне во Скопје, македонската компартија била сврзана со југословенската, које го овој /Богданов/ проучил. После това време го хапсат и пуковник Радионов, кој се укривал при еден бербер Јордан, кој беше заедно со мене во келијата. На тој начин полицијата успеја да је раскрије целата нивна подјавна организација, која имала за цел да при евентуална војна измеѓу Бугарија и СССР – дејствуват со диверзији и сл. Исто така беше откривен и ЦК – членовите на истиот – легални и нелегални и др. Скоро сите имале провалничко држање, но највише заслуга за провалата имат инг. Минчев и Никола Вапцаров. Целиот процес – односно материјалите од процесот јавно покажуват за конспиративната способност на партијата во што се состојела и каква је била.

Није тројицата – јас – Сашо и Мара Междуречка немахме ништо општо со работата на гореизложените. Али како полицијата сматрала оти преку мене – ова организација била финансирана од страна на Совјетите, које на судот не се потврди, така да това добро ми дојде. Е сега по прашањето на парите и радио станицата, која је оставих при Мара Междуречка – работата се развила така. Кога ги предадох овије работи на Мара и објасних да при моје евентуално затварање или смрт го уништи – изгори пликот кој сум и го дал. Во овој плик беја јавките за Белград и Солун. Во врска сопарите и радио-станицата и казав да во случај дојде некој човек со парола „Павле Шатев се интересува за здравјето на Георги“, незин поголем син, ке му ги предаде тије работи. Това ни беше зговорено со Савченко. Кога Вапцаров бил ухапсен Савченко кој по све је знаjел за работата на Вапцаров и др. испраќа еден човек, кој ги зема парите и радио-станицата. Мара од своја страна одмах после моjето хапшење го изгорува пликот со јавките. Така бугарската полиција не ги пронашла овије работи. Кога била питана Мара каде се тије работи – во полицијата одговорот и бил тој да дошол некој човек, за неја непознат, кој ги подигнал тије работи.

Целиот мај месец престојахме во петти участак. През втората половина на јуни месец не префрлија во централниот софиски затвор, каде истијот ден ни ги врачија обвинителните актови. Сите 60 и неколку души бехме ставени еден до друг и во келијите во ходникот ни беше дадена могуќност да излегуваме и разговараме. Се спроведе директива да сите се договориме со оние со кој сме во врска – како би на судот излегле припремени. Се даде исто така директив да се на судот исказите негират со мотивација да се

тепани. Исказите и материјалите беја такви да не можеш и да не се признават – се располагаше со конкретни чињеници. Уште првата вечер се запознах со Антон Иванов – за прв пат. Понапред се знаjехме само по име. Ми побара цигари и почна да ми расправа, како је дошол нелегално од СССР преку Франција во Бугарија, како член на ЦК је дејствовал на оформуењето на подривната организација, како бил провален – углавно од инг. Манчев и како Вапцаров као не опитен детински је водел таја работа. Антон Иванов беше страшно паднал духовно и морално сломен. Иначе овој беше еден од најауторитетните во БРП/к/ за това време. Овде престојахме околу 13-15 дена. Директиви се спроведоја меѓу нас преку Трајчо Костов и Никола Павлов – Комарот – кој беше во мојата ќелија. За целото време Трајчо Костов слабо прикажуваше. Еден пат ме сретна и ме пита: „Шатев лицето Григоријев не ли ја фиктивно?“ Ја му го това потврдих. Друго ништо не ми рече. Од това разбрах да на Трајчо Костов многу добро му биле познати службениците во совјетската легација кој се занимават со конспиративни работи. Това јасно говори да Трајчо Костов је подржал контакт со совјетската легација. Иначе тој беше многу добро запознат со материјалите на процесот. Кога се земи предниот факт во предвид а имено да Трајчо Костов одмах установи да је Григоријев фиктивно лице и фактот што Савченко ги је подигнал парите и радио-станицата од кој Мара Междуречка – одмах после хапшењето на Вапцаров – јасно се гледа оти совјетска легација била запознатa со работата на подривната организација, како Трајчо Костов и Антон Југов подржале врски со сов[етската] амбасада – се изведува единственијот заклучак на Трајчо Костов и Антон Југов кој диригирале со работата на ново створената подривна организација и руководеле со Ц. К. и работата на БРП/к/ това го спроведеле по директиви на сов[етската] легација во Софија – односно СССР. Парите и радио станицата Савченко ми ги даде, колку се сеќам пред август месец 1941 год. Јас бех ухапсен во крајот на новембар месец 1941 год. Парите и радио-станицата стојеле при Междуречка до март 1942 год. без да ги подигне Савченко. Кога се ухапси Вапцаров одмах тије пари и радио-станицата беја прибрани.

Сите затвореници го уважаваја Трајчо Костов и сите тражеја савет од него. Јединствено не беја доволни Петар Богданов и Никола Павлов – Комарот. Јас со Комарот – често разговарах, но тој беше затворен и нејкеше да се изјасни по ништо. Во еден разговор со Петар Богданов тој ми се изјасни да Трајчо Костов бил со неговото држање причина да се измени правецот на процесот.

Ништо повеке не ми каза, а и јас не го прашах пошто знајех да као партијен нема да ми каже. На основу ова не можех нешто конкретно да разберам, јасно беше да тој недоволствуваше и стојеше на становиштето да као Трајчо Костов го је расипал процесот. Ова држање на „Комарот“ и Петар Богданов према Трајчо Костов го сматрах проузроковано од нивни лични работи, не сумњајки во ништо друго.

Самиот Трајчо Костов во истрагата се прикажуваше као човек – беден, бивши член на Комунистичката партија од која се је одказал кога таја /БРП/к/ била ставена ван закон. Во Софија не си је дал адресен билет за то што сматрал да можи да биди интерниран као порано, које би било тешко за него бидејки да бил беден и кусоглед. Тој одбијаше уопште да је член на ЦК и комуниста; и ако се теретешпе да тој со Антон Југов дирижирале со работата. Костов сакаше да се престави као демократ за која цел тој приложи неколку примерка од списанијето „Y‘Eurapa nonsulle“ каде је тој имал напечатени неколку чланка со демократска содржина Антон Иванов и др. пред судот отказале да Трајчо Костов бил член на ЦК.

Во поопширен разговор со Никола Вапцаров тој ни расправи за токот на правилата. Со него се договорихме да није по секој начин ке бидиме осудени, но барем да је спасиме Мара Междуречка – за која да се кажи оти го извршила само нареѓењето на мажот и, без да знаје што, а имено само ги однела парите по нареѓење кој пари ги је предала на писателот Исајев.

После престојавање од околу 15-17 дена во централниот затвор бехме изведени на суѓење. 64 души мажи и жени. Од тука овој процес је познат као „процес на 64-те од ЦК“. Суѓењето беше јавно. Не судеја во просторијите на една казарна во близина на затворот, каде ги судеја и парашутистите. Војниот суд беше во састав – претседник еден пуковник, членови два судији од окружнијот суд – Софија, кој беја мобилизирани по презиме Христов и Константинов – сите провинци, јавен обвинител Стомањаков од гр. Русе. Имаше околу 30 адвоката ако не и повеке. Сведоци повеке од 100 души. Од како је прочитаја оптужницата – почнаја со саслушање на обвинетите. Прв го повикаја на саслушање Антон Иванов, после него Трајчо Костов и останалите. Јас бех повикан негде на средината. Јас го изјавих на судот она што го изјавих пред полицијата. Бех поткрепен со сведоци – као Симеон Радев и пуковник Главинов.

Суѓењето продолжи околу 12 дена. Јавниот обвинител тражеше 15-16 смртни пресуди, меѓу кој стојев и јас. Исто така се тражеше смртна казна и на Трајчо Костов и др. Кога се прочита пресуда-

та објавија 6 смртни пресуди и 5 во осуство. На смрт беја осудени: Антон Иванов, Романов – работник во арсеналот за муниција – Македонец, кој добро се држеше при истрагата, Никола Вапцаров, Антон Попов – и двајицата Македонци, Петар Богданов и Никола Манчев. На вечен затвор беја осудени: Трајчо Костов и Иван Масларов, овој исто Македонец. Останалите беја осудени од 10 до 15 години. Ослободени беја 6-7 души межу кој и Мара Междуречка. Во отсуство на смрт беја осудени: Цола Драгојчева, Капчев и уште тројица.

За Трајчо Костов во пресудата се велеше: „Због олакшавајуќи околности по кривицата – се осудуват на вечен затвор“. Тије „олакшавајуќи околности“ не се наведоја. По мојему – тије беја – неговото одбивање да признаје и др. које го тој наведуваше во оваја одбрана, а које го наведох по горе.

После пресудата ги оделија осудените на смрт и им дозволија да се видат и опростат од блиските. После това не одведоја во централен затвор во келијите, каде што бехме, додека смртниците ги разделија. Во централнијот затвор останахме близу 2 месеца. Смртниците повеќето ги егзекутираја. Оније што беја осудени на вечен затвор ги однесоја во гр. Плевен. Другите што останахме после горе – означеното време не дигнаја за гр. Хасково. Нешто особено за одбележување за ова време во централниот затвор. Преку „Комарот“ кој подржаше врска со надвор ни беше саопштено да бил образуван Отечествен фронт, во кој влегувале некој прваци од другите партији, поред БРП/к/ као „Звено“ – земеделци и др. „Отечествениот фронт“ издал свој проглас за изгонување на окупаторот и др.

Во затворот поред ова главниот предмет на дискусијата беше да ли ќе падни Стаљинград или не.

През август месец 1942 год. Не дигнаја за град Хасково, каде престојахме 10-12 дена. Во почетокот во септембар месец 1942 год. бехме заведени на радилиштето удаљено околу 10-15 км. од градот. Во меѓувреме дури бехме во Хасково дојде од Плевен една група од околу 50 души осуѓеници од 10-15 год. Со ова група дојде и Добри Трпешев. Во логорот се настанихме во обични бараки. Логорот беше ограден со жица и бехме обезбедувани со стража околу 7 души. Месеците септембар и октомбар работехме на канализација на една река во правец на Хасково. Немаше норми, кој колку можеше толку работеше. През новембар месец падна снег и прекратихме со работата. Храната беше прилична. Во овој логор беја тројица членови на ЦК на БРК/к/ Добри Трпешев, Георги Чанков и Трифун Тричков – правозгласен за народен херој на Буга-

рија. Целата зима ја проведохме таму. Во бараките вечерно време обично се одржаваја предавања по историјата на БРП/к/ предаваше Добри Трпешов, Георги Самарџијев – одржаваше предавања по марксизам. Иначе Чалков беше одговорен по културно-просветната работа. Еден ден имаше предавање по историјата на руското револуционо движеније. Истиот предавач во ова предавање сакаше да ја сведи целата револуциона дејност во Русија само на настаните после октобарската револуција. По другото предавање, као по првото јас бех незадоволен, бидејки на истите не беја добро подготвени и изнесени. Возмутен – при другото предавање јас му казав да така марксизам не се учи и сл. Предавачот беше некој учител – комунист од нашиот процес. Род[ен] од гр. Русе – името сум му го забравил. На другиот ден Чанков ме сретна и ми приговори во врска со мојето држање при предавањето. Јас му потврдих да така ако се учи марксизам ништо нема да научиме. Му казах да јас не ја разбирам таја политика да се учат такви работи – теоретски, а да не се изнесува ништо по положенијето сега по актуелни чланци т.ј. прашања, што се мисли и сл. Му казав да лугето тије тешки питања не можат да ги разберат, а за ова ке се интересуват. Во ова време кружеја слухови да Македонија ке била Совјетска, које прашање му го поставих за разјашњење. Во предавањата, поред вопросите околу положбата во Бугарија – што ќе биди после ослободувањето да ли комунизам или сл. и др. Во разговорот повеке разговарахме околу македонското прашање – каков став се има по то прашање пошто лугето веќ почнале да стварат јазик – граматика – /стварно во това време Даре Џамбас[158], кој беше доведен во логорот работеше на македонска граматика/ и др. Чанков си придаваше важност и уопште не ми одговори на поставените од мене прашања. Не знам останали доволен или не. Тој, као одговорен, сакаше да ми стави до знање да убудуќе не иступам при предавањата така, па затова јас му ги изложих горе изнесените работи, напоменувајки му оти јас сум непартијен па према това не мoжи да ми прави забелешки и не сум обавезен да му ги исполнавам директивите.

При овој разговор не знајев да је Чанков бил член на ЦК. По повод на овој разговор – дискутирах и со Добри Трпешев, кој ме познаваше добро, додека Чанков не ме познаваше. И нему му казав да не се полезни тије предавања и да тој греши со то што во дадената ситуација тије работи не се актуелни. Трпешев се слагаше со

[158] Даре Џамбаз (Прилеп, 1911 – Скопје, 1981), учесник во НОБ, член на АСНОМ, министер во владата на НРМ и долгогодишен претседател на Црвениот крст на Македонија.

моето становиште, но и натаму се продолжаваше со таков начин на работа. Трпешев му беше као подреден на Чанков. Во разговорите со ними по прашањата кој му ги поставив на Чанков тије немаја определен став. Предмет на дискусијите и по натаму беше кретањето на фронтот на исток.

Поред овије предавања имаше оформено кружоци – отделни за читање на книги – дискусији по истите и др.

Пролетта 1943 год. отпочнахме поново со работа. Изработахме околу 3 км. од реката. Една ноќ во истиот период 1943 год. избегаја од логорот Георги Чанков, Трифун Тричков и Георги Самарџијев, додека Добри Трпешев остана. Ова било нагласено од Партијата како би се измакнале Георги Чанков и Трифун Тричков. На другиот ден дојде директорот на затворот и јавниот обвинител и убрзо след това дојде една чета војници од Хасковскијот гарнизон, која не опколи. Ни саопштија да се логорот затвори и да се спремаме за пат. За 2 ч. се беше готово – книгите во веќината ги закопахме. Не спроведоја во затворот Хасково. Кога стигнахме таму разбрахме да је цар Борис умрел. Од Хасковскијот затвор после околу 10 дена – на групи по 50 души не распратија по другите затвори. Мене во една група околу 60 души не спроведоја во Ќустендил. Ќустендилскиот затвор беше доста модерен, со парно отоплење, кревети и сл. Првиот спрат беја криминалните затвореници, додека другите 2 спратови политички. Политичките затвореници не работехме. Во затворот пошто немаше могуќности за предавања – во ќелијите се оформија марксистички кружоци. Во затвореничката соба бех со околу 30 души – меѓу кој комунисти од Дупница и Грци и Македонци од Источна Македонија. Се сеќам да меѓу затворениците беше и Паскал Паскалов Јанакијев родом од Келити – по едно време беше во Скопје работеше во министерството на социјални грижи. Познато ми је да во други затворенички соби беја меѓу другите Мире Анастасов, Д-р Гошо Гаврилов, Боге Кузмановски[159] и др. Д-р Гаврилски беше лекар во затворот. Дискусијите се водеја околу положенијето на фронтот, за отварањето на други фронт и сл. Почна да се дискутира и околу положенијето во Југославија. Во затворот Ќустендил останах до 8 септембар 1944 година кога бехме амнестирани. Другиот ден во Ќустендил разбрахме да станало промена на владата во Бугарија. Од таму си заминах за Софија.

---

[159] Боге Кузмановски бил член на ПК на КП за Македонија, а по Втората светска војна долгогодишен функционер на Сојузот на синдикатите на Македонија.

**Дури бехте во затворот со кого имахте свиждање?**

Во затворот дури бех ме посетија браќата на Мире Анастасов – брат ми и др. Мој познати и пријатели. Од них не можех да се оријентирам преку них за положенијето надвор.

**Што вије све познато за хапшењето и суѓењето на групата со Мире Анастасов?**

За ова хапшење не стана дума за разговор со Савченко. Това што го знам, го знам исклъучиво од Мире Анастасов. Кога јас бех ухапсен Мире Анастасов се поврзал со Арнаудов на кого му доставувал сведенија – написани од политички карактер и др. пошто не је знаjел шифрата. По све целата работа је бркал околу радио-станицата капетанот од авијатиката Бончев. Како што јас знам ова радио-станица Германците ја откриле со помош на апарати. Арнаудов бил заловен како што работел на самиот апарат. После това на основу заловените извештаји го хапсат Мире Анастасов, а Бончева го провалува Арнаудов. Сите тројица беја осудени на смрт со таја разлика што Арнаудов и Бончев ги егзекутираја, додека Мире Анастасов бил помилован. По све на Мирета му помогнаја браќата му, кој беја доста влијателни во това време. Пред да стани хапшењето Муркин му пристапил на Мирета како на комунист и му давал некој податци та затова и тој бил ухапшен, но после това на судот ослободен. Меѓу другото како то ми Мире расправаше Муркин кога дошол од Цариград му је расправил како се је поврзал со И. С.[160] – со некој лица од И. С. –а во Анкара.

**Наставите со излагањето за Вашиот живот после 9 септембар во Софија и за доваѓањето Ви во Македонија?**

Пошто уште не бех добар со здравјето повеке лежев дома. За ова време веќ се оријентирах за станалото во Југославија. Тогај научихме за формирањето на АСНОМ и др. које је станало през последните две години. Дури да го среда домашното положеније навраќах во официрски дом – Софија каде почна да се формира бригадата „Гоце Делчев“ чиј штаб беше сместен во војниот клуб. Као претставител на Партијата при штабот беја Мире Анастасов и

---

[160] Интелиџенс сервис: Британската разузнавачка служба.

Манговски[161]. Командант на бригадата беше назначен Пецо Трајков. Бригадата беше оформена од бугарското војно Министерство, које и назначуваше официри во баталјоните и четите. Штабот на бригадата вршеше промени, но и покрај това имаше во раководниот кадар фашисти. Се сеќам за п[од] пуковник Кушев – Бугаринот Урунов и др. Планот за формацијскиот состав на бригадата го даде Генерал Кецкаров – родом од Охрид[162] – звенар и близок на Дамјан Велчев – тогашен министер на војното министерство.

Поголеми совјетски војни јединици во Софија уште немаше. Во совјетска легација имаше еден п[од] пуковник или пуковник Кузлецов, при кого отидох да го посетам за помош. Него не го познавах нито пак он мене ме познаваше. Кај Кузнецов отидох самоиницијативно уздавајки се во својте врски. Сматрах да јас ке најдам некој кој ме познава од старите чиновници на амбасадата, но тије беја напуштиле. Отидох повеке за това да се успостави контакт како би добиле помоќ во материјали и оружје. Му казав да сум Македонец, да порано сум ги познавал чиновниците од амбасадата – напоменувајки му ги имињата и побарах помоќ. Му објасних да во Македонија се формират нови јединици, та им је потребно оружје а нарочито бензин. Он гледаше на една генерал-штабна карта – пошто не ги знајеше градовите обеќавајки помоќ. Кога му посочих преку кој места можи да се доставува материјал, а имено преку Горна Џумаја или Ќустендил – тој се сложи да би могло преку Дупница – Ќустендил које ми падна во очи бидејки да поарно беше од Горна Џумаја. Во разговорот тој ме праша да ли сум партијен. Мојот одговор да сум непартијен него го очуди и малку како да му дојде самнително. Иначе му расправил да сум бил антифашист и сл. Овој пат Кузнецов се интересуваше за војните операцији во Македонија. Колку што слушах јас му кажав да се водат борби при Гевгелија и др. места, које го овој /Кузнецов/ одбележуваше на карта. Неговата молба беше таја да му јавиле на штабот како би тије праќале редовно податци за операцијите изопште каде има Германци и сл.

После обеќањето на Кузнецов да ќе помогнат отидох при штабот на бригадата. На Мире Анастасов и Манговски им расправих

---

[161] Се однесува на Никола Манговски (с. Велушина, Битолско, 1909 – Скопје, 2002), член на АСНОМ, југословенски дипломатски претставник во Софија, професор на Правниот факултет во Скопје.

[162] Веројатно се однесува на Владимир Кецкаров, генерал-мајор на бугарската армија и потпретседател на Македонскиот научен институт (1945-1947), син на Антон Кецкаров од Охрид, истакнат деец на македонското револуционерно движење.

за случајот. Тије одмах се сложија да појдиме сите тројца заедно. Тије му расправија на Кузнецов за целта на посетата. Кузнецов со доверије и во нивно присуство обеќа помоч. Од нас бараше да му јавиме на штабот во Македонија да го редовно обавештават по операцијите во Македонија и сл. Кузнецов каза да во врска со нашето барање Русите ке достават оружје и др. до Дупница и Ќустендил од каде није треба да го превземеме.

По некој ден дојде Апостолски во Софија. Тогај го видов за прв пат. Разбрахме да до пола ноќ останале на разговор во бугарското војно министарство. Другиот ден, по наше указаније Апостолски го посетил Кузнецов, каде се договориле за испраќањето на податците. Значи преди да отиде Апостолски при Кузнецов није нему му расправахме за нашите разговори и посета при Кузнецов, каде ни се бараја податци.

Со Кузнецов држехме врска. Пред да појди Апостолски при него, тој /Кузнецов/ нам ни беше рекол оти најарно би било да се нашиот штаб во Македонија обрати до штабот на трети украјински фронт од каде би праќале оружје и др. До него и овој би ни го доставувал преку Дупница – Ќустендил. Ова исто така му го саопштихме на Апостолски. Како ги је уредил овије прашања Апостолски не ни је познато. Главно је това да тије успоставија врска.

По това првиот батаљон на бригадата „Гоце Делчев" после свечаностите во Софија тргна за Македонија на чело со п[од] пуковник Кушев, родом од Велес. Не минаја едно – две недели повторно во Софија дојдоа Апостолски заедно со Бане Андрејев и др. кој не ги познавах. Тогаш ни предложија на една од нас да заминиме за Македонија при штабот. Уште вториот батаљон не беше кренал и није заедно со Апостолски и во војни алишта со аутомобили преку Дупница за Горња Џумаја. Апостолски и др. си имаја работа со војно министарство. Овој пат да ли Апостолски и Бане го посетиле Кузнецов не ми је познато. Од Горња Џумаја, Андрејев и др. си заминаа додека није: јас, Петар Шанданов, Мартулков, Гермов[163] и уште 3-4 други останахме во Горна Џумаја уште 23 дена. Одавде со коњи заминахме до Царево Село[164]. Кога пристигнахме на границата тогај видохме Македонско знаме. Со пристигнувањето во Пехчево таму се задржахме. Тука се задржахме доста време околу 23 дена и се запознахме со Темпо[165], Вера

[163] Се однесува на Крсто Гермов-Шаќир. Види фуснота бр. 42.

[164] Денешно Делчево.

[165] Се однесува на Светозар Вукмановиќ-Темпо (1912-2001), црногорски и југословенски комунистички деец, политичар и државник, член на Врховниот штаб на

Ацева, Љупчо Арсов и др. По едно време во Пехчево стигна и Пецо Трајков со штабот на бригадата. Формираните батаљони и чети ги испраќаја во внатрешноста, каде завземаја позиции и влегуваја во борба со Германците, кој се повлачеја. Кога падна Штип и други места није кренахме преку Кочани за Штип. Овде престојахме една вечер и другиот ден пак со аутомобили преку Криволак стигнавне во Кавадар[ци], а одавде продужихме за Прилеп. Тука веке го најдовне Главниот штаб и владата. После паѓањето на Скопје заедно со владата кренахме за Скопје, каде бехме свечано пречекани.

После одржанијот митинг во Куманово дојде Димитар Влахов на кого му беше приреден дочек. Со враќањето во Скопје се сеќам да беше поново одржан митинг во Скопје. Јас се настаних при сестрами. Со доваѓањето во Скопје бех примен во АСНОМ и присаствувах на заседанијето. Се сеќавам да на ова заседаније као делегати од Бугарија присуствуваја Добри Трпешев, Иван Харазанов и др. Добро се сеќам да при поздравниот говор Добри Трпешев на крајот рече оти ако не ги пуштат во федерација низ врата, ке влезат низ прозор.

**Кога поново заминахте за Софија, колку време се задржахте и што би имале карактеристично да одбележите?**

Пред јануар-фебруар месец 1945 година за Божиќ заминахме со аутобус за Софија – јас /Павле Шатев/ Гермов и др. Јас отидох и за да си ја видам фамилијата. Како немах работа во Софија јас често се видувах со разни пријатели. Таму се запознах со тогашниот опуномоќени министар Поповиќ Владимир. Таму нешто како саветник беше и Киро Миљовски. Преку вечер јас обично одех при него пошто ми се свиде и често разговарахме. По едно време неколку вечери со него дискутирахме како да добијеме податци што пише турската преса за Балканот, а посебно за Македонија Пиринска и Егејска, за то што тије пројавуваја голем интерес. Тогај јас му обечав да преку мој пријатели това ке го сториме. Пошто Попович ускоро си замина тája работа требаше да ја уредиме со Киро Миљовски. Му предложихме на еден Македонец, кој обеќа но фактички ништо не сврши.

---

НОВ и ПОЈ, инструктор на ЦК на КПЈ за Македонија од февруари 1943 г., учесник на Првото и Второто заседание на АСНОМ.

По ова време со Миљовски се договорихме да спроведиме анкети од видни личности од Отечествени фронт, што мислат за Пиринска Македонија. Таја глува анкета требаше да ја изведам јас. Од своја страна спроведох анкета и се сретнах скоро со сите видни личности, кој го сачињават „Отечествениот фронт“. Најпрво разговарах со земеделците – Петко Петков, Никола Бронзов, Трифун Кушев и др. Тије стојеја на становиштето да за тогај и дума не можело да стани за припојување на Пиринска – кон Вардарска Македонија за то што односите измеѓу Бугарија и Југославија уште не биле определени. Иначе желанијето им беше да се створи една општа држава, кога ке се реши и то прашање. Звено – односно првациte на истата Партија Кимон Георгијев, Иван Харазанов и др. го имаја категорично ставот да дури не се реши прашањето на Егејска Македонија – не може да станува вопрос за Пиринска Македонија. Социјал-демократите – Димитар Нејков – тогај министер на трговијата и др. го заступија становиштето да тије биле за балканска федерација, ако таква за сега не можела да се оствари, то преку југословенска федерација да се оди кон створање на истата. При такво положеније питањето со Македонија ке се реши само од себе си во рамките на таја федерација. Петко Стојанов – истакнат радикал – тогај Министар на финансијите исто така го заступаше становиштето да после соединувањето на Бугарија и Југославија можи да се постави на разрешавање прашањето на Пиринска Македонија. Со комунисти по то прашање не најдох засходно да разговарам пошто сматрах да се истите безрезервно за припојување кон Вардарска Македонија.

Изложенијето во врска со мојте разговори – писани на рака на околу 2 и пол страници му го предадох на Киро Миљовски колку се сеќам, но не је исклучено да му го доставах на Миљовски преку Мире Атанасов. Мојето заклучение беше това да тогашните руководиоци – на партијите во „Отечествениот фронт“ како во миналото и другите државници го имат тој став – ако је имат Македонија – вопрос за аутономија не се подига, ако је изгубат тогај тражат аутономија. Значи исто така како што је било во миналото. Иначе беспорно беше това да и сите партији во Бугарија захтеваја што по скоро федерација со Југославија. Праќањето на Петко Тодоров – за опуномоќени Министар во Белград беше со таја цел што по скоро да се створи федерација и по таков начин сојузниците од запад се постават пред свршен чин. Петко Тодоров беше виден „звенар“. Во тој циљ је заминал и Добри Трпешев – по рано во главниот штаб.

**Да ли успоставихте контакт со Савченко?**

През ова време се видох со Савченко, кој сам ме посети дома. Тој сега беше во униформа – мајор. При овој разговор ми саопшти да од страна на Германците му била отепана фамилијата. Савченко тогај беше во контролната комисија – на сојузниците, која беше сместена во централната зграда на народната банка. Тој се интересуваше за затворот и сл. Ми го даде бројот на телефонот и ми објасни како да го потражам преку офицерот. На неговата покана да го посетам во канцеларијата после некој ден јас се одазвах и кога отидох при него, после 5-6 м[инути] дојде пуковник – шефот на об[евештајниот] центар. Се рукувахме со него и се запознахме. Зотов зеде да ми прави коплименти за да ми достави на знање како му је била позната работата. Одговорих му да сум го извршавал својот долг. Тој се интересуваше за Македонија и јас му расправих за рушевините извршени од Германците. После това Зотов си отиде. За това време – од како Зотов си отиде Савченко зеде да гори некој белешки со кибрит – пред мене и почна да ги фрла во корпата. На то јас му поставих вопрос зошто така прави, т.ј. ги гори белешките, за то што је веќ сега слободно. Одговорот му беше да је това било систем во работата. Од таму разбрах, без да ми тије кажат оти се они руководиоци на совјетска об[авештајна] служба во Бугарија. Савченко се интересуваше од мене да ли има нешто ново да му изнесам по положенијето. Му одговорих да сум скоро излезен од затвор, а и тука сум кратко време, па за това и немам што да изнесам. Во меѓувреме ми постави, на основу расположивите врски да научам да ли је верно и какви се биле врските измеѓу Дамјан Велчев и Драгиша Цветковиќ. Јас му рекох да немам такви врски а надаље ке можам това да го установам, но и поред това ке се старам нешто да научам и му доставам. Дамјан Велчев – тогај беше министар на војната. Остана на това да кога ке научам го посетам и обавестам. Кога излегох почнах да се мислам, кој би могле да бидат најблиски на Велчев, преку кој би могол да ги установам тије работи. Реших после 2-3 дена да му приступам на Крсто Станчев – генерал – тогај командант на Армија – сега осуден. Како него не можех да го најдам – се одлучих да му приступам на еден друг звенар, името сум му го заборавил – по чин пуковник, али и него не можех да го најдам. Најпосле реших по тој вопрос да разговарам со Трифун Кушев – земеделец – тогај директор на театарот. Тој као земеделец беше близок со видни звенари. Кушев го запитах, но не можеше да ми дај некој податци. Обеќа оти ке се

постара, но не направи ништо. Минаја околу 2 недели и јас не успејах да свршам ништо. Најпосле се реших одоколо. Во ова време имаше оборен еден аутомобил-и јас мислех да ова го употребам као повод за посетата, које и го сторих. Кога се јавих при аѓутантот тој побара од мене објашњење зошто сакам да го посетам. Казах му само да го обавести оти сака да го посети Павел Шатев. Тој /Велчев/ мене многу добро ме познаваше. Од како ме примија и се уреди прашањето за наводната поправка на аутомобилот седнахме на разговор. Тој ме пита што има ново во Македонија и сл. Одговорих му да сум дојден ускоро тука и му расправих за оформувањето на македонска држава и др. Тој се пофали да и тије доста му помогнале на Македонија со пружање на помоќ во материјали и оружје. Меѓу другото почнахме да дискутираме и околу положбата во бивша Југославија и сега правејки извесна паралела. Тогај јас му поставих прашање да ли је вистина она што во Софија се пронасат слухови оти тој подржал врски со Цветковиќ кој бил во Цариград. На то задрвен и узбуден одмах му одговори оти добил едно писмо по поштата од Цветковиќ во које му се честита високиот пост и се надеват да ќе им /Велчев/ биде во услуга.

После 2-3 дена отидох при Савченко и му објасних да се опитав преку блиски на Дамјан Велчев да научам али не успех, то да имах случај да разговарам со Велчев и му го изложих она што мене ми го каза лично Дамјан Велчев. На това Савченко ништо не ми приговори. Во наставакот на разговорот го обавестих оти скоро ке си заминам за Скопје. По едно време во разговорот јас му рекох на Савченко да мене ми се чини како да Совјетите ја изгубија војната, руководејки се од това што и после војната питањето на Дарданелите и Персија – балканскијот вопрос, дунавската пловидба и др. не се разрешени, које и му го објасних. На това Савченско се насмеја и почна да ми расправа како при сите састанци измеѓу Стаљин и Черчил тије не се споразумевале и да поред това све ке се реши во нивна полза, разбира се по широки амплитуди. Тогај го покренах вопросо за западна Тракија и му рекох зошто Сов[етските] војски, кој ги има во значителна количина во Пловдив и други места не влегоја во Тракија – како би ја отцепиле од Грчка и тој вопрос го оставија не решен. Ми одговори да се тије отделни прашања, да тије немат флота во Средиземно море – та затова со време и тије прашања ке се решат. Со това разговорот го прикључичхме. Тој ме испрати чак до вратата.

**Наставите понатаму со излагањето?**

Дури бех во Софија се реорганизира Македонскијот институт[166] – на кој јас после враќањето од емигрција бех избран за член. Се примија при реорганизацијата, во замена со оније старите фашисти – Димитар Влахов, Тодор Павлов, Калајџијев, Владимир Поп Томов и др.

Се сеќам да овој пат во македонскијот дом во Софија одржах предавање по темата „Положенијето во Македонија". Тука говорех и за Народниот фронт. Поред членовите на Ц.К. на БРП/к/ Цола Драгојчева, Добри Трпешев и др. беја присутни и членовите на југословенската легација. Тука изнесох како добро не ми беше позната улогата на Народниот фронт, да фронтот не је ништо друго да ВМРО-на Гоце Делчев – како обшта национална политичка организација преобразена во историјата. Јас тогај така го разбирах. Иначе подцртах да со работата на фронтот, кој не је као отечествени фронт во Бугарија – коалиција од партији, дирижира[на] од компартијата, које не се крије.

Еден пат во Софија се сретнах со Георги Кулишев – беше член на Македонскијот научен институт – иначе човек на Кимон Георгијев. Во ова време беше генерален секретар на владата. Го питах каде оди. Ми одговори да оди во владата и ме покани и мене да го посетам. Влеговне во неговата канцеларија. Почнахме разговор. Тој ми кажа да во Турција уште немало пратено полномоштен министар и бараше мишљење од мене. Јас му предложих да го испратат Јанко Пајев[167], кој ги добро познаваше приликите во Турција. Кулишев ми одговори да Пајев го познавал, али тој не бил за таму пошто не стојел добро со тогашниот Министер на сполните работи на Бугарија Стојков. Потоа јас му посочих еден друг – тракијец – Киров – кој је долго веме живејел во Турција и тогај работеше во сполното министерство. На това Кулишев ми рече да јас сум бил најпогоден за таја работа. Одговорих му како јас уопште не можам да дојдам во обзир пошто ке треби да си заминам за Македонија. През това време го викнаја Кулишев нешто кај Кимон Георгијев, кој беше претстедник на владата? След кратко време Кулишев ми саобшти да Кимон Георгијев бил слободен, та сакал да ме види. Кога влегов Кимон беше сам. Седнах таму и во разговорот тој се интересуваше за Македонија – за владата –

[166] Се мисли на Македонскиот научен институт.

[167] Се однесува на Јанко Пеев, долгогодишен претставник на ВМРО во Цариград. Види: Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919-1924. Избор, предговор и редакција: проф. д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2005.

војската и сл. Разговорот продолжи. Тој /Кимон/ почна да ни расправа да го одобрава таквото разрешеније на македонското прашање во Југославија и уопште устројството на Југославија на федеративни основи. По прашањето на Пиринска Македонија го потврди својот став да за сега прашање заз припаање на Пиринска Македонија кон Вардарска не може да стани дума дури не се реши прашањето со Егејска Македонија. Тој категорички зајави да је тој став бил изцело подржан од целата влада и него лично. Потоа на Кимон Георгијев му казав да во Македонија се осеча оскудица во просветен кадар; а да тука од емиграцијата има луге, кој [с]акат да дојдат во Македонија, што доста од них го изјавија и пред мене, а истите не се упутуват. На това Кимон Георгијев ми изјави да тије немат ништо против това, но да сојузничката контролна комисија тије питања ги решавала. Со това сакаше да кажи да това не зависело од них као окупирана страна. Му говорех за това да во Македонија влада огромен ентусијазам за работа, да таму веќ се створило ново поколење доста политички потготвено. После това му саопштих да јас скоро ке треби да си заминам. Тој ми припомни и ми даде извесна сугестија да го форсирам прашањето за изградњата на пругата Ѓуешево – Куманово и да тије отпочнале со градњата на тунелот при Ѓуешево – Бугарија. По овој повод тој ми каза да тије се старале колку можат да и потпомогнат на Македонија но да во това имале и внпни пречки. На мојето прашање какви пречки имат Георгијев почна да ми расправа подробно како во това време имало упутено нота од страна на англо-американците до Русија во три четири точки. Прво оти они не се согласни да се створи балканска федерација без участијето на Турција. Второ – никакво присајединување на Пиринска со Вардарска Македонија и као трето да нема никакво дружење измеѓу македонската емиграција во Бугарија и Вардарска Македонија. Значи одењето во Бугарија и обратно било спречавано од сојузничката контролна комисија во врска со ова нота. Другите тачки не ги спомнувам. Јас го питах да ли имат упутено нота до них. Кимон Георгиев ми објасни да таква нота до них немало упутено, но да биле направени некој усмени постапки од страна на енглескиот опуномоќени министар во бугарското министарство на спољни работи. Тој је тражел објашњење за ставот и говорите на Добри Трпешев и Иван Харизанов во Скопје на заседанијето на АСНОМ, руководејки се од това да тије /Харизанов и Трпешев/ биле видни личности во владата. Бугарската влада, навоѓајки се во незгодно положеније – преку министерството на сполните работи, каде је бил и енглескијот опуномоќени министар во Софија му се извиниле изговарајки се со

то да така не је бил ставот на бугарската влада и да Трпешев и Харизанов она што го говореле, го говореле као личности – од нивно име, а никако во име на владата. Оваков одговор од страна на Бугарите им је бил даден не затова што тије мислеле така, но ради одговор. Во овој момент ми го имено расправи и то, а које понапред го наведох да имало упутено нота од страна на англо-американците до Сов[етскиот] Сојуз. Како је тој дознал за това почна да ми расправа на долго и широко. Во почетакот на 1945 година Кимон Георгијев заједно со некој од владата, кој не се сеќам заминале за Москва да уредат некој прашања, а као најглавно да разговарат и го уредат прашањето на федерација со Југославија. Према причањето на Кимон Георгијев – тије во това време биле толку запалени, така да и главната цел им била таја – влегување во федерација со Југославија. Тој беше прилично разговорљив и најнапред по повод на Стаљина рече да не је бил таков како што го гледаме на слика со рубашка, а елегантно облечен така да ако сум го видел ке сум се зачудел. Кимон Георгијев понатаму ми објасни да тије биле толку запалени – сите од владата – да што по скоро створат една заједничка држава во Југославија – и по тој начин и сојузниците ги ставиле пред свршен чин. Разговорите во Москва се воделе во присуство на него /Кимон Георгијев/, Георги Димитров, Молотов и Стаљин. Кога отпочнале разговор во врска со федерацијата између Бугарија и Југославија – Стаљин одмах им саопштил оти добиле вербална нота од Енглезите и Американците. По првата тачка од нотата за Балканска федерација не може да се проектира и ствара без участијето на Турција Стаљин се смејел, као на глупаво нешто без да даде некој определен одговор односно донесе став по това прашање. Кога се подигнал вопросот за Западна Тракија – да се припоји кон Бугарија – Стаљин им је одговорил дека за сега това прашање се изоставило, пошто Совјетите и не располагале со флота. Потоа почнала дискусија околу прашањето на федерација између Југославија и Бугарија. Се прешло на това на кој начин, кога и како да стане федерацијата. Ова прашање го подигнале Кимон Георгијев и Георги Димитров, кој сакале што по скоро това да стане. На ова Стаљин и Молотов уште одмах му скренале пажња на то да тије /Кимон Георгијев и Георги Димитров/ многу брзат, да федерација уште одмах не може да стане и им рекле да сега и што да направат со Југославија немало да има никакво значеније од меѓународен карактер т.ј. нема да се признаје од сојузниците, па и од Совјетите, за то што во Југославија уште не постојела влада, а национален комитет. Му рекле да причекат до образувањето на влада во Југославија која ке биде призната од

Русите и сојузниците, та после това може да се говори и да се мисли за федерација. Се изјасниле да тије /Димитров и Георгијев/ сакат да свршат една работа за која не се приготвени као држава. За сега Бугарија све што можела да направи било това да се створи поштанска унија, изеднакват железниците, царината и сл. а да што се односи до министарствата на сполните работи а војната това не можело да стани. Што значи на правни јазик „реална унија" да не прават и не треба да прават пошто било рано. Кога ми го говореше ова Кимон Георгијев ми каза да тек тогај, после овој разговор – тије схватиле колку далеку се залетеле во однос на стварањето за заедничка држава со Југославија. Така после овој разговор, а по сугестијите на Стаљин и Молотов тије се повлекле од решењето да што по скоро ступат во федерација со Југославија, а работата ја постават во дух на директивите поставени од Стаљин и Молотов.

Во меѓувреме дојде во канцеларијата при Кимон Георгијев – министерот на трговијата Димитар Нејков така што разговорот го прекратихме и јас побарах дозвола да го напуштам.

После некој ден се вратих во Скопје. Колку се сеќам това беше при крајот на март месец. Ускоро беше свикан АСНОМ кога се образува првата влада и јас бех поставен за министер на правосудијето на НР Македонија и си останах во Скопје. Уједно со ова бех и претседник на комисијата за ратни злочинци, које беше доста замашна работа.

**Да ли за ова време доваѓаја во Скопје**
**некој од Сов[етските] об[авештајни] органи**
**и ако доваѓаа, кој и зошто?**

Уште дури бех министер на правосудијето, што значи во првата половина на 1945 год. колку се сеќам мај месец дошол Савченко во Скопје во сов[етската] војна мисија. Тој ме посети со аутомобил во министерството, које беше сместено во „Ибни-пајко". Савченко беше облечен во војна униформа-мајор. На мојето прашање зошто дошол ми одговори да дошол по работа во мисијата и сакаше да го запознајам со другарот Лазо Кулишевски. Јас му се јавих на другарот Лазо по телефон и го обавестих за захтевот на Савченко. Другарот Лазо ми одговори да можиме да го посетиме кога што сакаме. Во разговорот со Савченко, меѓу другото тој ми рече да него го интересувало продирањето на енглеската об[авештајна] служба кај нас, нивните агенти и сл. Тој ми посочи да на основу нивните податци на нас најслабо место ни је била Битола. Од мене побара 2-3 лица, кој би можеле да делуват во тој правец и проуча-

ват да ли има и кој се агенти на И. С. Ова се нарочито однесуваше на Битола. Одговорих му да уште добро не го познавам стањето, та уште одмах не можам да му препоручам такви лица, али да ке се помислам. Ми каза да на мене не сака да се ослони и ме ангажира као официјално лице.

После това заминахме за да го посетиме другарот Колишевски. Тамо тије се запознаја. Јас му објасних да по директива на Савченко сум работел во Бугарија и др. Осим останалото му казах да Савченко од мене бара 2-3 лица за да рузазнава и работат на откривањето на англеските агенти кај нас. Кога му го реков ова другарот Колишевски одмах каза да што је било до тогај това је, но да за натаму така не можи да биди, пошто кај нас не било така и да ако се бркале такви работи това је било само со знање на Партијата. На то му одговорив да имено затова и му саопштавам иако до тогај не знајев дека така требало. Кога излеговне надвор со Савченко јас му скренах пажња на то што го рече другарот Лазо и му реков да тие си ги уредат тије работи, а да јас ке гледам да му пронајдам некој лица. След това се разделихме. Не минаја ни три дена Савченко поново дојде кај мене во канцеларијата на Министерството. Ми саопшти оти је бил при другаро Лазо и разговарале по тије прашања. Савченко похвално се изразуваше за другарот Колишевски, као човек интелегентен, млад и принципијелен. Од желанијето да бидам полезен, на основу това што ми беше причал Мире Анастасов порано, јас му го предложив Крум Александров – „Муркин" од Кочани. За него му казах да ми је некаква роднина, да имал врска порано со Енглезите, да је интелегентен и одлучан. Овој предлог му го дадов така на брзина без да го добро проучам „Муркин" што човек е. Савченко се согласи.

Другиот ден му пристапив на „Муркин" и му објасних за стварта. Тој у прво време се неќкаше изговарајки се со това да сакал да се прибере, да скоро намерава да се жени и сл. Кога јас му казав да сега му се одава случај да на дело покаже оти не је англески агент – со које бил порано во врска, а за које се сумња во него, тој пристана. После еден ден го запознав со Савченко така нив ги оставив сами. Савченко од своја страна му дал директива да си замини. После кратко време „Муркин" во дух на дадените директиви је заминал за Битола. Кога се врати од таде во еден разговор ми каза да Савченко нему му је поставил да това што ке го научил не ми го говори мене.

Преди да замини „Муркин" за Битола Савченко кога веќ беше кренал за Софија сврати со аутомобил при мене дома. „Муркин" го обавестих за да дојди кај мене бидејки да Савченко му је поставил

да напише извештај по положенијето што знаје и му предаде. „Мpuркин“ беше написал колку една страница на рака кој извештај му го предаде на Савченко. Во моје присуство јас не се сеќам да је извештај читан, иако „Муркин“ говори да му го је читал на Савченко во моје присуство. После това Савченко си замина. Понатаму веза измеѓу „Муркин“ и Савченко тије си је уговориле.

Од како се врати „Муркин“ од Битола, на остојаније на околу 10 дена од првото доваѓање на Савченко во Скопје Савченко поново дојде во Скопје. Кога дојде Савченко вториот пат „Муркин“ се женеше и беше спремен да замине на свадбено патување. Заједно со Савченко во оделни аутомобили заминале за Куманово. Одавде Савченко си заминува за Софија а „Муркин“ за Београд. Од Софија Савченко наредува, му се издава пасош и заједно со женаму „Муркин“ заминува за Софија. Тој /”Муркин”/ ми расправаше дека Савченко је уредил таја работа преку некој руски генерал во Белград името му го кажуваше, но јас сум го изумил. Во Софија „Муркин“ се састанал со Савченко и пуковник Зотов. Таму му је била земена детаљна биографија ради проверка и др. за да видат какви работи можи да врши. Кога јас му го препоручив на Савченко му напоменав дека не го познавам добро да кроз работата му во Македонија ке се види и како знаје многу добро германски а и долги години је живејел во Беч може да се искористи и за таму.

„Муркин“ во Софија се задржал околу 20 дена после које се врати во Скопје и почна да работи согласно задатците поставени од пуковник Зотов и мајор Савченко. Така минаја околу две недељи, кога стана судењето на поп Габер кој намеравал да бега во Грција на судот се откри оти „Муркин“ му је рекол да поздрави некој од негови пријатели во Цариград. Пошто ова ствар се откри на судот како нова „Муркина“ одмах го ухапсија. Кога го хапселе при обискот му бил пронајден на „Муркин“ меѓу другото извештај кој го припремал за Савченко во многу страници. После хапшењето на другиот ден отидов при другарот Лазо и му саопштих да је „Муркин“ ухапшен на које тој ми одговори оти је обавестен и ми каза да ја ухапсен во провала од страна на поп Габер.

Минаја 10-20 дена, бех повикан од другарот Лазо, каде беја сите материјали на „Муркин“, а прекуцан и извештајот. Во разговорот околу това што да се прави со него дојдовне до закљученије да бидејки во това време би било скандал да се истијот суди за сарадња на совјетска об[авештајна] служба, пошто бехме није запознати со другарот Лазо за таја работа, а имено да је „Муркин“ предаден на Совјетите по обавештајна линија, се реши да се истијот суди за примањето на мито и др.

По некој ден во Скопје дојде Савченко, кој го је посетил другарот Лазо, како би го питал што је станало со „Муркин“. По некоје време, мислам другиот ден Савченко ме посети и мене дома. Савченко не беше уопште задоволен од „Муркин“ и ми каза да од Аустрија му саопштиле по адрес за „Муркина“ лоши работи и да тој како нивни агент вршел злоупотреби зад нивниот грб. Јс това го разбрах као упрек од страна на Савченко и си замолчив. Од Савченко тогај разбрах да за них личноста „Муркин“ ништо е претставља.

Пропуштих да одбележам подолго дека „Муркин“ од свој страна требаше да најде други луге и му ги препоручи на Савченко, односно тој /„Муркин“/ работи со истите.

Од тогај Савченко уопште не сум го видел, па нито знам каде је отишол. Јас сум се интересувал за Савченко каде е но не сум можел да научам каде је. Во една прилика сум го питал и Лаврантијев во 1947 година на конгресот на југословенско-совјетското друштво кога бехме на пријем на Авала. Лаврантијев ми одговори дека мисли да Савченко се наоѓал во Москва, но да во това не је сигурен.

„Муркин“ беше осуден, после извесно време помилуван.

Кога доваѓаше Савченко во Скопје не сум го видел да се састанувал со некој лица. Сигурно тој као обавештајни официр је залетил до некој. Јас допуштам да је имал некоји врски, но за кој не ми је познато.

**Како вије го објашњававте минавањето на „Муркин“ за Турција и обратно и што знајете по детаљно да изнесете за истијот?**

Како што ми разправаше „Муркин“ после војната измеѓу Германците и СССР је бил хапшен од Германците во Аустрија. До тогај је слободно живејал. „Муркин“ го објашњаваше разлогот за неговото хапшење да бил тој што је работел во полза на СССР као комунист. Ова не је вистина зато што ако имаше такво нешто Савченко и Совјетите ке го знајева. Тије уопште не знајева да „Муркин“ да некогаш им је помагал. Во Бугарија и одавде одлазакот му во Цариград за мене остана тајна. Јас стојев на становиштето да је тој бил пратен од некој по задатак. Издавањето на виза во това време можеше да му се издаде само на проверен човек. На мојите прашања како је отишол во Цариград ми одговори као кореспондент на кој весник не ми кажа. Во Анкара ми је расправал да имал састанци са видни личности, који не ми ги посочувал. Во

Цариград је држал предавања на германски во који је изнел да Германија ке ја изгуби војната. За да одржи предавања во Цариград требало да го некој влијателен организира. Од друга страна това је чудно во Турција држи предавања против Германија и се враќа во Бугарија каде Германците не му прават ништо. Општо је познато да Германците имаја добар увид на работите во Цариград и това неможеле, а да го незнајат. „Муркин“ јавно беше тука крије работи како од мене така и од власта и Совјетите. Во Бугарија тачно је това да „Муркин“ беше хапшен, но је бил хапшен исклучиво по провала на Мире Анастасов и на судот ослободен. Овде поново ке се задржам на она прашање за које „Муркин“ говори а имено да дури је бил во Турција успоставил контакт со Совјетите. Това не је вистина. Како што понапред реков Савченко и пуковник Зотов спроведоја детаљна анкета за провера на неговата прошлост и не установија ништо така. Ако тије установија верувам оти Савченко това ке ми го кажеше, а немаше да се изјасни така како што ти беше казал по адрес на него, а које понапред го имам изложено.

„Муркин“ је таков човек што кога се исправи пред нелогичности тој негира све на које не може да му најде одговарајуќи одговор. Това се дешавало често и во нашите разговори – кога сум му поставувал поједини прашања но тој уопште не ми је давал определени логични одговори. Мојите закљученија за него је това да пред блиски за интимните работи не говори од срам додека пред власта од страх.

**Во ошто се понатаму одвиваше вашиот живот во Скопје?**

Во почетакот на мај месец во 1946 година бех поставен за потпреседник на Президиумот. На таја должност останах до март месец 1947 година.

Со оснивањето на македонското-совјетското друштво през 1945 година постанах претседник на истото. Уједно со ова јас испољњавах и претседник на друштвото на правниците. Значи през 1945 година како Министер на правосудијето бев истовремено и претседник на комисијата за ратни злочинци. Уједно со ова бев претседник на горе означените друштва. Во мај месец 1946 година како што реков бех смењен од министер на правосудијето и бев назначен за потпреседник на Президиумот.

Во врска со работата ми како преседник на македонско-совјетското друштво, а и за работата на самото друштво детаљно сум изнел во записник од 29.03.1950 година.

През 1948 година бех смењен од дужноста потпреседник на Президиумот на НР Македонија и ја завзедох дужноста као правни саветник на истото. На ова дужност останах до крајот на 1948 година кога бех пензиониран со решеније на Президијумот. Ми се даваше народна пензија во износ на 4000 динара со која и живејех. Разбира се да као пљус ми доваѓаше и заплатата као народен посланик по 1000 динара секој месец.

**По које време и зоошто бехте во Софија и какви све разговори и со који личности имате водено тамо?**

През месец новембар 1947 година заминах во Софија поради уредување запослење на керками, која беше таму. Таја требаше да оди на специјализација та да за това требаше да и помогнам. Како доста време не бех во Бугарија установих да се положенијето знатно изменило. Во однос на расположенијето на народот према владата односно режимот. Јас на вистина долго време не останах таму, но пошто имах широки врски во народот за кусо време можех да го схватам лично това положеније, које беше условено и од това што разни личности припадници на тамошните партији отворено и јасно се искажуваја пред мене. Во економско-стопанско одношеније ништо ново не беше спроведено, така да скоро во целиот народ владејеше доста големо негодовање. Трговците и индустријалците па и земеделците беја во положба на несигурност. Скоро сите беја во неизвесност и се питаја што и како ке биди. Таја неизвесност им даваше големо негодовање и скоро сите се насочуваја против владата. Това ми на мене остави голем утисак така да кога бев во министерството на спољни работи при Кимон Георгијев за да го уредам прашањето за керка ми му го поставих ова прашање. Му напоменав да кај нас приликите веќе се нормализират, додека кај ним во тој поглед је много лошо положенијето. Јас му укажав на појединиконкретни чињеници од стварноста кај нас и во Бугарија. Георгијев се изговараше со това да све се је должело на големата и долготрајната суша. Бар така на мене ми рече. Иначе кога му го реков това Кимон Георгијев се задрви и се јадоса.

По ова прашање сум дискутирал и со други министри, мој пријатели и познати као: Димитар Нејков – широк социјалист, министар на трговијата, Стефан Танчев – министар на железниците, Георги Трајков – министер на земеделијето обата припадници на земеделската партија и др. Као узрок на такво стање ја наведуваја немаштината. Си споменувам да при разговорот со Стефан

Танчев дискутиравне околу прашањето за које народот доста реагираше, за испраќањето на пакети /колети/ до Совјетскиот Савез од страна на војниците и офицерите на Црвена Армија до својите домашни.

Кога јас дојдов во Софија егзекуцијата на Никола Петков[168] беше спроведена. Колку што јас можев да разберам во народот неговата ликвидација се објашњаваше да је била проузрокована од неговиот противнички став према некој раководни личности и мешателство на Совјетите. Се препричаваше меѓу компетентни личности како Никола Броиздов и други блиски на Никола Петков да после избивањето на разногласијата измеѓу Петков Петко и „Отечествениот фронт" је дошол Вишински во Софија како би ги уредил искрснатите разногласија. Првиот састанак је бил заказан во присуство на Вишински во 2 саатот после полноќ на кој састанак Никола Петков не се одазвал. Другиот ден во 10 сатот кога Никола Петков отишол при Вишински овој му је упутил уште одмах некој подигравителни думи. Како Петков си беше така чврст по карактер човек, му је казал да је дошол со цел да ги разгледа разногласијата но да ако тије така се држат немало зашто да се разговара и поарно је да си одат. После това си је наставил разговорот.

Иначе колку можех да разговарам со земеделците од трите крила тије беја безрезервно за Совјетскијот Сојуз само не се согласуваја со карактерот на самите узајамни одношенија. Ова ми го имат говорено лицата: Петко Стојанов, Трифун Кунев, Недељко Атанасов и др. од сите три крила. Тије стојева на становиштето да имено БРП/к/ је спроведувала тaја линија да ја прво разцепи а после је уништи земеделската партија као најмасовна во Бугарија, и да тије /земеделците/ ке се борат до еден, али това немале да го позволат. Се сеќам за разговорот со Трифун Кунев. Тој ми беше блисок од порано. Као виден и истакнат член на земеделците тој беше и главен сарадник на органот на земеделците „Земеделско знаме", кој весник беше оделен од весникот на Никола Петков под истијот назив. Јас го држех становиштето да нивниот став према СССР као земља која ги је ослободила и др. је неправичен бидејки да СССР је запазила Бугарија. На ова Трифун Кунев колку си спомнувам ми рече дословно така: „Не само мије и кај тупиот земе-

---

[168] Никола Петков (1893-1947), бугарски општественик и политичар, член на раководството на Бугарскиот земјоделски народен сојуз, пратеник во Народното собрание, еден од основачите на Отечествениот фронт, по Втората светска војна министер во првата влада на Бугарија и народен пратеник. Во 1947 г. бил обвинет за контрареволуционерна дејност, осуден и стрелан. Рехабилитиран во 1990 г.

делец сваќа оти није без СССР неможеме, тој је победител во оваја војна, во миналото и сега ослободител, това секој го сваќа и је безборно, но се поставува прашањето за начинот како се тије односуват према нас и колку се почитат нашата самосталност“. Во разговорот понатаму као на интимен пријател ми каза да БРП/к/ целела уништување на земеделската партија као политичка организација, која је по масовна и во миналто као таква од 9. јуни 1923 година[169] па до сега дала повеќе жртви које је факт. После во разговорот ми го напомена и това да сите тије по видни земеделци ке бидат со време или хапшени или ликвидирани оти затова биле принудени да се бринат.

Најборческите елементи од средината на земеделците кога дојдов во Софија ги заварив скоро сите настројени против владата.

Што се односи до македонската емиграција тaја беше истинала, не само това но и оријентирана против владата. Прво за това што при превратот после 9. септембар 1944 година многу Македонци биле невини истепани, а пак това се должи во веќина на Лев Главинчев[170] и др. који се имале разврзани раце. Другото прашање околу које се изговараше беше това што никаков ход за разрешеније на македонското прашање не се дава, нито му се давала аутономија на Пиринска Македонија, што пак се поставувало прашањето за присаjединување кон Вардарска Македонија. Од друга страна неомогуќавањето да се оди од Бугарија кај нас и обратно исто така беше предмет на дискусија и негодовања.

Јас сум говорел и порано. Македонската емиграција во Бугарија е конзервативна. Но во тaја голема емиграција – постојано имаше голем процент прогресивни елементи, који беја и кадарот на федералистите и подоцна ВМРО обединена. Сите овије лица беја против линијата БРП /к/. Во разговорите ни со Милан Ангелов, Ристо Алинов, Димитар Јакимов член КП и други прогресивни Македонци тије се изјашњаваја во дух на горе изложеното кога се поставувало прашањето за излаз од тaја ситуација им се одговарало да македонскијот вопрос бил решен и да сега не требало да се подига.

Со ново оформениот иницијативен комитет во кој се влегле: Калајџијев, Васил Ивановски, Тошо Делев и други за раководство-

---

[169] Се мисли на 9-тојунскиот преврат во 1923 г. кога била симната владата на Бугарскиот земјоделски народен сојуз и претседателот Александар Стамболиски.

[170] Лев Главинчев, како член на раководството на протогеровистичката ВМРО, бил еден од главните полициски службеници во Министерството за внатрешни работи на Бугарија во апсењето и ликвидирањето на припадниците на михајловистичката ВМРО.

то над Македонците уствари БРП /к/ је целела да ги сите Македонски организации кој постојеле до тогај и кој се занимават со културно просветна работа да ги приопшти кон себе. Од тука и не се осеќаше некоја дејност по македонска линија.

Разговорите ми со видни комунисти и функционери на БРП /к/ не би можел да ги прецизирам кој биле и со кого во Софија. Затова ке ги изнесам уједно пошто по једини и исти прашања је говорено во Белград и Софија со исти лица само на различни места. По овој начин и самите разговори се допунуват.

Во Софија и во Белград на словенскијот конгрес имах случај да разговарам и со видни комунисти и функционери на БРП /к/ Македонци и Бугари со кој порано сум саработувал или бил сум заједно, така да имах морално право да дискутирам и барам од нив да се изјаснат по поједини прашања и имах претензији да им давам ум пошто и није Македонците сме земале задолженија а и они према нас. Меѓу останалите сум дискутирал со Владимир Поп Томов, Штерју Атанасов, генерал, Тодор Павлов и Саво Гановски. Со сите што сум разговарал ке го изнесам така општо. Штерју Атанасов мене ми беше претставен како стар и виден комунист кој је бил во Совјетскиот Савез и го познава добро националното прашање. Овој беше и на словенскијот конгрес во Белград. Најнапред по одношенијата измежу Југославија и Бугарија зашто федерација не станувало и каква форма на федерација југословенска или балканска Владимир Поп Томов и Штерју Атанасов се изјаснија да као што ми је познато од време они биле за балканска федерација, но за сега поради општо положеније останувала само југословенска федерација за које тије се изказале и во печатот, резолуцијите, говорите и др. По вопросот за македонското прашање, а имено за Пиринска Македонија стојева на становиштето да се тије за јединствена Македонија или да се поставувало прашање кога и како да стане. Ми нагласија да точно во това биле и разногласијата кога и како да стане таја федерацијата и при појавањето[171] на Пиринска Македонија кон Вардарска. Југословенската Компартија това сакала да го спроведе по нивните изрази на дребнобуржоаски начин, а пак тије сакале на друг пролетерски и интернационални начин, како тачно не ми објаснива. Јас му напоменав да по то испаѓа оти една од двете комбинации /КПЈ и БРП/к/ имало грешка или имат недоразуменија и пошто сега тија се факти во Бугарија за решавањето на тој вопрос, а исто така КП на Југославија, не останува ништо друго до тије да се споразумат, за које и тије сносат одговор-

[171] Се мисли на „припојувањето“.

ност пред историјата. Му споменах да по повод изработувањето и приемањето на уставот во Бугарија ништо не се говори за начинот на разрешавањето на македонското прашање, постави: Јас не знам што се говори по това прашање межу ЦК на КПЈ и ЦК на БРП/к/, но Хричевиќ еден од најистакнатите правници написал статија во која ногу правилно постави како треба да се разрешава едно национално прашање по Лењински пат, истакна принципот за самоопределенијето на народите и како се прилага тој по Марксистичко-Лењинистички пат, не може да се сврзува со согласијето на оделната власујушта нација и сега ако дојде до разрешеније на националното прашање како што сте се вије исказале нема зошто да се тражи согласијето на Видин и Силистра, а ке се тражи согласије на народот во Пиринска Македонија. Вије заб не обелихте по таја статија ни во говор ни во штампата, апсолутно никаде. Това што значи. Они и двајицата замолчија по това и казаја само да тије стојат на ставот да понапред треба да се створи југословенска федерација измеѓу Југославија и Бугарија и да се постави прашањето како и кога ке се припоји Пиринска Македонија кон Вардарска.

Штерјо Атанасов је темељит, но слабо говорљив човек и затова па и јас очекував повеке одговор од Владимир Поп Томов со кого бехме многу по блиски. Му кажах на Поп Томов да тије се искажале уште порано во статијата, говорите и резолуцијите оти обединувањето на цела Македонија може да стане околу создадената македонска држава во рамките на ФНРЈ. Значи да тије се изјаснуваја дека стожерот околу кој се окупат и другите два дела на Македонија треба да биди првиот ослободен дел, првата создадена македонска држава. Затова му нагласив јас бидејки да имено тије се искажале за такво разрешење на македонското прашање, није сме дошле во Вардарска Македонија да тука делуваме иако је погрешно да ни кажат да си знајеме. Му напоменах да во гореизложениот правец братствата македонски се расформираја со резолуцијата на ЦК БРП/к/ и Македонскијот институт се пренесе во Скопје и да согласно това решеније кога беше пребројувањето во Пиринска Македонија по директива на Партија се исказаја повеке од 70 од сто Македонци. Му реков да теоретски се постави правилно додека на делото се врши супротно, наново му нагласувајки да можеби во това му је недоразуменијето. На крајот му добавих да није Македонците оделно, па и групово до сега неможеме ништо да сториме и ќутиме а да историската одговорност је сносат тије /ЦК КПЈ и ЦК БРП/к/. На сето ова одговорено од мене Владимир Поп Томов се задоволи со това да ми го даде следниот одговор: „Ако сега пристапиме на Пиринскијот крај кон Вардар-

ската Македонија това значи да го изгубиме бугарскијот народ, а кога би го изгубиле бугарскијот народ зошто ни је Македонија".

На крајот на основу разговорите со горе назначените лица дојдов до заклучение да услед слабата подготовка меѓу народот Партијата се осеќа слаба да пристапи кон такво разрешение на македонското прашање. Ова моје заклучение односно становиште го имах до крајот на 1947 година.

Со Гановски Саво се познавам уште од порану. По едно време после Петко Тодоров тој беше назначен за опуномоќени министар во Белград. До тогај беше опуномоќени министар во Букурешт. Кога разбрах оти је назначен за опуномоќени министар као пријатељ јас се зарадвах кога отидох на заседанието на скупштината во Белград, мислам през 1946 година ја го посетих во легацијата. Колку помнам него сум го посетил во легацијата три пати. Два пати преди Бледскијот споразум[172] и еднаш после това.

И првиот и вториот пат кога бех при него тој се изјашњаваше да во Белград му је подобро од Букуреш. Тој стојеше на становиштето да разрешението на македонското прашање во ФНРЈ је правилно и да полека ке се дојди до една општа држава. Интересуваше се за Македонија како је положението. Му одговорив да во културно одношение сме заостанале, немаме кадри и да во веќина се е фрлено во обнова. И поред това му нагласив да основа за културен напредок има. Создаден је македонски театар и др. Така разговарахме околу текуќи вопроси. Гановски изјави желание да је посети Македонија. Помнам тога да разговорите се водеја во присуство на женаму и еден чиновник по презиме Таков, кој работеше во паспортното оделење. На крајот се подигна прашање околу Ждановијот говор, односно критиката на издадената книга по философија од Александров. Гановски се изјасни да му је била позната таја работа и да тој /важеше као философ/ го имал и учебникот /књигата/. Почна да ми расправа по таја книга и критиката, но јас слабо бех заинтересован пошто од философијата многу и нему се разбирам.

После Бледскијот споразум по трет пат сум го посетил Саво Гановски. Во разговорот во врска со односите измеѓу ФНРЈ и Бугарија тој се изјасни оти односите се одлични, се врви добро и глатко и да ускоро на секоја цена ке сме станале една општа држава. За Македонското прашање ми рече за това за сега се изоставало пошто „политичкијот момент не је удобен".

[172] Се мисли на Бледскиот договор, одржан од 30.VII до 1. VIII 1947 г., помеѓу делегациите на владите на ФНР Југославија и НР Бугарија за економска и културна соработка меѓу двете држави.

Ускоро разбрах да је преместен во Софија за пом[ошник] министер на спољните работи.

Пропуштих да одбележам да при дотогашните разговори тој /Гановски/ ми се оплакуваше од това дека БРП/к/ била напаѓана од југословенската Компартија. Јас му реков дека незнам да ли се напаѓа или не пошто во јавност нема ништо, но иако има нешто това се должи на нимниот неопределен став во решавањето на македонското прашање.

Кога појдов во Софија и отидох за да го посетам Кимон Георгијев во министерството на спољните работи се видов и со Саво Гановски со кого веома кратко разговаравне углавном околу пречекот на другарот Тито во Софија и очекувањето да си дојди Георги Димитров. Со Тодор Павлов немах некој забележителен разговор бидејки да знајев да тој нема некој уплив во Партијата. Му приговорив за това да неговиот говор во Скопје да бил добро посрешнат, но да неговото изјавленијето „македонска нација постоји, а јас сум Бугарин“, не остави позитивен утисак.

Погоре спомнав во таканаречениот македонски иницијативен комитет формиран од страна на БРП /к/ влегуваше меѓу другите и Христо Калајџијев. Тој као таков на неколку пати беше доваѓал во Скопје. Колку се сеќавам последнијот пат беше през пролета 1946 година[173]. Тогај беше и Влахов тука. При еден разговор во присуство на Влахов се постави прашањето за помоќта на Бучков кој требаше да ја преводи книгата на Јаранов во врска со Македонија на англески јазик. Услед болест во очите тој /Бучков/ не успеја да је до крај преводи книгата, но и поред това требаше да му се помогни. Книгата на Јаранов беше издадена во име на Македонскијот национални комитет – Софија[174]. Помоќ во однос на околу 10.000 лева требаше да му се даде од касата на Македонскијот национални комитет каде одеја приходите. Калајџијев се изјасни да тије тамо ке го решат това прашање. На това јас оштро му приговорив да тука нема није – вије – да има да се исполнува она што ке се рече одавде и да за во будуќе не треба да се допушти таја анархичност.

Во Софија меѓу останалите састанци со лицата, кој ги горе наведох појдох во министерскиот савет каде работеше Петар

[173] Христо Калајџиев бил последен пат во Скопје во октомври 1945 г. Види: Спомени на Христо Калајџиев, Премрежињата на македонското револуционерно движење. Спомени на Христо Калајџиев, Крсто Лазаров, Крум Петишев, Атанас Џолев и Мирчо Кикиритков. Предговор и редакција: проф. д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2003, 82-85.

[174] Се однесува на книгата на Димитар Јаранов „Македония като природно и стопанско цяло“, издадена во Софија во 1945 г. од Македонскиот научен институт.

Глигоров, личен секретар на Георги Димитров за да му каже на Димитров да се и тој лично заинтересира за ќерка ми во моје име. Петар Глигоров ми беше личен пријател и многу добро познат од порано. Кога отидох при него седехме уз кафе и почнаме да разговараме околу претстојеќето доваѓање на Георги Димитров. Нему му објасних за целта на мојето доваѓање и му рекох да за станалото ми јави во Скопје. Во тој момент излезе и по известно време се врати и ми кажа да Трајчо Костов сакал да ме види. Не минаја 20 минути од како веќ заминал чехословачкијот опуномоќен министар кој бил при Костов, јас го посетив Трајчо Костов кој беше сам во кабинетот. Тој стана од асталот и седевне на фотељите. Како што имам казано со него се запознахме при процесот. Костов ме дочека многу љубазно и почна да ме пита за Македонија за поједини личности како се. Ме пита за другарот Лазо Колишевски, со кого биле заједно во Плевенскијот затвор и за др. Јас мислев оти ке разговарам кратко, додека тој ме задржа повеке од пола час. Јас прво отпочнах со коплименти по негов адрес околу затворот, раководството на државата и сл. Кога му расправих за положенијето во Македонија му го поставих прашањето да народот го боли и чекат да се уредат односите измеѓу Југославија и Бугарија, а посебно за Македонија. Тој ми одговори да сето това ке се уредело го чекале Георги Димитров, а тије денови ке дојдел и другарот Тито ке се воделе преговори така да ке се тргнало по еден правилен пат. Разговорот продолжи. Костов многу похвално се изрази за претставите на македонскијот театар кој за това време беше во турнеја. За македонскијот јазик се изјасни као за веома добар и звучен. Јас седејки како на трње, сакав што по бргу да го напуштам као потпреседник на владата. Него го гледам се расположил и уопште не ми дава никаков увид дека сака да прекини со разговор а на против обратното. По едно време од како се порасположихме му рекох: „Трајчо, во растојаније на 30 години вије – није /комунисти и прогресивни/ сме ја напаѓале цела бугарска буржоазија за нејзиниот став по македонското прашање но сега веке вије Партијата сте турени на едно испитаније или – или. Срамота је веке дојдовне во положеније да ни се смејат довчерашните непријатели. Југославија така или инаку тргна по еден пат и коракна напред во политичко и економско положеније и има веќе една разлика од положенијето таму и овде. Таму је национализирана индустријата а вије овде тапкате у место. При такво положеније серафинска унија, не може да се прави треба да се тргне напред“.

Тој /Костов/ на ова смутен ми одговори дека до сега било како било, биле заузети со внатрешни прашања со опозицијата и сл., но

да тие денови ке дојде Георги Димитров и ке се тргни побрзо по еден пат кон создавање на една општа држава. Јас му рекох да не можат това да го сторат, така лесно пошто имат различија во стопанско и политичко отношение. Тој на това категорички ми зајави дека и поред това ке се создаде општа држава – федерација – порано од колку што јас мислам. Му казах да ако това стане то ке биди истинско воскресение како за народот во Бугарија, така и во Југославија пошто това од душа го сакат. Со това се разделихме. Тој ме допрати до спољната врата.

Ускоро се вратих во Македонија, без да го дочекам Георги Димитров, кој требаше да дојди од Москва.

Овој пат во Софија се видох и со Георги Чанков и др. со кој не сум разговарал по некој забележителни прашања.

**Каде ве завари резолуцијата на И.Б.и**
**што би имале да одбележите за Вашата дејност после това?**

Резолуцијата на И.Б. ме завари во Скопје како пензионер. После истата, која на мене не остави некој кој зна каков утисак, јас не сум имал некој забележителни разговори по тој повод.

Мене после резолуцијата на И.Б., а на основу разговорите, кој ги водех со истакнати личности во Бугарија – ми стана јасно, дека за едно искрено решавање на југословенско-бугарските односи, не са биле пречка теоретски размимолажења, нито пак жељата на народите, а руските државни интереси.

**Имате ли нешто накнадно да изнесете?**

После резолуцијата на И.Б. како би го уредил прашањето со керка ми за разрешение да се упише као бугарска државјанка на универзитет ја посетих бугарската легација во Белград. Колку се сеќам това беше преди 15 октомбар 1948 година. Во легацијата ме прими секретарот Кацаров, кој ми саопшти дека во добијениот список од Бугарија – била унесена и мојата керка, значи да това прашање било уредено.

Полномошни министар – бугарски во това време во Белград беше Пелавски, кого јас лично не го познавах.

Горнијот записник је мој, прочитан ми је, во него се верно унесени мојте думи и за истинитоста на истиот се потпишувам.

Иследник: Потпис:

## И З Ј А В А
## Од Митко Зафиров за Павел Шатев, 8 септембар 1949 год.[175]

Околу 1935 год. во Софија се запознав со Павел Шатев како познат напреден прогресивен деец. Тој тогај се врати во Турција и јас во 1936 год. како член на Партија сакав да го активизирам но во него се сомневаше Југов Антон и не даде согласије. Јас и понатака држев врски со него и сметав дека може да се работи со него и ќе имаме некаква полза. Подоцна Југов даде согласије.

Павел Шатев беше готов да работи по македонска линија, он даде согласије и почна да се ангажира правејки изложенија и се подпишуваше на сите документи. Неговиот ауторитет делуваше многу, дури неговиот потпис беше гаранција преку кој се вршеше агитација на тој начин се ангажира по наша линија и работеше. Во 1938 год. стана прашање за избори на кандидати за народни пратеници. Ние го предложивме Шатева за кандидат по македонска линија. Ние се согласивме да тој стане народен пратеник и за таа цел му бева извадени сите документи, но не беше позволено од полицијата како сомнително лице (он како човек се навоѓаше во тешко материјално стање и јас како стар деец и инжињер го потпомагав и това парично со 300-500 лева, а документите кој му бева издадени беа платен од партијата).

Јас постојано работев со него и околу 1941 година заминав во моментот кога Германците влегова. Тогаш македонската емиграција оживи и направи изложенија во врска со македонското прашање за независност во кое без моје знание ме потпиша и мене и уште еден по име Туше Дели Иванов.

Во това време јас протестирав пошто тогаш уште не се беше јасно по македонското прашање – това беше потегнато од советската страна.

Во 1940 год. за прв пат ми пристапи Шатев и сакаше да ме поврзи со сов[етската] об[авештајна] служба да им давам некој сведенија.

---

175 Текстот е автентичен како што изјавувал М. Зафировски и запишал иследникот, машинопис на кирилица.

Во това време ми даде задача да го побарам во Белград Славе Иванов од Штип, противник на Ванчо Михајлов, бивши емигрант во Виена како федералист, но преди да се састанам со него се јавив кај Кузман Јосифовски и тој ми кажа дека Славе Иванов е голем шпиун за Србите, но јас морам со него да се најдам и отидов во неговиот кабинет кој се навоѓаше зад една црква да се информисам. Јас му објаснив кој ме пратил и он даде согласије да работи по совјетска линија и да ја обновам врската. Јас побарав подаци и тој ми даде за стањето на армијата во бивша Југославија, бидејки да беше близок на генерал-штабот (Тој знаеше за распоредот на армијата, какво оружје, авиони и др.) и за успоставените врски му дадов парола и се вратив во Софија и од тогаш веке не се видов со него. За ова работа го известив Шатева.

Во 1941 год. Германците идеја кон Бугарија. Во това време јас се интересирав за некој работи. Бојан Балгарјанов тогај тврдеше дека ќе има англијска опасност а јас бев на супротно мнение дека ќе има германска опасност. Павел Шатев тогаш беше добро информиран и знаеше кога ќе влезат германските трупи и тогаш почна широка работа за сов[етска] линија. Се бараја сведенија за силите на германски трупи. После нападот на бивша Југославија се бараа истите подаци. На тије сведенија јас малце работев.

Нај сериоозна работа за мене почна после поврзувањето со совет[етите] и кога еднаш два три пати ми дадоја задача да организирам диверзански групи во Бугарија и Југославија. (Кога Павел Шатев ме заангажира по обавештајната служба јас како член на партијата това го примив од идеализам и јас како таков решив да кажам не на руководството, но на Антон Југов, дека Павел Шатев ми наложува од страна на сов[етската] обавештајна служба да работам и да не кажувам на Партијата. Југов даде согласије и дали саопшти на др[уги] незнам).

Во 1941 год. се јавив да организирам диверз[антски] групи и добив динамит за паклени машини, сочна киселина и др. Овоа го добил Шатев од директор на еден рудник. Јас почнав да организирам група но во Партијата неможев да најдам и организирав само од Македонци, Коле Неделковски, Кочо Рацин, Михајлов. Ми се наложи да организирам во Вардарска Македонија цив[илни] групи и јас дојдов во јули 1941 год. во Скопје по партијна линија да се сврзам со Шарло[176] за организирање на тија групи. Но таја задача не ја пренесов преку Шарло на друго лице. Со Шарло не се саста-

[176] Се однесува на Методија Шаторов-Шарло, секретар на ПК на КП за Македонија.

нав, но се најдов со Пинцур[177] и го предложив да биде одговорен на војната комисија. Он не се согласуваше, но јас му наложив и уговоривме парола и јас заминав за Софија. Тогај требаше да се срушат железничкиот мост, еден тунел при Велес и др.

После известно време Пинцур го прати Тарцана[178] за динамит во Софија кај мене. Неколку дена подоцна најдовме динамит, но никакви акции не се спроведоа и динамитот мислам пропаднал. Во това време Совјетите чекаја нешто да стане но ништо не се успеа. Мене Шатев ми наложи после това да одам во Македонија да организирам канал за префрлување на радио станица во Солун, која требаше да е прими еден човек и да монтира која ќе служи за обавештајна служба. Но таја работа ја сметав за второстепена и се зафатив со партијна работа. Кога стигнав во Скопје се поврзах со ЦК, тогај Лазо[179] падна во затвор, бидејки стана провала. Тогаш јас заминав за Гевгелија през месец ноември и тој канал го организирав и пратив писмо во вид на шифра во Софија на сестрами. Това писмо изгледа паднало во полицејски раци и полицијата се сомневаше во мене. Во тој период една жена Соња Вицева ме викна во хотел со цел за издавање на некој часопис. Она тогаш ми кажа дека сум во опасност и дека това ми го кажува од пријателска страна. Она исто ме запраша какво писмо сум пишал, јас на това одговорив дека никакво писмо не сум пишувал. После 15 дена разбрав дека Павел Шатев е во затвор. Во Скопје дојде Петров и Филип Атанасов. Филип Атанасов е федералист, другар на Павел Шатев но богат човек. Петров го знајев да е поврзан со гер[манската] обавештајна служба. Со Филип Атанасов се сомневав да работам. Он беше тогај председ[ател] на буг[арското] сов[етско] друштво како прогресивен деец, но тој бил ангажован и по гестаповска линија, но сепак имаше врски и со совет[ска] линија и затова това нешто ми даде повод да земам озбиљни мерки. Истиот ми кажа дека Павел Шатев е затворен и фатен со радио станицата и некој другари. Негови другари не го открија, направија интеревнција и това одигра голема роља затова што беше само интерниран. Тија лица бева стари македонски дејци и фашисти на Симеон Радев и др.

Во 1942 год. стана голема провала на ЦК и пагат луѓе во затвор како Никола Вапцаров и други видни. После това во септембар 1944 год. заминав за Софија тогај се најдов со Павел Шатев кој се стави на расположеније на нашиот штаб. Во штабот на

---

[177] Се однесува на Страшо Пинџур, член на Покраинскиот ГШ на НОВ и ПОМ.

[178] Се однесува на Трајко Бошковски-Тарцан, комунистички активист, првоборец и член на партиските органи на ПК на Македонија, загинал во 1943 г.

[179] Се мисли на Лазар Колишевски.

Македонската бригаде „Гоце Делчев", во една стаја беја Павел Шатев, Лев Главинов[180], Пецо Трајков[181] и јас разговаравме и во това време влезе американскиот мисионер Хесни (во 44 год.). Јас сметам дека тој човек ги бараше Перо Сандон[182] и Пецо Трајков, а дали и за Павел Шатев незнам сигурно. Тогаш американецот се интересираше за македонското прашање. Американецот разговараше со П. Сандов.

Во пролета 1945 год. во Скопје се јави кај мене Павел Шатев и ме извести дека ме бара еден советски мајор од наша служба. Јас се согласив да се видам но интересно стана дека тој човек веќе не се јави кај мене, а зошто незнам, а незнам и кој беше.

Но незнам по какви причини тој мајор не се јави кај мене. Шатев работеше со една девојка по советска линија. И он ми ја даде врската за во Софија и ми кажа да се јавам при капетанот Даскалов. Јас се јавив кај него го гледам како хокштаплер. Тогај почна да вади и сече некој извештаји кој ги давал и на англијска и советска об[авештајна] служба. Тој се согласи да влезе во врска со мене за да може да изведува далавери. Во него јас сумњах да е и турски шпиун. Дали свесно или обавезно незнам но сазнах да Шатев испратил белешка преку гер[мански] официр за во Кратово. Таја белешка јас ја барав но не ја добив. Шатев имаше контакт со Турција и сумњам во него. Дојде во Цариград мислам по советска линија. Во Берлин е хапсен, но е голем конспиратор и решителен идеалист, а не е материјалист. Ако има 500 лева веднага ги дава. Кога стана министер и кој ќе го предплати веднаш е од негова страна. Он е револуционер, но идеалист, анархист – без перспективи.

После 1945 год. Шатев идеше кај мене и разтревожен говореше да во Македонија не е во ред. Во 1945 год. јас делував на него дека това не е така. По мене сметам дека тој бараше сведенија од чаршијата за незадоволството на македонскиот народ.

Еднаш го сретнав Шатева кој збореше со еден кој го пријави Славе Иванов и това ми даде повод да обрнам поголемо внимание пошто беше поврзан со сов[етска] линија. Кога го фатив шефот на обавештајната служба на Бугарија ми каза дека Славе Иванов е гестаповец.

---

[180] Се однесува на Лев Главинчев, член на раководството на ВМРО-протогеровистичка, пред Втората светска војна се приклучил на антифашистичкиот фронт во Бугарија, а по војната бил висок полициски функционер во Бугарија.

[181] Петар (Пецо) Трајков), член на ЦК на ВМРО-протогеровистичка, по Втората светска војна бил командант на бригадата „Гоце Делчев", која дошла во Македонија и учествувала во борбите за нејзино ослободување.

[182] Се однесува на Петар Шанданов.

Во 1943 год. Славе Иванов, Филип Атанасов и Саракинов добиват 3 мил[иони] италијански лири да организират движенија во Егејска Македонија. Това нешто го саопштив со телефон. Во това време во Софија дојдова совет[ите] да ги тражат.

Павел Шатев живее идеалистички, служба постојано нема и живее еден мизерен живот. Од 1929 год. беше поврзан со сов[етската] служба. По Коминтерната работеше и се скарал со Влахов.

Пролета оваа година при мене се јави Стефан Нанов негов пријател и он ургираше да го земам на работа при мене. Тој рече како Совјетите успејале да ангажират реакцијата во Европа, а да се ослободи исток, това нешто било мнение на Мире[183]. И дали им е казано од Сов[етската] об[авештајна] служба или не незнам тачно. За това нешто јас го расклинкав Славета Иванов и му реков дека е това тенденција и нетреба да се оправда советската слабост и уште му кажав дека е Мире на погрешен пат и това е опасно. Ние сме комунисти и на работите не смееме така да гледаме.

Мире ми направи впечатление. Тој беше поврзан со совјет[ска] линија и во 1945 год. се жалеше на советите дека небил одликуван, а некој од Бугарија по не активни ги одликувале.

Неговата жена е од Бугарија, роднина на Павел Шатев, сестра е на женаму, активна Македонка, еднаш ми рече дека ние сме се посрбиле. Жена му пак она е поврзана со бугарската партија.

Стефан Нанов е заслужен деец. 1944 год. оди во Прилеп каде бива фатен. По советска служба може бил ангажован. Сега е директор на пред[пријатието] Македонски фолклор.

---

[183] Се однесува на Мире Анастасов.

**1950 год.**[184]

**III К**[185]
**Славе Иванов**

## ПАВЛЕ ШАТЕВ[186]
## [Изјава на Славе Иванов за Павле Шатев]

До личното ми упознавање со Павле Шатев знајал сум да е он со уште неколку Македонци, млади момци, во 1903 год. во Солун извршил атентат, односно минирана со експлозив Банката Отоман, при кој случај направена е голема штета на самата банка. После експлозијата во банката речените момци јавно по сокаците на Солун бацат бомби и на тој начин најдуват својата славна смрт. Во оваа акција по сокаците на Солун, Шатев не е земал участие. Неговата задача е била од полек и побезопасен карактер што он и испунува. На него е било цел да однесе даска машина (паклена) на временскиот параход кој се тогај навоѓал во Солунското пристаниште. Шатев влегол во параходот, оставил како патник својот багаж и пак излегол и се изгубил. По тоа време машинката, оставена од Шатев, ке експлодира и параходот се запали. Незнам поединости како е одкриено но Шатев, патувајќи од Солун према Скопје, бил уапсен. Бива осуден и заточен во Мала Азија, во Фезан. Незнам тачно уште преди младо турскиот хуриет 1908 год. Шатев биде амнестиран или се пусти на „хуријетот“. Лично со него запознал сум се 1911 год. или 1912 год. во Софија-Бугарија. Не сум се интересувал од него, а и никако за него, а како јас бев активен революционер во тоа време знаев оти Шатев не земаше никакво участие во революционите дејствија за ослободувањето на Македонија. Во тоа време незнам што работеше тачно, но чиними се да се занимаваше со адвокатура.

---

[184] Напишано со молив, што упатува дека Славе Иванов бил сослушуван во 1950 г.

[185] Напишано со молив.

[186] Текстот е автентичен како што изјавувал Славе Иванов и запишал иследникот, машинопис на латиница.

Кога се објави Балканската војна 1912 год. бугарскиот штаб на војската, под формата на доброволци, мобилизираа многу свет од македонската емиграција во Бугарија. Ногу се јавиа и доброволци. Така се создаде, така реченото „Македонско ополчение“. Во тоа ополчение беше и Шатев. До свршетокот на војната 1913 год. Шатев како ополчанец не е имал никаква нарочита функција. Бил е во тилот на некоа дружина или полкова интендатура. После потпишувањето на мирот во Букурешт 1913 год. по кој мир Бугарија доби нешто нова територија од Турција со Крџали, Касукавал, Мастанли и др. Не се сеќавам дали он биде првоназначен за окружен управител или после првиот. На секој случај Шатев биде назначен за окружен управител во Крџалискиот округ. Назначен беше од владата чиишто министер председник беше Радославов[187]. Колку време Шатев остана на таа должност не сеќам се. Од крајот на 1913 год. па до влегувањето на Бугарија во Првиот светски рат ВМРО развиваше во Македонија революционарна-четничка дејност. Шатев не земал участие во таа дејност. По тоа време, 1913-1915 год. Шатев се беше лансирал како голем пријател на управљајујачата радославска партија. Беше и голем пријател на Никола Генадијев, бивш, тогај, бугарски министар-председник и шеф на партијата „стамболовисти“ заменик на убиениот Стефан Стамболов-1905 год. Кога Бугарија влегна во другата светска војна[188], штабот на бугарската војска со наредба-заповед мобилизира сите Македонци во Бугарија до 55 год. старост и од мобилизираните е направена 11-та македонска дивизија коа имаше 6 полка. Во еден од тиа полкови Шатев беше во тилова служба. После свршувањето на војната 1918 год. Шатев пак остана во Софија. Не секавам се дали упражњаваше адвокатство, или некоа друга официална професија. По времето, до подписувањето на Версајскиот мировен договор, кога во Софија и цела Бугарија се собраа подписи за петициа, коа се поднесе на конференцијата во Париз, Шатев остана не истакнат во таа акција. Во покасни конгреси на македонската емиграција, Шатев не се истакнал како активен и со ресајуст глас за оваа или оноа решење или гледиште по поставените на конгресот прашања. Шатев во сите арен. Нај големите приврзеници на политиката за соединувањето на Македонија кон Бугарија беа му пријателски. И Симеон Радев и професор Никола Милев и проф. Никола Милетич[189] и др. превише пријателство и со луѓе со против-

[187] П. Шатев бил назначен за окружен управник на Крџали по Првата светска војна, по падот на владата на д-р Васил Радославов, во јуни 1918 г.

[188] Се мисли на Првата светска војна.

[189] Се мисли на проф. Љубомир Милетич.

но на горните лица становиште, како со Хаџи Димов, кој след 1918 год. смело напиша брошура под наслов „Назад к'м автономијата“ што на Александровите[190] се недопадна и после превратот 1923 год. забиха Х. Димов[191]. Значи Шатев држеше линијата: со сите миле-драго, а потоа што он чини да го крепи и спокојно работи. Кога се офорсијаваше негодување, 1919-20 год. против ВМРО, т.е против Т. Александров од страна на македонското и бугарското општество и кога Никола Генадиев даде уводна статија во својот весник „Народна власт“ под наслов „Македонските султани“ во коа смело напаѓаше Протогеров и Александров, а овиа после превратот убиле Генадиева[192], Шатев си останал пријател со Генадиев и со Александровци. Кога дојде расцеп во ВМРО и се поведе жестока борба против Т. Александров и неговата ВМРО[193] во која борба бев најактивен и раководител што Шатев гледаше од самата меѓусебна борба, па еден пат ми рече „да се машки држам оти противникот е много јак“. Од тоа пак се можам да заклучам оти Шатев е симпатизираше наведената од мене борба против Т. Александров.

Во тоа време Шатев ништо не работаше. Кога јас се сретнав еднаш со еден од „мисијата на рускиот Црвен крст“ Николович[194] во Софија, а по договорување со него да појдам во Москва, за која цел јас одев во Виjена. Кога тамо во советската амбасада, го видов Николович-со него беше и Шатев, уште од првите разменети думи меѓу мене и Николович разбрав оти Шатев во подробности знае сето она што е било договорено меѓу мене и Бориса Николович во Софија-за мојот пат во Москва. За мене лично немаше сомнение оти Шатев них познавал со карактерот на борбата и лицата што владеа во македонската рев[олуционерна] борба.

Значи Шатев беше орјентиран тајно за соработувањето со и за Советскиот Сојуз. Таа негова орјентација-соработување почнува од кога е дошла „руската мисија на Црвен крст“, во Софија. Дали

---

[190] Се мисли на автономистичката ВМРО на Тодор Александров.

[191] Димо Хаџи Димов бил убиен на 13 септември 1924 г., по горноџумајските настани.

[192] Никола Генадиев бил убиен на 30 октомври 1923 г.

[193] Се однесува на несогласувањето на група војводи со автономистичката ВМРО на Тодор Александров, кои во почетокот на 1922 г. формирале посебна организација наречена Македонска федеративна емигрантска организација. Во борбата против автономистичката ВМРО тие соработувале со Земјоделската влада на А. Стамболиски, а потоа и со Кралството на Србите, Хрватите и Словенците. Во почетокот на 1923 година некои од нив избегале во Вардарска Македонија и се ставиле во служба на властите на Кралството на СХС, како Славе Иванов, Стојан Мишев, Глигор Циклев и Тодор Паница.

[194] Се однесува на Борис Николаев, претставник на Коминтерната во Софија.

1920-21 или 1922 год. тачно незнам. Мојето видување со Шатев со присуството на Б. Николович во Вијена беше мај месец 1923 год. Јас ојдов во Москва, се вратив, Шатев беше во Виена каде остана до 1928-29 год. тачно не се сеќавам и за това време он се соработуваше со советски луѓе што и сам не кријеше тогај од мене оти тогај и јас соработував. Од Вијена, Шатев отиде во Цариград. Кога јас ојдов тамо Шатев не работаше никаква часна работа, он наставуваше оноа што беше во Виена и Германија. Заборавив да споменам, делегацијата на Т. Александров, која дојде во исто време кога и јас бев во Москва 1923 год. со Михаил Монев и Димитар Влахов, исто така Шатев во договор со Николович преговарал со Александров за праќањето од страна на Т. Александров делегацијата во Москва што и биде.

Кога Ванчо Михајлов уште можеше да утепа во Бугарија кого сака-Шатев се врати во Софија[195]. Од неговото враќање во Софија до времето кога јас ојдов таму 1941 год. неможеше тачно да кажи нешто за соработувањето со сов[етските] луѓе но верувам оти не е бил прекинал контактот, а наставил да работи што излезе и истина кога се видовме во Софија, после моето доваѓање тачно 1941 год. мај месец. А и самиот факт кога Шатев испрати од Софија во Белград при мене жената на Поп Томов да испратам покое изложение по положението во Југославија во секое одношение. А беше порачан да испратам човек на кого ја верувам, во Софија пак тој да му усно изложи како е во Југославија. На Поп Томовица не дадов писмен доклад за сигурност, а усмено јас и Љубомир Лукатела е кажавме што се мислеше за интересно. Незнам после колку време месец или два Лукатела отиде во Софија, тамо се нашол со Шатев и изложил што го интересувало. Лукатела се враќа и ми рече да повеќе тиа сакаа т.е. изложението за батушките Руси и беше доволен, Лукатела обичаше Сов[тскиот] Сојуз. Само Шатев не беше му дал пари за пат, а рекол му оти покасно он ќе прати човек и ќе донеси.

[195] П. Шатев се вратил во Софија во јуни 1931 г.

# РЕГИСТАР НА ЛИЧНИ ИМИЊА


**А**
Александров, Тодор 20-23, 56, 69, 71-73, 81-83, 86-93, 98, 99, 105, 115-119, 134, 136, 193, 217, 218
Алексиев, Владимир 22, 86
Ампов, Христо 126-129
Анастасов, Јордан 57, 61, 114, 118, 121, 126, 144
Анастасов, Мире 43, 62, 68, 159, 172, 185-187, 192, 200, 214
Ангелов, Врбен 31,32, 174, 176, 177
Андреев, Бане 188
Апостолски, Михајло 43, 188
Аризанков, Благоја 7, 8
Арнаудов, Димитар 24, 28-30, 36, 59, 68, 100, 111-113, 125, 128, 130, 156-158, 165, 168, 186
Арос, Ружди 143
Арсов, Љупчо 42, 189
Атанасов, Филип 15, 22, 24, 55, 69-72, 86-89, 98, 106, 108, 117, 126-130, 141, 190, 212
Атанасов, Штерјо 204
Аќимовиќ, Виктор 7-9
Ацева, Вера 42, 43, 189
Ачковска, Виолета 6
Ачков, Димитар 61
Аџов, д-р 31, 173

**Б**
Баждаров, Георги 83, 86, 138
Белев, Гончо 61,
Белев, Крсто 174
Благоев, Димитар 97
Богданов, Петар 62, 77-79, 180-183
Богданов, Стефан 159
Бочварска, М. 19
Бошковски, Трајко 212
Бошњаку, Константин 25, 105, 109
Бракалов, Борис 20, 50, 81, 85, 97
Бујнов, Александар 21, 56, 86
Бунева, Мара 137

**В**
Вапцаров, Никола 12, 32, 61, 62, 67, 75-79, 179-183, 212
Василев, Спиро 128
Веис (Вајс), д-р 57, 124, 125
Велчев, Дамјан 33, 65, 66, 139, 187, 191, 192
Веселинов, Коста 174
Вичев, Петар 86
Влахов, Густав 169
Влахов, Димитар 11, 21-26, 56, 70, 72, 83-89, 96, 98-122, 125-135, 144, 147, 169, 189, 207, 214, 218
Вукмановиќ, Светозар (Темпо) 52, 188

**Г**
Гановски, Саво 29, 31, 32, 39, 49, 153, 162, 176, 206, 207
Гевгелиски, Георги 127
Генадиев, Никола 98, 217
Георгиев, Кимон 33, 34, 58, 135, 139, 142, 143, 190, 193-196, 201, 207
Георгов, Иван 99
Гермов, Крсто (Шакир) 42, 188, 189
Герџиков, Мишел 102, 112, 128, 130, 132
Гешев 32, 61, 75, 77, 146, 177, 178
Главинчев, Лев 140, 141, 203, 213
Глауберг, Алфред 94
Голденштајн, Ефрем (види Черски)
Груев, Даме 9

**Д**
Делев, Петар 61
Делииванов, Туше 27, 28, 152

Димитров, Георги 11, 25, 26, 34, 39, 45-49, 108, 111, 114-123, 125, 141, 146, 147, 195, 196, 207-209
Димитровски, Васко 9
Димитровски, Предраг 5
Динев, Ангел 142
Диниќ, Таса 24, 25, 103-108, 130, 141
Драгојчева, Цола 46, 47, 62, 158, 183, 183
Дрангов 86, 140

**Ѓ**
Ѓорѓиев, Ѓорѓи (Папата) 97

**Е**
Ефтимов, Димитар 28, 140
Ефремов, Крум 35, 40, 41, 43, 44, 63

**Ж**
Жежов, Никола 6
Железков 37
Жила, Ленина 20, 22, 88

**З**
Занков, Георги 24, 25, 56, 99, 100-104, 107-109, 111, 117, 126-130
Зафировски, Митко 15, 30, 165, 210
З`мба, Фоат 131

**И**
Иванов, Антон 32, 62, 67, 76-79, 158, 179, 181-183
Иванов, Никола 81, 86
Иванов, Славе 15, 22, 69-72, 87, 88, 126, 128, 130, 141, 142, 173, 211, 213-215, 217
Ивановски, Васил 26, 150, 151, 203
Илиќ, ген. 43
Инени, Исмет 73, 131

**Ј**
Јанков, Коста 23, 50, 92, 93, 97
Јанков, Христо 24, 100, 103, 106, 111-113, 126
Јовков, Арсен 56, 86
Југов, Антон 37, 181, 182, 210, 211
Јуруков 22, 86

**К**
Кавракиров, Симеон 13
Калајџиев, Христо 34, 61, 207
Кантарџиев, Чудомир 20, 21, 81
Каранов, Радивој 56
Кардељ, Едвард 50
Карничиу, Мелпомена 98
Карчев, Петар 126-129
Кемал бej 131
Кемал-паша, Мустафа 85, 132
Ковачев, Славчо 55, 56, 112, 134
Козинаров, Петко 85
Коларов, Никола 37
Колишевски, Лазар 10, 24, 34, 40, 44, 103, 104, 106, 108, 141, 172, 197, 198, 208, 212
Косеиванов, Георги 135
Костов, Трајчо 32, 67, 68, 77-79, 179, 181-183, 208
Крапчев, Данаил 153, 165
Кузмановски, Боге 185
Кузнецов 187, 188
Кулишев, Георги 142, 193
Кунев, Трифун 65, 160, 202
Кушев, Илија 20, 81-83, 190, 191

**Л**
Ленин, В. И. 120, 178
Лоди, Луиѓи Еторе 21, 85, 105
Лукатела, Љубомир 173, 218

**Љ**
Љапчев, Андреј 58, 132, 138

**М**
Мадолев, Георги 51
Манговски, Никола 187
Манев Григоров, Страхил 60, 88-89, 171
Манџуков, Петар 154
Марковски, Венко 173, 176
Масларов, Иван 77, 79, 179, 183
Матов, Георги 124
Матов, Христо 71
Меѓуречка, Мара 32, 38, 60-62, 67, 75-77,
Меѓуречки, Александар 60-62, 77-79, 163, 177, 179

Милев, Јордан 146, 216
Милетич, Љубомир (Никола), 99, 216
Миљовски, Киро 39, 47, 189-190
Михајлов, Ванчо 23, 84, 92, 98, 106, 115, 133-136, 138, 140, 211, 218
Михајлов, Димитар 140
Михајлов, Миле 15
Михајлов, Панче 5, 7-9, 15
Мишев, Стојан 71-72, 87, 117, 217
Мјежински, Вјачеслав 22, 25
Молотов 34, 195-196
Монев, Михаил 21-22, 56, 69, 82-87, 92, 115, 218
Мрмева, Вера 19, 54, 80
Муркин Ефремов, Крум 35, 41, 43-44, 63-66, 186, 197-200
Мушанов, Никола 58, 72, 133, 138-140, 143

**Н**

Најданов, Милан 155
Нанов, Стефан 214
Натан, Жак 31, 36, 39, 61, 174
Неделков Бојаџиев, Антон 49, 73-74, 94-96
Неделковски, Коле 12, 30, 38, 166, 168, 211
Нејков, Димитар 36-37, 39, 153, 190, 196, 201
Николаевич, Борис 20, 81, 85, 217-218
Николаевич, Николај 55-56
Николиќ, Врбан 29, 162
Николов, Кирил 12, 179
Николов, Коста 135, 155-156
Николов, Најден 31, 39
Николова, Стојанка 19, 54, 80
Новаковиќ, Коста 49
Ноли, Фан 25, 104-105, 107, 109, 111

**П**

Павлов, Никола (Комарот) 174, 176-177, 180-181
Павлов, Тодор 27-29, 31, 36, 39, 50-51, 61, 71, 134, 143, 151-152, 162-163, 173, 197, 204, 207
Паница, Тодор 21-22, 24, 86, 88-89, 96, 98, 106, 130, 217
Пејани, Бедри 105, 109
Пејев, Александар 157-159, 168
Пенков, Георги 21, 86
Пенчев, Петко 135
Петков, Милан 36-37
Петков, Никола 37, 39, 71, 202
Петков, Петко 136, 190
Петров, Ѓорѓи 59, 70-71, 145, 161-162, 212
Пико, Жорж 98
Пинџур, Страшо 212
Пирински 112
Поп Томов, Владимир 11, 24, 26, 31, 48-49, 51-52, 56-57, 99-102, 111-115, 118, 121, 123, 126-130, 144, 146-148, 173, 193, 204-205, 218
Поп Христов, Георги 133, 138
Поповиќ, Владо, ген. 39, 46-47, 189
Поповски, Владо 20, 22, 28, 88
Поповски, Лазар 24, 102-104, 106-107, 130, 141, 173
Потемкин 149
Прличев, Кирил 23, 86, 138, 142
Проданов, Божин 27-28
Протогеров, Александар 21, 23, 71-72, 84-85, 91-92, 98-99, 105, 138, 142, 217

**Р**

Радев, Симеон 182, 212, 216
Радионов 32, 179-180
Радославов, Васил, д-р 71, 216
Рахманов, Тане 9
Рацин, Кочо 211
Ризов, Ризо 24, 96, 98, 103, 106, 111-113, 115, 118, 126
Ристовски, И. 19

**С**

Савченко, Аврам 28-30, 33-38, 40-44, 58, 60, 64, 68, 75, 77, 154-159, 164-168, 171-172, 178, 180-181, 186, 191-192, 195-200
Самарџиев, Георги 27
Сами-беј, Ќемаладин 57
Сандански, Јане 71, 174
Скрижевски, Георги 21, 86
Спиров, Борис 31, 173
Сталин, Јосиф Висарионович 34

Стамболиски, Александар 55, 72, 80, 83, 85, 90-91, 115, 137, 203, 217
Станишев, Христо (Крсто) 46, 65, 162
Стојанов, Петко 36-37, 39, 190, 202
Стојанов, Христо 106, 130
Стомањаков 182

**Т**
Танасов, Димитар 141
Татарчев, Христо 71
Терзијанов, Наум (Стојан) 111, 115-116, 118-119, 125, 128, 130
Т(е)рпешев, Добри 23, 34, 37, 46-47, 94, 134, 183-185, 189-190, 193-195
Тито, Јосип Броз 13, 48-49, 52, 76, 98, 207-208
Тодоровски, Зоран 5, 14-15, 23, 27-28, 93, 127, 140-142, 193, 207
Трајков, Георги 201
Трајков, Пецо 34, 138-140, 187, 189, 213
Трилисер, Абрамович 25, 87, 109-110
Трнски, Славчо 37

**Ф**
Филов, Богдан 148, 162
Фуат-беј 57, 73-74, 95-96

**Х**
Харизанов, Иван 34, 39, 61, 170, 194-195
Хаџи Димов, Димо 112, 116, 126, 134, 217
Хаџи-Кимов, Васил 27, 151
Хаџи Риндов 112, 117
Хаџиев, Стојан 21
Хаџиниколов, Атанас 96
Химлер 59
Хинков 21, 56, 69, 84, 86-89
Хитлер, Адолф 26, 146, 150, 154
Христов, Александар 56, 61
Христов, Васил (Страхил) 112, 114-115, 182
Христов, Кочо 10
Христов Кочов, Томе 10
Христов, Пецо 10

**Ц**
Цанков, Александар 22, 58, 83, 87, 89-92, 99, 133-134, 136-137
Цветковиќ, Драгиша 33, 65-66, 191-192
Циклев, Глигор 71, 117, 217

**Ч**
Чанков, Георги 37
Чаракчиев 61
Чаулев, Петар 21, 24, 71
Черемизов 24-25
Черски Голденштајн, Ефрем 22-26, 70
Чкатров, Јордан 61
Чолаков, Иван 60, 76

**Џ**
Џакова, Ибрахим 25, 105, 109
Џамбаз, Даре 12, 184

**Ш**
Шанданов, Петар 27-28, 42, 138-141, 152, 188, 213
Шатев, Иван 126
Шатев, Павел 5-8, 10-15, 17, 19-20, 24, 28, 31-32, 36, 40, 42, 45-46, 53-54, 58, 65, 69, 75-76, 79-82, 84-86, 88, 98, 100-101, 109, 112-113, 118, 120, 126, 128, 130, 139, 140, 152, 154, 180-181, 189, 192, 210-218
Шатева, Милка 6-8, 19, 54, 80
Шатева, Нада 19, 54, 80
Шаторов, Методија (Шарло) 211
Шкартов, Мишо 127, 141
Шпаг, Борис (Андреев) 20-21, 23, 81-87, 89, 93, 97, 99, 123, 159, 170

**Павел Шатев**
**ПОЛИЦИСКО ДОСИЕ**
**записници од сослушувањето на Павел Шатев**
**во УДБ за Македонија**

---


*Издавачи*
**Државен архив на Република Македонија**
**Македоника литера**

*За издавачите*
**Д-р Зоран Тодоровски**
**Ленче Тосева**

*Уредник*
**Нове Цветаноски**

*Предговор и редакција*
**Проф. д-р Зоран Тодоровски**

*Превод од српски јазик на дел од текстот*
**Предраг Димитровски**

*Обликување на корица*
**Кочо Фиданоски**

*Компјутерска обработка за печат*
**Македоника литера**

*Печат*
**Европа 92**
Кочани, 2013

*Тираж*
500 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

343.31.096Шатев,П."1950/1951"(093.2)
929Шатев,П.

ПОЛИЦИСКО ДОСИЕ / ДОСИЕ - УДБА : записници од сослушувањето на Павел Шатев : Т. 4 [предговор и редакција Зоран Тодоровски ; превод на дел од текстот Предраг Димитровски]. - Скопје : Државен архив на Република Македонија : Македоника литера, 2013. - 222 стр. ; 24 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-9989-622-90-8 (Архив)
ISBN 978-608-4614-28-9 (Мак. лит.)

а) Шатев, Павел (1882-1952) б) Политички судења - Павел Шатев - Македонија - 1950-1951

COBISS.MK-ID 94117130